**Универзитет св. Климент Охридски – Битола**

Факултет за туризам и угостителство – Охрид

Докторска дисертација

# ЕКО-ТУРИЗМОТ КАКО СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ментор**

Проф. д-р Науме Мариноски

**Кандидат**

М-р Љупчо Јаневски

Охрид, 2021

# СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ..... 4

ПРЕДГОВОР ..... 9

ВОВЕД ..... 11

1. Теоретско – методолошки пристап во истражувањето ..... 14

1.1 Предмет, цели и задачи на истражувањето ..... 14

1.2 Методи на истражување ..... 15

1.3 Методолошки принципи на проучувањето ..... 17

1.4 Основна хипотеза ..... 20

1.5 Очекувани резултати ..... 21

1.6 Основни теоретски и оперативни претпоставки ..... 22

2. Поимно – содржинско определување и дефинирање на еко-туризмот ..... 23

2.1 Поим и дефинирање на еко-туризмот ..... 23

2.1.1 Етимолошко значење на еко-туризмот ..... 29

2.1.2 Историски развој ..... 30

2.1.3 Форми на еко-туризмот ..... 37

2.2 Место и улога на еко-туризмот во туристичката дејност ..... 44

2.2.1 Карактеристики на туристичката понуда во Р.С. Македонија ..... 50

2.2.2 Развојни форми како современа туристичка понуда ..... 58

*2.2.2.1 Еко-дестинации ..... 60*

*2.2.2.2 Еко-тури ..... 65*

*2.2.2.3 Еко-патеки ..... 68*

*2.2.2.4 Еко-сместување ..... 74*

*2.2.2.5 Еко-хотели ..... 80*

*2.2.2.6 Еко-водичи ..... 85*

*2.2.2.7 Еко-музеи ..... 90*

2.2.3 Карактеристики на туристичката побарувачка во Р.С. Македонија ..... 97

*2.2.3.1 Посетеност ..... 100*

*2.2.3.2 Престој ..... 109*

*2.2.3.3 Остварени приходи ..... 113*

*2.2.3.4 Аспирации за еко-туристички активности ..... 118*

2.2.4 Специфичности на туристичката побарувачка во рамките на еко-туризмот ..... 119

*2.2.4.1 Профил на еко-туристот ..... 123*

*2.2.4.2 Потреби на еко-туристите ..... 127*

3. Фактори за развивање на еко-туризмот ..... 130

3.1 Општествени влијанија ..... 130

3.1.1 Заштита на животната средина како фактор за развој на еко-туризмот ............. 132
*3.1.1.1 Форми на заштита на просторот ....................................................................... 134*
*3.1.1.2 Карактеристики на националните паркови во Р.С. Македонија ........................ 136*
*3.1.1.3 Капацитети за туристичка активност во заштитените подрачја ................. 153*
3.1.2 Невладини организации и еко-туризмот............................................................... 159
3.1.3 Образовниот систем и еко-туризмот.................................................................... 165
3.2 Економски влијанија.................................................................................................. 168
3.2.1 Финансиски бенефити од еко-туризмот .............................................................. 172
3.2.2 Вработување во еко-туризмот .............................................................................. 175
3.2.3 Мултипликативен ефект на еко-туризмот............................................................ 177
3.2.4 Инвестиции во еко-туризмот ................................................................................ 180
3.3 Социјални влијанија ................................................................................................. 185
3.3.1 Развој на еко-свест ................................................................................................ 187
3.3.2 Локална заедница и зачувување на традициите.................................................. 190
4. Еко-туризмот во Р.С. Македонија ............................................................................ 193
4.1 Законска регулатива во Р.С. Македонија како фактор за развој на еко-туризмот...... 193
4.2 Потенцијален еко-туристички пазар ........................................................................ 196
4.3 Еко-туристички производи ....................................................................................... 199
4.4 Функционални карактеристики на еко-туризмот во Р.С. Македонија...................... 209
4.5 Резултати од истражувањето на влијанието на еко-туризмот врз развојот на туризмот во Р.С. Македонија............................................................................................................... 210
4.6 Развојни перспективи на еко-туризмот во Р.С. Македонија....................................... 270
5. Заклучни согледувања................................................................................................ 275
Користена литература...................................................................................................... 279
ПРИЛОГ.............................................................................................................................. 297

## БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЕ

На почетокот се заблагодарувам на моето семејство од кого ја црпев волјата да го продолжам патот кој го зацртав минувајки низ многу деликатен период од мојот кариерен развој како и дадената поддршка, мудрост и разбирање. Во благодарноста прв помеѓу еднаквите го издвојувам мојот ментор проф.д-р Науме Мариноски кој трпеливо со голема академска мудрост и благонаклонетост ме водеше во текот на целиот циклус докторски студии насочувајки ме во поле во кое ќе можем да ги истакнам своите квалитети. Поддршката не изостана од почитуваните проф.д-р Цветко Андреески и проф.д-р Иванка Несторoска кои со споделување на својата стручност дополнително ми влеваа храброст дека сум на вистинскиот пат за што сум неизмерно благодарен. Неблагодарно од моја страна ќе биде да го изоставам целокупниот наставен кадар во текот на струдиите при факултетот за туризам и угостителство – Охрид, кои се прилагодуваа на моите временски можности и професионални ангажмани и со голема доза на разбирање ми пружија поддршка во текот на сите фази на моите студии. Неизоставно е да спомнам и заблагодарам на мојот колега низ студиите, а сега насловниот доцент д-р Климент Наумов кој упорно ме подтурнуваше напред во моментите кога ќе подзастанев. Приврherшувам со неизбежните настани во последниот период во светот кој го заробија движењето и туризмот чувствувајки потреба да нагласам за предизвикот кој се надвиснува и во кој сите ние сме повикани да вткаеме знаење,мудрост и разбирање градејки нов туристички концепт во Македонија.

Оваа докторска дисертација ја посветувам на моите родители, брат и сопруга

23.02.2021година, Скопје – Република Македонија

**АПСТРАКТ**

Туризмот претставува еден од најголемите и најбрзорастечките сектори во светската економија вклучувајки голем број на чинители за реализирање на оперативните активности. Масовниот туризам се покажал нечувствителен за локалната заедница, концентрирајќи се во големи и луксузни ресорти, хотелски синџири кои во голем број не биле во симбиоза со животната средина, со појавување на далекусежна деградација и девастација на дестинациите.

Еко-туризмот во својата суштина го содржи одговорното патување, одржливоста на дестинациите, користење на еколошки норми и стандарди. Ваквиот вид на туризам во последните две децении сè повеќе започнал да мотивира туристи да патуваат и истражуваат во дестинации каде тој се практикувал. Еко-туризмот би можел да биде скапоцена алатка за финансирање на заштитата на осетливите природни области и социо-економскиот развој на локалната заедница во областа и јакнење на соработката на туристичката индустрија и самите туристи.

Во РС Македонија се забележува трендот на се поголема примена на еко-туризмот во дестинациите кои изобилуваат со природни атракции интергрирајки ја локалната заедница во неговата примена. Оваа докторска дисертација посветува на еко-туризмот како современ концепт за развој на туризмот во Република Северна Македонија.

Клучни зборови: туризам, оддржливост на дестинацијата,туристичка дестинација, еко-туризам, масовен туризам, локална заедница, современ концепт, развој

**ABSTRACT**

Tourism is one of the largest and fastest growing sectors in the world economy, including a number of stakeholders in the implementation of operational activities. Mass tourism has proved insensitive to the local community, concentrating on large and luxurious resorts, hotel chains that in large numbers were not in symbiosis with the environment, with the emergence of far-reaching degradation and devastation of destinations.

Eco-tourism in its essence contains responsible travel, sustainability of destinations, use of environmental norms and standards. In the last two decades, this type of tourism has increasingly motivated tourists to travel and explore destinations where it has been practiced. Eco-tourism could be a valuable tool for financing the protection of sensitive natural areas and the socio-economic development of the local community in the area and strengthening the cooperation of the tourism industry and the tourists themselves.

In RN Macedonia there is a trend of increasing application of eco-tourism in destinations that abound in natural attractions, integrating the local community in its application. This doctoral dissertation is dedicated to eco-tourism as a modern concept for tourism development in the Republic of North Macedonia.

Keywords: tourism, destination sustainability, tourist destination, eco-tourism, mass tourism, local community, modern concept, development

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | | |
|---|---|---|
| 01 | МЕД | Македонско Еколошко Друштво |
| 02 | UNWTO | Светска туристичка организација при Обединетите Нации |
| 03 | TIES | Меѓународно здружение за еко-туризам (The International Ecotourism Society) |
| 04 | IUCN | Меѓународна унија за заштита на природните ресурси (International Union for Conservation of Natural Resources) |
| 05 | UNEP | Програма на обединетите Нации за животна средина (United Nations Environment Programme) |
| 06 | УНЕСКО | Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации |
| 07 | Е75 | Патен правец низ Р.С. Македонија |
| 08 | ISO | Интернационална организација за стандардизација (International Organization for Standardization) |
| 09 | БДП | Бруто домашен производ |
| 10 | АППТ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| 11 | МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| 12 | WWT | Светски фонд за дивиот свет (World Wildlife Fund) |
| 13 | САД | Соединетите американски држави |
| 14 | НП | Национален Парк |
| 15 | НПГ | национален Парк Галичица |
| 16 | НВО | Невладини Организации |
| 17 | WWFN | Светски фонд за природа (World Wide Fund for Nature) |
| 18 | EEN | Европска еко-туристичка мрежа (European Ecotourism Network) |
| 19 | SAC | Посебни подрачја на заштита (Special Areas of Conservation) |
| 20 | SPA | Посебно заштитено подрачје (Special Protection Areas) |

| | | |
|---|---|---|
| 21 | COBISS | Електронска библиотека за пребарување |
| 22 | ПЛРК | Проект за локална и регионална конкурентност |
| 23 | ОУД | Организации за управување со дестинации |
| 24 | ДМО | Дестинациска менаџмент организација |
| 25 | ЗОРОДУ | Законот за организација и работа на органите на државната управа |

# ПРЕДГОВОР

Темата „Еко-туризмот како современ концепт за развој на туризмот во Р.С. Македонија“ претставува избор за пишување на овој докторски труд поради истражувачкиот карактер, тема која е многу малку обработувана во Р.С. Македонија. Еко-туризмот зазема сè поголем интерес во светски рамки, додека во нашите простори сеуште е недоволно истражувана и имплементирана. Ваквото поле на научен интерес и апликативна категорија претставува значајна можност и иден потенцијал за развој на туризмот во нашата земја.

Истражувањето во делот на еко-туризмот треба да разреши одредени предизвици за општиот туристички развој и неговата одржливост во Р.С. Македонија, преку согледување на моменталните состојби, определување на идните развојни насоки, давање на конкретни решенија и имплементација на добри практики на ова поле. Главните предизвици при обработката на оваа тема се однесуваа на недостатокот на адекватна домашна научна и стручна литература, релативно мал број на релевантни истражувања од оваа проблематика, како и расположливост со информации за еко-туризмот во Р.С. Македонија.

Генерално за потребите на овој научен труд, се пристапи кон консултација на различна светска литература и користење на најдобрите европски и регионални практики како студии на случај. Научна поузданост и релевантност на трудот му ги даваат теренските истражувања, како и употребата на теренска опсервативна методологија. Во кабинетскиот дел од истражувањето користени беа ресурси од туристичката, географската, економска и социо-културна литература, законската регулатива, консултирани беа изработени и имплементирани стратегии и потстратегии на локално, регионално, национално и меѓународно ниво, студии на случај за одредени дестинации и општини во Р.С. Македонија кои имаат допирни точки со проблематиката, односно во кои се детектирани можностите за имплементација и развивање на еко-туризмот во туристичката понуда на дестинациите. Тоа овозможува да се исполнат детерминираните основни цели на оваа докторска дисертација. Важно е да се напомене дека овој труд претставува еден од првите вакви научни трудови од полето на еко-туризмот во нашата земја. Со тоа трудот нема да има само значајна апликативна вредност преку користење на сознанијата од истражувањата во имплементацијата и развивањето на овој селективен и одржлив туристички вид кај нас, туку и иницирање на понатамошни слични истражувања од оваа проблематика што ќе доведе до

соодветен третман на еко-туризмот, одржливиот туристички развој на дестинациите во Р.С. Македонија.

Истражувачките активности опфатија кабинетска и теренска методологија. Теренското истражување е реализирано на територијата од цела држава со рамномерно вклучување на сите плански региони. Истражувањето е реализирано во период од јануари до ноември 2019 година, а неформалните интервјуа со голем број на експерти во полето на туризмот и туристичката индустрија без изведени во текот на цела 2019 година.

# ВОВЕД

Туризмот претставува еден од најголемите и најбрзорастечките сектори во светската економија кој игра важна улога во креирањето на работни места и остварувањето на економски бенефит во државните економии. Според Светската Туристичка Организација при Обединетите Нации (UNWTO 2018), патувањето на туристи во 2017 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1.323 милиони. Туристичката потрошувачка во истата 2017 година изнесувала 1.340 милијарди американски долари, а туристичката индустрија имала учество со 10% во глобалниот бруто домашен производ. Секој десетти вработен човек во Светот, е во туристичкиот сектор што претставува голем двигател на економиите во светски рамки. Врз Бруто-домашниот производ на земјите од Западниот Балкан според Светската туристичка организација, туризмот учествува во просек со 11,7% што го потврдува неговото големо економско значење за сите држави во регионот, а и пошироко (UNWTO 2019).

Масовниот туризам во минатите децении преку неговата експанзија и сезоналност пројавил сериозни еколошки и општествени нарушувања во туристичките дестинации поради што во средината на 80-те години од минатиот век започнало создавање на нов развоен концепт кој во своите начела се темели на одговорни патувања кои низ годините добиле индивидуален карактер. Масовниот туризам се покажал како нечувствителен за локалната заедница, концентрирајќи се првенствено на престој во големи и луксузни ресорти, како и креирање на хотелски синџири кои во голем број не биле во симбиоза со животната средина, а во некои дестинации се појавила и далекусежна деградација и девастација. Ваквиот развој на туризмот создал сè поголем ангажман од страна на академската и стручна јавност кон воведување на нови развојни концепти со одржлив карактер, како што е еко-туризмот кој има мултифункционално влијание врз локалните заедници, локалната економија и заштитата на животната средина во дестинациите.

Еко-туризмот во својата суштина во себе го содржи одговорното патување, одржливоста на дестинациите, користење на еколошки норми и стандарди. Ваквиот вид на туризам сè повеќе започнал да мотивира туристи да патуваат и истражуваат во дестинации каде тој се развивал. Тоа произлезе од глобалните трендови на побарувачката за откривање на нови простори со недопрена и зачувана природа,

контакт со нови култури преку истражување на целокупната дестинација и потреба од социјализација со локалното население.

Може да се каже дека во одредена мерка оваа туристичка форма ја утилизира животната средина во дестинациите, а специфичноста се состои во тоа што не претставува неповратен искористувач на природните ресурси. Доколку е добро конципиран еко-туризмот, неговиот развој и градење на соодветни сместувачки капацитети (со воведени еко-стандарди) најчесто води до оплеменување и трајно зачувување на просторот на дестинацијата.

Еко-туризмот пројавува интерес за експертите од различни научни области, како што се еколозите, конзерваторите, експерти од областа на угостителството и туризмот, интерпретаторите на природно и културно наследство. Тоа претставува релативно нова современа форма на туризам, со голема перспектива прераснувајќи во важна гранка во туристичката индустрија. Постојат бројни туристички активности и форми во кои може да се пронајде еко-туризмот, додека аналогни поими би биле етичкиот туризам, зелениот туризам, како и одржливиот туризам. Одржливиот туризам претставува предмет на обработка на сѐ поголем број научни автори.

Разликата во научните пристапи кон оваа проблематика се состои во клучните критериуми кои ги опфаќа еко-туризмот, неговиот однос кон атракциите, образовната компонента, како и еколошката и социјалната димензија со што се создаваат два концептуални пристапи. Првиот концепт може да се окарактеризира како сеопфатен модел кој всушност претставува холистички пристап кон природните атракции, стремејќи се кон идеалниот концепт на одржливост во туризмот. Според глобалните трендови и практики клучот на прифаќањето и успех на еко-туризмот како концепт е градење на силни врски што ќе овозможат повеќекратни цели на заштита, одржливост и рамномерен развој и јакнење на локалните капацитети во туризмот. Партнерствата често можат да бидат тешки за формирање поради големиот број на заинтересирани страни и чинители со различни интереси, но довербата претставува клуч за успех кој мора да се гради и темели на взаемна почит и разбирање за постигнување на крајните цели.

Во Р.С. Македонија не постои системски и програмски уреден пазар кој се темели на природата и нејзините убавини, односно еко-туристички содржини кои се нудат на туристите. Голем број на настани и манифестации се одвиваат во природата или

руралните средини и по своите карактеристики ги задоволуваат критериумите на еко-туризмот, но сеуште така не се доживуваат или ги сертифицираат во таа насока.

Еко-туризмот би можел да биде скапоцена алатка за финансирање на заштитата на осетливите природни области и социо-економскиот развој на локалната заедница во областа и јакнење на соработката на туристичката индустрија и самите туристи. Во Р.С. Македонија може да се очекува позитивен развој на еко-туризмот во областите во кои се поддржува и стимулира одржливоста на културните и природни убавини на дестинациите. На овој начин воведувајќи го еко-туризмот во дестинациите ќе се креираат нови туристички атракции, ќе се зајакне локалната заедница, ќе се развие услужната дејност и претприемништвото на локалното население, ќе се изградат долгорочни силни врски помеѓу локалното население и одржливоста од туристички аспект.

# 1. ТЕОРЕТСКО – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Теоретско-методолошкиот пристап е составен дел во процесот на истражување на секој научен труд. Така, за потребите за изработката на овој докторски труд користениот теоретско-методолошки пристап во себе го содржи определувањето на предметот, целите и задачите на истражување, изборот и презентирањето на користените истражувачки методи и имплементираните методолошки принципи во рамките на истражувачките процеси, поставувањето на основните и помошните хипотези, очекуваните резултати и основните и теоретските претпоставки поставени пред изработката на овој труд. Ваквите фази на теоретско-методолошкиот пристап овозможуваат систематичност, конкретизација и насочување на истражувачките преземања за да се дојде до релевантни научни заклучоци и со тоа трудот да добие теоретска и апликативна верифицираност.

## 1.1 Предмет, цели и задачи на истражувањето

За проучување на општествените појави една од клучните фази во процесот на истражувањето претставува дефинирањето на предметот на истражувањето. Определувањето на предметот на истражувањето е фундаментален елемент на научното истражување и е нераскинливо врзано со стекнување на научни сознанија. Предметот на истражување во докторската дисертација претставува еко-туризмот како современ концепт кој треба да помогне за да се воочат можностите за негов развој, согледувајќи ги состојбите во оваа проблематика во Р.С. Македонија. Истражувањето во докторската дисертација навлегува во полето на еко-туризмот кое не е истражувано на потребното научно ниво во нашата земја и поширокото окружување во кое не постојат опсежни научни и стручни трудови од оваа тематика.

Кога се зборува за целите на научното истражување тогаш се мисли на основната цел, а тоа е спознавањето на појавите и процесите кои се истражуваат во облик на спознавање на вистини или веројатни судови за тие процеси или појави (Баткоска, 2005).

Основниот предмет на истражување кој е поставен при концирањето на овој докторски труд претставува еко-туризмот како современ концепт за развој на туристичкиот сектор нудејќи ѝ на пошироката туристичка јавност јасна слика за овој селективен вид во Р.С. Македонија. Тоа претставува мошне актуелна проблематика во последните декади во глобалното современо окружување, а истовремено е недоволно обработена и истражена во нашата држава. Од предметот на истражување произлегуваат и основните и поединечните цели кои треба да се постигнат со овој труд. Остварувањето на поставените цели ја претставуваат рационалната рамка на овој научен приод (Мариноски, 2001). Истражувањето за докторската дисертација треба на издржан и објективен начин да овозможи стекнување на релевантни сознанија базирани на резултати кои ќе претставуваат значаен придонес во научните кругови со практична применливост на еко-туризмот во туристичкиот сектор и негов одржлив развој на територијата на Р.С. Македонија

Задачите се во функција на објективно претставување на моменталните состојби на полето на еко-туризмот во Р.С. Македонија, определување на капацитетите со кои просторните целини располагаат и кои се детектирани дека се поволни за развој на овој вид на туристичка понуда, како и детерминирање на идните можности на овој селективен вид. Со тоа еко-туризмот има потенцијал да претставува еден од основните двигатели за развој на нови туристички атракции во голем број на регионални и локални просторни целини, односно туристички дестинации.

## 1.2 Методи на истражување

Научната методологија претпоставува систематско и логичко изучување и формулирање на принципи и методи во насока на барање факти и вистини за дадени појави. Методологијата се дефинира како општа наука за примена на постапки инкорпорирајќи специфични методи и методски принципи со чија помош се проучуваат одредени појави и односи и нивната взаемна поврзаност и условеност базирано на претпоставени состојби. Еден од основните методолошки пристапи користени во овој докторски труд претставува дескриптивната метода. Ваквиот пристап се состои од опишување на појавите и спознавање на карактеристиките на појавите со изнаоѓање на нивните можни односи и меѓузависности.

Во научните истражувања оваа метода се насочува кон истражување на резултатите на научното спознавање, односно кон генерализација и пронаоѓање на битни, заеднички карактеристики на слични и сродни појави. Оваа метода покрај прибирањето и средување на податоците опфаќа и споредување, спроведување и вреднување на интерпретацијата на податоците (Баткоска, Л., 2005).

Истражувачкиот дел на докторската дисертација претпоставува примена и комбинација на повеќе методи кои произлегуваат од карактерот на туристичката дејност и темата која се обработува. Употребена е дескриптивна анализа на добиените резултати од теренското истражување за прибирање податоци преку користениот структуриран прашалник и интервју. Прибраните податоци се ставени во компаративен однос со останати податоци добиени од други примарни и секундарни извори. За да може да се добијат релевантни заклучни согледувања користен беше еден од најважните инструменти за прибирање на примарни податоци – интервјуа со стејкхолдерите во туризмот на регионално и национално ниво. Во таа насока изведени беа длабински и непосредни интервјуа со голем број на чинители во туризмот од владината, невладината и бизнис-сферата, како што се Министерството за економија, односно секторот за туризмот во негови рамки, националните паркови како јавни установи и нивните раководства, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ). На овој начин со изведените интервјуа се добиени искуствени податоци и практики на ова поле, како и примарни информации добиени од непосредните учесници во туристичката понуда и креаторите на одредени туристички развојни стратегии. Теоретско – методолошкиот пристап е применет и во фазата на презентирање на добиените резултати во делот на заклучните согледувања на овој докторски труд.

Како извори за прибирање на секундарни податоци беа анализирани и консултирани голем број на национални и регионални стратешки документи (стратегии и потстратегии), законската легислатива од областа на туризмот и другите области поврзани со еко-туризмот, како и податоци од Државниот завод за статистика. Во оваа насока беа употребени статистичкиот и математичкиот метод. Ваквите секундарни извори на податоци послужија за определување на состојбите и движењата на туристичкиот промет и понуда поврзани со еко-туризмот. Прибраните податоци беа потоа систематично анализирани и обработени за да се дојде до релевантни заклучоци за состојбите и движењата на одредени појави поврзани со еко-туризмот. Методот на опсервација е исто така применет во ваквите фази на научни истражувања.

Аналитичкиот пристап се базира на претходно проучуваната научно – теоретска содржина и согледаните состојби во практиката. Во функција на спознавањето на објективната научна вистина, во рамките на докторската дисертација доследно се спроведувани релевантните научно – истражувачки принципи, како принципите на дијалектичност, каузалност, систематичност, објективност, реалност и комплексност.

Врз основа на ваквите согледувања и системски структури неопходно беше да се применат и соодветните методи кои зависат од конкретниот објект или систем на обработка, поврзано со ситуационите околности. Притоа се определени најсоодветните начини за да се дојде до верификација на научната вистината која се однесува на можностите за поинтензивен развој на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

## 1.3 Методолошки принципи на проучувањето

За да се дојде до релевантни и поуздани научни сознанија во овој труд се користени соодветни методски принципи и методи на истражување. Тие се составен дел на методолошкиот пристап на секој истражувачки труд. Со тоа ќе се разјасни феноменолошката рамка на еко-туризмот како специфичен вид на туристичка понуда, односно како алтернативен вид на туризам.

Во рамките на трудот се користени основните методолошки принципи:

- Принципот на причинско-последични односи;
- Принципот на систематичност;
- Генетско-еволутивниот принцип и
- Принципот на споредливост.

Причинско-последичните односи кои се јавуваат во еко-туризмот се опфатени преку соодветниот методски принцип. Со тоа се откриваат меѓузависностите на поедините елементи, појави, содржини и форми кои се составен дел на еко-туризмот. Тоа треба да овозможи прецизирање на факторите кои влијаат врз појавата на еко-туризмот и неговите поедини форми, како и на функциите кои произлегуваат од еко-туризмот, а се посебно видливи во социо-културната и економската сфера. Овој методски принцип има важно место во рамките на теренските истражувачки активности, со цел да се откријат условите за развој на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

Принципот на систематичност дозволува да се стават поедините елементи, појави и содржини во системски односи. Тоа значи дека и во рамките на оваа селективна форма постојат поедини видови содржини кои можат да се групираат. Поединечните содржини на еко-туризмот се составен дел на дефинирани потсистеми. Со примената на овој принцип, преку методите на синтеза и анализа, можат да се диференцираат различните форми на еко-туризам. Во рамките на трудот ќе се разгледаат најдобрите солуции за примена на утврдени форми на еко-туризам во Р.С. Македонија, кои би имале најповолни изгледи за иден развој и унапредување.

Генетско-еволутивниот принцип е посебно важно да се земе во предвид, со оглед на фактот дека еко-туризмот е релативно современа форма на туризам. Во оваа насока е потребно да се анализира појавата и развојот на овој селективен вид туризам во историска смисла. Со тоа ќе се разјасни полето на еко-туризмот и ќе се определат неговите идни развојни насоки. Тоа ќе помогне во разјаснувањето на местото на нивото на развој во Р.С. Македонија и можностите за најадекватна имплементација и интеграција на еко-туризмот во вкупниот туристички развој.

Принципот на споредливост се користи за да се стават одредени појави и односи на туризмот во компаративен однос. Во рамките на трудот овој методски принцип е употребен за да се споредат различните форми на еко-туризам, како и компарација на нивоата на имплементација на оваа селективна форма во различните просторни целини, посебно од странство. Тоа овозможува да се изнајдат најдобрите решенија за пристапите за интегрирање на еко-туристичките понуди кај давателите на услуги, земајќи ги во предвид неговите строги стандарди за заштита на окружувањето и одржлив развој. Основна цел е да се подигне нивото на квалитет на моменталната оскудна еко-туристичка понуда во Р.С. Македонија и подигнување на неговото значење во вкупниот туристички развој.

За потребите на трудот е применета дескриптивната метода која овозможува да се утврди суштината на проблемите со цел подобро да се разбере состојбата и потребата за развивање на еко-туризмот и неговите потенцијали во Р.С. Македонија. Во оваа смисла се користените основните научни методолошки принципи на туризмологијата (причинско-последични односи, систематичност, генетско – еволутивниот принцип и споредливост). Покрај согледувањето на моменталните состојби во полето на еко-туризмот, извршена е и споредба, анализа и интерпретација на резултатите кои се

насочени кон докажување, односно побивање на поставените хипотези на докторската дисертација.

Консултирањето и анализата на достапната литература од историски аспект на полето на еко-туризмот го вклучуваа во себе користењето на принципот на систематичност. Имено, во трудот е извршено осврнување на светските и регионални практики поврзани со успешното имплементирање на еко-туризмот со надминување на проблемите во различните сфери. Ваквите сознанија добиени преку систематичниот пристап дозволуваат да се препознаат почетните форми на еко-туризмот во нашите дестинации.

Теренското истражување во рамките на трудот е фокусирано првенствено на руралните простори во државата, заштитените подрачја и националните паркови. Посебно важни за анализа се оние вредности и локалитети кои имаат имплементирани одредени аналогни и парцијални форми на еко-туризам. Во оваа насока беше користен принципот на причинско-последични односи за да определат каузалните меѓузависности помеѓу различните појави во ваквите специфични просторни целини, а кои влијаат врз успешното имплементирање на еко-туризмот во нив. Спроведен беше анкетен прашалник во туристичките капацитети кај кои се детектираат одредени парцијални форми на еко-туризам од страна на понудата. Тоа е во насока на определување на процесите на прифаќање и развивање на еко-туристичките понуди кај давателите на услуги. Тоа значи дека беше користен генетско-еволутивниот принцип во рамките на трудот кој послужи во процесите на определување на развојните проекции во заклучните согледувања. Со тоа на логичен и издржан начин трудот пројавува теоретска и практична применливост.

Во научниот труд е применет и причинско-последичниот пристап за истражување на сите фактори и функции кои се значајни за полето на еко-туризмот во местата кои поседуваат предуслови за негова примена и можен иден развој со утврдување и мапирање на просторните целини кои имаат најповолни услови за тоа. Тоа е надополнето со принципот на споредливост, посебно во доменот на анализа на најдобрите европски и регионални практики кои се ставени во компаративен однос со просторните целини кај нас. Тоа треба да е во функција на користење на позитивните искуства во процесите на имплементација и развој на еко-туристичките форми на понуда.

## 1.4 Основна хипотеза

По одредувањето на научното подрачје кое се третира во докторската дисертација, проблемот на истражувањето, дефинирајќи го поимот и целта се преминува кон дефинирање на основната и помошните хипотези кои ќе помогнат при прифаќањето или отфрлањето на главната хипотеза. Хипотезите претставуваат претпоставени мисловни одговори на истражуваниот проблем. На дефинираниот проблем често може да се дадат повеќе одговори. Поради тоа хипотезата претставува само еден можен одговор, а нејзиното поставување потребно е да биде прецизно. Во логична смисла хипотезата претставува став, односно исказ од одредено предметно значење и претпоставени и спознаени вредности кои треба да се проверат (Баткоска, 2005).

Базирајќи се на истражуваната литература и светските практики на полето од еко-туризмот како една од најбрзорастечките форми на туристичка понуда и очекувањата од теренските истражувања се поставува основната работна хипотеза за докторската дисертација која гласи:

„Р.С. Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“.

Од основната хипотеза и потребата од нејзиното потврдување или отфрлање се поставуваат повеќе помошни хипотези:

Х1 – еко-туризмот во Р.С. Македонија зависи од природното и културното наследство;
Х2 – во Р.С. Македонија постои издржана законска легислатива;
Х3 – еко-туристичките производи можат интензивно да се развиваат
Х4 – еко-туризмот е релативно нова форма на туристичка понуда;
Х5 – развојните перспективи на еко-туризмот се издржани;

Потврдувањето или одбивањето на петте помошни хипотези ќе помогне во градење на докажување или отфрлањето на главната хипотеза за еко-туризмот и оптималните услови за негово развивање во нашата земја. Фазите на истражувањето за потребите на докторската дисертација ќе се одвиваат во повеќе фази:

**Фаза 1**: консултирање и проучување на достапната домашна и меѓународна литература на полето од еко-туризмот, согледување на влијанието кое го има еко-туризмот врз заштитата на природата, ефектите од неговото применување и останати елементи кои се третираат во докторската дисертација.

**Фаза 2**: Одредување на истражувањето и методологијата која ќе се применува, подготовката на анкетниот прашалник, неформалните интервјуа, прибирање и обработка на статистичките податоци и конципирање на хипотезите.

**Фаза 3**: Обработка и анализа на добиените резултати.

**Фаза 4**: прикажување на импликациите на истражувањето и предлог за идни сфери на истражувања.

**Фаза 5**: Изнесување на крајните ставови и заклучоци кои се базираат на хипотезите и резултатите од истражувањето и препораки кои ќе произлезат во заклучното согледување на докторската дисертација.

## 1.5 Очекувани резултати

Со проучување и добивањето на резултатите од истражувањата во докторската дисертација се очекува главната хипотеза да биде отфрлена или прифатена односно „Р.С. Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“. Со тоа трудот ќе постави јасна слика на ова поле во Р.С. Македонија. Се навлегува во суштината на еко-туризмот во дестинациите понудувајќи модели и конкретни мерки на оваа многу значајна форма на туристичка понуда која пројавува исклучителна важност во идниот генерален развој на туризмот во Р.С. Македонија.

Еден од најзначајните предуслови за развивањето на еко-туризмот претставуваат природните и културните вредности кои се значаен потенцијал во Р.С. Македонија и има потреба од нивно воведување во туристичка функција. Докторската дисертација треба да изврши компарација на регионални, светски и домашни практики на еко-туризмот со состојбите во Р.С. Македонија.

Предноста на производите кои се нудат во еко-туристичката понуда е тоа што можат релативно брзо да се прилагодуваат на интересите и специфичностите на туристичката побарувачка со користење на креативни солуции и изразено инволвирање на локалната заедница креирањето на понудата. На овој начин се влијае врз подигнување на свеста на локалната заедница и нивна максимална ангажираност која преку еко-туризмот би добила бројни социо-економски бенефити и унапредување на локалниот развој.

Очекуваните резултати од докторската дисертација се насочени кон туристичкиот сектор, во смисла да помогне при ревидирање на постојната законска легислатива, категоризацијата на капацитетите, активностите на креаторите на политиките во

туризмот каде еко-туризмот би бил посилно интегриран. Тоа отвора можности за иницирање на креирањето на една од првите стратегии за еко-туризам во Р.С. Македонија преку што докторската дисертација ќе добие практична примена. Докторскиот труд треба да помогне во поинтензивно воведување на еко-туризмот во образовниот процес со креирање на едукативни материјали за креирање на поквалитетни кадри од оваа сфера во туристичката индустрија. Еко-туризмот треба да започне со поголемо практикување во дестинациите на Р.С. Македонија, а докторскиот труд како основа за негов понатамошен развој да влијае врз подигнување на квалитетот на туристичка понуда.

## 1.6 Основни теоретски и оперативни претпоставки

Обработувајќи ја достапната литература од полето на еко-туризмот, анализата на статистичките податоци и дополнителните теренски истражувања претставуваат претпоставка за добиените научни сознанија да помогнат за унапредување на стручната едуцираност на кадрите во туризмот и поширока инкорпорираност на оваа сфера во научната јавност. Резултатите од докторската дисертација јасно ќе ги определат моменталните состојби во доменот на еко-туризмот во Р.С. Македонија, додека расположливите потенцијали треба соодветно да се вградат во туристичката понуда на дестинациите.

Добиените резултати од истражувањата треба да дадат јасни насоки на дестинациите за нивното прилагодување, имплементирање на потребните стандарди, користење на најдобрите практики, унапредување на заштитата и утилитарноста на природата, информираност за потребните предуслови поврзани со законската легислатива и изведување на еко-туристичка категоризација. Имплементирање на еко-туризмот во развојните стратегии и мастер-плановите за туризам претставува идна потреба на туристичкиот развој која е разгледувана во трудот. Едукацијата на локалното население е неопходно за да се изградат соодветни интелектуални капацитети кои ќе ја применат оваа туристичка форма. Воедно докторската дисертација претставува една од првите вакви опсежни истражувања од полето на еко-туризмот во Р.С. Македонија со што ќе се постават основите за имплементација и развој на еко-туризмот, развој на научната мисла, како и неговото успешно инкорпорирање во голем број на понуди и со тоа создавање на услови за рамномерен локален и регионален економски развој на дестинациите.

# 2. ПОИМНО – СОДРЖИНСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ЕКО-ТУРИЗМОТ

Пред да се премине на разгледување и анализа на состојбите во Р.С. Македонија поврзани со еко-туризмот, првенствено е потребно да се изврши поимно-содржинско определување и дефинирање на еко-туризмот. Во оваа насока се анализирани основните и посебните поими на овој селективен вид на туризам, негово дефинирање, определување на етимолошкото потекло на поимите, историски развој и диференцирање на различните специфични видови, како и определување на местото и улогата во вкупниот туристички развој и утврдување на специфичностите кои се јавуваат во овој селективен вид на туризам.

## 2.1 Поим и дефинирање на еко-туризмот

Наметнатата динамика на живеење од светската глобализација и концентрирањето на животот во големи градски средини во осумдесеттите години од минатиот век создало промени во интересите кај туристите. Концептот на класични летувања сѐ почесто почнало да се менува преку активното откривање на нови дестинации кои изобилуваат со недопрени природни пејзажи, култури, традиции, локална храна. Во осумдесеттите години од минатиот век овој концепт на нови интереси со јака тенденција за зачувување на природата придонесол за спојување на овие влијанија, при што како производ на оваа синергија се појавил еко-туризмот. Денес концептот на еко-туризмот претставува еден од најбрзо растечките сегменти во глобалниот туристички феномен развивајќи се како алтернатива на масовниот туризам овозможувајќи креирање на еколошка рамнотежа на одредени туристички дестинации. Еко-туризмот го поттикнал менувањето на пристапот кон туризмот во голем број на дестинации кои сѐ повеќе создавале одржливост и заштита на животната средина како адут за еко-туристички дестинации.

Со појавата на еко-туризмот се спомнува и развивањето на еколошката свест во туристичката побарувачка и во туристичката понуда на дестинацијата. Еко-туризмот не претставува само поим за здраво еколошко туристичко патување, туку и напор во

рамките на туризмот да се спроведе одговорна заштита на природните ресурси кои ги нуди дестинацијата (Vukonić, 2001).

Оваа туристичка форма се базира на одговорно користење на природата овозможувајќи рамнотежа и одржливост, притоа нудејќи концепт за посета и сместување од страна на помали групи туристи во природни средини, интегрирани образовни програми и тесна соработка со локалното население на туристичката дестинација. Еко-туризмот во суштина гради трајни врски со природата и локалното заедница, која е активно вклучена во примената, поставувањето и реализацијата на понудените туристички производи базирани на локална храна,локалната традиција, природните атракции, социјализацијата и многу други специфичности. Поради ваквото холистичко поимање на овој селективен вид, формите и начините во кои почнало се применува со примарна заштита на природата низ годините станувало сѐ посложено.

Првите дефиниции за еко-туризмот ги поставил мексиканскиот архитект Caballos - Lascaurin во далечната 1987 година која гласи: „Патувања во релативно недопрени и незагадени природни дестинации со специфични цели како едукација, уживање и доживување на окружувањето, растенијата, животните, историското и културното наследство на одредено подрачје“[1].

Широкото дефинирање на еко-туризмот создало големи полемики во стручната и научната јавност кои станувале уште подлабоки со применувањето на еко-туризмот и неговата специфичност пронаоѓајќи се во голем број на туристички понуди. Бранот кој го иницирал еко-туризмот брзо се проширил во многу дестинации и тој постанал прифатен од голем број на туроператори кои поради зголемениот интерес на туристите започнале сѐ почесто да креираат еко-туристички понуди. Кон крајот на минатиот век Меѓународното здружение за еко-туризам (The International Ecotourism Society - TIES) ја поставило првата дефиниција за еко-туризам која гласи:

„Еко-туризмот е одговорно патување во подрачјата на природата, со што се зачувува животната средина и се одржува благосостојбата на локалното население“[2]. Примената и свесноста за оваа активност се зголемувала, така сѐ повеќе се наметнувала потребата за посеопфатна и подетална дефиниција на еко-туризмот во научната и стручната јавност.

[1] http://ceballos-lascurain.org/eng/experience.php
[2] http://www.ecotourism.org

Во таа насока, Martha Honey (1999), предложила подетална дефиниција која гласела: Еко-туризмот е патување во лесно уништливи, претерано чисти и најчесто заштитени подрачја кои имаат тенденција да бидат посетувани од помали групи со многу ниско ниво на негативни влијанија.

Ваквиот тип на понудени туристички аранжмани кои во својата основа се базирале на еко-концептот претставувале вистинско освежување на туристичкиот пазар кој сè повеќе се фокусирал на одржливоста на дестинациите и општествената одговорност кон природата и нејзината заштита. Широката примена на еко-туризмот и неговото препознавање во различни форми на туристичка понуда која освен тоа што се однесува на откривање на нови дестинации, едукација за флората и фауната во дестинациите, различните култури, означува и иницирање на фондови за заштита на природата од страна на локалното население, што продолжува сè до денес.

Дефинирањето на еко-туризмот не застанало тука бидејќи неговата примена создавала уште повеќе сегменти во туристичката понуда кои биле припишани на неговата можност на прилагодување, флексибилност и применливост, проширувајќи се дури и на урбаните простори (таканаречен „урбан еко-туризам“) применлив во старите јадра, старите занаети, гастрономијата, манифестациите кои се карактеристични за тие средини.

Во 2015-та година Меѓународното здружение за еко-туризам (The International Ecotourism Society - TIES) акцентот го поставил на едукацијата. Еко-туризмот е дефиниран како одговорно патување во природните подрачја грижејќи се за околината, одржувајќи ја благосостојбата на локалното население кое е вклучено во активностите и едукацијата и туристите[3].

Клучот на успехот и прифаќањето на еко-туризмот во туристичката индустрија како концепт пред сè претставува градење на силни врски што овозможат повеќекратни цели на заштита, одржливост, како и рамномерен развој и јакнење на локалните капацитети во туризмот. Синергијата на сите засегнати страни кои заеднички го развиваат овој концепт во дестинацијата треба да прерасне во уникатност на дестинацијата и конкурентна предност на туристичките пазари. Партнерствата често можат да бидат тешки за формирање поради големиот број на заинтересирани страни

[3] http://www.ecotourism.org/

кои имаат различни интереси, сепак партнерствата треба да се градат и темелат на взаемна почит, разбирање и заедничка крајна цел.

Според мислењето на Светската туристичка организација (World Tourism Organization - UNWTO) еко-туризмот го сочинуваат: „Сите облици на туризам кои се поврзани со природата во кои главна мотивација на туристот е набљудувањето и почитување на природата, традицијата, културата која доминира во природните подрачја“. Основните облици на кои се темели еко-туризмот според Светската туристичка организација (UNWTO) може да се погледнат во продолжение:

- содржи едукациски компоненти;
- најчесто се организира за помали групи на туристи, а организацијата ја реализираат мали специјализирани локални компании;
- минимум негативно влијание врз околината и социо-културното окружување;
- поддржува заштита на природните подрачја;
- остварување на економски бенефит на локалното население и заедница;
- создавање на нови работни места со можност за создавање на приход за локалната заедница и
- подигнување на свеста кај локалното население и туристите за зачувување на природните добра.[4]

Големиот број на активности и содржини кои ги интегрира еко-туризмот ја покажува неговата сложеност при неговото дефинирање. Неговата динамичност гледана низ призма на креирање на производи е многу голема кои често се создаваат според интересот на туристите и уникатноста на дестинацијата.

Според неговата широка примена и континуирано надградување се сретнуваат во светската литература и дополнителни две негови дефинирања на еко-туризмот. Првата дефиниција гласи: „Еко-туризмот има потенцијал да создава позитивно влијание врз природното окружување и социјалното влијание доколку може да ја добие поддршката и прифаќањето од локалната заедница, изградените партнерства во еко-туристичкиот процес и контролираните влијанија врз околината“ (Epler-Wood, 2002).

Втората дефиниција е понудена од страна на Новаковиќ-Костиќ според кој: „Секој облик на туризам кој се базира на природата и на кој основната функција е набљудувањето и престојот со максимално почитување на природата, традицијата,

[4] http://www2.unwto.org

локалната заедница и културата која преовладува на тој простор“ (Novaković- Kostić, 2016).

Разликата во овие две пристапи претставуваат клучните критериуми кои ги опфаќа еко-туризмот, а тоа се: односот кон атракциите, образовната компонента и еколошката и социјалната димензија. Првиот пристап може да се окарактеризира како сеопфатен модел третирајќи го холистичкиот пристап кон природните атракции, стремејќи се кон идеалниот концепт на одржливост на дестинациите во туризмот.

Од друга страна, минималистичкиот пристап, се движи на границата на одржливост и претставува површински пристап на производот акцентирајќи ја повеќе површната одржливост. Поделбата на сеопфатниот и минималистичкиот пристап е понова појава во литературата разликувајќи притоа „тврда“ и „мека“ димензија на еко-туризмот како теоретска и емпириска конструкција.

Додека еко-туризмот се спознава како бегство од реалниот и динамичен свет, останатите го препознаваат како потреба на модерниот турист (генерацијата „миленијалци“ и „ЗЕН“ генерацијата окарактеризирани како еден вид „слободни“ патници). Специфичности на ваквите туристи се афинитетите за истражување, откривањето на различностите поврзани со природата и слободата на патувањата со динамика која самите ја определуваат во дестинациите кои тие ги избираат.

Доколку се дефинира еко-туризмот во пракса би се сретнале со многу предизвици, поради основните елементи од кои е составен еко-туризмот кои се совпаѓаат со другите видови на туризам. Суштината на еко-туризмот претставува соединување на природата и туризмот поради еколошки и социо-културни цели (Stronza & Durham, 2008). Холистичкиот пристап кон еко-туризмот може да најде примена во други форми на туристичка понуда кои во себе ги имаат имплементирано начелата за зачувување на животната средина, традицијата, локалното население, архитектурата.

Постојат многу научни текстови за еко-туризмот, но сеуште не постои комплетна согласност околу неговото дефинирање, а една од причините претставува големиот број на облици во кои се среќава ваквата понуда која континуирано се збогатува од страна на туроператорите кои создаваат специфични понуди во согласност со барањата и желбите на туристите.

Одредена група на експерти го третираат современиот еко-туризам како систем во кој сите активни елементи се учесници. Во таа смисла еко-туризмот се разгледува како

специфичен вид на природно базиран туризам во кој туристот остварува посета на дестинацијата во комбинација со една од трите основни причини за посета на дестинацијата: едукација, рекреација и/или адреналински активности. Природата како базен елемент на еко-туризмот ги соединува сите оние природни потреби за рекреација на човекот: уживање, истражување, оправување и слично, со помош на изворните ресурси од животната средина, што се смета за најзначаен придонес во дефинирањето и развојот на еко-туризмот. (Laarman & Durst, 1987).

Според Меѓународната унија за заштита на природните ресурси (International Union for Conservation of Natural Resources – IUCN) во програмата за еко-туризам се дефинира овој селективен вид на следниот начин:

„Еколошко одговорно патување и посета на релативно непроменети природни подрачја, со цел да се ужива и да се почитува природата (сите придружни културни карактеристики – минати и сегашни), што промовира конзервација, има ниско влијание од страна на посетителите и обезбедува корисно активно социо-економско вклучување на локалното население” (Spiegler & Gonda, 2012).

Во македонски рамки и Законот за туристичка дејност го дефинира „еколошкиот“ туризам (еко-туризмот) како престој во подрачје со посебни природни карактеристики, заштитени подрачја заради одмор, рекреација и разгледување на природните убавини. Според законската легислатива во Р.С. Македонија, еколошки туризам се смета престој во подрачје со посебни природни карактеристики, како и во заштитени подрачја заради одмор, рекреација и разгледување на природните убавини на начин утврден со закон.

Еко-туризмот не може да се постави во законска рамка, а неговата примена зависи од креативноста на учесниците пред сè локалното население, спецификите на дестинацијата за еко-туристички активности и потребите на еко-туристите. Претставува бегство кон природата под директно влијание на притисокот на урбаното живеење овозможувајќи бројни можности за развој на целокупното општество.

Основата на еко-туризмот е соединување на природата и туризмот поради еколошки и социо-културни цели, а неговото ограничување не е возможно бидејќи со тоа ќе ја изгуби целата негова смисла и влијание. Еко-туризмот подразбира различни форми на престој во природа, истражување, едукација, активности, фото-сафари, набљудување на птици (bird-watching), љубители на пеперутки, набљудување на облаци, набљудување на есенските лисја (leaf watching tourism), еко-рибарење, качување по

карпи, планинарење, планински велосипедизам, манифестации, спелеологија и уште многу други облици и активности кои не ја загрозуваат природата и локалната заедница.

Според наведените начела може да додадеме дека еко-туризмот, претставува туризам кој се темели врз висока еколошка свест од страна на туристите, нивната дополнителна едукација, вмрежување со локалната заедница и е управуван со принципите на одржливост. Посебна димензија на еко-туризмот дава начинот на користење на културните и природните ресурси во туристичката дестинација што е во функција на креирање уникатни доживувања кај туристите. Концептот на еко-туризам е насочен кон одржливиот развој, но доколку се имплементира неплански или неадекватно, овој концепт многу брзо може да пројави негативни ефекти врз животната средина и локалното население.

### 2.1.1 Етимолошко значење на еко-туризмот

Објаснувајќи ја суштината на еко-туризмот, најпрво е потребно да се образложи етимолошкото значење на овој термин. Терминот еко-туризам е составен од префиксот „еко“ и зборот „туризам“. Префиксот „еко“, претставува кратенка од зборовите екологија или еколошки, а терминот екологија има грчко потекло и составен од зборовите „оикос” – кој претставува повеќе значења, домаќинство, стан, економија и „логос” – кој се толкува како наука, знаење.

Екологијата претставува научна дисциплина која ги изучува меѓусебните односи на живите организми и нивната интеракција со животната средина и претставува интердисциплинарна област која во себе ги вклучува биологијата и науката за земјата.

Терминот „екологија“ за прв пат се воведува во далечната 1866 година од страна на Ernst Haeckel, германски научник кој творел во полето на зоологијата.

Областа која ја покрива екологијата е поставена на врвот од скалилото на организацијата на животот и со тоа науката појмува четири нивоа на сложеност. Почетното, односно наједноставното ниво, припаѓа на *аутоекологијата* која ја проучува единката во нејзиното природно окружување и има за цел разбирање на еколошките фактори (температура, мерење на количината од дождот, киселост на водата). Втората се однесува на популацијата (*демоекологија*), а најспецифичниот дел на оваа дисциплина е наречен *синекологија* и се однесува на проучување на

екосистемите. Од неодамна е присутен и концептот за развој на глобална екологија, а нејзиниот предмет на изучување е вкупната биосфера (Novakovic & Trumbulovic, 2017).

Екологијата претставува и наука за човекот. Практичната примена на екологијата е во заштитата и зачувувањето, управувањето со водите, управувањето со природните ресурси (агроекологија, земјоделство, шумарство, агрошумарство, рибарство), просторно планирање (урбана екологија), здравството, економијата, основните и применетите науки и социјалната комуникација помеѓу луѓето (антропогена екологија).

Од друга страна пак, туризмот претставува патување поради повеќе причини, како што се рекреација, одмор, религиозни, бизнис цели и останати. Туристите се луѓе кои патуваат и престојуваат во места надвор од нивното постојано место на живеење повеќе од дваесет и четири часа и не повеќе од една последователна година поради одмор. Постојат и други причини за патувањата, бизнис и други цели кои не се поврзани со извршување активност кои се платени во местото кое се посетува. Туризмот како и екологијата претставува мултидисциплинарна област, а поради таквата негова природа во комбинација со екологијата произлегува терминот еко-туризам.

Развојот на туризмот е производ на интерактивни односи во различни просторни, економски, социјални, психолошки, правни односи и треба да се прифати дека туризмот доживува сублимирано влијание на различните ресурси. Основниот пристап е важен фактор за одредување на диференцијацијата на основните типови. Алтернативноста, од друга страна, овозможува на оптимален начин да обезбедат значителни вредности во развојот и користењето на основните ресурси (Мариноски, 2009).

Фузирајќи ги екологијата и туризмот, заштитата на флората и фауната и откривањето на нови недопрени дестинации во Светот го создадоа еко-туризмот како најбрзо растечка форма на туристичка понуда. Еко-туризмот сѐ повеќе зазема место во туристичките понуди на дестинациите ширум Светот и претставува главен дел на економијата пред сѐ на послабо развиени земји кои располагаат со недопрена природа.

### 2.1.2 Историски развој

Во шеесеттите години на минатиот век еко-туризмот се појавил како термин кој отпочнал да се користи од страна на мексиканскиот екологист Hetzer, дефинирајќи ги

неговите четири основни компоненти кои биле промовирани пред светската туристичка јавност. Според овој автор еко-туризмот ги содржи следните компоненти:

- минимален одраз врз природата;
- минимален одраз и максимална добивка за културата на локалната заедница која ги прифаќа туристите и
- максимален економски бенефит за локалната заедница, максимално задоволство и релаксација за туристите (Fennell, 2003).

Со воведувањето на еко-туризмот во 1960-те години, истиот бил дискутиран и разгледуван од страна на научната јавност во 1970-те години, а прифатен од истражувачите како концепт на туризмот во 1980-те години од минатиот век. Еко-туризмот како сегмент кој има големи потенцијали бележејќи брз развој во 1990-те години ги надминал очекувањата на развој и влијание врз туристичката индустрија во целиот Свет. Еко-туристичкиот развој во неговата практична примена создал голем број на пречки и негативни ефекти доколку не се води грижа за масовноста, балансот, заштитата на еко-туристичката дестинација (Higham, 2007).

Еко-туризмот започнал како една нестандардна идеја која се наметнала од динамиката на модерното живеење и глобализацијата за која многумина беа сигурни дека ќе придонесе за зачувување на природните ресурси во Светот. Во почетокот на 1980-те години, прашумите, националните паркови, заштитените подрачја кои нуделе недопрена флора и фауна станале многу интересни дестинации за проучување од страна на голем број биолози кои биле заинтересирани за биолошката разновидност. Мистичноста на откривањето нови дестинации со недопрени природни убавини станале омилени места на голем број режисери на филмови за проучување на природата кои мотивирале голем број на туристи истите да ги посетат. Овој интерес овозможил отворање на широк спектар на мали локални бизниси чија специјалност била водење на научници и режисери во изолираните предели и активно учество на локалното население кое добило можност за дополнителен финансиски бенефит.

Како што ваквите мали бизниси почнале да просперираат со голема брзина во земјите на Латинска Америка кои изобилуваат со недопрена природа, искуствата за ваквите места се пренеле во Европа, еволуирајќи во поформален вид на „индустрија“ која ги задоволувала потребите на малите туристички групи. Првенствено еко-туристите биле составени од биолози и научни работници кои ги истражувале пределите богати со

флора и фауна и вршеле практична едукација на локалното население и членовите на групата. Поради нивната потреба за набљудување при истражувањата беа поставени основите на фото-сафарито и набљудувањето на птици кои до денес мотивираат голема група на асоцијации и здруженија за заштита на птиците, како и на индивидуални еко-туристи за посета на дестинации.

Интернационалните туроператори со еко-туристички понуди започнале да се зајакнуваат во 1980-тите години со зголемувањето на интересот за патување во природни средини, поттикната од новата опрема за кампување и пешачење. Денот на планетата земјата – 22. Април кој претставува празник на единствениот дом на сите живи суштества, првпат е одбележан во САД во 1970 година при што денес координирано се прославува во Светот во 192 земји во кои се вбројува и Р.С. Македонија (Методијески, 2017).

Во склопот на меѓународната година на еко-туризмот во 2002 година под покровителство на Програмата на Обединетите Нации за животна средина (United Nations Environment Programme – UNEP) и Светската туристичка организација (UNWTO) повеќе од илјада учесници од 132 земји како претставници на јавниот, приватниот и невладиниот сектор се сретнале на Светскиот самит за еко-туризам. Домаќин на самитот била Туристичката организација на Квебек (Tourisme Quebec) и Канадската комисија за туризам (Canadian Tourism Commision).

*Слика бр.1 - Еко-туризмот во Светот*



*Извор: (https://sstdi.org/2013/07/16/ecotourism-101-ecotourism-essentials)*

Големиот број на чинители на овој самит утврдиле принципи и приоритети за развој и менаџирање со еко-туризмот вградувајќи го овој концепт во голем број државни стратегии. На овој начин било овозможено еко-туризмот да биде интегриран во голем број на туристички понуди пред сѐ во земјите кои имале атрибути како недопрена природа и природни реткости кои го дефинираат еко-туризмот (Anandare, 2015).

Меѓународната година на еко-туризмот (2002) била одлична можност за колективно делување и учество на сите заинтересирани страни, за определување на начините за тоа како овој вид на туризам треба да се развива, менаџира, регулира и надгледува како би придонел за одржлив развој на локалните заедници. Обединетите Нации ѝ дале поддршка на Светската Туристичка Организација (UNWTO) да биде одговорна за Меѓународната година на еко-туризмот која е одбележена во 2002 година на светско ниво[5]. Тоа било одлична можност за инволвирање на сите заеднички страни на полето од еко-туризмот поставувајќи ги следните идни задачи:

- Да даде поголемо значење и привлече поголемо внимание од јавниот, приватниот сектор, туристите, невладините организации за капацитетите и влијанијата на еко-туризмот во зачувувањето на природното и културно наследство и подобрувањето на стандардот на живот на локалните заедници;
- Да создаде методи и техники за планирање, менаџмент, регулација и мониторинг на еко-туризмот, како би се гарантирала долгорочна одржливост;
- Да промовира размена на успешни искуства од областа на еко-туризмот и
- Да ги зголеми можностите за ефективен маркетинг, промоција на еко-туристичките дестинации и производи на меѓународниот туристички пазар.

Светската туристичка организација за да ги оствари зацртаните задачи и цели спровела различни активности на национално и меѓународно ниво, а резултатите од овие активности биле презентирани на Генералното собрание на Обединетите Нации во 2003 година (Diamantis, 2003).

Светската туристичка организација (UNWTO) на своите членки препорачала да креираат социјални програми и стратегии за еко-туризам, национални и локални комитети кои ќе бидат составени од заинтересирани страни кои се релевантни за еко-туристички активности. Тоа помогнало во многу земји да се поттикне создавањето на мали и средни претпријатија, да се генерираат зелени работни места во туристичкиот

[5] http://www2.unwto.org/en

сектор и креирање на законска регулатива кои го опфаќале еко-туризмот при што голем дел се сеуште применливи. Годината на еко-туризмот и визионерскиот пристап на Светската туристичка организација може да се смета како почеток на втемелувањето на еко-туризмот и негово етаблирање во глобалниот туризам

*Слика бр. 2 - Еко-туризам преку едукативни работилници во природа*



*Извор:(https://www.ecocompanion.com/blog/what-is-ecotourism-first/local-guide-showing-tourists-something-smaller-imag)*

Еко-туризмот овозможува значајни економски бенефити за многу земји, региони и заедници кои се познати по својата флора и фауна и активно ја развиваат оваа форма на туризам. Голем број на простори и земји се карактеризираат со недопрени подрачја, со големи број природни убавини, богат биодиверзитет, културно и историско наследство. Активностите кои се практикуваат од туристите за време на престојот во еко-туристичките дестинации се многубројни и различни, а варираат во зависност од местото кое го посетуваат и природните услови кои владеат (Buckley, 2003).

Светската туристичка организација (UNWTO) изготвила и учествувала во подготвувањето на голем број специјални публикации кои се однесуваат на меѓународната година на еко-туризмот. Во најразвиените еко-туристички пазари од Светската туристичка организација се спровеле истражувања и се публикувале неколку

пионерски извештаи за земјите како: Канада, Франција, Италија, Германија, Шпанија, Велика Британија и САД. Биле публикувани специфични водичи и компилации со добри практики, како и водичи за одржлив туризам во природни и заштитени области.

Прогресот кој е направен на полето на еко-туризмот од 2002 година било мотив за негово развивање во годините кои следат, а туроператорите започнале да креираат пакет-аранжмани во далечни неоткриени дестинации со недопрена флора и фауна.

Поради работните обврски и динамиката на живеење се наметнува трендот на неколку дневни одмори на различни дестинации кои во себе содржат активно - истражувачки карактер, проткаени со незагадени еколошки предели. Запознавањето со локалните вредности, историја, култура, традиција и гастрономија во дестинациите се највисоките критериуми за туристите за да ја одберат дестинацијата, а токму еко-туризмот е нераскинливо вткаен во овие туристички понуди (Janevski, Naumov, 2017).

Почетоците на еко-туризмот и одредени негови форми пионерски и со индивидуален пристап се практикувале кон крајот на минатиот век во Р.С. Македонија. Посериозниот пристап кон оваа туристичка форма може да се забележи веќе во 2003 година кога е формирано здружението за одржлив развој – „Брајчино“ со иницијативата за развој на еко-туризмот, заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси во дестинацијата.[6]

Во Законот за туристичка дејност од 2004 година во членот 51 за прв пат терминолошки се објаснува еколошкиот туризам како: Еколошки туризам, во смисла на овој закон, се смета престој во подрачја со посебни природни карактеристики, како и во заштитени подрачја заради одмор, рекреација и разгледување на природните убавини на начин утврден со закон. Под туристички услуги од ставот 3 на овој член се подразбира изнајмување на превозни средства заради разгледување на природните убавини, продажба на плодови од природата, интерпретација на природните убавини, фото-сафари и други услуги со кои не се нанесува штета на природата на начин утврден со посебен закон. (Сл. Весник на РМ, бр.62 од 16.09.2004 година пристапено 27.04.2020).

Многу брзо започнува да се применуваат позитивните практики за еко-туризмот кој станува нераскинлив дел во многу голем број на локални стратегии кои препознаваат голем потенцијал во оваа форма на туристичка понуда. Сè поголем број на странски

[6] https://www.crm.com.mk/DS/

туристи во Р.С. Македонија се интересираат за еко-туризмот и одржливоста на дестинацијата. Својот одмор и дневните активности ги поминуваат на блиските планини пешачејќи, возејќи велосипеди по означените еко-патеки, посетуваат локални манифестации или уживаат во прекрасната гастрономска понуда. Чистата природа, неоткриените дестинации, културното наследство, активниот туризам, гастрономијата, градот Охрид и охридското крајбрежје и голем број други еко-локации многупати до сега во светски познати списанија ја вбројуваа Р.С. Македонија во топ 10 дестинации кои треба да се посетат.[7]

Во последната деценија се создадени услови еко-туризмот да бележи континуиран развој во Р.С. Македонија во селските средини, националните паркови, заштитените подрачја и дестинациите со специфични атракции за активни форми на туристичка понуда. Голем број на микро дестинации во нашата земја имаат создадено услови за набљудување на птици, еко-тури со едукација, работилници за гастрономија и стари занаети, еко-музеи, јавање на коњи, вински тури, планинарење и екстремни тури.

Националната стратегија за Рурален туризам 2012-2017 година воопшто не го обработува полето на еко-туризмот како форма на туристичка понуда додека стратегијата нема поставено насоки и мерни индикатори за нејзино имплементирање и евалуација. Р.С. Македонија припаѓа на малиот број на земји кои немаат потстратегија за развој на еко-туризмот или да биде имплементирана во „Државна стратегија за туризам“ која е драфт верзија од 2015 година до денес. Стратегијата за еко-туризмот треба да понуди план за развој, имплементирање и конкретни акциски планови со дополнителни стимулации на домаќинствата во руралните средини да започнат со работа и препознаат можност за егзистенција од оваа туристичка форма. Развојот на еко-туризмот во Р.С. Македонија потребно е да биде стратегиски, а не стихиен бидејќи неговиот неконтролиран развој може да доведе до негативни влијанија со нарушување природниот баланс во дестинацијата. Овој тип на туризам не претставува само желба на туристите за активности и рекреативни активности, туку и стекнување на нови знаења за заштитата и грижата за природната средина.

Еко-туризмот станува сè повеќе популарен облик на туризам во Р.С. Македонија, туристичката дестинација треба да вложи напори во минимализирање на негативните ефекти врз природната средина управувајќи одржливо со дестинацијата во секоја смисла на зборот (селектирање и рециклирање на отпад, неконтролирано

[7] https://www.lonelyplanet.com/

искористување на природните ресурси, потрошувачката на електрична енергија, загадување на водите). Секојдневната грижа за дестинацијата и нејзината уникатност не секогаш се доволни да создадат конкурентна предност пред останатите дестинации кои нудат еко-туризам. Потребно е целата дестинација да биде еколошки едуцирана развивајќи се во духот на еко-туризмот максимално вклучувајќи се во неговиот развој на директен и индиректен начин за брзо време ќе се почувствуваат сите позитивни ефекти од неговата имплементација. Тенденцијата на македонскиот туристички сектор во наредната деценија треба да биде развивање на одржливи форми на туризам во кои еко-туризмот треба да ја заземе водечката улога.

### 2.1.3 Форми на еко-туризмот

Еко-туризмот е вметнат во пошироката класификација на туристички форми кои научната и стручна јавност ги става во поделбата на масовен и алтернативен туризам. Помеѓу еко-туризмот и одржливиот туризам се поставува тенка линија бидејќи еко-туризмот, претставува еколошко одговорно патување интегрирајќи ги сите елементи на одржливоста на дестинацијата, како и максималното вклучување на локалното население, додека сите форми на туризам потребно е да бидат одржливи.

Во основата потребно е еко-туризмот да ги привлекува туристите во уникатни еколошки предели, преку висок степен на еколошка заштита во посетеното подрачје, едукативни работилници за флората и фауната и значењето на природата, одржливоста на дестинацијата, влијаејќи мултипликативно врз локалната економија со услови за отворање на нови работни места и голема инволвираност во туристичките услуги на локалното население.

*Шема бр. 1 - Концептуален модел на еко-туризам*



Според Станковиќ еко-туризмот е заснован на неколку принципи: природниот амбиент во кој постојат културните облици, формите на еко-туризам и нивната одржливост, едукацијата за еко-туризмот; заштитата на природата која е очекувана од туристите; интегрирање на локалната заедница за подобро туристичкото претставување на еко-атракциите во дестинацијата и безбедноста на еко-дестинацијата. (Станковиќ, 2009)

Последните две децении еко-туризмот забележува континуиран пораст кој исклучително позначаен во неразвиените и земјите во развој со големо влијание врз државните економии. Генерално поради недопрените природни богатства (биодиверзитет) на дестинациите, еко-туризмот е промовиран во функција на управување со заштитените подрачја, зачувување на природата и одржливоста на еко-дестинациите. Зелените патувања и нивната достапност до заинтересираните туристи се одвива преку понуди на интернационални туроператори или мали локални туроператори кои нудат уникатни доживувања на мали групи туристи во дестинациите. Формите на еко-туризмот не претставуваат единствено желба за адреналински активности, истражување, туку во нив се вткаени трајни вредности на екологијата, одржливоста и заштитата на секоја дестинација, вклучувајќи ги и минималните негативни ефекти врз истата.

Компонентите, ефектите и функцијата на еко-туризмот може да се погледнат во следната шема:

*Шема бр. 2 - Компоненти, функција и ефекти на еко-туризмот*



*Извор: (Работиќ, 2012)*

Клуч за успехот во еко-туризмот е формирање на силни партнерства при што повеќекратните цели на заштита и рамномерен развој може да се пресретнат и исполнат. Партнерствата во голем број можат да бидат тешки за формирање поради големиот број на заинтересирани страни со различни потреби, но суштинското значење е развивање на партнерства за еко-туризмот.

Учесниците во еко-туризмот треба да се класифицираат како: персонал во заштитеното подрачје; организации во локалната заедница и поединци; приватен сектор во туризмот; разни владини претставници и невладини организации. Нивната грижлива интеракција создава ефективен еко-туризам што во поновата пракса е познато како *дестинациски менаџмент организации* во дестинациите кои работат на интегрирање на сите чинители во дестинацијата значајни за туризмот. Во последните две декади во голем број на стручни дела можат да се препознаат два типа на еко-туризам: (Jun, 2016)

- „Тврд“ тип на еко-туризам
- „Мек“ тип на еко-туризам

Еко-туристите кои практикуваат „тврда“ форма длабоко се мотивирани за нивната причина за патувањата, често се специјализирани и поврзани со експерти од полето на екологијата или имаат едукативен карактер. Се подразбираат релативно подолги престои во дестинацијата со силна интегрираност на локалното население и користење на голем број на вонпансионски услуги кои влијаат врз локалната заедница. Карактеристични се помали групи на еко-туристи кои максимално се трудат да не го нарушат екосистемот, користат локален превоз и се запознаат со локалната култура и обичаи во дестинацијата. „Тврдиот“ еко-туризам ги користи природните ресурси залагајќи се за нивна заштита, користење на локалните производи, ограничување на групи туристи при нивните посети и одржливост на дестинацијата во целост.

*Табела бр. 1 - Карактеристични типови на еко-туризмот*

**ТВРД ЕКО-ТУРИЗАМ** **МЕК ЕКО-ТУРИЗАМ**

**СПЕКТАР НА ЕКО-ТУРИЗМОТ**

| | |
|---|---|
| **Силна евироментална поврзаност** | **Мека евироментална поврзаност** |
| **Специјализирани посети** | **Повеќе наменски посети** |
| **Долго патување** | **Кратко патување** |
| **Мали групи на туристи** | **Големи групи на туристи** |
| **Физички активно** | **Физички пасивно** |
| **Физички предизвик** | **Физички конфорт** |
| **Очекувани малку услиги** | **Очекувани многу услуги** |
| **Длабока интеракција со природата** | **Плитка интеракција со природата** |

*Извор:* **(***Weaver, 2005)*

„Мекиот" тип на еко-туризам се разликува од претходниот тип во пристапот, мотивираноста која може да биде повеќенаменска, поголеми групи, кратки посети во природа и мала физичка активност сведена на комфорно сместување во хотели. Основата на еко-туризмот останува од страна на дел од научната јавност е окарактеризиран како комерцијален еко-туризам поради неговото влијание врз дестинацијата. Доколку „мекиот" еко-туризам поради одредена атрактивност во дестинацијата прерасне во големи групи светските искуства покажуваат за негативни влијанија врз дестинацијата кои најчесто се манифестираат со повлекување на животинскиот свет подлабоко во природата или негово исчезнување.[8]

Табелата со број 1 овозможува да се изврши паралела меѓу овие две форми на еко-туризам кои сè повеќе се развиваат и усовршуваат во делот на побарувачката на туристите. Континуираниот пораст на еко-туризмот кој нискоразвиените земји и земјите во развој во многу краток временски интервал прераснал во клучна економска гранка врз кои се базираат поголем број на земји од ваквата класификација.

[8] www.slideshare.net

Нискоразвиените земји и земјите во развој имаат понизок степен на индустријализација и сеуште недопрени природни предели со население кои ги зачувало своите традиции, обичаи, специјалитети и други специфичности.

Еко-туризмот го сочинуваат различни форми кои се поделени во неколку категории (Economic Development Branch, 2003):

- Копнен еко-туризам: планинарски велосипедизам, планинарење и планински патеки, јавање на коњи, речен рафтинг, возење со кану и кајакарење, зимски туризам;
- Пешачење, кампинг, веслање, пливање, културни активности, набљудување на диви животни, фото-сафари во природа, рекреативно скијање, посета на историски локалитети и
- Урбан еко-туризам: посета на стари градски јадра, специфична архитектура, флора и фауна во урбаните градски паркови, еко-музеи, стари занаети во чаршиите, етнографски елементи.

Според горенаведените типови на еко-туристички форми кои можат да се практикуваат во Р.С. Македонија и можат да се сретнат во портфолиото на понудите на одредени рецептивни туроператори (вмрежени во Националната Асоцијација за Дојдовен Туризам-НАИТАМ) практикувајќи „меки“ форми на еко-туризмот во поголеми групи, посета на локалитети, работилници за традиционална храна, посета на медари, вински тури, посета на стари градски јадра и др.[9]

Исто така се практикуваат организирани посети во руралните средини, селските домаќинства, гастрономски работилници и на најкарактеристичните атракции во дестинацијата. Потоа, велосипедски и планински организирани тури кои се одвиваат во помали групи на учесници со траење од неколку денови, престој на планина, национален парк кои преминуваат во регионални тури во кои свои услуги нудат и туроператори од соседните земји. Велосипедските и планинските тури не може да се вбројат во „тврдиот“ еко-туризам, но истиот се одвива во националните паркови, заштитените подрачја, руралните и селски средини. Поради својата специфичност Охридското Езеро се вбројува во ретките места заедно со националните паркови во кои групи на научни и стручни лица ја истражуваат флората и фауната притоа организирајќи теренски едукативни работилници во кои често се вклучени и нивните студенти.

[9] https://naitm.org.mk/

Во организација на македонското еколошко друштво-МЕД од Скопје се организираат набљудувања на птици во градскиот парк во Скопје со нивно препознавање во литературата. Поради својата местоположба на одвивање, односно урбаната средина, оваа форма се вбројува во урбан еко-туризам. Урбаниот еко-туризам може да се сретне и во повеќе градови каде старите јадра се сочувани со активни занаетчии кои ја раскажуваат историјата и демонстрираат делови од својот занает. Ваков тип на организирани посети се практикуваат и во скопската, прилепската, битолската, охридската, кратовската чаршија и останати стари градски јадра во Р.С. Македонија.

Покрај својот низок развој еко-туризмот во Р.С. Македонија може да се препознае во следните негови форми:

- планинарски велосипедизам, планинарење и планински патеки, јавање на коњи, речен рафтинг, возење со кану и кајакарење, зимски туризам, параглајдинг, подготовка на локална храна;
- Одење, кампинг, веслање, пливање, културни активности, набљудување на диви животни, фото-сафари во природа, рекреативно скијање, посета на историски локалитети, посета на локални манифестации и
- Урбан еко-туризам: посета на стари градски јадра, специфична архитектура, флора и фауна во урбаните градски паркови, еко-музеи, стари занаети во чаршиите.

Овие форми јасно покажуваат за неговата лесна примена во руралните и урбаните стари јадра на градовите со подеднакви можности за атрактивност на содржините кои се нудат и интересот на туристите. Во последните неколку години може да се забележат туроператори кои создаваат понуда според интересот и побарувањата на туристите во одредена дестинација, пред сè помали групи со специфичен фокус и со голема поддршка од страна на локални еко-туристички водичи создаваат трајни искуства и доживувања за откриените атракции на дестинациите. Очигледен е трендот на активно вклучување на еко-туристички услуги во поголем обем за странските туристи со активна примена на еко-туризмот.

*Слика бр.3 – Набљудување на птици во Градскиот парк – Скопје организирано од Македонското еколошко друштво и едукацијана видовите*



*Извор: (http://mes.org.mk/)*

Денешните трендови во еко-туризмот се збогатување на доживувањата кај туристите со овозможување на зголемен број на активности како долго планинарење, јавање, набљудување на птици, фото-сафари, планински велосипедизам, качување по карпи, локална храна, параглајдинг. Најголем интерес кај туристите привлекуваат едукативните работилници или активности кои во себе содржат дружење со локалното население, посета на локални фестивали и локални културни активности. Сè поголемо влијание врз туристите имаат планинарењето, спортовите на отворено, параглајдингот, како и останати видови адреналински тури (Kiper, 2011).

Токму еко-турите кои најчесто се изведуваат во руралните простори на дестинацијата овозможуваат инволвирање на локалното население и позитивни ефекти врз локалниот економски развој. Ова води до отворање на микро и мали семејни бизниси (на кои се базира секоја економија во Светот) во руралните средини кои се поврзани со туризмот во кои директни учесници се локалните жители користејќи ги природните атракции и ресурси од дестинацијата. Токму овие ефекти на еко-туризмот и неговите форми во зависност од дестинацијата овозможуваат тој да бележи пораст во земјите во развој и туризмот да биде еден од насилните столбови во економијата.

## 2.2 Место и улога на еко-туризмот во туристичката дејност

Според специфичноста на понудата и големината на побарувачката туризмот и повеќе други фактори тој се дели на масовен и алтернативен. Масовниот туризам се карактеризира со зголемено ниво на учество на туристите и најчесто неодржливост на природните и културните вредности, на голем број социјални и културни влијанија кои негативно се одразуваат на туристичките дестинации (Duffy, 2002).

Голем број на автори го делат мислењето дека алтернативниот туризам се создал за да се постигне баланс помеѓу негативните влијанија на масовниот туризам кој ги постигнал во голем број на дестинации. Големата сезоналност на масовниот туризам е заменета со алтернативни форми на туристичка понуда кај кои сезоналноста воопшто не е истакната и дестинациите се посетени во текот на целата година. Се овозможува полесно менаџирање на туристичката дестинација, подолг престој, нови атракции и користење на локални ресурси пред сѐ во понудувањето на еко-туристички услуги. Честото поврзување со активните форми на туристичка понуда кои го покажуваат опфатот на еко-туризмот и неговата интегрираност во многу дестинации кои пред сѐ ја користат природата како основен ресурс за нивно развивање.

Алтернативниот туризам од друга страна, е насочен кон објекти за сместување од помал обем, поголемо учество на локалната заедница, одржливост, сооднос со социјалните и културните вредности и поголема интеракција меѓу домаќините и туристите (Wearing & Neil, 2009).

Најважните карактеристики на масовниот и алтернативниот туризам се прикажани во табелата 2 која може да се проследи во продолжение.

*Табела бр. 2 - Карактеристики кај масовниот и алтернативниот туризам*

| Карактеристики | Масовен туризам | Алтернативен туризам |
|---|---|---|
| **Обем и вид** | Висок, пакет аранжмани | Низок, индивидуални аранжмани |
| **Должина на престој** | Кратка | Долга |
| **Сезоналност** | Висока и ниска сезона | Нема сезона |
| **Потекло на туристите** | Неколку доминантни пазари | Нема доминантни пазари |
| **Атракции** | Создадени со цел, комерцијализирани, наменети за туристи | Автентични, делумно комерцијализирани, за туристи и локално население |

| | | |
|---|---|---|
| **Сместување** | Големи објекти, концентрација, интернационална архитектура | Мали објекти, дисперзирани, локална архитектура |
| **Сопственост** | Корпоративна | Локална |
| **Улога на туризмот** | Доминантна | Дополнителна |
| **Мултипликативен ефект** | Низок | Висок |

*Извор: Weaver, D., edit., 2001*

Покрај поделбата на туризмот на конвенционален, односно масовен и алтернативен туризам се среќаваат и различни поделби кај алтернативниот туризам. Една од овие поделби ги разликува следните видови алтернативен туризам: културолошки, едукативен, научен, активен и агро-туризам. Како што може да се забележи од шемата во продолжение, сите форми на алтернативниот туризам всушност го претставуваат туризмот кој се одвива во природа или еко-туризмот.

*Шема бр. 3 - Еко-туризмот како алтернативен вид на туризам*




Туризмот може да биде претставен како еко-туризам доколку ги содржи во себе следните шест принципи (Fennell, 2008):

- Наметнува вид на користење кој ги минимизира негативните влијанија врз околината и локалната заедница;
- Зголемување на свеста и разбирањето за природната околина и културните системи и вклучување на посетителите во прашања кои влијаат врз тие системи;

- Придонесува во зачувување и менаџирање на легално заштитените и други природни области;
- Максимизирање на раната и долгогодишна партиципација од страна на локалната заедница во процесот на одлучување кој го детерминира видот и количината на туризмот;
- Економски и други бенефиции за локалната заедница кои не ги заменуваат, туку ги надополнуваат традиционалните обичаи (земјоделство, риболов, општествено уредување итн.) и
- Обезбедување специјални можности за локалната заедница и вработените во природно базираниот туризам за посета и користење на природните средини и обука за уникатните вредности кои посетителите доаѓаат да ги видат.

Местото и улогата на еко-туризмот во Р.С. Македонија може да се прикаже преку туристичката посета, формите на туристичка понуда и условите во кои тој се развива.

*Графикон бр. 1 - Број на туристи во Р.С. Македонија по плански региони 2010-2019 година*




*Извор: http://makstat.stat.gov.mk*

Од графиконот број 1 може многу јасно да се забележи посетеноста на туристите и нивната концентрација во два плански региони односно тоа се Скопскиот и Југозападниот регион во кои во текот на годината се концентрирани приближно 65% од вкупниот број туристи и 60% од вкупниот број остварени ноќевања, базирајќи се во најголема мерка на кружни патувања, директни чартер линии во текот на сезоната,

односно поголеми групи на туристи со аранжмани во хотелските капацитети. Скопскиот плански регион претставува бизнис центар при што е очекувано голем процент од патувањата да бидат од бизнис карактер и кружни патувања на групи од туристи кои се побројни во летниот период. Поради масовниот карактер на посетите преточени во повеќедневни аранжмани во Скопскиот и Југозападниот регион, еко-туризмот е застапен во многу мал обем кој нема голема улога во туристичката понуда и мотивацијата на туристите да ги посетат овие два региони.

Шесте останати плански региони својата понуда ја базираат на природата и руралниот карактер кој преовладува врз градските средини кои претставуваат мотив на туристите да ги посетат дестинациите. Планските региони кои покажуваат афинитет за практикување и развој на алтернативните форми на туризам во текот на 2019 година биле посетени од 35% од вкупниот број на туристи во Р.С. Македонија.

*Слика бр. 4 Мапа на планските региони во Р.С. Македонија*




За потребите на докторскиот труд беа спроведени повеќе интервјуа во планските региони. Поточно, интервјуата беа изведени со два градоначалници од градови по регион кои според статистичките податоци пројавуваат најголема посетеност на туристи и располагаат со хотелски и приватни сместувачки капацитети. Во овие интервјуа беа опфатени градоначалниците на општина Крушево и општина Битола од Пелагонискиот плански регион, Општина Демир Капија и Општина Чашка во Вардарскиот регион, Општина Кратово и Општина Крива Паланка во Североисточниот регион, Општина Берово и Општина Делчево од Источниот регион, општината Маврово-Ростуше и општината Тетово во Полошкиот плански регион, додека од

Југоисточниот регион беа опфатени општините Дојран и Ново Село. Сите интервјуирани градоначалници и одговорни во локалниот економски развој – ЛЕР го потенцираа значењето на еко-туризмот и неговите форми за развојот на туризмот во нивната општина, како и регионот. Формите на еко-туризмот кои беа регистрирани во овие региони од извршените интервјуа беа следните: планинарски велосипедизам, планинарење и пешачење по планински патеки, параглајдинг, рекреативно скијање, кампинг, искачување по карпи и алпинизам, културни активности, набљудување на диви животни, фото-сафари, ено-гастро тури, вински тури, посета на историски локалитети, посета на стари градски јадра, специфична архитектура, еко-музеи, стари занаети во чаршиите.

Улогата на еко-туризмот е многу значајна според интервјуираните во туристичката дејност на регионите и е значаен потенцијал за создавање на нови атракции, нивна валоризација и промоција со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на меѓународните и регионални саемски манифестации.

*Графикон бр. 2 - Посета на туристите во шесте плански региони на Р.С. Македонија*




*Извор: http://makstat.stat.gov.mk/*

Од статистичките податоци добиени од Државниот завод за статистика прикажани на графиконот се забележува континуиран раст во последната деценија на посета од

страна на туристи што во 2019 година изнесувало 350.000. Најмногу посетен бил Југоисточниот плански регион, додека најчести туристи покрај домашните биле и регионалните гости, што можеше да се заклучи генерално за сите шест региони.

Местото и улогата на еко-туризмот во локалниот економски развој е од исклучително значење, градејќи ја целата туристичка понуда како и голем број на проекти од ИПАРД програмата за инфраструктура и меѓуграничната соработка ИПА со соседните земји на еко-туристички план. Слабиот развој од туристички аспект низ годините овозможил овие региони да се потпрат на природните ресурси со кои располагаат и да започнат со креирање на еко-туристички форми и инфраструктура за нивен развој.

Покрај помалиот број на туристи во шесте региони на одреден начин еко-туризмот претставува носител на туристичката дејност во последните години овозможувајќи намалување на сезоналноста, а исто така претставува и силен адут за локалниот економски и одржлив развој. Останатите два плански региони и покрај застапеноста на еко-туризмот во одредена мерка, поради различните концепти на кој се базира туристичката понуда, како и релативно високата сезоналност, примената на овој селективен вид е во помал обем. Еко-туризмот во Скопскиот и Југозападниот плански регион се практикува низ еднодневни екскурзии со посета на национален парк, селски домаќинства, еко-музеи, но многу ретко посетителите преноќуваат во ваквите локалитети и дестинации.

Ова јасно покажува дека местото и улогата на еко-туризмот во македонскиот туристички сектор во идниот период треба да биде уште повлијателно преземајќи практика од успешните дестинации и рамномерен регионален развој во туризмот во функција на одржливост овозможувајќи услови за креирање на целогодишни дестинации. Бројните проекти од претпристапните фондови на Европската унија и Светска банка кои ги детектираат местото и улогата на еко-туризмот, влечејќи позитивни практики од регионот со што се овозможува збогатување и зајакнување на туристичкиот сектор во Р.С. Македонија. Потребно е да се започне со практикување на позитивните светски практики во полето на еко-туризмот со што може да се очекува позитивни влијанија врз повеќе сегменти на локалниот економски развој и наметнување на неговата улога на многу повисоки нивоа на стратешко планирање на развојот.

### 2.2.1 Карактеристики на туристичката понуда во Р.С. Македонија

Во последните две децении промената на масовниот туризам со современи тематизирани форми на туристички активности и со наметнување на екологијата и нејзината заштита создале можности голем број дестинации да се прилагодуваат и креираат нови туристички понуди. Ваквите понуди повеќе не се состојат од традиционални или стереотипни аранжмани, туку сѐ повеќе ги задоволуваат специфичните барања и на најпребирливите туристи.

Туристичката дестинација нуди сложен, комплексен и единствен туристички производ како резултат на делувањето на туристичките и не-туристичките субјекти и туристичката валоризација на расположливите атракции на дестинацијата. За да може да се разбере суштината на туристичката понуда, најнапред потребно е да се знае што се подразбира под поимот понуда.

Под поимот понуда се подразбира количина од добра што сака да се продаде по одредена цена на пазарот. Кога станува збор за туристичка понуда, треба да се спомене дека таа може да се разгледува во поширока и потесна смисла на зборот (Петревска, 2017).

Понудата на туристичката дестинација потребно е да биде прилагодлива на туристичките барања кои треба да бидат синхронизирани со стандардните елементи на понудата, односно јаката хетерогеност на туристичкиот производ, различното темпо на раст на елементите на понудата, релативната нефлексибилност на понудата и недоволното прилагодување од туристичката понуда на побарувачката (Ру, 1996).

Туристичката понуда има многу специфичности преку кои се разликува од понудата на другите стопански дејности. Како најзначајни карактеристики на туристичката понуда се наведуваат:

- Хетерогеноста на понудата се согледува во крајно различните туристички производи и нивните составни делови (сместувањето, културните, спортските, природните, гастрономските) и големата различност на создавањето кај туристичките производи (туроператори, туристички агенции, превозници, институции од културата, забавни манифестации).
- Сезонски карактер на туристичката понуда, односно висока и ниска сезона (лето или зима) што резултира понудата да не може да ја задоволи туристичката побарувачка. Од друга страна пак, надвор од сезоната, сместувачките

капацитети имаат низок степен на искористеност што предизвикува негативни последици во работењето на угостителско-туристичките чинители.

- Крутост на туристичката понуда го отсликува отсуството на мобилност на туристичките производи кои не се универзални за целата земја, туку се врзани за дестинацијата. Во повеќе случаи туристичкиот производ поради динамиката на пазарот тешко се прилагодува бидејќи се потребни многу финансиски средства за негово прилагодување. Крутоста може да биде апсолутна и многупати да постои можност за супституција на некои компоненти од туристичкиот производ.
- Различниот степен на развој и раст на туристичките производи, природните и културно-социјалните ресурси, туристичката надградба, инфраструктурата, разните туристички услуги. Флуктуацијата на туристите и нивните барања и диференцијацијата на дестинацијата која се прилагодува и специјализираат за одредени форми на туризам. (Žuvela, 1998)

Во 2019 година Р.С. Македонија била посетена повеќе од 1,2 милиони туристи од кои 38% претставувале домашни туристи и 62% реализирани посети од странски туристи. Во истиот временски период биле остварени 3,2 милиони ноќевања од кои 51% ноќевања реализирани од страна на домашните туристи со просечен престој од четири дена во дестинацијата и преостанатите 49% од странските туристи со просечен престој од 2 дена.

*Графикон бр. 3 - Туристи и ноќевања по видови туристички места во Македонија*




*Извор: Државен завод за статистика (http://makstat.stat.gov.mk)*

Најголема посета и ноќевања во 2019 година биле остварени во езерските места и главниот град Скопје за да следат планинските места, бањите и останати места. Во текот на 2019 година хотелските капацитети во Р.С. Македонија оствариле исполнетост на легла од 27,5%, додека исполнетоста на соби изнесувала 46.7%. Тенденцијата за користење на локални капацитети, што претставува едно од начелата на еко-туризмот, голем број на посети и остварени ноќевања не се регистрирани од страна на Државниот завод за статистика поради непостоење на регистри за рурални сместувачки капацитети и даватели на еко-туристички услуги во голем број на општини во Р.С. Македонија. Ова го потврдува и податокот добиен од Министерството за економија во Секторот за туризам каде се ажурира регистарот за категоризирани објекти кои нудат руралното сместување и истиот брои вкупно тринаесет објекти на државно ниво.[10]

*Графикон бр. 4 - Туристи и остварени ноќевања во планински домови и куќи*




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Туристи | 1184 | 1152 | 1956 | 2102 | 3108 |
| Ноќевања | 1718 | 1537 | 2333 | 2885 | 4205 |

*Извор: Државен завод за статистика (http://makstat.stat.gov.mk/)*

Потпирајќи се на податоците од државниот завод за статистика можеме да се констатира за последниот пет годишен период пораст поголем од два пати на туристи и остварени ноќевања јасно покажувајќи на тенденцијата за зголемување на посетите од еко-туристите. За потребите на научниот труд во продолжение ќе ги преставиме специфичната еко-туристичка понуди кои се развиваат во последните години во Р.С. Македонија многупати диктирана под самите посетители во дестинациите.

[10] http://economy.gov.mk

Современите облици на еко-туризмот се вградуваат во понудата на дестинацијата од туроператорите за рецептивен туризам и мотивираат сè поголем број на туристи да ја посетат Р.С. Македонија пред сè од странските земји. Поради холистичкиот пристап еко-туристичката понуда по многу нешта се смета за специфична и уникатна претставена во голем број на форми пред сè во националните паркови, заштитените подрачја, руралните средини со одредени уникатности во урбаните средини со развиена еко-свест. Многу често туроператорите во Р.С. Македонија понудите за еко-туризам се флексибилни, моделирани по потребите на туристите, атракциите кои би сакале да ги вградат во понудата од давателот на услугата.

Културно – образовниот еко-туризам се појавува во последните неколку години во македонските дестинации со поголеми посети од странски научници во националните паркови и заштитените подрачја каде се организираат истражувања и теренски едукативни семинари за набљудување, снимање, фотографирање на флората и фауната. Дополнително, за време на престојот се реализираат и други типови на еко-туристички активности кои се поврзани со дестинацијата со користење на услуги од локалното население. Оваа специфична форма на еко-туристичка понуда може да се сретне и во други делови од Р.С. Македонија од страна на туроператорите кои работат рецептивен туризам во зависност од богатството на флората и фауната и нејзината ендемичност. Организираните посети се одвиваат во мали групи („тврд“ еко-туризам) или поголем карактер доколку се организираат одредени семинари, научни конференции или конгреси од институции („мек“ еко-туризам) кои се често посетени од студентите на катедрите.

Набљудувањето на птици (birdwatching) во Р.С. Македонија е нов вид на еко-туристичка понуда за која најчесто се заинтересирани странските туристи поради големото богатство на повеќе од триста видови на птици кои се забележани кај нас од кои повеќе од двесте се гнездат. Добрата инфраструктура на набљудувачниците, локални водичи нудат понуди за еднодневни и повеќедневни престои во една или повеќе дестинации за набљудување на птици. Времетраењето на престојот зависи од можноста да се пронајдат и набљудуваат саканите примероци или нивната концентрација на одреден простор. Интересот за понудите кои содржат набљудување

на птици во многу дестинации во нашата земја овозможија да се најде во понудите на голем број домашни и странски туроператори[11].

Користејќи ја флората и фауната со која располага Р.С. Македонија, сите љубители на природата и еко-туристите им се нуди понуда за фотографирање на пеперутки, инсекти, птици и животни во добро подготвени места за тоа. Фото-сафарито има за цел да се фотографираат најубавите пејзажи, флора и фауна од дестинацијата. Овој тип понуди од туроператорите се организираат со пренокување во еко-средини, локална храна и специјалитети кои се карактеристични за местата во кои се престојува. Понудата на фото-сафари потребно е повеќе да се практикува и промовира поради ниските вложувања при организирањето и можноста да учествуваат домашни и странски еко-туристи. Фото-сафарито сѐ повеќе има можност да се понуди на еко-туристите поради големиот број на неистражени природни простори и желбата за истражување, учење и доживување на нови искуства.

Природните услови на земјата (геолошкиот состав, релјеф, клима, хидрографија, почва, флора и фауна) ја прават Р.С. Македонија една од земјите во Европа со богата разновидност на природни вредности. Одличните услови и повеќе од 1500 километри обележените планински и пешачки патеки кои поминуваат низ прекрасна природа, национални паркови, знаменитости, села, планински врвови се доволна мотивација голем број на туристи да ја практикуваат оваа понуда. Специфичноста на планинските пешачки патеки е можноста да се комбинираат со други еко-туристички содржини нудејќи на туристите незаборавни моменти и искуства. Патеките се распространети на целата територија од земјата опфаќајќи регионално и локално ниво, а нивната должина е неколкупати поголема доколку се земат во предвид и локалните патеки кои не се воведени во Регистарот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Специфичноста на пешачките и планинарски патеки е користењето на дополнителни услуги од локалните жители, а престојот во дестинацијата многу пати по барање на еко-туристите се продолжува. Користат локални сместувачки капацитети, кампуваат на планините и користат локални производи што многу придонесува за зајакнување на локалната економија. Понудите од страна на туроператорите најчесто се базира на повеќедневни аранжмани кои освен пристигањето и заминувањето се одвиваат во руралните простори на Р.С. Македонија и природните еко-дестинации.

[11] http://tourismmacedonia.gov.mk

Планинскиот велосипедизам (Mountain Biking) како индивидуално возење или во мали групи сè повеќе зазема место во понудата на туроператорите во комбинација со останати форми на еко-туризам создава конкурентна на многу други поразвиени дестинации во регионот. Сè повеќе се практикува од страна на домашните туристи како еднодневни посети на дестинациите и странските туристи на повеќедневни екстремни уживања во неоткриениот македонски рај. Специфичната понуда подразбира и посета на други атракции во дестинацијата и дополнителни дневни активности поврзани со локалното население и заедница. Интересот за планински велосипедизам создаде потреба за дополнителни услуги на локалното население како изнајмување на велосипеди, сервиси за поправки и локални неформални водичи кои се грижат за безбедноста на велосипедистите. Се практикува на целата територија од државата каде има услови за возење и обележени планински велосипедски патеки за кои понудата секоја година станува сè поголема од туроператорите кои се фокусирани на активните еко-туристички форми.

Постојат многу причини за практикување на екстремните спортови и љубовта за адреналин која ги движи луѓето да ги тестираат своите граници при што освојува нови дестинации. Во последните неколку години Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот реализира поголем број обележувања, означувања и промена на клинови за спортско качување по карпи на повеќе локации во Р.С. Македонија и создавајќи услови за развивање на оваа екстремна форма на еко-туризам. Понудата на повеќе од 1200 патеки за качување по карпи во Демир Капија, Матка, Кадина Река, Градиште, Бислимска Клисура, Маврово, Пелистер, Прилеп овозможува голем број на љубители на овој екстремен спорт да ја постават дестинацијата на нивната мапа за посета. Поголем број на фестивали за качување по карпи се организираат на овие спортски локалитети со поголем број на учесници и врвни искачувачи од целиот регион кои користат локални сместувачки капацитети или кампуваат доколку има услови за тоа. Ваквиот тип на адреналинска понуда се организира исклучително од туроператори со примена од задолжителните мерки за безбедност во придружба на искусни инструктори и професионалци[12].

Во доменот на екстремната еко-туристичка понуда се вбројува параглајдерството кое станува сè повеќе популарна понуда во Р.С. Македонија на повеќе локации кои честа местоположба припаѓа на национални паркови, заштитените подрачја, планини кои

[12] http://www.climbing.mk

имаат одлична местоположба и терен за овој екстремен спорт. Повеќе локации во изминатите две години од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) се мапирани полетувалиштата и подобрени се условите од кои една од најзначајните претставува полетувалиштето во градот Крушево. Позначајни локации се валоризирани во дестинациите Демир Капија, Прилеп, Маврово, Национален Парк Галичица, Делчево. Развојот на параглајдингот создаде услови за организација на неколку европски параглајдерски првенства во 2019 година кои се организираа во Крушево. Светското змајарско првенство кое се организира креирал сè поголема популарност на тандем параглајдерските летови на планината Галичица. Туроператорите параглајдерската понуда ја вградуваат во еднодневните програми како тандем летање или индивидуално летање и се јавуваат како домашни коорганизатори на голем број на европски и светски првенства во Р.С. Македонија. Ова создава можност мали урбани средини (примерот на Крушево) да доживеат туристички подем фокусирајќи ги ресурсите во функција на еко-туризмот и нудејќи услуги кои многупати ги надминуваат можностите. Параглајдерството сериозно влијае на поголемиот број на еко-туристи, љубители на екстремниот спорт, остварени ноќевања и финансиски средства во дестинацијата во која престојуваат влијаејќи позитивно на поширокиот регион.

Во овој контекст ќе ги посочиме можностите кои треба во идниот период да се изградат во еко-туристичката понуда пред сè поради големиот број на пештери и пропасти во Р.С. Македонија и нивна валоризација во туристички цели. Само мал број од нив се во функција на еко-туризмот како пештерата Врело во Кањонот Матка, Шаркова Дупка во Националниот Парк Маврово, пештерата Пешна кои се посетувани од голем број на туристи. Спелеологијата и нејзините потенцијали во Р.С. Македонија претставуваат специфична форма на еко-туристичка понуда која е потребно во брзо време соодветно да се заштитат со што ќе претставуваат мотив за посета од поголем број љубители на природата.

Понудата на верскиот туризам кој во одредени елементи има голем број на допирни точки со еко-туризмот доколку се анализира нивната локација, голем број на верски објекти се во природни предели со прекрасна архитектура која во многу стари градски јадра го дава специфичниот шарм. Во Р.С. Македонија се регистрирани 1200 цркви, 600 џамии, неколку католички храмови кои датираат од различен историски периоди и претставуваат неизбежен дел од понудата на туроператорите како еднодневни или

повеќедневни аранжмани. Денес постојат 270 манастири од кои 150 се сочувани и се од локален карактер кои имаат можност за сместување кое често се користи од планинарите, велосипедистите или посетителите од други причини (Јаневски, Мариноски, 2016).

Органското производство и специфичната македонска гастрономија која изобилува со ориентален карактер многу сериозно ја наметнуваат како адут за идно мотивирање на туристите и збогатување на туристичката понуда. Значаен тренд во гастрономскиот туризам е оној кој ги поврзува локалните производи со нивното место на потекло – идејата дека одредена храна или вино можат да бидат целосно уживани и „разбрани", само доколку се подготвени таму од каде што потекнуваат, од локалното население и со локални состојки. Руралните средини можат да извлечат полза од културните вредности и елементите на гастрономскиот туризам преку интегрирана понуда со еко-туризмот и останатите форми. Гастрономскиот туризам вклучува посета на примарни и секундарни производители на храна, фестивали на храна, ресторани и карактеристични локации каде што храната или искуството (атрибутите) на специфична област за производство на храна се примарна мотивација за посета. Многу експерти овој облик на туристичка понуда го спојуваат со начелата на еко-туризмот и големиот број на допирни точки пред сè еко-туристите кои редовно користат локална храна и специјалитети овозможувајќи дополнителна потрошувачка во дестинациите.

Еко-туризмот во македонската туристичка понуда претставува нераскинлив и многу значаен дел кој според идеалните можности за негово развивање и прераснување во еден од главните фактори за развој на туристичкиот сектор. Вложувањата во алтернативните форми и еко-туризмот во последните неколку години од страна на државата јасно укажува за неговите потенцијали и прифатената пракса за базирање на туристичката понуда во одредени плански региони. Потребата од јасни стратешки чекори на ова поле ја истакнуваат нужната потреба од креирање на државна стратегија на полето на еко-туризмот и неговото силно интегрирање во идните национални туристичко-развојни определби. Тоа овозможува воведување на светски и регионални применливи практики од еко-туризмот, зголемување на услугите од еко-туризмот, нови работни места, одржливост на дестинациите и локален економски развој.

### 2.2.2 Развојни форми како современа туристичка понуда

Профилот на денешниот и иден турист ќе создава потреба за патување повеќе пати во текот на годината со тенденција за откривање на нови дестинации и доживување на нови искуства. Динамиката на животот, поголемиот стрес на работните места и градските средини придонесува барем на кратко да се избега во непознати и „диви“ предели.

Токму активните форми на туристичка понуда на свој индивидуален начин по мерка на секој турист ќе бидат предизвиците на туристичките работници, а фокусирајќи се на нови неоткриени еко-дестинации. Таквиот профилиран турист трагајќи по уникатно доживување нема да се задоволува со основниот пакет кој го нудат туроператорите, туку гладен за нови возбуди и искуства неговите побарувања ќе тежнеат кон уникатност на понудата.

Пасивните одмори со сезонски карактер сѐ повеќе ќе заминуваат во историјата, а патувањата ќе претставуваат активен одмор во четири сезони кои во себе содржи голем број на посети во различни места и директно учество во локални работилници со локалното население споделувајќи искуства од дестинацијата. Туристите ќе истражуваат за дестинациите кои би ги посетиле со желба да се едуцираат и позитивно да влијаат на локалното население и на грижата за зачувување на природните добра.

Туризмот на новото време е сосема спротивност со досегашната појави на масовните форми на туризмот и се содржи од голем број на облици и тематски содржини кои континуирано се појавуваат и претставуваат непресушен извор, како и човечката имагинација (Jovanović, 2013).

Дестинацијата се приморани поради сѐ поголемата пребирливост на туристите да променат и обновуваат атракции во дестинацијата како фактор за континуиран развој, притоа водејќи сметка за одржливоста. Развојот на тематскиот туризам претставува потреба која се јавува поради туристичките трендови наметнувајќи ги селективните форми на туризам кои се веќе реалност во голем број на светски дестинации. Потребата од истражување нови дестинации, природни реткости, трагање по адреналински возбуди или рекреација за време на патувањата во зависност од формата и понудената атракција ги карактеризираат и селектираат туристите кои ќе ја посетат дестинацијата.

Секој туристички пазар, односно туристичка дестинација која ја посетуваат масовно голем број на туристи престанува да биде туристичка (Lefebvre, 1974).

Според тоа, селективните форми на туризам може да се дефинираат како синтетички и генетски поим кој означува нов квалитет на современиот и идниот туризам како развојни форми кои се темелат на различните интереси, одговорно однесување на сите учесници, еколошки и економски начела за урамнотежен локален развој, внимателно урамнотежен број на туристи и на локално население на одреден простор (Jadrešić, 2010).

Токму селективните форми на туризам кои сѐ повеќе се развиваат на туристички пазар во Р.С. Македонија како развојни форми треба да овозможат локален економски развој, нови „зелени“ работни места, намалување на емиграцијата на подолг рок и директен бенефит врз локалното население. Различни се начините на ставање во функција на селективните форми на туризам и нивното делување според кое може да се диференцираат следните: еко-туризам, здравствен, ловен и риболовен, едукативен, рурален, гастрономски, верски, културен.

Формите на тематскиот туризам се разликуваат од дестинација до дестинација, сезоната, типот на активности и според учесниците, односно овој тип на туристичка понуда како развојна форма претставува целогодишна можност дестинацијата да биде посетувана од туристи во мали селективни групи кои нема да го нарушат мирот и рамнотежата на дестинацијата во секоја смисла на зборот. Овие форми на туристичка понуда од кои еко-туризмот се содржи во голем број од нив, се придржуваат на начелата и принципите на одржливост и претставуваат идни развојни форми на многу дестинации и држави кои располагаат со доволен квантитет и квалитет на туристички атракции. Еко-туризмот едноставно ги следи потребите на туристите, односно интересот за создавање на нови атракции и прилагодување на нивните барања и понекогаш е невозможно да се стави во некоја строга матрица на дефинирање. Оттука сѐ повеќе туристи сакаат да ја почувствуваат дестинацијата со учество на голем број работилници со локалното население, посета на локални фестивали или доживеат локалниот начин на живот во дестинацијата.

Развојните форми на туристичка понуда во нашата земја може да се препознаат во алтернативните форми на туризам кои со сигурност во блиска иднина ќе ги креираат туристичките понуди, зависејќи во голема мерка од атракциите кои се нудат во

дестинацијата. Можноста на Р.С. Македонија што поскоро да се приклучи кон светските туристички трендови и притоа нудејќи уникатни искуства на полето од еко-туризмот, гастрономијата, изворните манифестации, активните форми на туризам наменета за слободните патувачи (генерациите „ЗЕН“ и „миленијалци“) ќе создаде услови за адаптација кон нови целни групи туристи.

Корисниците на паметните мобилни уреди и промотивните социјални канали многу брзо ќе овозможат популаризирање на одредени дестинации и споделување на искуства од истите. Генерациите кои ги менуваат светските туристички текови и кои во следната декада научниците ќе истражуваат за мотивите на нивните патувања ќе дадат одговори во која мера и како ќе се движат туристичките трендови. Карактеристично е вонпансионската потрошувачка кај еко-туризмот да достигнува помеѓу 65 – 70% проценти од целиот аранжман со што директно ја зајакнува локалната економија и трајно ги интегрира локалните жители во практикувањето на алтернативните форми на туризам. (Штрбац & Хамовић, 2011)

Еко-туризмот со својата широка флексибилност и холистички пристап секојдневно зафаќа сè поголем број на атракции и следбеници за заштита на природата третирајќи ги сите млади генерации кои сакаат да истражуваат да се стремат кон одржливост на дестинациите со применување на неговите принципи. Останува да се прилагодат атракциите и дестинациите во нашата земја за нивните точки на интерес и силно да ги градиме капацитетите за еко-туризам како на локално така и на државно ниво. Тогаш ќе се овозможат услови да се доживее нашата земја како дестинација по желба на туристите добивајќи ги саканите услуги и откривајќи нови искуства и хоризонти на споделување.

#### *2.2.2.1 Еко-дестинации*

Концептот на еко-дестинација е нова форма за која досега не постојат точно утврдени и прецизни упатства како да се планира, гради и управува. Современиот турист е во потрага по искуства кои му обезбедат чувство на блискост со природните вредности и локалната заедница. Секоја туристичка дестинација која има намера да ги привлече овие туристи од исклучителна важност треба да претставува заштитата на своите автентични ресурси. Еко-дестинацијата претставува зачувана туристичка атракција во

територијата на заштитеното подрачје, национален парк, природна реткост која располага со следните особини:

- мала густина на развој,
- туризмот не е штетен за природата,
- развој на мали локалните компании на кои сопственици се локалните жители,
- местата кои се наменети за рекреација на отворено се конципирани за заштита на осетливите ресурси,
- унапредување на сместувачките капацитети каде вистински се негува гостопримството од страна на пријателски мотивираниот персонал,
- разновидност на локалните фестивали на кои се прикажуваат обичаите, фолклорот од локалното население (Novakovic & Trumbulovic, 2017).

Еко-туристите бараат искуства кои обезбедуваат чувство на блискост со природните атракции, локалните заедници кои воведно ги мотивираат да престојуваат во дестинацијата. Секоја дестинација доколку има желба да ги привлече овие туристи мора сериозно да ги заштити своите ресурси, истовремено олеснувајќи го чувството за интеграција со локалната заедница[13].

Планирањето и изградбата на еко-дестинацијата зависи од социјални и еколошки фактори, планирање на просторот, регулативи кои го спречуваат нарушувањето на чувствителните екосистеми, учество на локалната заедница во процесот на развојот на стандарди и долгорочен мониторинг. Доколку не постои ефективна регулатива или примена на законите за животна средина, природните простори се развиваат без предвидливост, објектите ќе бидат неправилно изградени во одредени случаи. Дури и во оддалечените области, каде што често се развива еко-туризмот, сеуште е неопходно да се поставаат развојни стандарди кои се одобрени во координација со локалните засегнати страни, особено претставниците на локалните заедници.

Планирањето и управувањето со дестинацијата ќе определи колку добро може да напредува еко-туризмот. Сеуште многу ретко може да се види интегрирано планирање и управување со регионалниот туризам, а да не се споменуваат стратегии со кои се истакнуваат еколошките и социјалните аспекти. Планирањето на еко-дестинација зависи од основните податоци за социјалните и еколошките фактори, стратегии за зонирање, регулативи кои можат да ја спречат намерната злоупотреба на кревките

[13] http://hummingfish.org/cbet/what-is-an-eco-destination

екосистеми, локално учество во развивање на сет на стандарди за граници на прифатливи промени и долгорочен мониторинг.

Во процесот на создавање и развивање на еко-дестинација во Р.С. Македонија потребно е одговорно планирање на просторот, креирање и осмислување на политиката и спречувањето на претераната и неправилна изградба. Централната и локалната власт се одговорни за рационално снабдување со вода, електрична енергија од обновливи извори, управување и селектирање на отпадот и менаџирање на дестинациите од еколошки аспект во целост. Карактеристиките на еко-дестинацијата според одредени светски практики се следните:

- Зачувување на природните атрактивности во рамките на заштитениот предел;
- Мала густина на развој, природата изобилува и областите се во склоп на пропишаните норми за еко-сместување;
- Доказ дека туризмот не ѝ наштетува на природата;
- Развој на мали локални претпријатија, вклучувајќи локална храна, производи и занаетчиски претпријатија кои се во сопственост на локалното население;
- Места наменети за рекреација на отворено, кои се проектирани за заштита на чувствителните ресурси;
- Унапредување на објектите за сместување, хотелите, ресторантите и останатите претпријатија кои се во сопственост на локани жители, кои обезбедуваат вистинско гостопримство од страна на пријателски и мотивиран персонал;
- Разновидност на локалните фестивали и манифестации на кои се покажува гордоста на локалната заедница во врска со нивното природно окружување и културно наследство и
- Чисти јавни објекти кои ќе ги користат и туристите и локалното население[14].

Развојот на еко-туризмот во одредени земји го достигнал нивото на негативен ефект врз заштитената природа каде локалното население се соочува со ценовен раст на земјиштето, културната деградација, повлекување или иселување на одредени животни и птици, загрозување на флората и фауната од многу голема масовност на туристите.

[14] http://hummingfish.org

*Слика бр.5- Илустрација на формите од еко-туризам во дестинацијата*




*Извор: (https://www.google.com/)*

Специфичноста на Р.С. Македонија за развој и практикување на еко-туризмот располагајќи со голем број карактеристики на еко-дестинациите има добра стартна позиција да започне посериозно да го развива концептот со предзнакот „еко-дестинации“. Влечејќи искуства од светската пракса целиот концепт со утврдени и прецизни упатства како треба да се планира, гради и управува со одредена дестинација не постојат униформни решенија. Според истражувањата кои се спроведени за докторската дисертација, споредени со регионалните практики, дестинациите во Р.С. Македонија се детектираат следните девет карактеристики кои е потребно да бидат дел во еко-дестинациите. Тие карактеристики се наведени во продолжение:

- Туризмот да нема негативно влијание врз природата и околината;
- Зачувување на природните атракции во еко-дестинацијата;
- Мала густина на развој;
- Валоризирани, означени атракции на отворено и активна промоција;
- Локални етнолошки фестивали, фолклор на локалното население;
- Еко-стандарди и категоризација на хотелите, рестораните и приватното сместување со обучен персонал и висок степен на љубезност и гостопримливост;

- Локални гастрономски специјалитети автентично врзани за дестинацијата;
- Чисти јавни објекти во функција на туристите и локалното население и
- Организација за управување со дестинациите (Организација за дестинациски менаџмент –ДМО) која ќе управува со еко-дестинацијата;

Секоја туристичка дестинација во Р.С. Македонија која располага со предиспозиции да развива еко-туризам и во одреден момент да се брендира како еко-дестинација потребно е да бидат препознаени овие девет карактеристики, прифатени и практикувани од страна на локалното население. Голем број на дестинации во нашата земја ги исполнуваат повеќето од наведените критериуми според кои можат да се развиваат како еко-дестинација, но карактеристично кај сите е недостатокот на еко-категоризација. Законот за туристичка дејност не предвидува ДМО кое како тело кое ќе управува со дестинацијата на оперативно ниво, додека кај локалното население постои релативно низок степен на познавање на начелата и карактеристиките на еко-туризмот.

Според податоците на Министерството за економија во Р.С. Македонија не постои ниту еден категоризиран еко-хотел според постојниот Правилник за категоризација во кој не се предвидени критериуми за еко-сместување. Националната стратегија за рурален туризам предвидува категоризација на рурални сместувачки капацитети и ресторани со ознака „Сончоглед“ како стандард за квалитет за рурален туризам EUROGITES. Според добиените податоци од Секторот за туризам при Министерството за економија кое е задолжено за водење на Регистарот за категоризација со квалитет за рурален туризам, десет рурални домаќинства стекнале категоризација за стандард за квалитет во рурален туризам, односно вкупно 54 категоризирани легла на ниво од цела држава заклучно со 2019 година. Државната власт и локалната самоуправа кои претставуваат двигатели при планирањето, осмислувањето и донесувањето на политики кои ќе овозможат заштита на природата и одржливост на истата со минимални негативни влијанија и развој на еко-туризмот.

Моменталната состојба на ова поле налага државата и локалната самоуправа да ја преземат улогата на лидери креирајќи државна стратегија за развој на еко-туризмот со подобрувања на одредени закони и правилници кои ќе овозможат услови за развој на еко-дестинациите. Создавање на позитивна клима кај локалното население од

дестинациите за развојот на еко-туризмот, нивната интегрираност во воведувањето и применувањето ќе создаде основа за развој на оваа туристичка форма.

*2.2.2.2 Еко-тури*

Еко-турите со концептот на организирани посети во прекрасни природни дестинации, заштитени природни области или подрачја со посебна еколошка вредност ги запознаваат со вредностите на посетените локалитети. Целта не претставува едноставна прошетка на туристите и нивно набљудување на атрактивностите, континуирано подигнување на свеста, позитивно влијание врз околината и локалната заедница. Најчесто еко-турите се организираат во периферните простори на еко-дестинацијата кои често можат да имаат непредвидливи реперкусии врз природата за туроператорите да практикуваат секогаш придружба на лиценцирани еко-туристички водичи кои треба да се жители на локалната заедница каде се одвива еко-турата.

Туроператорите кои во програмите ги организираат еко-турите потребно е силна посветеност кон принципите на еко-туризмот, придржувајќи се кон правилата на однесување, конкретни услови и ограничување на движењето. Според анкетата на меѓународното друштво за еко-туризмот (The International Ecotourism Society – TIES) туроператорите ги поддржуваат принципите на одржливиот туризам, за 15% да ги применуваат овие начела при превозот на туристите. Праксата покажува дека малите локални туроператори повеќе водат грижа за одржливоста на дестинацијата користејќи јавен транспорт за пренесување на туристите, користење на возила со алтернативно гориво, посебни обуки за персоналот, користење на локална храна и др.[15].

[15] https://ecotourism.org

*Слика бр. 6 - Искачување по планински патеки на група туристи*



*Извор: (https://www.google.com/)*

При организирање на патувањето и отпочнувањето на еко-турата се споделуваат информации на туристите за нивното движење и однесување во областа која ќе ја посетат за географските, социјалните и политичките карактеристики, локалните обичаи на населението и природните предизвици кои ги очекуваат. Организаторите на еко-турите нудат разновидни содржини и атракции во дестинацијата проследени со еко-локални водичи кои во своите услуги најчесто нудат:

- можност за средба и споделување на знаењето со локалната заедница;
- развиваат разбирање за секојдневието и традицијата на локалното население;
- ја унапредуваат интеракцијата со локалната заедница;
- овозможуваат локалните НВО да дадат свој придонес во еко-турата;
- овозможуваат купување билети во заштитените подрачја и еко-атракции и
- нудат сместување во склад со окружувањето.

Еко-турата како форма на организирано патување би можело да се дефинира како мала индивидуално водена тура, земајќи ја во предвид заштитата на животната средина, помага на локалната економија и ги информира патниците за природата и културата на подрачјето во кое се наоѓаат. Не постојат протоколи кои даваат прецизни насоки со што треба да располага една еко-тура, но сепак според веќе истражената литература и спроведени неформални интервјуа со туроператорите кои работат на полето од еко-

туризмот, планинските водичи во дестинациите за барањата при еко-турите, се препорачува да се почитуваат следните карактеристики:

- Пред патување да бидат обезбедени информации за културата, животната средина, локалното население кои се цел на посетата;
- Во подготовката и за време на еко-турата да се обезбеди упатство за соодветно облекување и однесување;
- По пристигнувањето на туристите во дестинацијата да им се понуди детално информирање за географските, социјалните и политичките карактеристики, како и за нејзините еколошки предизвици;
- Услуги и содржини кои се добиваат од локалните водичи и
- Информации за лична безбедност, локални спасители и ГПС уреди доколку се работи за екстремни видови на еко-туризам .

Во изведувањето на секоја еко-тура еден од најважните елементи претставуваат еко-туристичките водичи со специјално сертифицирана едукација за еко-водење на мали групи туристи во природа, одлично да ја познаваат конфигурацијата на теренот и потенцијалните ризици, да промовираат принципи на одржливиот туризам со одговорното однесување на туристите кон еко-дестинацијата. Еко-турите во Р.С. Македонија во овој момент не располагаат со професионални туристички водичи за еко-туризам, односно организацијата е инцидентна што често доведува до несоодветен третман на еко-туристите при посетата на дестинацијата. Сите еко-тури кои се одвиваат во нашата држава се водени од таканаречените изворни водичи (од локалното население) кои за разлика од професионалните туристички водичи овозможуваат откривање и афирмирање на нови туристички атракции во периферијата и недостапните места на еко-дестинациите. Недостатокот на јасна легислатива во делот на водичите, немање категоризација за еко-сместување, слабата стручност на локалното население за еко-турите, претставуваат големи ограничувања при развојот на еко-туризмот. Недостасувањето на овие елементи не може да биде надоместен со сите останати идеални услови кои ги нуди еко-туризмот и еко-турите и потребна е брза реакција со подобрување на законската легислатива во овој дел и сет од активности за зголемување на стручните капацитети кај локалната заедница. Овие ограничувачки фактори го забавуваат развојот на еко-туризмот и организирањето на еко-тури во Р.С. Македонија со развојот и практиките на нашите соседи, регионот и Европа.

Големиот потенцијал што се наѕира во еко-туризмот и сè поголемиот број на еко-тури се интегрирани во понудите на туроператорите кои будат интерес кај туристите за откривање и доживувања на нови дестинации. Туристичкиот пазар во кој поголем број на домашни туроператори се охрабруваат во портфолијата на услуги да воведат еко-тури при што зафаќаат различни интереси на туристите од качувања по карпи, планинарење, возење велосипеди, нуркање, посета на културно наследство, посета на домаќинства и готвење на традиционални јадења, традиционални инструменти и др.[16]

Сè повеќе можат да се сретнат еднодневни или пакет понуди од неколку дена за еко-туризам, давајќи јасен сигнал за можностите и потенцијалите кои се отвораат со една нова целна група на туристи како голем потенцијал за посети во иднина. Според податоците кои се добиени од пребарувањата на странските туристи на официјалната туристичка страница на Агенцијата за промоција и поддршкана туризмот 78% од пребарувањата претставуваат националните паркови, планинарење, гастрономија, рурален туризам и манифестации што претставува сфера на еко-туризмот и активниот туризам.[17] Позитивните влијанија од еко-турите се големи бидејќи во еден ден поврзуваат посета на повеќе рурални средини и атракции користејќи логистика од локалното население и споделувајќи и промовирајќи ги убавините преку фотографии на социјалните медиуми. Во неформалните интервјуа кои се спроведени со педесетина туроператори во Р.С. Македонија кои го развиваат еко-туризмот, една четвртина од туристите во нашата земја користат еднодневни еко-тури или друга форма на еко-туристичка понуда што претставува голем потенцијал за развој на туризмот во Р.С. Македонија.

### *2.2.2.3 Еко-патеки*

Еко-патеките претставуваат обележани маршути за движење во природа, со специјално поставени знаци на кои има објаснување и информација за животни, птици, растенија и други интересни одлики на туристичка дестинација. Еко-патеките се распространети насекаде низ Светот, се јавуваат во различен вид, должина, тежина, атрактивност во пределите со недопрена природа, национални паркови и заштитени подрачја. Еко-патеките во текот на нивната должина во зависност од програмата која е предвидена за туристите се надополнети со атракции кои ги нуди дестинацијата поврзани со флората

[16] http://www.gomacedonia.com
[17] www.macedonia-timeless.com

и фауната, едукативни работилници, набљудување на птици, фото-сафари, гастрономија, спелеологија, посета на локалното население, локално производство и селски домаќинства, локални манифестации.

Освен еко-патеките кои се создаваат на локално, регионално или национално ниво, во Европа постојат и меѓународни еко-туристички рути кои поврзуваат повеќе дестинации. Овие рути се наречени Пан-Европски поминувајќи низ 35 земји со вклучување на посета во голем број национални паркови, заштитени подрачја, резервати и објекти вклучени во листата на Светско наследство на УНЕСКО[18].

Медитеранската еко-рута (The Mediterranean route) со разгранети патеки кои се протегаат во десет европски земји со вкупна должина од 8000 километри (Португалија, Шпанија, Андора, Франција, Италија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија и Грчка). Еко-рутите се протегаат низ различни конфигурации на терен, вклучувајќи брегови и потоци, пештери, плажи, комбинирани со рурални средини, локална храна, традиција, историја.

*Слика бр.7 – Еко-туристички Пан – Европски рути (ecotourism pan-European routes)*




*Извор: (https://www.researchgate.net/)*

Атлантик еко-рутата (The Atlantic route) поврзува пет земји (Португалија, Шпанија, Франција, Обединетото Кралство, Ирска) во должина од 8.300 километри која е наменета за Северните и Јужноамериканските туристи кои се запознаваат со потеклото на нивната култура и историја. Тоа претставува можност да се открие за кратко време разновиден европски начин на живот: типичниот англо-саксонски живот на ирската,

[18] https://www.toyoutrip.com/en/mediterranean-route

шкотската, велшката и англиската, француската гастрономија, јужно европски села, Шпанија и Португалија.

Нордиската еко-рута е во должина од 11.500 километри протегајќи се низ тринаесет земји (Франција, Белгија, Холандија, Германија, Данска, Шведска, Норвешка, Финска, Естонија, Латвија, Летонија, Русија и Полска) и вклучувајќи голем број на градови, национални паркови и места заштитени од УНЕСКО. Оваа рута ги поминува земјите кои се извонредно богати со историски замоци, големи катедрали, цркви и музеи. Еко-рутата ги спојува патот Шампањ-Божоле во Франција и познатите ветерници во Холандија, бројните езера во Финска, фјордовите во Норвешка, огромните шуми на Шведска. Северниот пат се враќа во срцето на Европа низ балтичките земји со историски градови, архитектура, култура и ноќен живот нудејќи содржини за различни групи туристи.

Кружна еко-рута која е во должина од 10.400 километри поврзува четиринаесет земји (Франција, Италија, Швајцарија, Германија, Австрија, Чешка, Полска, Словачка, Украина, Унгарија, Романија, Србија, Бугарија и Турска). Поминува низ земјите каде историските настани сѐ уште се длабоко вкоренети во умовите на луѓето. Овие земји можат повторно да ги откријат своите природни и културни наследства: од Карпатите, Големата рамнина во Унгарија до реката Дунав што се влева во Црното Море, пејзажите се менуваат толку брзо и се посетуваат места долж рутата богати со културно и природно богатство.

Централната рута е со должина од 7.200 километри интегрирајќи осум европски држави (Франција, Луксембург, Германија, Чешка, Полска, Литванија, Белорусија и Русија) поминувајќи низ северната Голема рамнина со огромни шуми, чешките планински масиви со уникатен фолклор низ фантастичните пејзажи на Полска и Белорусија за да заврши во главниот град на Руската федерација - Москва[19].

Еко-рутите кои се протегаат во 35 земји од Европа не ја поврзуваат Р.С. Македонија претставувајќи хендикеп со намалување на можноста голем број на туристи и вљубеници во еко-туризмот да нѐ посетат. Развојот на еко-патеките во Р.С. Македонија се одвива на локално и регионално ниво во заштитените подрачја и националните паркови кои во рамките на своите дестинации имаат воспоставени и обележани еко-патеки и планински насоки за посетителите.

[19] http://www.gutenberg.us/articles/ecotourism_routes_in_europe

Еко-патеките се разгрануваат во широка мрежа на национално ниво кои претставуваат развоен елемент на еко-туризмот влијаејќи врз бројот на туристите во дестинациите со што ја зајакнуваат туристичката понуда во голем број на дестинации во Р.С. Македонија. Еко-патеките во нашата земја во поголем број се концентрирани во националните паркови заедно со патеките за планински велосипедизам и планински патеки кои дополнително го зголемуваат интересот на туристите за еко-туризмот и авантуристичките форми на туризам.

*Слика бр. 8 – Планински и еко-патеки во НП Пелистер*




*Извор: (http://park-:pelister.com/plan-za-poseta/nasoki.html)*

Еко-патеките кои во голема мерка претставуваат и планински патеки во природните предели се распространети во голем број на територијата од целата држава и креирани според законот за планински патеки донесен во 2014 година (Службен весник на РМ, бр. 38 од 02/2014). Законот за планински патеки и правилникот го пропишуваат нивното уредување, означување, одржување и водење во регистар на централно и локално ниво кое зависи од нивното протегање во општината или регионите. Патеките се класифицираат како лесни, среднотешки и тешки според точно утврдени критериуми од кои дел се должината, надморската висина, тежината на теренот. Националните паркови и заштитените подрачја располагаат со приближно 1500 километри планински и еко-патеки во природа кои се една од главните содржини за еко-туристите комбинирани со други атракции од сличен карактер. Еко-патеките во голема мерка претставуваат фактор за развој на еко-туризмот во дестинациите кои располагаат со развиена мрежа и активно работат на нивното претставување како нови

атракции во дестинациите. Потенцијалот кој се овозможува со користење на еко-патеките мотивира голем број на туристи да ги посетат дестинациите и да практицираат еко-туризам, пред сè од страна на помладата генерација на слободни патувачи која создава трајни вредности на овој концепт. Практиката според која поголем број на општини и региони реализираат проекти од сферата на еко-туризмот претставуваат развојна компонента во тие дестинации кои сè повеќе со утврдувањето на еко-патеки стануваат сè попрепознатливи дестинации за активен туризам, заштитата на животната средина, одржливоста на дестинацијата. Создавањето на еко-патеките и нови форми на еко-туристичка понуда се дел од голем број на меѓународни проекти кои јасно ги препознаваат како развојна туристичка форма директно влијаејќи врз развојот на еко-туризмот во тие дестинации.

*Слика бр. 9 Еко-патека во Малешевијата*




*Извот: (http://www.bregalnica-ncp.mk/)*

Во последните неколку години е започната реализацијата на повеќе проекти кои во себе предвидуваат маркирање, одбележување и промовирање на нови еко-патеки кои често поврзуваат две гранични општини од двете страни на границата со нашите соседи.

Во 2013 година е започнат еко-туристички проект „Промоција на одржлив туризам и заштита на животна средина преку партнерство", финансиран преку ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија. Водечки партнер во реализацијата

на проект е општина Разлог од Р. Бугарија, додека општина Гевгелија зела учество како партнер во проектот. Во проектот е предвидена изградба на инфраструктура од мал обем за еко-туризам (еко-патеки), места за одмор и рекреација во општините Разлог и Гевгелија придонесувајќи кон развојот на алтернативниот туризам. Со тоа се креираат нови туристички атракции за интерактивно претставување на локалното природно наследство, зголемувањето на бројот на алтернативни туристички услуги понудени на посетителите во двете општини, како и воспоставување на успешно долгорочно партнерство меѓу двете општини. Проектот предвидува изградба на еко-патека на Вардарскиот рид во близина на Гевгелија, изработка на каталог на локалната флора и фауна, брошури за заштита на животната средина и еко-туризмот, прекуграничен веб сајт за еко-туризам и заштита на животната средина, како и информативни интерактивни табли крај патеката на Вардарскиот рид[20].

Проектот „Беласица без граници“ се реализирал во периодот 2013- 2015 година во имплементација на Министерството за животна средина на С.Р. Германија, Општина Струмица од Р.С. Македонија, здруженијата Природен парк „Беласица“ од Р. Бугарија, Национален парк „Керкини“ од Р. Грција, „Биоразнобразие“ од Р. Бугарија и „Еуронатур“ од С.Р. Германија.

Целта на проектот претставува подобрување на одржливото користење на природните ресурси заради развој на еко-туризмот преку воспоставување на прекугранична мрежа на еко-патеки и размена на знаење, искуства и информации („know-how“). Во рамки на проектот се реализирале повеќе обуки наменети за обучувачи и различни целни групи во Р.С. Македонија, практичен семинар во Бугарија, како и неколку работилници за изработка на проектни со фокус на еко-туризмот и можноста за негов развој на територијата на Општина Струмица.[21]

Преку овие два успешни примери од големиот број на проекти кои се одвиваат или веќе се реализирани на територијата од Р.С. Македонија кои со нивната имплементација создале нови еко-туристички форми во вид на еко-патеки претставуваат фактор за развој на оваа туристичка форма. Анализирајќи ги потенцијалите на еко-патеките во истражувањето и неформалните интервјуа со градоначалниците од познатите дестинации на целата територија од државата тие се детектирани како основа за развој и практикување на еко-туризмот во дестинациите.

[20] http://1.gevgelija.gov.mk/index
[21] http://www.planetum.mk/ekoturizamp1.html

Еко-патеките се причина за поголемите посети на туристите кои практикуваат активен и еко-туризам во дестинациите кои имаат мрежа на патеки поврзани со дополнителни атракции вградени во еко-турите. Редовно за неформални водичи се ангажираат локалните жители, а сè повеќе се остварува подолг престој во дестинацијата. Еко-патеките треба да понудат дополнителни форми како набљудување на птици, посета на локални фарми, фото-сафари или едукативни работилници за флората и фауната по должината на патеката. Придобивките и мултипликативниот ефект на еко-туризмот овозможува голем број на рурални општини во Р.С. Македонија да се фокусираат на создавање услови за негово практицирање и реализација на проекти кои редовно имаат еко-патеки. Поради појасна слика за нивното значење може да се издвојат следните активности кои во блиска иднина треба да бидат реализирани:

- Мапирање на сите моментални еко-патеки на централно и локално ниво;
- Регистар на еко-патеки на целата територија на Р.С. Македонија;
- Приклучување на меѓународните (регионални) еко-рути на Р.С. Македонија и
- Нивно имплементирање во промотивните активности на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот – АППТ.

Имплементирањето на наведените активности ќе ги подобри моменталните состојби со еко-патеките, нивната бројност, состојба, мрежна покриеност на целата територија со што ќе се овозможат идни планирања и создавање на услови за вклучување во регионалните еко-рути од меѓународен карактер. Еко-патеките како развојна компонента на еко-туризмот во дестинациите потребно е сериозно да бидат третирани и имплементирани во идните развојни туристички планови на Р.С. Македонија.

#### *2.2.2.4 Еко-сместување*

Еко-сместувањето (Eco lodge) претставува вид на сместување кое е засновано врз принципите на еко-туризмот. Еко-сместувањето е производ на меѓународното еко-туристичко движење и започнува да се развива во раните 1990-ти, а во денешно време се практикува во дестинациите кои развиваат еко-туризам во Централна и Јужна Америка, Азија, Австралија, Карибите, САД, Канада, Источна Европа, Африка и Блискиот Исток, Балканот и др. Терминот „Eco lodge" официјално за прв пат е употребен на Првиот меѓународен форум за еко-сместување која се одржала на

Американските Девствени Острови во 1994 година. Една од најголемите разлики помеѓу еко-сместувањето и еко-хотелите претставува амбиентот во кој се сместуваат туристите. Еко-сместувањето тежнее кон сместување длабоко во природните и диви области додека еко-хотелите сè повеќе во попитоми урбани еко-дестинации. Двата типа на сместување како највисоки приоритети во себе ги содржат зачувувањето на природата и одржливоста на дестинацијата со минимализирање на негативните ефекти врз неа.

*Слика бр. 10 - Еко-сместување (Eco lodge) во Буљарица Р. Црна Гора*



*Извор: (https://crnagora.sobe-smestaj.com/eko-kuce-drvljanik.)*

Одредени еко-сместувања покрај нивната локација длабоко интегрирана со природата нудат и користење на обновливи извори на енергија, еколошки тоалети, енергетско ефикасно осветлување, локална храна, органски постелнини и крпи, нетоксични средства за чистење, органска храна, рационално користење на водните ресурси и насоченост кон одржливост.

Првата книга во која се содржани дефиницијата за овој вид на сместување третирајќи ја оваа проблематика претставува *Меѓународниот водич за еко-сместување*. Според овој водич, еко-сместувачките објекти ги задоволуваат основните туристички потреби и секогаш се лоцирани во заштитени природни средини или во нивната околина. Овој

вид на туристичко сместување мора да ги исполнува следните критериуми (Mehta, et al., 2002):

- Да ги заштитува природните и културните компоненти во своето окружување;
- Во текот на изградбата да извршува минимално влијание врз животната средина;
- Да се вклопува со специфичното окружување;
- Да користи алтернативни, одржливи средства при потрошувачката на вода;
- Да обезбеди внимателно постапување со цврст отпад и отпадни води;
- Да има одлична соработка со локалното население;
- Да применува програми на еколошко образование на вработените и туристите;
- Да дава придонес кон одржливиот развој на локалната заедница преку истражувачки програми и
- Да користат еко-градежни материјали во склоп со окружувањето

*Слика бр. 11 – Подготовка на првото еко-сместување во НП Маврово*



*Извор: (НП Маврово Авторска фотографија 2020 година)*

Најголем фактор за успехот на еко-сместувањето претставуваат природните атракции кои ги содржи еко-дестинацијата и можноста да се интегрираат во целиот амбиент без да пречат. Еко-сместувањето како градежна структура мора да биде осмислено и

материјализирано во духот на амбиенталните карактеристики на локацијата, додека со окружувањето треба да воспостави максимална хармонија.

Густината и бројот на еко-сместувачки објекти мора да биде контролиран поради евентуалната преголема концентрација, создавање на негативни влијанија врз окружувањето и негативни ефекти врз флората и фауната како што е најчесто случај кај масовниот туризам. Потенцијалните зони за развој на еко-сместувачки објекти мора да бидат одредени преку анализа на достапност, атрактивност и содржајност, притоа не нарушувајќи ја животната средина со својот развој со строго регулирани прописи и закони. Принципот за развој на еко-сместувањето се заснова на факторите на еколошка, социо-културна и економска одржливост во тесна врска со локалната заедница.

Според истражувањата на интернет-страната и системот за резервација *booking.com* за одржливиот туризам во која биле опфатени 10.000 туристи, 42% од испитаниците се изјасниле за приоритетот на екологијата и одржливоста на дестинацијата дека се многу значајни при изборот на нивното патување[22].

*Слика бр.12 - Еко-сместување на островот Тинос- Грција изграден од природни материјали во склад со околината*



*Извор: (http://www.tinosecolodge.gr/)*

[22] http://www.apartmanija.hr/zajednica/ideje/eko-turizam-hrvatska

Еко-сместувањето мора да биде изградено од природни локални материјали, на традиционален начин, со локални карактеристики, примена на современа технологија која треба да понуди решение за правилно користење на енергија преку алтернативни извори на енергија. Освен енергијата потребни се и ресурси за снабдување со вода, управување и ослободување од отпадот, производството на здрава храна. Еко-сместувачките објекти можат да бидат: тематски објекти, еко-ресорти, објекти во природа и кампови, рурални објекти и објекти кои се наоѓаат во локалната заедница.

Во Р.С. Македонија постои Правилник за критериумите кои се потребни за добивање на еко-сместување, односно критериуми кои содржат сет од барања и верификации кои треба да бидат исполнети. Туристичките сместувачки капацитети за да добијат ознака за еко-сместување потребно е да ги исполнуваат следните задолжителни критериуми:

- ограничување на потрошувачката на енергија;
- ограничување на потрошувачката на вода;
- ограничување на создавањето на отпад;
- поддршка на употребата на обновливи извори на енергија кои се помалку штетни за животната средина и
- промовирање на еколошка комуникација и едукација[23].

Освен Правилникот, во нашата земја е пожелно компаниите да воведат меѓународни стандарди како што е ISO 14001: 2015 кој ги специфицира барањата за систем за управување со животната средина кои една организација треба да ги има за да ги подобри своите еколошки перформанси. Стандардот ISO 14001: 2015 е наменет за употреба од организации кои бараат систематски да управуваат со стандардите за животната средина што придонесува кон одржливиот развој и стремеж на еко-дестинацијата.

Во согласност со политиките за заштита на животната средина на организацијата, планираните резултати од системот за управување со животната средина вклучуваат:

- подобрување на еколошките перформанси;
- исполнување на обврските за усогласување и
- постигнување на целите на животната средина.

Стандардот ISO 14001: 2015 може да се користи во целост или делумно за систематско подобрување на управувањето со животната средина при што одредени тврдења за

[23] http://www.slvesnik.com.mk/Issues

сообразност со ISO 14001: 2015 не се прифатливи, освен ако сите негови барања не се вклучени во системот за управување со животната средина на организацијата и се исполнети без исклучување[24].

Секоја дестинација која сериозно се зафаќа во развивање на еко-туризмот и се стреми да се брендира како препознатлива еко-дестинација потребно е да изгради и прилагоди еко-сместувачки капацитети во согласност со потребните начела. Ова овозможува и градење на силни врски со локалната заедница, директен финансиски бенефит за локалниот економски развој, како и отворање на нови работни места, притоа јакнејќи го претприемачкиот дух на помладата генерација.

Специфичноста на потребите на еко-туристите (пред сè туристите кои го практикуваат „тврдиот“ пристап на оваа форма) за еко-капацитетите со нивниот иновативен пристап и несекојдневност за давање на услугите, не се опфатени во законската легислатива за категоризација на Р.С. Македонија која се однесува за сместувачките капацитети. Преклопувањата на ингеренциите и неможноста на постојната законска легислатива на повеќе министерства да се предвидат вaквите елементи (законски не може да се прифатат како привремени објекти, а под строгите услови за градба во заштитени подрачја според Министерството за транспорт и врски) еко-сместувањето (Eco lodge) моментално не пројавува поволни можности за вложување и развој во Р.С. Македонија.

Недостатокот на еко-сместувачките капацитети ги принудуваат туроператорите посетите во овие дестинации да ги ограничат на кратки посети поради немање можност за подолго задржување на туристите во националните паркови, заштитените подрачја и руралните предели кои изобилуваат со природни убавини. Туроператорите креираат еднодневни посети кои немаат голем финансиски бенефит за локалната заедница, создаваат нарушување на нивниот спокој, додека нивното учество е незначително. Во изминатата декада во Р.С. Македонија континуирано се зголемува бројот на туристи и остварените ноќевања, но регионите во кои има одлични можности за развивање на формите на еко-туризмот, бројот на ноќевањата постепено опаѓа, а една од причините претставува малиот број на сместувачки капацитети во руралните средини, заштитените подрачја и националните паркови кои ги запазуваат еко-стандардите. Покрај фактот што недостасуваат сместувачки капацитети во руралните средини, ретко категоризирани, се поставува и проблемот со немањето на еко-сместување (Eco lodge) поради што е потребно брзо трансформирање и подобрување во Законот за туристичка

[24] https://webstore.ansi.org/Standards/ISO/ISO140012015

дејност, како и на правилникот за категоризација за да се создадат законски услови за отпочнување на развојот на ваков тип сместувачки капацитети.

*2.2.2.5 Еко-хотели*

Подигнувајќи ја свеста за потребата од заштита на животната средина, хотелите кои го носат знакот „eco-friendly" стануваат сè попопуларни додека гостите повеќе го ценат враќањето на човекот во природата, практикувајќи го еко-туризмот. Покрај тоа што покажуваат и докажуваат висок квалитет и грижа за околината, ваквите хотели се естетски елегантни, овозможувајќи на своите гости совршена удобност и мир во природна средина. Еко-туризмот покрај директното влијание врз животната средина, позитивно влијае и врз вложувањето во туристичките дестинации и бизнис секторот кој претежно е во руралните средини со градење на еко-инвестиции во хотелскиот сектор. Еко-хотелите претставуваат показател за нивото на развој на еколошката свест од страна на туристичката понуда – хотелскиот сектор, како и од страна на туристичката потрошувачка – туристот кој бара сместување во еколошко здрава животна средина, односно еко-дестинацијата (Bohdanowicz, 2005).

Истражувањата на ова поле покажуваат подготвеност на хотелите да разработуваат програми за заштита на животната средина во три главни области од нивното работење:

- заштеда на енергија;
- управување со отпадните води и
- регулација на отпадот

Основата на дефинирањето на еко-хотелите претставуваат „еколошко одговорни за животната средина со следење на практиките и начините за еко-живеењето"[25].

Зелените или еко-хотелите претставуваат енергетски ефикасни, рециклираат отпад, ги искористуваат обновливите извори на енергија, го минимализираат штетното влијание врз околината, користат еколошки средства и имаат еколошки предзнак. Карактеристично за нив е рационализирањето на трошоците, отворени се во текот на целата година влијаејќи со својата работа врз развојот на конкурентноста на туристичкиот пазар. Следејќи ги светските трендови во хотелиерството секоја година

[25] https://www.greenhotels.com/index.ph

бројот на еко-хотели се зголемува, кое според истражувањата 3% од туристичките патувања кои се одвиваат во Светот се мотивирани од еко-туризмот и неговите принципи на заштита на животната средина и одржливиот туризам (Pinterič, 2016).

Хотели со предзнакот *еко* често се означуваат како „зелени“ од независна трета страна или државата следејќи ги строгите еко-упатства и овозможувајќи безбедност на гостите, нетоксично и енергетско ефикасно сместување. Основни карактеристики кои овозможуваат минимално влијание врз животната средина и ги практикуваат еко-хотелите во Светот и регионот се следните:

- Користат нетоксични средства за чистење и перење;
- 100% органски памук постелнина, пешкири и душеци;
- Користат обновливи извори на енергија како сончевата или енергијата на ветерот;
- Рециклирање на отпадот;
- Лист/карта за повторна употреба на крпи за бришење (повторно користење на крпите за бришење со цел намалување на потрошувачката на вода);
- Енергетско ефикасно осветлување;
- Користат локална храна;
- Отпадната вода се рециклира, за повторна употреба во кујна, бања и перење, наводнување на градината и
- Програма за рециклирање на весници и хартија.[26]

[26] http://greenhotels.com

*Слика бр. 13 - Еко-хотел (Green Hotel)*



*Извор: (https://www.industryleadersmagazine.com/)*

Во Светот постојат веб страници со база на податоци за повеќе од 2.500 „зелени“ хотели кои се глобално распространети. Во тие листи освен стандардната класификација и категоризација на хотелите, дадена е дополнителна категоризација означена од една до пет зелени ѕвезди што е треба да го претстави степенот на применување на еко-стандардите во соодветните хотели. Рангирањето на овие хотели се базира на степенот за заштеда на вода и енергија, искористувањето на алтернативните извори на енергија, како и управувањето со отпадот и рециклирањето, сè во функција на заштитата и зачувувањето на животната средина.

Системот за оценување на зелените ѕвезди е базиран на систем за сертификација „Зелени ѕвезди“ каде се доделуваат според нивото на имплементирани еколошките перформанси на хотелот. Постигнувањето сертификација ”Зелена ѕвезда" бара голема посветеност и заложби на менаџерскиот тим за исполнување на високите стандарди. Според веб-платформата „Еко-хотели во Светот“ (Eco Hotels of The World) која претставува најбогатата по содржина за пребарување за рангирани еко-хотели, категоризирањето со зелени ѕвезди се реализира низ воведување на следните категории: Енергија, Вода, Еко-активност, Заштита. Секоја категорија се означува со

оцена помеѓу * (1 ѕвезда) и ***** (5 ѕвезди) за хотелот да се категоризира со просечниот број на добиени ѕвезди од наведените категории.[27]

Во светски рамки се прифатени и голем број други стандарди за „зелени“ хотели кои ги надополнуваат наведените критериуми.

*Шема бр. 4 - Потребни критериуми за зелени ѕвездички на Еко-хотелите*




*Извор: (https://www.asean.org/)*

Покрај имплементирањето на програмата Green Building Hotel, хотелите потребно е да ги исполнат сите задолжителни критериуми во нивно целосно практикување. Дополнителни понатамошни еколошки, социјални активности и иновативни еколошки практики дополнително се потврдуваат со независна ревизија од страна на специјалното тело за категоризација. Доколку задолжителните критериуми се исполнети во зависност од тоа колку е интензивна обврската за одржливост, хотелите може да бидат категоризирани со 3, 4 или 5 зелени ѕвезди[28].

Практиката во регионот на полето од еко-хотели секоја година бележи тенденција на зголемување во понудата која ја следи побарувачката на туристите за еко-хотели со зелени ѕвезди. Лидери во регионот на ова поле претставуваат Словенија и Хрватска

[27] https://www.cntraveller.com
[28] https://www.greenstarhotel.org/how-to-become-certified/green-star-rating/

располагајќи со повеќе од педесет еко-хотели кои активно се промовираат преку повеќе интернет страници[29]. Република Србија овозможува категоризирање на еко-хотели преку меѓународната сертификација „Зелен клуч“ за кој претендираат или во фаза на негово имплементирање сѐ поголем број на хотели во градските средини и ски-центрите.[30]

Р.С. Македонија според Секторот за туризам при Министерството за економија располага со повеќе од 230 категоризирани хотели со три, четири и пет ѕвезди усогласени со европските стандарди за категоризација.[31]

Министерството за животна средина и просторно планирање донесува „Правилник за критериуми за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување“ во кој се наведуваат потребните критериуми кои треба да се исполнат од страна на сместувачките капацитети за добивање на зелена маркичка за хотели во Р.С. Македонија. (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07)

Според Правилникот за добивање на еколошката ознака хотелите потребно е исполнување на задолжителни критериуми и одреден број на изборни критериуми кои прецизно се наведени во Правилникот кој има за цел да обезбеди:

- Ограничување на потрошувачката на енергија;
- Ограничување на потрошувачката на вода;
- Ограничување при создавање на отпад;
- Поддршка на употреба на обновливите извори на енергија кои се помалку штетни за животната средина и
- Промовирање на еколошката комуникација и едукација.

Секој критериум содржи сеопфатни строги барања за проценка и верификација кои треба да се исполнат од страна на барателот за добивање на зелената маркичка. Во текот на 2015 година пет сместувачки капацитети во Р.С. Македонија го започнале имплементирањето на првата фаза од критериумите за добивање на еколошката маркичка, но сепак до денес во целост ги нема интегрирано потребните критериуми. Многу мал број на туристички работници и сопственици на сместувачки капацитети

[29] http://hrturizam.hr/oko-50-hotela-u-projektu-zelenih-hotela-sustainable-hotel-spa-by-upuhh/
[30] http://ambassadors-env.com/project/zeleni-kljuc
[31] http://economy.gov.mk/

имаат информации за правилникот кој ги пропишува условите за еколошка ознака и перспективите кои се овозможуваат со имплементацијата на полето од еко-туризмот.

Недостатокот на координација помеѓу двете министерства со недоволното усогласување во категоризацијата за еко-хотели и потребните критериуми кои треба да се интегрираат и ревидираат со дополнување на новите европски промени резултира со немање на адекватен правилник за категоризација. Непостоењето на хотели со еколошка ознака претставува ограничувачки фактор за развојот на еко-туризмот и еко-дестинациите во нашата земја. Воведувањето на еколошката ознака и имплементирањето на стандардите ЕМАС и ИСО 14001 во животната средина во брзо време треба да се спроведат поради фактот што претставуваат дел од претпристапните преговори на Р.С. Македонија кон Европската Унија и исполнувањето на поглавјата од кои значаен сегмент се екологијата и животната средина.

*2.2.2.6 Еко-водичи*

Еко-туризмот и неговиот развој во последните триесеттина години наметнува потреба од професионално водење на туристите во природата со еко-туристички водичи кои по многу нешта се разликуваат од другите туристички водичи. Според Националната класификација на занимањата, туристичките водичи придружуваат поединци или групи на туристички екскурзии, опишуваат, интерпретираат знаменитости и обезбедуваат други услови и информации кои заеднички вклучуваат:

- водење на туристи и грижа за нивната удобност;
- придружување на туристи на туристички екскурзии и запознавање со знаменитостите;
- придружување на туристи во музеи и на изложби и запознавање со експонатите;
- водење на излет во планина, на лов и риболов;
- вршење на сродни задачи и
- надзор на други соработници.

Националната класификација на занимања претставува национален стандард и инструмент што се користи при прибирање, евидентирање, обработување, анализирање и публикување на податоци важни за следење на промените кои настануваат на пазарот на трудот во Р.С. Македонија. Според ваквата класификација во единечни

групи на занимања спаѓаат: Туристички водич, Музејски водич, Археолошки водич, Ловечки водич, Водич во планина, Спелеолошки водич, Спортски водич, Галериски водич и Водич. (Национална класификација на занимањата, 2015).[32]

Историски гледано, водењето во природа се среќава од многу поодамна, но првите организирани водења на туристи во природни средини и конкретно во национални паркови, може да се согледаат во САД во касните 1880-ти години и почетокот на XX век. Наследство на водење во природа се пренело и кај еко-туристичките водичи, каде интерпретацијата на природното наследство на регионот кој е посетуван најчесто зазема централно место во доживувањата и искуствата на посетителите (Fennell, 2002).

*Слика бр. 14 – Еко-туристички водичи во национален парк*



*Извор: (https://www.insightguides.com/inspire-me/blog/eco-tourism-in-puerto-rico)*

Еко-туризмот е сегмент од индустријата за патување, каде водичите за еко-туризам имаат значителен број на преклопувања со оние на стандардните туристички водичи. Клучната разлика помеѓу водичите за еко-туризам и останатите видови туристички водичи е тоа што водичите за еко-туризам мора да бидат запознаени со прашањата поврзани со животната средина кои влијаат врз планетата, туристичката индустрија како целина и особено специфичната туристичка дестинација. Водичите за еко-туризам треба да располагаат со следниот опис на работното место:

[32] http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx?id=15

- План за еко-туристички правци, примена на познавање на патни правци, места за дестинации и нивни применливи прашања и средства за одржливост на животната средина;
- Организирање на детали за спроведување на тура или експедиција, сместување, транспорт, опрема и достапност на медицинскиот персонал, имајќи ги во предвид одржливите прашања како што се намалувањето на штетните издувни гасови во атмосферата, алтернативните можности за користење на горива и влијанието на туризмот врз животната средина;
- Решавање на проблеми со движењето и ориентацијата на клиентите, услуги или сместување;
- Оценка на услугите обезбедени за време на туристичката посета преку повратни информации на клиентите и надзор на активностите, како и известување до менаџментот и подобрување на идните патувања;
- Водич на поединци или групи на еко-туристички локации и евидентирање на точките на интерес, посветувајќи особено внимание на факторите на животната средина;
- Потврдени количини и квалитет на потребната опрема и потрошен материјал пред почетокот на патувања и
- Обезбедување совети за учесниците на турите за еко-дестинацијата и евентуалните проблеми што може да се случат при патувањето, односно разгледувањето[33].

Водичите за еко-туризам, работат како професионалци во рамките на туроператорите, националните паркови, заштитените подрачја и организациите за управување со дестинациите (DMO) кои го промовираат и реализираат еко-туризмот во еко-дестинациите. Нивното познавање на одржливоста, локалните еколошки прашања, влијанието на светската економија врз локалните простори го информираат и едуцираат еколошки свесниот патник поттикнувајќи ги да преземат позитивни чекори. Тие треба да имаат солидни познавања за локалните обичаи, локалната историја, местото на потекло, флората и фауната во дестинацијата, правилата на однесување кон екологијата и животната средина и најчесто претставуваат дел од локалната заедница.

Потребни се посебни програми за подготовка на еко-туристички водичи, во кои локалното население и експертите се вклучени кои најчесто заедно со еко-водичите ги

[33] https://www.environmentalscience.org/career/ecotourism-guide

збогатуваат атракциите во дестинациите. Низ проекти на Светската туристичка организација фокусот е ставен на развивањето на вештини и знаења на водичи кои во одреден дел се така дизајнирани за тие да можат потоа да ги обучат локалните жители во руралните простори. Една таква програма на пример се состои од 40 часа теоретски предавања и 103 часа теренска настава, а е организирана од страна на Организацијата за тропски студии. Дел од тематските целини на оваа програма претставуваат: вовед во еколошките принципи, конзервација, медицински растенија, птици, животни, цицачи, екологија, еко-туризам, техники на туристичко водење.

Во Австралија кој претставува лидер во истражувањата поврзани со еко-туризмот функционира Националната асоцијација за еко-туризам (Ecotourism Association of Australia) која има имплементирано различни програми преку кои изведува обуки и тренинг на еко-водичите, а подоцна и нивна сертификација (Ecoguide Certification Program)[34].

Еко-водичите претставуваат лица кои се платени или услугата ја извршуваат на волонтерска основа, кои водат туристи на места со природно или културно значење применувајќи ги принципите на еко-туризмот. Со други зборови, водичот го интерпретира значењето на природата, промовира практики кои пројавуваат минимално штетни влијанија, се грижи за одржливоста на природните и антропогените вредности мотивирајќи ги туристите да го прилагодат својот начин на однесување и стил на живот во согласност со глобалните еколошки и културни трендови.

Во Р.С. Македонија според Законот за туристичка дејност во членот 39 за туристичките водичи се наведува следното: „Туристички водич е лице кое на домашните и странските посетители во Р.С. Македонија ги презентира природните и антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата и културно-историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атрактивности, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата и има комуникативни способности општи познавања од туризмот, психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи. За туристички водич не се смета стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и слично), стручен работник на туристичката агенција кој придружува група туристи од место во место, водич во пештера, водич на лов и

[34] https://www.ecotourism.org.au/

риболов, како и водител или придружник на екскурзии и излети. Водичите во планина кои водат туристички групи треба да имаат сертификат издаден од асоцијација која во Р.С. Македонија е акредитирана за издавање на сертификат за интернационални водичи во планина“[35] (Сл. Весник на РМ бр. 62/2004,89/2008,12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/15 и 192/15).

Моментално во Р.С. Македонија постојат стручните испити за Туристички водич и Туристички придружник кои според испитните програми може да полагаат на еден од трите факултети за туризам во земјата:

- Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола[36];
- Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје[37]
- Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип[38].

Програмите за полагање на стручните испити, образовните институции ги објавуваат во Службен весник на Р.С. Македонија.

Водењето на туристи во планина е специфичен вид туристичко водење кое бара познавања од планинарството и големо искуство од страна на водичот. Во нашата земја, според Законот за туристичка дејност (Службен весник на РМ, бр. 27/2014), водичите во планина кои водат туристички групи потребно е да поседуваат сертификат издаден од асоцијација која е акредитирана за издавање на сертификат во Р.С. Македонија за интернационални водичи во планина. Македонската асоцијација на интернационални водичи во планина претставува национално здружение на водичите во планина од Р.С. Македонија кои се обучени и работат според меѓународниот професионален стандард.

Обуката опфаќа теоретски и практичен дел (тури на терен) поврзани во водењето во планина состоејќи се од:

- Професијата водич во планина;
- Туризмологија;
- Водење во планина;
- Движење и престој на планина - летен и зимски дел;

[35] http://www.ohrid.gov.mk/AdministracijaOpstina
[36] http://www.ftu.uklo.edu.mk
[37] https://utms.edu.mk/studii/obuki-i-kursevi/220-sertifikat-
[38] http://ftbl.ugd.edu.mk

- Физиологија на планинската активност;
- Опрема за движење и престој на планина;
- Планинска географија и животна средина;
- Планинска метеорологија;
- Планинска инфраструктура;
- Безбедност на планина и
- Прва помош и спасување на планина[39].

Резултатот од оваа програма претставува здобивање стручен назив Планинарски водич, оспособен за основното водење, каде не е потребно посебно техничко знаење, ориентациско знаење, осигурување на учесниците по патеката со употреба на опрема за самоосигурување, на планинарски стапчиња и друга техничка опрема за планинарење. Водење со оваа категорија, се однесува за летни услови, лесни означени и лесни неозначени патеки, понапорни и многу напорни означени патеки вклучително и поединечни снежни предели, организирани походи, понапорни неозначени патеки и полесни движења. Често оваа категорија на водичи презема водење на еко-туристи за кои интересот и фокусот е многу поразличен од останатите туристи, а стручноста на планинските водичи се базира на познавање од теренот и мерките за безбедност и сигурност во дестинацијата. Токму затоа во многу точки планинските водичи или било кој друг водич не може да ги надохнади стручноста и елоквентноста која се очекува од сертифицираните еко-туристички водичи.

Потребно е воведување на посебна програма за еко-туристички водичи во Р.С. Македонија која би била спроведена од експерти на ова поле од регионот и пошироко со цел споделување на практики и воведување на светски стандарди во еко-водењето во нашите дестинации. Недостатокот на еко-водичите претставува ограничувачки фактор во развојот и популаризирањето на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

*2.2.2.7 Еко-музеи*

Овој тип на музеи најпрво се појавуваат во Франција, а самиот термин еко-музеј како концепт први го претставиле Georges Henri Rivière и Hugues de Varine во 1971 година на деветтото Генерално собрание на Меѓународниот совет за музеи (Davis, 2011). Една година подоцна, Меѓународниот совет на музеи и УНЕСКО организирале заедничка тркалезна маса во склоп на конференцијата во градот Сантијаго во Чиле, создавајќи ја

[39] http://maiml.mk/pravilnik-vodic-na-planina.html

дефиницијата за еко-музеј која според Rivière гласи: „Еко-музејот е алатка која произлегува од заедничка визија, соработка и менаџмент од страна на јавниот сектор и локалните жители“ (Rivière, 1985).

Еко-музејот претставува огледало за локалните жители, преку кое го препознаваат својот имиџ, претставувајќи огледало преку кое посетителите ги запознаат локалните традиции, обичаи и карактеристики.

Четири основни заклучоци можат да се заклучат од дадената дефиниција за еко-музеите:

- Тие се јавни институции кои се засноваат на принципот на учество на локалното население;
- Тие се огледало за локалните жители, нивниот имиџ и алатка за запознавање на посетителите со локалните карактеристики;
- Тие се заштитено подрачје за животната средина и традициите и можност за едукација на посетителите и
- Тие придонесуваат за заштитата и зачувувањето на природното и културното наследство.

Еко-музеите претставуваат релативно нова гранка во музеологијата. Во Светот денеска егзистираат повеќе од 400 еко-музеи распространети на сите континенти од кои приближно 350 се лоцирани во Европа. Првите еко-музеи биле основани во индустриски градови во Европа, претежно во Франција, Германија и Италија (Graybeal, 2010).

Франција е првата земја која ги институционализира еко-музеите преку своето Министерство за култура и комуникации во 1981 година. Фазите на развој на еко-музеите во оваа земја се одвивале во три фази: првата до 1971 година, втората од 1971-1980 година и третата од 1980 година до денес (Babić, 2009). Во повеќето европски земји постојат еко-музеи, при што мрежата на еко-музеи била формирана во 2004 година во Италија. Мрежата ги дефинира еко-музеите како динамичен начин преку кој локалните заедници го заштитуваат, интерпретираат и менаџираат нивното наследство преку одржлив развој (Yin, et al., 2015).

Најзначајни се дефинициите кои ги формирал еден од најзаслужните научници за создавањето на еко-музеите Georges Henri Riviera кој воедно и го рефлектираат развојот на еко-музеите. Првата дефиниција потекнува од 1973 година составена од два

главни дела, каде во првиот дел се отсликуваат еко-музеите како носители на новиот жанр кој почива на интердисциплинарноста (посебно екологијата), поврзаност со заедницата во која делува и функционира. Истиот автор во осумдесеттата година од минатиот век ја поставува дефиницијата за еко-музеите кои ја отсликуваат можеби најреалната слика на нивно создавање и функционирање која гласи:

Еко-музејот претставува инструмент кој заеднички е создаден од страна на локалната заедница и локалното население кои го користат. Него го сочинуваат локалната заедница со стручните лица, одредени олеснувања и ресурсите со кои се снабдуваат со знаење, како и сите атракции во самата дестинација (Hubert, 1989).

Традиционалните музеи опфаќаат објекти, колекции, експерти, дефинирани техники и посетители. За разлика од тоа, еко-музеите вклучуваат одредени територии на кои се простираат културно наследство, посетителите, архитектурата, пејзажите, локалната заедница, природата, традициите. Разликата меѓу традиционалните и еко-музеите можеме да ја определиме според неколку критериуми како: изложбен простор, артефакти, зачувување на артефактите, метод на посета и менаџирање. Овие разлики се претставени во табелата во продолжение (Lee & Yoon, 2016).

Во продолжение во табеларен приказ може да се изврши паралела помеѓу традиционалната форма на музеи и еко-музеите во повеќе аспекти на нивното презентирање, делување и локацијата на која се сместени.

*Табела бр. 3 - Разлика помеѓу традиционалните музеи и еко-музеите*

| | Традиционален Музеј | Еко-музеј |
|---|---|---|
| **Изложбен простор** | Најчесто е во затворен простор | на отворен простор |
| **Артефакти** | Опипливи колекции | Освен опипливи вклучува и неопипливи (култура, традиција, етнографија) |
| **Зачувување на артефактите** | Артефактите се носат во музејот и изложуваат | Артефактите се изложени и се зачувуваат во нивната оригинална позиција |
| **Место за посети** | Разгледување | разгледување, искуства и можност за учество |
| **Менаџирање** | Вработени во музејот | Локално население |

Од табелата погоре можеме јасно да направиме дистинкција помеѓу овие две форми на музеи, како и нивната достапност до самите туристи кои ги посетуваат, вклопени околината и карактеристиките на локалната заедница. Еко-музеите се трудат да го претставаат чувството и духот на местото претставувајќи една од главните разлики од другите музеи поради меѓусебната интеракција на одредени елементи и учеството на локалното население.

Овој тип на музеи имаат изградено нераскинлива врска со локалната заедница и окружувањето (природни и антропогени ресурси), како што е прикажано на шемата во продолжение (Corsane, 2005).

*Шема бр. 5 - Локација на еко-музеј и нејзиното влијание*




Еко-музеите се вид на музеи на отворено кои се фокусираат на идентитетот на местото, во голем дел се основаат од страна на локалното население во одредени услови со донации на асоцијации и фондации или поединци и имаат за цел да придонесат за одржлив развој на локалната заедница. Според географскиот просторен опфат може да се поделат на големи или мали во изолирани територии во зависност од атракциите често збогатени со традиција и етнографските вредности на дестинацијата, обичаите, легендите, историските случки и презентирајќи им на туристите одреден степен на мистичност за локалната заедница.

Учеството на локалното население подразбира инволвираност на голем дел од жителите во активности на еко-музејот (локални занаети, манифестации, продавници, гастрономија, земјоделие, археолошки и историски објекти и сл.), или мал број на учесници од страна на локалното население (Terzić, et al., 2014).

*Слика бр. 15 – Еко-музеј Тумба Маџари - Скопје*



*Извор: (http://openarchaeology.info/)*

Со цел зачувување и прикажување на ресурсите во окружувањето, еко-музеите се фокусираат кон истражувања и прибирање информации, објекти со културно-историски идентитет на локалната заедница, земајќи ги предвид моменталните проблеми и потреби. Главните задачи кои може да се препознаат кај еко-музеите се следните:

- Презентација на имиџот на локалната заедница помеѓу себе и кон посетителите;
- Истражување и информации кои водат до одлуки поврзани со идниот развој на локалната заедница и окружувањето;
- Зголемување на свеста на локалната заедница за новите елементи, во дел и за културниот идентитет на емигрантските групи кои се населиле во заедницата и
- Формирање на едукативна мрежа на основа на актуелната состојба во средината, објектите, местата и луѓето учесници, обучувачи и обучувани (Magliacani, 2015).

Според релевантната литература и научната фела кои ја третираат проблематиката на еко-музеите идентификувани се 21 индикатори, кои се темелат на три критериуми за дефинирање на еко-музеите:

- Нивото на учество и инволвирање на локалното население;
- Заштита и интерпретација на наследството и ресурсите со кои располага територијата и
- Стратегија и менаџмент за локален одржлив развој. (Zapletal, 2012)

Питер Дејвис кој денеска гласи за еден од водечките европски музеолози во својата култна книга „Ecomuseums: A Sense of Place“ е содржан заклучокот: „Една карактеристика која се појавува како заедничка на сите еко-музеи претставува гордоста која ја имаат за местото кое го презентираат, со тоа всушност сакаат да го пренесат и духот на местото и според него тоа ги чини посебни и неповторливи доживувањата кај посетителите. (Rivière, 1985)

Дејвис продолжува со предлогот на пет основни критериуми за определување на еко-музеите:

- Покривање на областа кои се протега надвор од границите на еко-музејот;
- Фрагментираноста на локацијата и интерпретација на самото место;
- Соработка и партнерство наспроти сопственоста на прикажаните добра;
- Вклученоста на локалната заедница и нејзините жители во активностите на музејот и
- Холистички и интердисциплинарен тип на презентирање (Davis, 2011).

Во ерата на дигитализацијата и паметните алатки Bae и Lee во своите истражувања посочуваат за значењето на информатичките технологии и алатки во развојот на еко-музеите и нивната промоција. Тие развиваат смарт апликација за еко-музеи со која преку ефикасно користење на локалните ресурси, пејзаж, природа, културно наследство и традиција се мотивираат туристите да го посетат еко-музејот (Bae & Lee, 2014).

Законската регулатива во нашата земја го дефинира музејот како установа отворена за јавноста, која има едукативна улога да привлекува поширока публика од сите слоеви на општеството и да развива интерактивна комуникација со посетителите, за популаризација на подвижното културно наследство. Музеите вршат истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на музејските предмети. Поделбата на видови музеи се врши според неколку критериуми како:

- Според основачот можат да бидат јавни (национални и локални) и приватни;

- Според предметот на својата работа се општи и специјализирани и
- Според видот на музејските предмети музеите можат да бидат археолошки, историски, етнолошки, уметнички, архитектонски, технички, природно-научни, како и музеи на занаети, театарски, филмски, поштенски, воени, железнички, црковни и други[40].

*Слика бр. 16 - Заливот на Коските во Охридско Езеро*



*Извор: (http://muzejohrid.mk/)*

Во Р.С. Македонија може да се препознаат локации кои имаат потенцијал да прераснат во еко-музеи или функционираат како музеи на отворено сериозно зајакнувајќи ја еко-туристичката понуда во дестинациите. Во овој контекст може да се набројат: с. Јанче, Моноспитовско блато, с. Бабино, с. Дихово, с. Маловиште, Мегалитската опсерваторија Кокино, Камените кукли во Кратово, Цоцев Камен, с. Магарево, с. Брајчино, с. Лесново, с. Зрновци, с. Смоларе и с. Богомила, заштитеното повеќенаменското подрачје Јасен, Заливот на коските во Охридско Езеро, локалитетот Тумба Маџари, областа Кукуље во Делчево, островот Голем Град во Преспанско Езеро. Нивната реализација како еко-музеи може да претставува силен фактор за збогатување на еко-туристичката понуда во дестинациите, зголемување на бројот на еко-туристи и развојот на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

[40] http://arhiva.kultura.gov.mk

### 2.2.3 Карактеристики на туристичката побарувачка во Р.С. Македонија

Под туристичка побарувачка се подразбира онаа количина угостителско-туристички производи и услуги кои туристите се спремни да ја купат по одредена цена која е формирана на туристичкиот пазар. Притоа, како основа на туристичката побарувачка се туристичките потреби, т.е. потребите за патување за туристички цели. Туристичката побарувачка има многу карактеристики и во овој контекст накратко се издвоени следните:

**Хетерогеност** на туристичката побарувачка. Под хетерогеност на туристичката побарувачка се подразбира разновидност која може да се набљудува по различни основи и тоа:

- Хетерогеност која се однесува на разноликоста на носителите на туристичката побарувачка (пример: пол, старост, здравствена состојба и слично);
- Хетерогеност во однос на социјалната, културната и националната определба на носителите на туристичката побарувачка;
- Хетерогеност во однос на користењето разновидни сообраќајни средства при патувањето и престојот во туристичката дестинација;
- Хетерогеност во однос на преференциите за видот сместување (разновидност на видовите сместувачки капацитети) и
- Хетерогеност во однос на просторот (патување и престој во туристички дестинации кои се разликуваат во просторната оддалеченост и поставеност) и времето (патување и престој во различни временски периоди и сезони).

**Сезоналноста** е генерална карактеристика на туризмот, за оттука се манифестира во туристичката побарувачка. Очигледно е постоењето висока и концентрирана побарувачка за одредени угостителско-туристички производи во определен краток период од годината. Во зависност за која сезона се работи, туристичката побарувачка е висока за одредени туристички производи кои се применуваат во таа сезона (пример: туристичката побарувачка за скијање во зимски туристички центри се карактеризира во зимските месеци од годината; туристичката побарувачка за капалишен туризам е карактеристична за летните месеци од годината; кратките патувања и престои се карактеристични за викендите и празниците и слично);

Под **еластичност** на туристичката побарувачка се подразбира нејзината способност да се прилагодува по различни основи. Прилагодувањето (еластичност) може да се однесува на:

- Еластичност во однос на цените на туристичкиот производ;
- Еластичност во однос на приходите на носителите на туристички потреби и
- Еластичност во однос на туристичката пропаганда и слично.

Р.С. Македонија е земја со одлична географска местоположба со клима погодна за одвивање на повеќе туристички видови. Историското и културното наследство, многубројните археолошки наоѓалишта и еколошки чистите предели, убавите пејзажи, органската почва и традиционалната исхрана и вино создаваат услови за атрактивна дестинација која според голем број туроператори претставува една од последните недоволно откриени дестинации во Европа.

Развојот на туризмот, се поставува како важна економска дејност во Р.С. Македонија, со креирање на политики и мерки за најдобро искористување на сите потенцијали кои ги нуди овој простор. Кратката сезоналност во најпосетените туристички центри во нашата земја кое доведува до концентрираност и презаситеност на посетите во два региони и остварените ноќевања придонесува до немање на одржливост на дестинациите, нови атракции и развој на алтернативните форми на туризам.

Традиционалната поврзаност и базирање на големи светски туроператори доведува до монолитност на побарувачката и намалување на цените кое создава статистички квантитет врз намалување на квалитетот и на просечниот престој на туристите. Потребата од нови атракции за кои сè повеќе расте побарувачката и перцепцијата на туристите за нашата дестинација е неоткриена создава услови за зголемена побарувачка од руралниот туризам, еко-туризмот, гастрономијата кои во целост се вклопуваат во концептот на креирање алтернативни форми на туристичка побарувачка. Овие податоци се дел од истражувањата кои се спроведени за потребите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, а се однесуваат на перцепцијата на странските туристи за нашата дестинација извршено на репрезентативен примерок од странски туристи кои нè посетиле во 2019 година.[41]

Стратешката определба на Р.С. Македонија да прерасне во атрактивна туристичка дестинација е преточена во Националната стратегија за развој на туризмот (Нацрт

[41] www.tourismmacedonia.gov.mk

верзија и со помината важност) која е во насока на организиран пристап на туристичкиот пазар и изградба на препознатлив туристички имиџ на државата. Истата повеќе се должи на трендови и статистики, со изоставени акциски планови за реализација и елементите на евалуација кои ја прават немерлива и без конкретни јасни насоки на делување. Немерливоста на понудената Национална стратегија за туризам создава во туристичкиот сектор конфузија за идните стратегиски чекори и развојни форми на кои е потребно да се фокусира македонскиот туризам. Сепак побарувачката го прави своето, создавајќи потреба за тематските форми на туризам во кои еко-туризмот, планинарењето, планинскиот велосипедизам, гастрономијата, манифестациите и историското наследство се вградени во пакет-аранжманите кај туроператорите за рецептивен туризам. Недостатокот на релевантни истражувања со веќе застарена стратегија за рурален туризам (2013-2017 година) повеќе ја усложнува состојбата во туристичкиот сектор, а оневозможува и јасна слика на потенцијалните инвеститори.[42].

Р.С. Македонија продолжува да го поддржува овој сектор преку соодветни мерки, политики, конкретни проекти за изградба на модерна туристичка инфраструктура и сопствена промоција како атрактивна туристичка дестинација во регионот и Светот.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот како владина агенција активно ја промовира Р.С. Македонија како туристичка дестинација во повеќе од петнаесет стратегиски одбрани пазари и сè повеќе ја зајакнува перцепцијата на државата како дестинација која нуди алтернативни форми на туризам. Големите светски саеми за туризам (Турција, Бугарија, Србија, Белгија, Холандија, Хрватска, Германија, Англија, Полска, Италија и др.), електронската промоција и насочените рекламирања го дадоа својот резултат.

Поддршката на туризмот, преку институционални мерки и мерки за директни субвенции на туристичките компании, намалувањето на ДДВ за угостителските услуги за сместување е предвидена во рамките на Програмата за развој на туризмот на Министерството за економија, додека средствата за зголемена активна промоција и маркетинг на државата како препознатлива туристичка дестинација се предвидени во Програмата за промоција и поддршка на туризмот која ја спроведува Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Р.С. Македонија.

[42](http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/BER_Tourism%20Strategy%20Macedonia_DRAFT_16%2001%2021_MK%20(1)%20(3)

Туристичката побарувачка за Р.С. Македонија како туристичка дестинација која е меѓу последните недоволно откриени дестинации на Европа и воведувањето на еко-туризмот ќе овозможи нова целна група на туристи кои сè повеќе се мотивирани да откриваат дестинации и да ги доживуваат истите. Иднината на туризмот е во споделување на доживувањата на дестинациите и нивната автентичност, а не комерцијализираност кои е можно да доведат до нарушување на природата и нивната одржливост. Острата сезоналност ќе се издолжи овозможувајќи на Р.С. Македонија во брзо време да прерасне во дестинација за цела година придонесувајќи кон покачување на искористеноста на сместувачките капацитети во текот на годината и преку еко-туризмот да се креираат нови капацитети, „зелени" работни места во руралните простори на земјата.

*2.2.3.1 Посетеност*

Според Светската Туристичка Организација при Обединетите Нации (UNWTO), 2019 година е оценета како многу добра на меѓународно ниво достигнувајќи ја бројката од 1,5 милијарди меѓународни патувања што претставува 4 % повеќе отколку во 2018 година. Светската туристичка организација очекувала овие резултати да бидат достигнати во 2020 година, а овој раст како што се наведува во нивниот извештај се должи на изразениот економски раст, визните олеснувања и поевтинувањето, нискобуџетните авиокомпании и технолошкиот напредок во секторот.

Јадранскиот простор според Светската туристичка организација од година во година продолжува да изненадува со порастот на туристи и остварени ноќевања кои пројавуваат двоцифрени бројки за следната декада и потенцијално може да се биде на шестото место по посетеност. Балканскиот полуостров со својот мултикултурализам и мистичност претставува посакувана дестинација на азиските туристи. Кинеските туристи според ЕвроСтат во 2018 година го посетиле балканскиот простор со 450.000 туристи со седум и четиринаесет дневни кружни патувања низ повеќе земји на Балканот. Во регионот бележат пораст и корејските и малезиските туристи во вонсезонскиот период што претставува мотив за туристичките работници надвор од главната сезона да ги пополнат капацитетите и да остварат зголемена рентабилност[43].

[43] https://ec.europa.eu

Туризмот на Блискиот исток за 2018 година бележел пораст за десет проценти, Африка во 2019 година забележала пораст од седум проценти, Азиско-пацифичкиот простор и Европа раст на туристи од 6 проценти, додека Јужна и Северна Америка во бројот на туристички посети бележи пораст за три проценти[44]

*Шема бр. 6 - Предвидувања на СТО за бројот на патувања по континенти до 2030 г.*




*Извор: (https://www.unwto.org/)*

Туристичката индустрија на светската економија учествува со 10 % во глобалниот Бруто-домашен производ на земјите бележејќи статистички показатели според кои секој десетти вработен човек во Светот е вработен во туристичкиот сектор. Предвидувањата на Светската туристичка организација (UNWTO) ќе се насочуваат во правецот кон европскиот континент, во годините кои следат да го задржи приматот на светскиот туристички пазар претставувајќи основен извор на туристичка понуда, побарувачка и движење на туристите[45].

Туристичкиот сектор во Р.С. Македонија во последната декада бележи значителни позитивни резултати кој се должи на зголемената промоција на туристичките потенцијали, мерката за субвенционирање на туроператорите и зајакнатата поддршка на туристичкиот сектор во Р.С. Македонија со сетови на даночни олеснувања. Во изминатиот десетгодишен период туристичкиот сектор на Р.С. Македонија бележи пораст на странските туристите од 150%, притоа остварувајќи 135% раст на

[44] http://www2.unwto.org/press-release/
[45] http://www2.unwto.org/

остварените ноќевања. Создавањето на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во 2008 година била со единствена цел: Промоција на туристичките ресурси на Р.С. Македонија на странски пазари, како и управување и поддршка на проекти кои имаат цел за развој на туризмот во целина. Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е основана во 2008 година според Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Р.С. Македонија („Службен весник на Р.С. Македонија“ бр. 103/2008; 156/2010; 59/2012; 187/2013 и 41/2014)[46].

Ефектите од работењето на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот – АППТ претставува зајакната промоција, зголемен број на туристи во дестинацијата, зголемување на атракции во дестинациите како и тесна соработка со Секторот за туризам при Министерството за економија што претставува клучен елемент за постигнување на позитивните резултатите во туристичкиот сектор во Р.С. Македонија.

*Графикон бр. 5 - Број на туристи во Р.С. Македонија 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk/

Од графиконот број 5 кој го презентира бројот на туристи во изминатиот десетгодишен период (домашни и странски) во Р.С. Македонија може да се забележи значаен пораст што претставува еден од најдобрите регионални резултати. Доколку се анализира учеството на странските туристи во вкупниот број на туристи во Р.С. Македонија во 2019 година 63,93% претставуваат странски, додека 36,06% претставуваат домашни туристи. Доколку се изврши споредба со 2010 година, поголемо учество имале

[46] http://tourismmacedonia.gov.mk/za-nas/

домашните со 55% наспроти 45% странски туристи кои ја посетиле државава. Оваа компаративна анализа помеѓу 2010 и 2019 година овозможува согледување на промена на трендот на туристите кои ја посетуваат дестинацијата, односно зголемување на бројот на странските наспроти домашните туристи. Дестинацијата станува атрактивна за големите туроператори кои ја поставуваат во своите каталози на продажба создавајќи позитивна клима кај одреден број на помали туроператори да го следат нивниот пример. Зголемената промоција на нашата дестинација ги дава очекуваните резултати кои овозможуваат сериозно да се размислува за туризмот кој сѐ повеќе се наметнува да заземе сериозно место во македонската економија.

Растот на туристите најмногу се забележува во двата најпосетени региони, односно скопскиот и југозападниот кои генерираат околу 65% од вкупниот број на туристички посети во Р.С. Македонија во текот на годината. Останатите шест региони партиципираат со 35% во вкупниот број на туристи која доколку подлабоко се анализира, претставува идеална можност за дополнително имплементирање на еко-туризмот, руралниот, верскиот, алтернативните форми на туристичка понуда. Вложувањата во инфраструктурното поврзување и креирање на нови сместувачки капацитети кои практикуваат алтернативни форми на туризам би овозможило потенцијалите со кои овие региони располагаат (верски споменици, археолошки наоѓалишта, заштитени подрачја) со унапредена промоција да забележат пораст на бројот на туристи и остварени ноќевања во идниот период.

Доколку се направи подлабинска структурна анализа на странските и домашните туристи во истиот десетгодишен период се добиваат следните графички прикази на туристичките движења во Р.С. Македонија, дадени во продолжение.

*Графикон бр. 6 - Посета на Странски туристи во Македонија во периодот 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk/

Според податоците со кои располага Државниот завод за статистика во периодот 2010 - 2019 година бројот на странските туристи кои ја посетиле Р.С. Македонија е зголемен за 189%, за во 2019 година да изнесува вкупно 757.593 туристи. Според истите извори во 2019 година најголем број на туристи од една емитивна сфера со 132.000 туристи претставувале турските туристи кои традиционално преферираат кружни патувања во балканските земји. Најбрзо растечки емитивен пазар во 2019 година во државава претставувал шпанскиот со пораст од 55% споредено со 2018 година, најмногу должејќи се на воспоставената авионска линија Скопје-Барселона со голем број на индивидуални патувања на туристи без претходно ангажирање на туристичка агенција или и платени аранжмани од туроператори. Во првите пет емитивни простори по странски гости покрај Полска, Србија, Бугарија, Турција континуирано се и туристите од Холандија кои традиционално доаѓаат во Р.С. Македонија со седум и четиринаесет дневни аранжмани. Останатите простори од кои редовно се емитираат посети претставуваат традиционалните соседни гости од Хрватска, Словенија, Албанија и Грција.

*Графикон бр. 7 - Домашни туристи во Р.С. Македонија 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk/

Според статистичките движења на домашните туристи кои се прикажани на графиконот Бр. 7, во периодот од последната декада се забележува опаѓање на бројот туристички посети во периодот 2012-2015 година кое е предизвикано од трансформацијата на туристичкиот пазар во Р.С. Македонија и негово фокусирање кон регионалните и светски текови. Со стабилизирањето на туристичкиот пазар од 2015 година домашните туристи продолжуваат со својот раст кој изнесува 32%, кој е драстично помал споредбено со растот на странските туристи во истиот период. Една од ваквите причини претставува недоволната понуда од туроператорите наменета за домашните туристи за посета на Р.С. Македонија, неконкурентната ценовна политика со соседните држави, отсутност на пакет-аранжмани за викендите и државните празници што придонесува за поголем одлив на домашни туристи надвор од земјава.

Ставањето на домашните туристи во втор план, слабата промоција на домашните туристички дестинации, исполнетоста на капацитетите во шпицот на сезоната од странските гости, високите цени, претставуваат дел од причините за губењето на домашните гости во македонските туристички центри. Оваа состојба создава дизбаланс во туристичката дестинација која преку мерките за субвенционирање повеќе дава поддршка на странските туроператори со финансиски средства, не успевајќи да се задржат домашните туристи во вонсезонскиот период. Менувањето на концептот и

креирањето на одржлив развој на дестинацијата со создавање на нови производи за еко-туризам, рурален туризам, активен туризам, верски туризам, гастрономија и други селективни форми на туристички понуди ќе се создадат услови за појава на интерес и мотивација кај домашните туристи за посета на домашните дестинации.

Посетите на руралните простори од страна на домашните туристи создава одлична клима за зголемување на финансиските бенефити во локалната економија што овозможува голем број на жители од локалната заедница директно да се вклучат во македонскиот туристички сектор. Релативно брзото адаптирање на селските куќи во приватното сместување комбинирано со користење на природните потенцијали за привлекување на поголем број на туристи би го зголемил просечниот престој во дестинациите. Овој концепт претставува пракса во голем број на рурални дестинации во соседните држави и поширокото окружување што забрзано создава услови за зајакнување на понудата во доменот на руралниот и агро-туризмот, стремејќи се кон намалување на сезоналноста и одржливост на дестинациите.

*Графикон бр. 8 - Остварени ноќевања во Р.С. Македонија 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk/

На графиконот бр. 8 јасно се презентирани остварените ноќевања на вкупниот број туристи во изминатиот десетгодишен период во Р.С. Македонија со генериран пораст од 61%. Доколку се споредат податоците со бројот на туристички посети во истиот временски период ќе се констатира помал процентуален раст кај остварените ноќевања

што произлегува од намалувањето на просечниот престој на туристите во државава. Структурната анализа на остварените ноќевања во истиот временски период дава согледување на состојбите на ноќевањата на домашните и странските туристи:

*Графикон бр. 9 - Ноќевања на странски туристи 2010-2019 година во Р.С. Македонија*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk/

Бројот на остварените ноќевања реализирани од страна на странските туристи во 2019 година го надминува бројот од 1,6 милиони што претставува пораст во последната декада од 182% во Р.С. Македонија. Ова се должи на моделот за субвенционирање на странските туроператори кои оперираат на македонскиот туристички пазар и можеби добрата промоција од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Најголемиот пораст на странските ноќевања во 2018 година е остварен од страна на полските туристи со раст од 73% за тој примат да биде преземен во 2019 година од страна на шпанските туристи со 61%, распоредени во летните месеци, односно високата сезона во скопскиот и југозападниот регион на нашата земја.

Доколку се анализираат податоците добиени од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот при која се обработуваат и реализираат исплатите за субвенционираните странски туристи, таа бројка претставува 4,95% од вкупниот број на странски туристи кои ја посетиле Р.С. Македонија во 2019 година. Споредените резултати за изминатите пет години покажуваат висок процент на исплатени средства на туроператори кои работат на Холандскиот пазар со висина од 84% од вкупните финансиски средства и

остатокот од 16% да припадне на сите останати апликанти за оваа поддршка. Моделот на субвенционирање нема претрпено драстични промени, базирајќи се на квантитет наспроти квалитет во туризмот кој последните две години започнува негативно да влијае во дестинацијата. Потребата на новиот модел за субвенционирање претставува длабокото анализирање следејќи ги развојните планови за туристичката дестинација свртен кон подобрување на хотелските капацитети, услугата, видот на аранжманот, престојот во дестинацијата, одржливоста на дестинацијата и неговата можна ефективност и мерливост. Базиран на длабоки анализи подготвен е нов модел за субвенционирање кој во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е предлог до туристичкиот сектор за анализирање. (Janevski, Naumov, 2020)

*Графикон бр. 10 - Ноќевања на домашни туристи во Р.С. Македонија 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk/

Од анализираните податоци на Државниот завод за статистика за остварените ноќевања на домашните туристи во Р.С. Македонија во последниот десетгодишен период може да се забележи пад во 2011 година. Континуираниот пад на ноќевањата продолжил до 2014 година за да бидат потребни дури шест години за надминување на остварените ноќевања од домашните туристи на нивото од 2011 година. Концентриран првенствено на привлекување странски туристи, туристичкиот сектор останал инертен

околу состојбата со домашните туристи и падот на ноќевањата немајќи решение и визија со која би го заштитил домашниот туризам. Поради ваквата состојба во последниот петгодишен период ноќевањата од домашните туристи бележат пораст од само 16% во Р.С. Македонија. Последните две години од страна на Министерството за економија е донесена мерката за субвенционирање на семејства во Р.С. Македонија со ниски примања кои преку ваучери добиваат можност да посетат некој домашен туристички центар. Ефектот од самата мерка е потребно да се согледа во период од пет години со изработка на студија за позитивните ефекти од истата. Првичните податоци не се многу охрабрувачки знаејќи дека во 2019 година домашните туристи во одредени месеци вон сезоната прикажаа негативни статистички вредности, додека мерката е наменета токму да се избегне таа состојба. Потребата од брзо подобрување на овој модел и насочување на субвенциите во зајакнување на руралната понуда, еко-туризмот, агро-туризмот, сместувачките капацитети во руралните средини, даночните олеснувања насочени кон давателите на туристички услуги, треба да создадат позитивна клима за развој на тематските форми на туристичка понуда и да поттикнат одржливост во развојот на туризмот во Р.С. Македонија.

*2.2.3.2 Престој*

Растот на глобалниот туризам во 2019 година изнесува четири проценти споредбено со 2018 година реализирајќи во 1,5 милијарди пристигнувања на туристите низ различни светски туристички дестинации. Глобален раст на туризмот е следен со пораст од 5,1% туристи кои ја посетиле Р.С. Македонија во 2019 година, односно 1.184.963 туристи кои оствариле скоро 3,2 милиони ноќевања. Според ЕвроСтат македонскиот туристички сектор бележи остварени ноќевања со учество од 22,1% во 2018 година, рангирајќи ја нашата земја на прво место во Европа. Трендот на пораст нај ноќевањата продолжува и во 2019 година со скок од 2,7%.[47]

[47] https://ec.europa.eu/eurostat

*Графикон бр. 11 - Просечен престој на туристите во Р.С. Македонија 2010-2019 година*




*Извор: Државен завод за статистика http://www.stat.gov.mk*

Податоците кои се прикажани на графиконот погоре кои го отсликуваат последниот десетгодишен период на просечниот престој во Р.С. Македонија јасно го покажува континуираното намалување на просечниот престој и покрај регистрираното зголемување на туристи во текот на истата декада. Падот на просечниот престој завршува во 2017 година, за потоа веќе во наредната 2018 година да дојде повторно до пораст рефлектирајќи се позитивно врз девизниот прилив од секторот туризам за 16,7% односно 381,55 милиони долари. За следната 2019 година просечниот престој бележи благо намалување, но девизниот прилив продолжува со порастот со генерирани 396 милиони долари со што се гледа значително влијание на туризмот врз македонската економија.

*Графикон бр. 12 - Просечен престој на странските туристи во Р.С. Македонија*




*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk

Доколку структурно се анализира вкупниот број на туристи кои ја посетиле нашата држава во наведениот период на домашни и странски ќе се добие состојбата која е видлива на графиконите погоре.

Просечниот престој на странските туристи по долг пад во 2018 година бележи пораст проследен со зголемување на остварените ноќевања кои се должат на пакет-аранжманите во траење од 5 или 7 денови понудени како програми од страна на туроператорите кои оперираат на рецептивен план. Најголем скок на туристи во 2018 година е забележан кај Хрватските, Полските, Холандските, Словенските туристи кои директно влијаат врз зголемувањето на просечниот престој поради скокот помеѓу 40-50% на туристи кои нè посетиле, споредбено со претходната 2017 година. Во 2019 година е забележан благ пад на просечниот престој поради поголемиот број на кружни тури каде Р.С. Македонија е вклучена како дестинација во комбинација со повеќе балкански земји, додека престојот на туристите е ограничен на само две ноќевања. Ваквата состојба продуцира квантитет на туристи без доволно остварени ноќевања во дестинацијата, состојба која е потребно во иднина да се подобри со пакет-аранжмани и збогатување и зголемување на престојот на повеќе денови.

Посетите на странските туристи и нивните остварени ноќевања се концентрирани во двата најразвиени туристички региони во Р.С. Македонија - скопскиот и југозападниот, со реализирани повеќе од 75% од вкупните посети за 2019 година. Кај полските туристи може да се забележи најголем раст во 2018 и 2019 година, како по број на

посети, така и по остварени ноќевања, задржувајќи се во просек во дестинацијата од 3,5 ноќевања, најмногу во хотелите со три и четири ѕвезди. Најмногубројни во изминатиот двегодишен период претставуваат турските туристи со 130.000 реализирани посети во текот на 2019 година и просечен престој од само 1,6 денови кој се должи на традиционалните кружни патувања во кои се генерално вклучени. Потребно е креирање на атрактивни пакет понуди на турскиот туристички пазар кои би вклучиле повеќе денови во Р.С. Македонија овозможувајќи услови за зголемување на нивниот просечен престој во дестинацијата.

*Графикон бр. 13 - Просечен престој на домашни туристи 2010-2019 во Р.С. Македонија*




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Series2 | 4,5 | 4,42 | 4,29 | 4,22 | 4,1 | 4,1 | 4,06 | 4,02 | 4,01 | 3,91 |
| Series1 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |

*Извор: Државен завод за статистика* http://www.stat.gov.mk

Падот во просечниот престој кај домашните туристи се намалува со слична динамика низ годините и покрај скокот на туристите во последните три години. Домашните туристи најчесто го посетуваат југозападниот регион каде падот на просечниот престој има влијание врз можноста за поголема вонпансионска потрошувачка на домашните туристи. За намалување на ваквиот тренд Министерството за економија при Владата на Р.С. Македонија воведе неколку стимулативни мерки. Доколку се анализира бројот на домашните туристи во краток временски интервал (2019 година) не може да се оценат ефектите од преземените стимулативни владини мерки. Потребен е сеопфатен пристап базиран на посодржајни анализи преку кои ќе се создадат услови за ефикасни

стратегиски преземања кои би овозможиле задржување на домашните туристи во наредните години.

Потребата од развивање на руралниот туризам и еко-туризмот, како и изградбата на сместувачки капацитети во државава ќе овозможи зголемување на просечниот престој и понудување на нови содржини во дестинациите. Манифестациите, традицијата, културното богатство, недопрената природа, националните паркови кои се вклопуваат во алтернативните форми на туризам ќе овозможат генерирање на повеќе посети и ноќевања во другите плански региони и порамномерен регионален развој.

Потребата од создавање на стратегија за еко-туризам која на подолг рок ќе ги постави темелите на овој вид туризам во Р.С. Македонија, ќе создаде зајакнување на туристичкиот сектор, поголем број на туристи и зголемување на просечниот престој во нашите дестинации. Новите форми на туристичка понуда мотивираат дивергентни целни групи на туристи развивајќи одржливи форми на туризам кои сѐ повеќе го наоѓаат своето место во дестинациите збогатувајќи ја понудата со квалитет и незаборавни доживувања.

#### *2.2.3.3 Остварени приходи*

Сериозноста на туризмот како област која влијае на повеќе од дваесет економски гранки во светската економијата претставува 10% од светскиот Бруто-домашен производ. Во 2019 година според Светската туристичка организација (UNWTO) остварени се приходи од глобалниот туризам од приближно 1,6 трилиони долари, претставувајќи пораст од 5% на глобално ниво, во споредба со 2018 година.

Сериозноста на приходите од глобалниот туризам го вбројува овој сектор во најважните генератори на економскиот развој и единствена економска област која во последните педесетина години бележи континуиран раст движејќи голем број на светски економии. Голем број на земји во развој својата економска стабилност или раст го должат на туризмот, во кој еко-туризмот има важен удел, преку што овозможуваат развој на руралните средини, зајакнување на голем број семејни бизниси поврзани со туристичкиот сектор и создавање на нови „зелени“ работни места.

Според приходите од туризмот за 2019 година на Светската туристичка организација (UNWTO) државите на европскиот континент се посетени од 51% од вкупните остварени посети забележувајќи најголем приход од туризмот.[48]

Македонскиот туристички сектор во последната декада континуирано бележи пораст со бројот на туристи и остварените ноќевања кои придонесуваат за зголемување на приходот во нашата економија. Во продолжение ќе може да се погледне влијанието на туристичкиот сектор врз македонската економија изразено во последните пет години на графиконот број 14.

*Графикон бр. 14 - Девизен прилив во милиони долари од туризмот во Р.С. Македонија за 2015-2019 година*




*Извор: Агенција за промоција и поддршка на туризмот (http://tourismmacedonia.gov.mk/ пристапено 23.02.2020 година*

Графичкиот приказ 14 го прикажува директниот девизен прилив од туризмот во македонската економија во изминатиот пет годишен период. Девизниот прилив не е следен со порастот на туристи, односно по 2014 година во која 294,67 милиони долари се влеале во економијата со туризмот следи двегодишен пад кој дури во 2017 година е надминат со вредностите од 2014 година. Девизниот прилив бележи континуиран пораст во последниот тригодишен период со пораст поголем од 25% што преставува значајно влијание врз македонската економија.

[48] https://www.unwto.org/

Недоволната искористеност на вонпансионската потрошувачка и недостатокот од различни селективни туристички видови кои им се нудат на туристите директно се одразува на девизниот прилив како прв показател на движењата во туризмот. Доколку се изврши компаративна анализа помеѓу моделот на субвенционирање на туроператорите, бројот на странските туристи и девизниот прилив, може да се утврдат дел од недостатоците од постоечкиот модел кој се базира на унапредување на квантитетот на гости. Падот на просечниот престој директно влијание врз вонпансионската потрошувачка и претставува еден јасен индикатор за непостоење на атрактивни туристички понуди и туристички атракции кои би го збогатиле и продолжиле престојот на туристите во дестинациите. Споредбениот ефект на годините се дадени во продолжение кои се добиени од извршените анализи на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија:

*Графикон бр.15 - Споредбен девизен прилив по години од туризмот во Македонија*




*Извор: Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија*

Девизниот прилив забележително е зголемен во последните две години за повеќе од 20% што се базира на поголемиот број на пакет-аранжмани во однос на кружните балкански патувања (пред сè на туристичките групи кои посетуваат по неколку земји за време на седум до десетдневните аранжмани) во македонските туристички центри што води до пораст на остварените ноќевања, зголемувањето на просечниот престој и на вонпансионската потрошувачка. Креирањето на нови туристички атракции во

туристичките дестинации, националните паркови, заштитените подрачја, руралните средини, гастрономијата, културното наследство во согласност со еко-туристичките практики и принципи, ќе ги дисперзира туристите, посебно странските кон нови микро-дестинации.

Промовирањето на Р.С. Македонија како неоткриена туристичка дестинација во странските медиуми и зајакнатата соработка на Агенцијата и промоција и поддршка на туризмот со туристичкиот сектор создава позитивни резултати и овозможува раст со видливи резултати. Туроператорите кои работат рецептивен туризам сè повеќе бележат пораст нудејќи го руралниот и еко-туризмот како најадекватни понуди кои заедно со природните неоткриени убавини се пресудни за посета на странските туристи. Голем број на еко-туристички понуди за Р.С. Македонија можат да се пронајдат на повеќе интернет страници од еминентни светски туроператори кои во соработка со домашни партнери сервисираат сè поголем број на туристи што се покажува низ неформалните анкетирања на Националната Асоцијација за Дојдовен Туризам на Македонија (НАИТАМ) и нејзините членки. Аранжманите за еко-туристичките патувања се организирани во помали групи на туристи кои чинат неколку пати повеќе од класичните, карактеризирајќи се со неколкупати поголема вонпансионска потрошувачка во дестинациите кои ги посетуваат.

Директорот на Националниот парк Галичица - Андон Бојаџи во спроведеното интервју го нотира значењето на туристите во националниот парк и нивниот финансиски прилив преку што се обезбедуваат средства за самоодржливо буџетирање на оваа јавна установа. Според Бојаџи посетителите во НП Галичица практикуваат еко-туризам и се воодушевуваат на флората и фауната, додека останат дел претставуваат љубители на адреналински активности и користат параглајдери полетувајќи од точно утврдени локации на планината Галичица. Ова претставува доказ за влијанието на еко-туризмот врз приходите од туризмот и позитивно влијание на одржливоста на дестинациите. Во одредени дестинации кои имаат одлични природни можности за развој на еко-туризмот кој може да учествува и до 70% во вкупните генерирани приходи на одредени дестинации, претставувајќи силен економски двигател на локалниот економски развој.[49] Работилниците за еко-туризам во кои учествуваат туристите, а организирани од страна на локалното население ја зголемиле вонпансионската потрошувачка за 50%

[49] https://www.green-tourism.com

истакнато од страна на Емилија Филдишевска од туроператорот Македонија Травел, специјализирана за еко-туризам.

Сè поголемо внимание на земјите од Западен Балкан се придава на планот на еко-туризмот во понудите на странски туроператори што е забележително во промотивните активности на интернационалните саемски манифестации и аранжманите кои се нудат на потенцијалните туристички пазари. Просечно во овие земји туризмот учествува со 11,2% во Бруто-домашниот производ од кој приближно 3 % се акумулирани од еко-туризмот во сите негови форми.[50]

Туристичкиот сектор во македонскиот Бруто-домашен производ има директно учество од приближно 3% и околу 5% индиректно учество (нема точни податоци за директниот и индиректниот удел во БДП на туризмот) кој во 2019 година изнесувал околу 400 милиони долари, далеку понизок од просекот во земјите од Западен Балкан. Недостигот на постоење на сателитска сметка како мерен финансиски инструмент (светска практика за статистики во туристичкиот сектор) преку која јасно и прецизно се одредуваат приливите од туризмот и влијанието на одредени негови форми, спречува да се одреди и прикаже економската функционалност на еко-туризмот и туристичкиот сектор во Р.С. Македонија. Започнатиот проект за воведување на сателитска сметка од страна на Министерството за економија не доживеа успех поради недоволните капацитети на одредени државни институции за сервисирање, собирање, обработка на податоците и инертноста на македонскиот туристички сектор. Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот заедно со Секторот за туризам при Министерството за економија започнаа проект за Е- посетители (дигитална платформа на вмрежени институции, сместувачки капацитети, министерства, Управата за јавни приходи, Министерството за внатрешни работи) како успешна практика во Република Хрватска кој функционира веќе неколку години. Проектот е во соработка со проектната единица ЛРЦП и Светска банка преку кој ќе бидат достапни навремени и јасни податоци за голем број на статистики од кои ќе може да се утврдат влијанијата на туризмот врз македонската економија. Методологијата по која моментално се пресметуваат остварените приходи од македонскиот туризам не може јасно да го прикаже уделот на еко-туризмот што претставува потешкотија во негово соодветно следење и развој. Неговото присуство и интерес од страна на туристите е неоспорно, но сепак недостатокот на јасни финансиски параметри обесхрабрува голем број на

[50] https://www.unwto.org/

туристички работници безрезервно да го применат и развиваат. Потребата од јасен финансиски ефект на туристичкиот сектор врз македонската економија како унифицирана методологија преземена од светската практика овозможува прецизни стратегиски планирања на развојот во Р.С. Македонија. Долгорочна државна стратегија за туризам која во суштина е потребно да има развојна компонента треба да содржи нови селективни туристички видови и јасна визија за одржлив развој на туристичкиот сектор во нашата држава.

*2.2.3.4 Аспирации за еко-туристички активности*

Потребите за нови и специфични облици на туризмот се карактеристиките на овој сектор кои се јавуваат на крајот од XX и почетокот на XXI век. Новите облици на туристички активности, од кои посебно еко-туризмот пројавува најголем подем, отвораат можности за руралните простори рамноправно да се вклучат на туристичкиот пазар со свои специфични видови на туристичка понуда, доколку располагаат со одредени потенцијали и соодветни кадри. За да се добие максимален ефект за потребите на еко-туризмот, односно за да се создадат услови на активен и возбудлив престој потребно е да се воспостават сет на различни содржини и атракции за посета (Genov, 2010).

Светската туристичка организација (UNWTO) која ја прогласи 2017 година за година на одржливиот туризам, водејќи се од мисијата „да ги оставиме само отисоците на стапалата“, има за цел да ги зајакне локалните заедници, да ја намали на невработеноста, да ги заштити локалната култура и културното богатство, преку промовирање на рамноправност, мир и безбедност. Наместо креирање на комерцијализирани капацитети и туристичка пренатрупаност, еко-туризмот може да понуди откривање на заштитени предели, еко-сместување и учење од локалното население за нивната култура и традиција на автентичен начин.

Според најновите истражувања на Светската туристичка организација еко-туризмот и алтернативните форми на туризам во последните години бележат раст трипати поголем отколку традиционалниот масовен туризам. Според истите истражувања Светската туристичка организација предвидува дека во следните дваесет години уделот на еко-туризмот на туристичкиот пазар ќе претставува повеќе од 20% од понудата.

Еко-туризмот кој се базира на природата (nature based tourism) генерално се смета за клучен фактор на туристичкиот сектор кој може да има големо влијание за зачувување на природните вредности и посета од голем број на туристи. Тој е конципиран да создаде хармонија помеѓу туристите и природата максимално намалувајќи го влијанието на туристите врз природата во дестинацијата.

Може да се забележи дека еко-туризмот во анализираните стратегии за развој на туризмот во Р.С. Македонија (треба да се напомене дека веќе се изминати) многу малку е застапен, односно не е наброен во првите туристички производи на кои се базира понудата. Тоа докажува дека и покрај расположението, атрактивноста и релативно добро зачуваните природни ресурси еко-туризмот во Р.С. Македонија е маргинализиран и на многу ниско развојно ниво. Неспорно е дека еко-туризмот во Р.С. Македонија располага со голем развоен потенцијал на регионално и локално ниво со недопрената природа, биолошката разновидност и големиот број на локални обичаи кои сеуште активно се практицираат во руралните селски простори, а кои се идеални за оваа форма на туризам на помали размери.

Сè повеќе туристите бараат автентични искуства кои се темелат на локалната култура и традиција во сооднос со заштитата на околината која нуди пријателска и персонализирана услуга. Во тој дел Р.С. Македонија во перцепцијата на странските туристи претставува посакувана еко-туристичка дестинација, која во следните години треба да се развие, туристички зајакне, со практикување и имплементација на глобалните и европските практики за креирање позитивни резултати на туристичко-развоен план.

### 2.2.4 Специфичности на туристичката побарувачка во рамките на еко-туризмот

Познавајќи ги основните постулати на еко-туризмот и начелата по кои се водат еко-туристите во своите посети на туристичките дестинации забележлива е специфичност на нивната побарувачка која е пребирлива и широка поврзана со елементите на природата и одржливоста на дестинацијата. Силната желба на туристите да посетат недопрени природни предели, заборавајќи на секојдневието, доживување на нови искуства, продлабочувања на нивните знаења и дружење со локалното население претставуваат почетните основи на нивната побарувачка.

Побарувачката за еко-туристички активности во основа се темели на елементите на природата и може да се класифицира на следниот начин:

- Искуства и доживувања кои зависат од атракциите на дестинацијата, вклученоста и интеракцијата со природата, интеракцијата со локалното население, користење на планински и велосипедски атракции, екстремни спортови;
- Обликување на патувањата кое треба да го задоволи типот и големината на групата, потребната инфраструктура во дестинацијата, должината на престој и специфична потрошувачка која зависи од атрактивноста на дестинацијата и
- Избор на дестинацијата што најчесто зависи од еколошкиот и природниот предзнак на дестинацијата, развиеноста на еко-туризмот, услугите кои се нудат.

Според старосната граница овој тип на туристи се рангирани како многу активни со желба за истражување и доживување на нови искуства во дестинацијата од секој аспект, откривајќи различни форми на атракции кои најчесто тематски се прилагодуваат според нивните барања. Во зависност од дестинацијата потребите, односно побарувачката на еко-туристите може да биде диференцирана на:

- Научно-истражувачки активности;
- Културно – образовни активности;
- Екскурзиски активности (мали групи на ученици кои се запознаваат со природата и нејзината заштита);
- Риболовен туризам (со повторно пуштање на уловениот плен);
- Набљудување на птици;
- Фото-сафари;
- Селски еко-туризам;
- Пешачење и планинарење;
- Планински велосипедизам;
- Јавање;
- Адреналински спортски активности;
- Гастрономија и консумирање на органска храна;
- Спелеологија;
- Екстремни спортски активности и
- Рафтинг и сплаварење.

Побарувачката на еко-туристите често отскокнува од понудата на организаторите на патувањата или е формирана директно во дестинацијата од страна на индивидуалните патници кои се вљубеници во еко-туризмот. Колку повеќе дестинацијата е неоткриена толку е поголемата љубопитноста кај еко-туристите да ја посетат и на свој начин да ја доживеат почитувајќи ја притоа природната околина и со максимална инволвираност на локалната заедница (Stojanović, 2007).

Искуствата на нашата земја на полето на еко-туризмот се доста скромни за разлика од потенцијалите кои се значителни. Голем број на туристи кои ги практикуваат еко-туристичките принципи се индивидуални патници или помали групи кои се сочинети пред сѐ од млади луѓе, парови и семејства кои преферираат активен одмор. Најчести дестинации се националните паркови, недопрената природа, руралните средини и селските домаќинства каде уживаат во вкусната и разновидна храна и гостопримството. Големиот број на планински патеки, флора и фауна се високо во приоритетите на овој тип туристи за кои не постојат граници и се водени од желбата за истражување.

Во истражувањето во овој докторски труд опфатени се интересите на еко-туристите, односно потребата за форми на еко-туристичка понуда кои најмногу се барани во Р.С. Македонија. Истражувачкиот примерок на Анкетниот прашалник опфати 800 испитаници – даватели на туристички услуги од различни области на туристичко-угостителскиот сектор. Резултатите од анкетираните даватели на услуги се дадени во следниот графички приказ:

*Графикон бр. 16 - Содржини кои најмногу се побаруваат од страна на еко-туристите во Р.С. Македонија*



Според податоците добиени од истражувањето, најголемиот дел од побарувачка на еко-туристите е насочена кон природните убавини со 30% не издвојувајќи посебна форма, односно времето во природа би го поминале активно. Велосипедските и планинарските патеки учествуваат со 20% од одговорите заедно со локалните специјалитети и гастрономијата со истиот остварен процент и го делат второто место. Силните врски со локалното население често коинцидираат со подолги престои на туристите во дестинацијата. 12% од анкетираните ги посочиле локалните манифестации, културно-историските споменици како значајни во дестинациите. Најмал број на испитаници се изјасниле за набљудување на птици и фото-сафари - околу 6% што според специфичноста на понудата претставува солиден процент еко-туристичка активност, поради фактот што најчесто се практицира од страна на професионалци и научници, односно љубителите на птици организирани во специјални вакви здруженија и асоцијации.

Фото-сафарито и набљудувањето на птици остварува најдолг престој во руралните средини поради специфичноста на потребата која не може да се предвиди со традиционалните пакет-аранжмани бидејќи е диктирана од условите на теренот. Овие професионалци користат максимална помош на локалното население како неформални водичи за еко-туризам поради нивното извонредно познавање на околината, природата и животинскиот свет на дестинацијата. Генерално гледано голем број на рурални средини, национални паркови и заштитени подрачја имаат можност според истражувањето и потребата на еко-туристите повеќе да се фокусираат за дополнителни услуги и развивање на еко-туризмот. Еко-туристичката побарувачка не треба да се ограничи само на наведените форми, сепак истата создава потреба од континуирано воведување и практикување на други атракции во дестинацијата за кои интерес пројавуваат самите еко-туристи. Сè повеќе можат да се препознаат дестинации каде се практикуваат и екстремни форми на еко-туризам како качување по карпи (Демир Капија, Матка, Кадина река, Прилеп, Маврово), параглајдинг (Крушево, Прилеп, Скопје, Делчево и др.), рекреативно скијање (Шар Планина, Пелистер, Маврово), набљудување на птици (Моноспитовско блато, строгиот природен резерват „Езерани“, националните паркови, заштитените подрачја) кои привлекуваат голем број на еко-туристи и кои практикуваат голем број негови форми.

#### *2.2.4.1 Профил на еко-туристот*

Побарувачката за еко-туризам претставува посебен дел од туристичкиот пазар, која е насочена кон потребите и желбите на туристите заинтересирани за специфичен вид на туристички активности со цел остварување економски бенефити за локалните заедници. Ваквата целна група на туристи бараат искуства и доживувања кои се поврзани со активностите во природата за разлика од туристите кои претпочитуваат традиционален „Sun, Sand & Sea“ туризам. Тие не бараат посебен луксуз, но очекуваат одреден степен на комфор, професионален водич и мали групи за одвивање на еко-туристички активности (Symko & Harris, 2002).

Многу еко-туристи имаат желба да учествуваат во активности кои пружат одредена доза на возбуда и предизвик, тестирајќи ги своите можности и вештини преку активности како параглајдинг, планинарење, качување по карпи, рафтинг, екстремен планински велосипедизам. Затоа желбите, сознанијата, откривањето на нови дестинации и искуствата во недопрената природа претставуваат сѐ поголем мотив за патувања и споделување на искуства од откриеното.

Сеуште не постои дефинитивен научен одговор на прашањето „Кој турист е еко-турист?“ Причините се многу, а една е постоење на ограничен број на студии за еко-туристичкиот пазар, недостатокот на општо прифатлива дефиниција за еко-туризмот, а една од најчестите причини претставува нехомогеноста на еко-туристичкиот пазар (Weaver, 2001).

Светскиот фонд за дивиот свет (World Wildlife Fund – WWT) во дел од своите студии извршени кон крајот на 1998 година го состави профилот на еко-туристот, а истражувањата биле спроведени во следните пет земји: Белизе, Коста Рика, Доминиканска Република, Еквадор и Мексико како дестинации кои силно го практикуваат еко-туризмот [51]. Истражувањето се состоело од спроведување анкети во кои биле опфатени странските туристи кои ги посетиле дестинациите пред нивното заминување на аеродромите. Од истражувањата се добиени одредени податоци за профилот на типичниот еко-турист:

- Просечна старост: 43,9 години.
- Пол: машки 51% и женски 49%.
- Прва посета на земјата: 73%.

[51] https://www.worldwildlife.org

- Вид на патување: сам 21%, со семејство 36%, со пријатели/колеги 23%, во рамки на патувањето 20%.
- Главни активности: набљудување на птици 58%, набљудување на дивиот свет 55%, патување со чамец 42%, ботаника 31%, планинарење/прошетки 28%, локална култура 25%, екскурзија и џунгли 23%, професионално планинарење 22%.
- Степен на задоволство од патувањето: многу задоволни 67%, задоволни 21%, незадоволни 4%, разочарани 0%.

Еко-туристот однапред истражува за дестинацијата која сака да ја посети интересирајќи се за храната, традиционалната облека на локалното население, нивните обичаи и се труди да не се наметнува и да ја вознемирува локалната заедница. Има желба да се вклучи во локалните активности на повеќе полиња и преферира интеракција доколку му биде понудена во рамките на турата од страна на туроператорот или локалниот водич (Weaver, 2001).

Светскиот еко-туристички самит (World Ecotourism Summit) во 2002 година кој се одржал во Квебек Канада, овозможил генерирање на фондови од Светската туристичка организација (UNWTO) кои биле искористени за истражувања на полето на еко-туризмот. Биле спроведени поединечни студии за еко-туризмот во седумте најважни емитивни земји: Велика Британија, С.Р. Германија, Соединетите Американски Држави, Канада, Франција, Италија и Шпанија.

Како општи заклучоци од студиите во овие земји произлегува дека еко-туристите претежно потекнуваат од релативно повисока социјална класа со релативно повисок степен на образование. Доколку се извршат посодржајни анализи за поединечните карактеристики во различните земји ќе се воочи дека воопшто не постои универзалност во класификацијата и профилот на еко-туристот.[52]

Типичниот шпански еко-турист е нешто помлад за разлика од останатите земји каде е спроведено истражувањето со години на старост од 20 до 36 години. Сферите на интерес се националните паркови, заштитените подрачја и интеракцијата со локалното население во тие области. Повеќе од половината од анкетираните сметале дека улогата на туроператорот во заштитата на подрачјето е од огромно значење при нивниот избор за посета на дестинацијата.

[52] https://www.e-unwto.org/doi/pdf/10.18111/978928440547

Канадските еко-туристи големо значење ѝ посветуваат на природата и нејзината заштита, што се гледа во сè поголемиот интерес за природно базираниот туризам. Тие се највиталните учесници во овој сектор кои имаат интерес и мотивација за различни видови активности, но сепак, малкумина учествуваат во формални состаноци за еко-туризам. Исто така, кога го прават изборот на туристичка дестинација, избираат туроператор или туристичка агенција и видот на турата во која сакаат да учествуваат со што имаат огромно влијание врз евентуалниот успех или неуспех на спроведувањето на еко-туристички активности.

Според извршените истражувања, еко-туристите доаѓаат од секаде низ Светот, вклучувајќи ги САД, Канада, Европа (особено Франција, Германија, Холандија и Велика Британија) и во помала мера од Австралија, Јапонија и Нов Зеланд. Тоа се туристи од сите возрасти, но најчесто се средовечни туристи кои имаат тенденција да се високо образовани професионалци со умерени до високи приходи. Во различни дестинации, половата структура на еко-туристите е различна, но постојат дестинации каде поголемиот број на еко-туристи припаѓаат на женскиот пол.

Всушност кога еко-туристите се вклучуваат во туристичките патувања изборот на дестинациите првенствено го вршат според расположливите активности или атракции, додека изборот на сместувачки капацитети е во втор план. Најважна мотивација за еко-туристите ширум Светот е уживањето во природната животна средина, специфични искуства и да ги збогатат своите знаења и искуства за време на патувањата.

Низ призмата на концептуалноста, еко-туристите не се хомогена група, односно тие се група која се разликува во повеќе аспекти и по своите точки на интерес, но и по начинот на третирање на еко-туризмот во глобала. Од извршените истражувања во различни региони низ Светот и обидите за профилирање на еко-туристите според различни критериуми, може да се изврши основна поделба на овие туристи на четири групи:

- Суштински еко-туристи (hard core nature tourists), истражувачи, научници или припадници на специјализирани образовни тури;
- Посветени еко-туристи (dedicated nature tourists), луѓе кои патуваат за да посетат заштитени подрачја и кои сакаат да ја разберат локалната природа и култура;
- Мејнстрим еко-туристи (mainstream nature tourists), луѓе кои ги посетуваат еко-туристичките дестинации за да учествуваат во необично патување и

- Лежерни еко-туристи (casual nature tourists), луѓе кои посетуваат природни вредности како дополнително патување во склоп на туристичкиот аранжман (Fennell, 2002).

Постои многу висок интерес за восхитување на пејзажите, набљудување на животинскиот свет, пешачење, нуркање, како и посета на паркови и заштитени области. Еко-туристите практикуваат „вредност за пари“ и се стремат да се сместуваат во локални и традиционални сместувачки објекти. Бараат удобно, конвенционално, но не многу скапо сместување кое би го преоптоварило нивниот буџет. Пристапноста до атракциите или активностите претставува клучен фактор во изборот на сместувањето, квалитетот на водичите, пријателски настроената услуга и цените.

Знаејќи дека голем број на еко-туристи кои нè посетуваат потекнуваат од европските земји профилот на еко-туристите во Р.С. Македонија се движи во старосната граница од 25 до 45 години. Профилот на еко-туристот кој ја посетува нашата дестинација, а многу често е од западноевропските земји, се добиени од неформалните интервјуа на одговорните субјекти во националните паркови, заштитените подрачја, туристички водичи, давателите на еко-туристички услуги и туроператори кои организираат мали еко-туристички групи.

Може да се наведат следните општи заклучоци за еко-туристите кои ја посетуваат нашата држава:

- Економски независни и интелектуалци;
- Имаат развиено култура на патување и престој во дестинацијата;
- Не практикуваат масовни патувања во класични дестинации туку се во потрага на дестинации со посебна важност;
- Добро ја имаат истражено дестинацијата и располагаат со доволно информации;
- Многу често еко-туристите кои нè посетуваат се членови на еколошки организации или се професионално инволвирани во заштитата на природата;
- Подолго престојуваат во дестинацијата и пројавуваат повисока туристичка потрошувачка;
- Бараат автентично и скромно сместување блиску до атракциите;
- Преферираат оддалечени и осамени дестинации;

- Често се едуцирани за локалната култура во дестинацијата;
- Физички се активни и преферираат активности во дестинацијата и
- Со задоволство придонесуваат кон локалната заедница (се вклучуваат во волонтерски акции, работат и се дружат со локалното население или делат искуства и максимално се социјализираат).

Сепак овој профил на еко-турист кој ја посетува Р.С. Македонија потребно е да биде доволно флексибилен поради динамиката со која се развива оваа туристичка форма и потребите кои се создаваат во дестинацијата. Главните сфери на интерес кај еко-туристите кои ја посетуваат Р.С. Македонија се националните паркови, еко-музеите, традицијата и локалните манифестации, гастрономијата и планинските пејзажи со активни форми. Овој профил генерално е инволвиран во креирањето на еко-туристички производи и промотивните активности преку каналите за комуникација кои ги користат. Генерално гледано сеуште не постои прецизна и јасна класификација, посодржајни следење на еко-туристите во Р.С. Македонија. Недостасуваат глобално прифатени стандарди бидејќи не постои консензус кај научната јавност за класификација на еко-туристите според нивните точки на интерес. Тоа што со сигурност може да се заклучи дека претставува интерес и мотивација на оваа целна група на туристи е откривањето на дестинации, доживувањата, интеракцијата на различни нивоа со локалната култура и население, како и нивната изразена општествена одговорност кон природата и локалниот економски развој, придонесувајќи свесно и активно кон одржливиот развој на туристичките дестинации.

#### *2.2.4.2 Потреби на еко-туристите*

Еко-туризмот произлегува од начелата за одржливиот туризам со максимална грижа за животната средина и локалниот карактер на дестинацијата. Еко-туризмот е најбрзорастечката форма на туристичка понуда која според Светската туристичка организација, како и според голем број на научници, во просек расте помеѓу 20-30% на годишно ниво со што бележи огромни успеси во последните две децении. За државите во развој еко-туризмот претставува основен генератор на девизен прилив, а најдобар пример за тоа се националните паркови каде фото-сафарито и набљудувањето на птици создава два пати повеќе приходи отколку отстрелот на животните и ловниот туризам.

Во зависност од тоа дали се применува „тврд“ или „мек“ пристап на еко-туризам, еко-туристите патуваат индивидуално или во групи (кои не треба да бидат поголеми од проценките дека ќе создадат нарушување на флората или фауната во дестинацијата). Еко-туристите релативно подолго се задржуваат во дестинацијата и пројавуваат поголема вонпансионска потрошувачка споредбено со обичните туристи, избегнуваат вклучување во помасовни тури, одминуваат дестинации кои се преокупирани со туристи и ги задоволуваат своите потреби за истражување, едукација за нови места и природа. Еко-туристите најчесто располагаат со повисоко ниво на образование, односно се интелектуално опремени и имаат релативно високи платежни можности (добра финансиска ситуираност). Тие преферираат поскромно сместување во помали објекти кои не ја нарушуваат дестинацијата со својот изглед (се преферира еко-сместување или локални куќи) и кои користат обновливи извори на енергија.

Во дестинацијата еко-туристите не користат превозни средства или користат само алтернативни форми на превоз кои не загадуваат и не создаваат бучава како што се велосипедите (доколку не располагаат со такви средства тие ги изнајмуваат во самата дестинација). Пешачењето, планинскиот велосипедизам, летањето со параглајдер, веслањето, алпинизмот и качувањето по карпи, јавањето на животни се дел од активностите на таквите туристи при што главна мотивација им претставува доживувањето на природата и синергијата со истата.

Еколошко одговорните патувања на туристите се состојат во тоа што секогаш ги ангажираат локалните водичи, се интегрираат и социјализираат со локалното население, уживаат во локалната храна и традиционалните специјалитети и ја почитуваат локалната заедница и нивните права. Еко-туристите пред да патуваат во одредена дестинација добро ја проучуваат и физички се подготвени да се прилагодат на едноставноста на животот на локалните жители и купуваат стриктно рачно изработени сувенири стимулирајќи ја со тоа локалната економија и нејзиниот развој.

Еко-туристите имаат потреби за посета на национални паркови и парковите на природата и преферираат да ја доживеат дестинацијата на изворен и оригинален начин консумирајќи ги локалните и органско произведени, се запознаваат со културата и традицијата на заедницата и максимално се интегрираат во нивниот секојдневен живот[53].

---

[53] www.cimerfraj.hr/ideje/eko-turizam-hrvatska

Подобрувањето на еко-туристичката понуда потребно е да биде комплетна и по многу нешта уникатна. Подобрувањето и воведувањето на еко-стандарди се од исклучително значење бидејќи без нив воопшто не може да се размислува за еко-туризам без разлика дали се работи за имплементирање на „меки“ или „тврди“ форми. Уредувањето и управувањето на дестинацијата треба да биде со максимално учество на локалната заедница од која треба да произлезат иницијативите и да се започне со градење на еколошката свест и креирање споделена визија за еко-туризмот како концепт кој е распространет кај голем број на туристи во Светот.

# 3. ФАКТОРИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЕКО-ТУРИЗМОТ

Факторите во туристичкиот феномен претставуваат предуслови за појава и развој на појавите и односите од различен вид. Во таа смисла, треба да се определат и детално анализираат факторите кои влијаат врз појавата, структурата, диференцијата и развојот на еко-туристичките елементи и процеси. Факторите во глобала можат да се диференцираат на афирмативни или ограничувачки, според критериумот на видот на влијанијата кои ги пројавуваат врз појавите и односите. Во оваа насока е извршена и поделба на факторите според сферите на влијание врз туризмот, односно еко-туризмот. Така, во продолжение се разработени основните општествени, економски и социо-културни влијанија врз еко-туризмот и еко-туристите.

## 3.1 Општествени влијанија

Динамиката на модерното живеење и високиот степен на урбанизација, технолошката индустријализација и хроничниот недостаток на време сè повеќе го отуѓува човекот од природата. Повременото бегство во пределите со недопрена животна средина далеку од урбаните џунгли овозможува релаксација и одмор кој сè повеќе недостасува. Заштитата и зачувувањето на животната средина која е сè помала заради потребите за економски развој преку туризмот во дестинацијата често претставуваат жртва на преголемите потреби и брзиот профит.

Оваа појава се однесува на националните паркови, заштитените подрачја и другите природни вредности доколку масовно и неконтролирано се посетувани од страна на туристите. Масовноста во туризмот и концентрирањето на посетителите во популарни дестинации доведува до нивната неможност за одржливост од туристичка гледна точка. Во духот на одржливите принципи во туризмот кои Светската туристичка организација (UNWTO) ги дефинирала во 1988 година туристичката одржливост го дефинирале како приоритет во процесите на управување со расположливите ресурси. Економски, социјалните и естетските потреби треба да бидат задоволени со одржување на културниот интегритет, суштински еколошки процеси, биолошката разновидност и системите за одржување на животинскиот свет.

Токму од потребата од создавање на балансиран однос на туризмот кон животната средина и задоволување на потребите на туристите за патувања во нови дестинации, некогаш и по  неколку пати во текот на годината за доживување нови искуства далеку од урбаната гужва и стресот, произлезе концептот на еко-туризмот.

Еко-туризмот не претставува само престојување и движење во природата, туку инкорпорира различни облици на престој, истражување, едукација, активности како набљудување на птици (bird-watching), пеперутки, набљудување на облаци, набљудување есенски лисја (leaf watching tourism), едукативни работилници и многу други активности кои немаат негативно влијание врз животната средина и предизвикуваат интерес кај еко-туристите.

Треба да се направи јасна разлика помеѓу концептот на еко-туризмот и концептот на одржливиот туризам. Терминот еко-туризам се однесува на еден сегмент во рамките на секторот туризам додека принципите на одржливоста треба да се применат во сите туристички активности, операции и процеси, вклучувајќи ги како конвенционалните така и алтернативните форми на туризам.

За значењето на еко-туристичкото движење како алтернатива на масовниот и конвенционалниот (традиционалниот) туризам укажува и истражувањето кое е спроведено од страна на TIES (The International Ecotourism Society) според кое во Европа 25-30% од туристите го применуваат одржливиот туризам, додека 65% од германските туристи очекуваат зачувана природна средина во дестинацијата пред да ја посетат (Buĉar, et al., 2010).

Интересот за престој во дестинации кои изобилуваат со природни реткости во последната декада сѐ повеќе е нагласено и барано од туристите кои обрнуваат големо внимание за природата, културното наследство, традицијата, локалното население и неговата инволвираност во туризмот на дестинацијата. Движењето за зачувување на природните реткости и еко-туризмот и во иднина силно ќе влијаат врз мотивацијата на туристите да се одлучат да посетат одредена туристичка дестинација придржувајќи се на принципите и начелата на еко-туризмот.

Нашата земја која сеуште од туристички аспект располага со релативно зачувани природни вредности и ниско ниво комерцијализираност, може да претставува дополнителен предизвик за голем број на туристи да нѐ откријат и истражат. Потребно е внимателен развој на еко-туризмот базиран на реални и одржливи стратегии во

туризмот во интерес на руралниот туризам, едукација и градење на локалните интелектуални капацитети. Потребно е градење на долгорочни врски со локалното население и туроператорите, односно создавање на јасни државни стратегиски правци за развој на оваа форма на туристичка понуда.

### 3.1.1 Заштита на животната средина како фактор за развој на еко-туризмот

Заштитата на природата и животната средина претставува мултидисциплинарен пристап на решавање на најчестите проблеми (исчезнување на различни видови на флора и фауна, деградација и целосна девастација на одредени локалитети и региони), кое е предизвикано од неадекватен степен на развој кој трајно ја променува физиономијата на просторот и пројавува непоправливи штети врз биодиверзитетот. Во голем број на држави се уништени природните екосистеми на шуми, степи и мочуришта или се заменети со вештачки плантажи, фарми или урбанизирани населби од бетон и асфалт.

Поради индустријализацијата и човековиот брз економски развој први на удар се шумите како најсложени и најпродуктивни екосистеми, а овој процес во поголема или помала динамика сеуште продолжува што може да се види од намалувањето на тропските шуми во Амазон, Африка, Европа и делови на Азија. Целиот медитерански простор во минатото бил прекриен со шумски пространства за неконтролираната сеча низ вековите да влијае тој да се претвори во антропогена пустина и карпести предели. Истите случувања ја зафатиле територијата на Балканот и Р.С. Македонија кои располагале со густи шуми за денес да бидат редок пејзаж, најчесто сочувани само во националните паркови и заштитените подрачја. Неконтролираното сечење на шумите во нашата земја задал трајни негативни удари врз природата создавајќи нарушување на дестинациите во еко-туристички смисла.

Првите значајни чекори во зачувувањето претставува евидентирањето на загрозените видови на флората и фауната во таканаречените „Црни книги“ кои претставуваат научно-стручни публикации во кои се наведени сите типови на организми кои се под заштита според меѓународната скала за степенот на загрозеност. Според истата скала тие се поделени на:

- Видови пред истребување;
- Видови со опасност од истребување;

- Ранливи (осетливи) видови и
- Ретки видови.

Членот 34 од Законот за заштита на природата во Р.С. Македонија предвидува „Црвени книги“ и „Црвени листи“ во кои строго е направен регистар на дивите растителни, габни и животински видови кои се диференцираат согласно со следната категоризација на нивната загрозеност:

- Истребени видови;
- Загрозени видови од истребување;
- Загрозени видови;
- Ранливи видови и
- Ретки видови.

На ваков начин прецизно е создаден регистар на видовите флора и фауна кои се под ризик на истребување и нивната потреба од регулирана заштитата. Со овој закон се уредуваат условите за заштита на природата во Р.С. Македонија и се предвидуваат нивоата на заштита, како и начинот на управување со истите[54].

Заштитените простори во нашата земја претставуваат магнет за еко-туристите и љубителите на природата кои уживаат во нејзините благодети трудејќи се преку еколошките одмори да помогнат во нејзиното зачувување. Во дестинациите во Р.С. Македонија во кои се спроведе истражувањето во рамките на овој труд, неформалните интервјуа и систематско набљудување, може да се заклучи силно интегрирање на локалната заедница во еко-туристичките активности и негово нотирање како приоритет за локалниот економски развој. Трите национални паркови во Р.С. Македонија и започнатата правна процедура за Шар Планина за прогласување на четврт национален парк и зголемениот процент на површината на заштитени подрачја јасно укажува на интенцијата за зачувување на природата овозможувајќи услови за развој на еко-туризмот.

Законската легислатива која предвидува заштита на природата во Р.С. Македонија овозможува идеални услови за развивање на еко-туризмот и развој на голем број еко-туристички дестинации во кои можат да се откријат, видат, почувствуваат и вкусат природните вредности и недопрените еко-предели. Потребата од континуирано подобрување и зајакнување на локалната заедница во просторите кои се заштитени

[54] Службен весник 76/2004 година http://www.slvesnik.com.mk/

(еко-дестинациите), грижејќи се за одржливоста на дестинациите ќе претставува предизвик кој во иднина ќе биде поставен пред македонскиот туристички сектор. Законската легислатива на полето од екологијата и заштитата се прилагодува со преземањето на нови реформи во Законот за туристичка дејност со што се очекува да создадат услови за подобро развивање на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

#### *3.1.1.1 Форми на заштита на просторот*

Природата во Р.С. Македонија се одликува со голема разновидност на флората и фауната и претставува дел од диверзитетот на европското природно богатство. Токму најзначајните природни простори кои се всушност дел од европската природна разновидност се ставени под заштита. Првите заштитени подрачја во Р.С. Македонија датираат од далечната 1948 година кога се формирани националните паркови Маврово со вкупна територија од 73.088 хектари и Пелистер со површина од 10.400 хектари.

Според Законот за заштита на природата во членот 66 категоризацијата на заштитените подрачја се состои од вкупно шест различни категории. Тоа се следните:

- Строг природен резерват;
- Национален парк;
- Споменик на природата;
- Парк на природата;
- Заштитен предел и
- Повеќенаменско подрачје.

Мрежата на заштитени подрачја брои 86 подрачја кои зафаќаат вкупна површина од 229.900 ха, односно 8,94% од територијата на Р.С. Македонија. Најголем процент отпаѓа на националните паркови и на спомениците на природата.

Во „Емералд“ мрежата на подрачја од посебен интерес за зачувување од Р.С. Македонија се идентификувани 35 локалитети кои зафаќаат површина од 752.223 ха или 29% од нејзината територија[55].

Во изминатиот период површината на заштитени подрачја бележи пораст, односно уделот на заштитените подрачја во вкупната површина на Р.С. Македонија во 1990 година изнесувала 7,14%, за во 2017 година да се зголеми на 8,94%. Бројот на

[55] http://www.moepp.gov.mk/?page_id=4920

заштитени подрачја забележува пораст од регистрираните 67 подрачја во 1990 година, на вкупно 86 подрачја во 2017 година, од кои 67 подрачја припаѓаат на спомениците на природата и 12 на парковите на природата. За време на изготвувањето на докторскиот труд мрежата на заштитени подрачја се состои од 86 подрачја, чија вкупна површина изнесува 229.900 ха или 8,94% од територијата на Р.С. Македонија. Најголем дел претставуваат националните паркови со учество од 4,47%, потоа се спомениците на природа со приближно 3,07% учество и повеќенаменското подрачје Јасен со 0,97% од националната територија. Во наредните години главен предизвик ќе претставува проширувањето на територијата на заштитените целини во Р.С. Македонија со процентуално учество од 29% од вкупниот национален простор, предвидено според постојните стратешки развојни документи. Тоа ќе претставува уште еден важен фактор за идно развивање на еко-туризмот. Ваквиот развој на настаните силно би влијаел кон изготвување и имплементација на адекватни национални стратегиски планови кои на одржлив начин би го развивале еко-туризмот со што би се зајакнувал локалниот економски развој во државава.

*Слика бр. 17 - Национални заштитени подрачја*




*Извор: (http://www.moepp.gov.mk/?page_id=4920)*

Развивањето на овој селективен вид на туризам би значело силно брендирање на туристичките дестинации на полето од еко-туризмот во следната декада преку создавањето на атракции и услуги според барањата на туристите. Според истражувањата кои се спроведени за потребите на докторската дисертација шест региони во Р.С. Македонија имаат добри предуслови за еко-туристички развој бидејќи располагаат со еко-туристички потенцијали кои претставуваат база за создавање на атрактивна туристичката понуда. Исто така постои и доволна заинтересираност од страна на локалното население да биде интегрирано во ваквите процеси.

### *3.1.1.2 Карактеристики на националните паркови во Р.С. Македонија*

Туристичко-географскиот простор на Р.С. Македонија располага со уникатна релјефна композиција во која се испреплетуваат различните планини и нивните врвови, пештерите, езерата, дивечот, висорамнините, богатите и плодни низини, клисурите, долините со атрактивни водотеци и бројни останати геоморфолошки форми и облици.

Регистрирани се вкупно сто седумдесет и седум планински врвови во целата држава кои имаат надморска височина поголема од 2.000 метри, меѓу кои највисок е врвот Корабска Врата со надморска висина од 2.764 метри; десет поголеми низини со површина од скоро 8.000 км$^2$, како и композитна и атрактивна долина на реката Вардар. Атрактивноста на најголемата река во Р.С. Македонија (вкупна должина 388 км од кои 301 км се на територијата на Р.С. Македонија), се должи на нејзиното наизменично протегање низ клисурски делови и речните проширувања низ пространите зарамнети полиња (Талеска, 2009).

Благодарение на ваквите природни својства, планините во државава располагаат со поволни услови за развој на повеќе видови туризам. Планини кои се одликуваат со најизразени туристички својства се: Бистра, Шар Планина, Пелистер, Галичица и Малешевските Планини. На првите две од наведените планини се лоцирани едни од најатрактивните балкански зимско-спортски центри „Маврово” и „Попова Шапка”. Атрактивноста на планинскиот пејзаж, формите на глацијалниот, вулканскиот релјеф, бројните клисури и кањони, карстните облици, шкрапите, увалите, вртачите, пештерите и пропастите претставуваат доволен мотив за посета од страна на туристи и за развој на еко-туризмот.

Хетерогената релјефна структура на Р.С. Македонија игра значајна улога врз карактерот на климата и условува на релативно мал простор да постои нагласен диверзитет на климатските услови, особено голема испреплетеност на благата медитеранска и острата континентална клима. Просечната годишна температура изнесува 11,3$^{0}$C, додека просечната летна температура е 20,8$^{0}$C. Просечната влажност на воздухот изнесува 71,6 %, додека бројот на ведрите денови во текот на годината изнесува близу 90. Сето тоа дава извонредни можности за развој на летниот стационарен и на зимско-спортскиот туризам.

Биогеографските туристички потенцијали кои ги има во сите делови на Р.С. Македонија сеуште се недоволно проучени и валоризирани од аспект на туризмот. За развојот на туризмот, најкарактеристични се шумите чија вредност се состои во создавањето на пријатни микроклиматски услови, аерација на воздухот, регулација на влажноста на воздухот и поголема естетика на просторот. Шумите создаваат посебен колорит, свежина и се доминантни просторни структури кои претставуваат незаменлив медиум за одмор, рекреација и разонода.

Од туристички аспект важно е и постоењето на голем број ендемични и реликтни видови растенија и животни од кои може да се издвојат позначајните: петоигличестиот бор *молика* на падините на планината Баба; прочуените видови риба - охридската пастрмка и плашица (од чии крлушки се прави емулзијата со која се премачкува прочуениот охридски бисер и претставува тајна на само две охридски семејства); ендемичниот и мошне редок *рис* кој се сретнува во Националниот парк „Галичица”. Најголемиот дел од заштитените ретки растенија, животни и пејзажни целини се лоцирани во трите национални паркови: „Маврово” (73.088 ха), „Галичица” (22.750 ха) и „Пелистер” (10.400 ха).

Националниот парк Маврово се простира на вкупна површина од 73.088 хектари и е прогласен во 1948 година и воедно претставува најголемиот национален парк во Р.С. Македонија. Во рамките на националниот парк се протегаат планините: Кораб, Дешат, југозападните ограноци на Шар Планина, поголемиот дел на планината Бистра и северните делови на Крчин. Средишниот дел на националниот парк се протега низ долината и сливот на реката Радика и Мавровското Езеро кое е вештачка акумулација. Во границите на Националниот парк Маврово постојат над 52 планински врвови со надморска висина поголема од 2000 м од кои попознати се: Меденица на планината Бистра, Веливар, Сандакташ. Посебно значење за Националниот парк Маврово

пројавува врвот Голем Кораб (2764 м.н.в.) кој претставува највисока точка на заштитениот простор, но и највисок врв во Р.С. Македонија и. Најниската точка на паркот се наоѓа на 600 м.н.в. лоцирано на вливот на Мала Река во реката Радика[56].

Националниот парк Маврово се одликува со извонредно флористичко богатство, кое што се состои од над 1000 видови виши растенија, од кои 38 се дрвенести видови, 35 грмушки, а околу шеесетина се ендемични, реликтни или ретки видови.

*Слика бр.18 - Флора и фауна во Националниот парк Маврово*



*Извор: (https://npmavrovo.org.mk/)*

Националниот парк претставува класично наоѓалиште за 7 растителни видови, единствен простор во Р.С. Македонија за 12 ретки растителни видови, а во границите на паркот се сретнуваат уште и 33 видови растенија кои што се многу ретки на национално ниво. Фауната на Националниот парк Маврово исто така се одликува со значителна разноликост. Таа се состои од 140 видови птици, од кои позначајни се: сивиот сокол, орелот крстач, суриот (златен) орел, шумскиот ут, големиот був, ливадската еја, степската еја; 11 видови водоземци; 12 видови на влечуги и 38 видови цицачи. Од цицачите најважни се: мечката, рисот, дивокозата и дивата мачка. Во националниот парк е отворен и туристичко-информативен центар со следните цели:

- Помош на туристите при нивната посета на националниот парк и давање на основни и точни информации;

[56] http://npmavrovo.org.mk/

- Развој на туризмот во регионот и
- Промоција на регионот со сите негови убавини и туристички можности.

Националниот парк Маврово претставува најатрактивна и најразвиена туристичка дестинација споредено со останатите паркови во Р.С. Македонија. Имено, овој национален парк располага со најголем број на сместувачки капацитети, пред сѐ хотели со три, четири и пет ѕвезди, како и приватни сместувачки капацитети.

Сместувачките капацитети во рамките на НП Маврово се следните: Хотел „Бистра“, Хотел „Спорт“, Хотел „Лоџ“, Хотел „Срна“, Хотел „Алпина“, Хотел „Макпетрол“, Хотел „Фершпед“, Хотел „Радика“, Хотел „Туто“, Хотел „Неда“, Хотел „Голден Плејс“, Одморалиште „ЕЛЕМ“, „Вила Лазарески“, „Вила Ана Марија“, Апартмани „Сент Мориц“, Апартмани „Кристијан“, Апартмани „Клуб Гламур“, Апатмани „Мавровски Мерак“, Апартмани „Ростуше“, „Етно куќа Ангеловски“, Хотел „Калин“, сместувачки објект „Бабе и Деде“. Познатиот зимско-спортски центар „Заре Лазарески – Маврово“ кој е во рамките на НП Маврово овозможува да се етаблира како зимска туристичка дестинација, а во последниот петгодишен период сѐ повеќе туристи го посетуваат националниот парк и за адреналински и еко-туристички побуди. Во продолжение е графички преглед на бројот на странските и домашните туристи во последните пет години.

*Графикон бр. 17 - Туристи кои оствариле ноќевање во рамките на НП Маврово*




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ГОДИНА | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Странски Туристи | 7858 | 9302 | 8204 | 10636 | 12022 | 13235 |
| Домашни Туристи | 11220 | 10354 | 10179 | 10015 | 11288 | 12738 |
| ВКУПНО | 19078 | 19656 | 18383 | 20651 | 23310 | 25973 |

*Извор: http://makstat.stat.gov.mk/*

Од податоците дадени во графиконот број 17 може да се утврди со забележителен раст на посетеноста на туристите во НП Маврово, посебно на домашните туристи во 2018 и 2019 година што следи после неколкугодишната стагнација и следен од странските туристи. Тоа овозможило пораст од 36% на вкупниот број туристи во 2019 година споредено со првата анализирана година (2014 г.). Порастот кој се забележува во последниот двегодишен период се должи на сè поголемиот фокус на еко-туристите пред сè кон планинарењето, планинското пешачење и планинскиот велосипедизам, што е овозможено со обележувањето на нови патеки во должина од над 500 километри. Во истражувањата кои се извршени за потребите на докторската дисертација и неформалните интервјуа со директорот на НП Маврово, како и со вработените во инфо-центарот на паркот, се дошло до заклучок дека постои изразена поврзаност помеѓу креирањето на новите туристички атракции и зголемувањето на туристичките посети и остварените ноќевања. Развојот на еко-туризмот јасно е изразен со зголемувањето на бројот на ноќевања од страна на домашните и странските туристи, како и зголемувањето на просечниот престој во дестинацијата. Видливи се ефектите од воведувањето на нови туристички атракции со поставена сигнализација во 2019 година. Една од најважните туристички атракции претставуваа карпите за качување кои беа ставени во функција од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот со што се привлекува поразлична група на туристи. Новите атракции во НП Маврово овозможуваат зголемена атрактивност за посета во текот на целата година, намалувајќи го со тоа негативните ефекти на изразената сезоналност и промена на перцепцијата за дестинацијата за зимско-спортски активности во дестинација за алтернативни и одржливи форми на туризам.

*Графикон бр. 18 - Остварени ноќевања на странски и домашни туристи НП Маврово*




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ГОДИНА | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Странски Ноќевања | 17.114 | 19952 | 17787 | 19683 | 21823 | 26142 |
| Домашни Ноќевања | 20856 | 16951 | 14880 | 19060 | 21652 | 24205 |
| ВКУПНО | 37.970 | 36.903 | 32.667 | 38.743 | 43.475 | 50.347 |

*Извор: (http://makstat.stat.gov.mk/)*

Истата тенденција на раст во последните години се случува и во поглед на остварените ноќевања кои бележат пораст од 32,6% во 2019 година, во однос на 2014 г. Распореденоста на ноќевањата по месеци е нешто порамномерна споредено со годините наназад. Тоа значи дека сезоналноста се намалила што е резултат на овозможените инвестиции на полето на еко-туризмот, а со тоа и имплементирање на бројни еко-туристички активности во последните години на овој простор. Инвестиционите активности се насочени кон трасирање на нови скијачки патеки, уредување и маркирање на нови велосипедски и планинарски патеки, воведувањето на нови гастрономски специјалитети во угостителската понуда, креирање на нови сместувачки капацитети. Ваквите проектни активности се овозможени со преземањата од страна на Светска банка, унапредената промоција на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, како и со подобрата меѓугранична соработка со Република Албанија во рамките на ИПА-проектите.

Планинските патеки кои се обележани според Законот за патеки во должина од 500 километри се класифицирани на лесни, средно тешки, тешки патеки, мапирани и ГПС координати, а податоците можат да се најдат на официјалната интернет страна на Националниот парк Маврово[57]. Туристите и посетителите на националниот парк можат да добијат информации за вредностите со кои просторот располага преку бројните

[57] https://npmavrovo.org.mk/

промотивни и информативни материјали кои ги споделува инфо-центарот. Националниот парк нуди и услуги на сертифицирани водичи за различни типови на тури, а посебно значајни се турите поврзани со еко-туристички активности. Ваквите професионални водичи одлично го познаваат теренот со што на еко-туристите им овозможуваат да уживаат во природните предели, фото-сафарито, набљудувањето на птици, посета на руралните стопански објекти (како на пример бачилата), како и едукација за флората и фауната присутна во националниот парк.

*Шема бр. 7 - Планинска патека во НП Маврово*

| Име на патеката | Скратен назив | Локација - протегање на турата | Должина | Вкупна денивелација | Потребно време за минување | Тежина на патеката | Подлога |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Инфо Центар - Врв Кожа - Врбен**<br>**Info point - Peak Koza - Vrben** | **MK 1** | Mount Koza, area of Mavrovi Anovi | 11 км | 800 м | 3 - 5 h | Лесна<br>Easy | Земја<br>Soil |
| Name of the trail | Short name | Extend | Length | Total elevation | Time | Difficulty | Ground foundation |




*Извор: (https://npmavrovo.org.mk/ пристапено 22.02.2020 година)*

Планинските патеки се комбинираат со други атракции, а најчесто истите водат до одредени рурални населби во кои туристите може да консумираат локални гастрономски производи (мавровско сирење, качамак, мавровска пита, мавровски мед). Една од атрактивните услуги кои им се нудат за туристите претставува можноста за јавање на коњи и прошетките во околината на село Галичник и прекрасни видиковци со поглед на Мавровското и Дебарското Езеро. Еко-туристите сè повеќе се заинтересирани за локалните манифестации и во голем број ја посетуваат *Галичката свадба*. Тоа било причина во последните години да се креираат и уредат одреден број на приватни сместувачки капацитети. Неизбежни локалитети за посета од страна на еко-туристите претставуваат манастирот св. Јован Бигорски, водопадите на Дуф, реката Радика и краците на римскиот пат Виа Егнација.

Пештерата Шаркова Дупка е откриена пред повеќе од три децении од страна на локалното население. Оваа подземна геолошка варовничка форма ја красат сталактити, сталагмити прекриени со корали, сливови, драперии и останат пештерски накит, што ја прават оваа пештера мошне атрактивна од туристички аспект. Бидејќи почвата е богата со железо, повеќето од украсите се со карактеристична црвеникаво-кафеава боја. Во Шаркова Дупка може да се сретне разновиден животински свет: лилјаци, пајаци, гуштери, разни видови инсекти. Пештерата е отворена за посета на организирани групи и претставува идеална локација за организирање на едукативни еко-туристички екскурзии. Посетата во пештерата може да трае до 40 минути, во зависност од структурата и големината на групата[58].

*Слика бр.19 - Пештера Шаркова Дупка - НП Маврово*



*Извор:( https://npmavrovo.org.mk/)*

Создавањето на нови атракции во НП Маврово со уредување и маркирање на велосипедски и планински патеки, обезбедување и обележување правци за качување по карпи, јавање со коњи, рекреативно скијање, набљудување на птици, претставуваат развојна компонента на еко-туризмот што води до видливи резултати, односно зголемена посета и остварени ноќевања на туристите. Намалувањето на сезоналноста во дестинацијата и развивањето пред сè на активните форми на туристичка понуда овозможуваат локалното население активно да биде вклучено во понудата преку водичи во планина, отворање на нови услужни работилници за велосипеди, продажба и

[58] http://npmavrovo.org.mk/?page_id=279

изнајмување на планинарска опрема. Ваквите активности пројавуваат директни економски ефекти за локалната заедница и подобрена финансиска клима.

Националниот парк Пелистер е првиот прогласен на територијата на Р.С. Македонија во далечната 1948 година распространувајќи се помеѓу двете котлини - Преспанската и Пелагониската, со површина од 10.400 хектари. Тој опфаќа дел од планината Баба со највисокиот врв Пелистер (2.601 метри), додека постојат и други врвови со надморска висина од над 2.000 метри. Паркот располага со голем број на антропогени и природни вредности кои имаат особено значење за туризмот.

Познатиот германски фитогеограф August Grisebach е првиот ботаничар кој ја посетил оваа планина (1839 година), притоа открил и опишал неколку нови, дотогаш непознати растителни видови за науката, кои се објавени во неговата позната студија „Spicilegium florae Rumelicae et Bithynicae" (1843-44 г.), каде за прв пат се наведуваат флористички податоци за планината Пелистер и општо за територијата на нашата земја.

Посебно значење зазема моликата (Pinus peuce Grisebach), која образува пространи и биолошки витални популации во висинскиот распон од 700 – 2200 м.н.в. Моликата претставува флористички заштитен знак на националниот парк. Интересот за флората на оваа планина во минатото и денес е присутен кај голем број странски и домашни ботаничари - флористи и фитоценолози.

Националниот парк Пелистер располага со сместувачки капацитети од типот на хотели и приватно сместување кои се категоризирани, но постојат и голем број на некатегоризирани сместувачки капацитети кои вршат угостителско-туристичка дејност. Од категоризираните сместувачки капацитети во границите на националниот парк единствено е Хотел „Молика" додека останатите сместувачки капацитети се лоцирани надвор од границите на НП Пелистер. Сместувачки капацитети кои граничат со НП Пелистер се: Хотел „Шатори", „Шумски Фенери", Детско одморалиште, Хотел „Горско", „Вила Дихово", како и неколку планинарски домови и планински куќи кои не се во најдобра состојба за туристичко сместување по одредени стандарди.

Релевантни статистички податоци за бројот на туристи кои го посетуваат националниот парк и остваруваат ноќевања не се застапени во Државниот завод за статистика. Општина Битола нема расположливи податоци за туристите и остварените ноќевања во Националниот парк Пелистер бидејќи не располага со регистар на приватни сместувачки капацитети. Недостатокот на релевантни статистички податоци

оневозможува вршење на подетална анализа за движењата на туристите и нивните интереси. Во теренското истражување и неформалното интервју со менаџерскиот тим на Хотелот „Молика“ се добија податоци за остварените ноќевања за последниот петгодишен период. Прибрани се релативно голем број на информации кои се однесуваат за интересите на туристите кои го посетија националниот парк. Во оваа смисла, интересите на туристите првенствено се однесуваат на користење на велосипедските и планинските патеки, учество на едукативните работилници за флората и фауната, набљудувањето на птици, пешачење по историските патеки од Првата Светска Војна. Ова помогна во формирање на понудата за еко-туризам во НП Пелистер. Планинските и велосипедските патеки мотивираат голем број на туристи да го посетат НП Пелистер што претставуваше генерален заклучок од изведените интервјуа и од добиените податоци од управата на Хотелот „Молика“ за пребарувањата на нивната интернет страница на која се нудат голем број на атракции и туристички содржини. Во продолжение се презентирани податоците за остварените ноќевања во периодот од 2014 до 2019 година.

*Графикон бр. 19 - Остварени ноќевања 2014-2019 година во Хотелот Молика*




*Извор: Статистички податоци од Хотел Молика*

Зголемувањето на ноќевањата во Хотел Молика во последниот двегодишен период се поврзува со воведувањето на новите туристички содржини и зголемениот интерес од страна на туроператорите за понудување на еко-туристички содржини во своите

аранжмани. Еко-туристичките содржини пројавуваат влијание за продолжување на престојот во дестинацијата и претставуваат значајна развојна компонента на НП Пелистер.

Националниот парк Пелистер располага со инфо-центар во кој туристите и посетителите може да ги добијат сите потребни туристички информации, во кој се даваат и препораки за движење низ паркот. Националниот парк располага со сопствена ренџерска служба и планински водичи кои се грижат за посетите на туристите и изведување на организираните групи од туроператорите.

Во рамките на НП Пелистер постојат поголем број на обележани планински патеки според Законот за планински патеки, поставени инфо-табли, мапи и ГПС координати, и мобилна апликација кои активно се користат од голем број на туристи и љубители во природата. Планинските патеки во должина од над 600 километри им овозможуваат голем избор на туристите за движење низ паркот, но препорачливо е притоа да ангажираат локален планински водич поради специфичноста на релјефот и безбедноста.

*Слика бр.20 - Пешачки патеки низ НП Пелистер.*



Велосипедските планински патеки кои се користат од страна на љубителите на адреналинот и возбудата располагаат со сите потребни стандарди. Еко-туристите организираат голем број на едукативни работилници за специфичните видови флора и фауна кои се сретнуваат и проучуваат во Националниот парк Пелистер. Формите на фото-сафари, набљудувањето на птици се поретко застапени, а паркот треба посериозно да се зафати со развивање на еко-туристичките услови и вложувања во алтернативните форми на туризам. Во последниот период изостануваат нови

вложувања во инфраструктурата, сместувачките капацитети, обновување на сигнализацијата на планинските и велосипедските патеки, уредување на локациите за фото-сафари, набљудувањето на птици, додека туристичката промоција на НП Пелистер треба да се унапреди. Во Планот за управување со Националниот парк Пелистер (кој претставува потенцијално подрачје *Натура 2000*) многу малку се дава акцент на туризмот, пред сè на селективните форми во кои спаѓа и еко-туризмот. Според Стратегијата за локален економски развој на Општина Битола туризмот е насочен кон градот без јасна визија за можностите на НП Пелистер и неговото позитивно влијание врз туристичкиот сектор на целата општина и Пелагонискиот плански регион.[59]

Националниот парк Галичица се протега на површина од 25.000 хектари опфаќајќи делови од планинскиот масив Галичица, со крајбрежните простори на Охридското и Преспанското Езеро. Моменталниот статус на НП Галичица е донесен во далечната 1958 година и располага со исклучително богат и единствен растителен свет евидентирајќи повеќе од илјада растителни видови. Од регистрираните видови 176 ја претставуваат дрвенестата флора што претставува 58,4% од македонските автохтони дрвенести видови. Од посебно значење за заштитата претставува присуството на голем број реликти за кои Галичица во минатото често претставувала место каде наоѓале засолниште пред налетот на ледените периоди за време на глацијацијата. Од нив најзначајни се оние кои потекнуваат од плиоценот и успеале да ги преживеат четирите ледени периоди на плеистоценот.

Во националниот парк застапени се 171 вид на ‘рбетници не вклучувајќи ги рибите, од кои 10 видови водоземци, 18 видови влекачи, 124 видови птици и 19 цицачи. За напоменување е присуството на дивата коза, рисот и мечката од цицачите кои се реткост во останатите делови на Европа, потоа големиот и малиот корморан, како и пеликанот од птиците кои природно го населуваат Преспанското Езеро и островот Голем Град. Разновидноста на флората и фауната во националниот парк претставуваат мотив на еко-туристите за посета и подолги престои заинтересирани за фото-сафари, набљудување на птици, планинарење.

[59] http://www.bitola.gov.mk/

*Слика бр. 21 - Мапа на Националниот парк Галичица*



Во Националниот парк Галичица се лоцирани бројни културно-историски споменици со големо историско и уметничко значење и се исто така причина за посета од страна на туристите. Спомениците на културата во паркот, покрај бројноста се карактеризираат и по голема разновидност поделени на неколку групи: традиционална архитектура, археолошки локалитети, цркви и манастири (вклучувајќи ги ранохристијанските базилики и пештерните цркви), етнографско наследство и останати споменици.

Еден од локалитетите во паркот, кој по своето значење спаѓа меѓу позначајните, не само во рамките на паркот и во регионот, туку и пошироко, претставува строго заштитеното подрачје - островот Голем Град

*Слика бр. 22 - Извори Св. Наум Национален парк Галичица*



*Извор: (http://galicica.org.mk/)*

Од групата цркви и манастири, на територијата од националниот парк регистрирани се следните споменици: византиски стил на архитектура со живопис од европско значење - црквата „Св. Богородица Захумска" (од 1361 година). На црквата се извршени конзерваторски интервенции достапна за посетители, додека во селото Велестово се наоѓа црквата „Св. Богородица" која е од XV век. Од постојните пештерни цркви во границите на националниот парк дел се заштитени: Црквата „Св. Богородица" во с. Пештани од XIV век, Црквата „Св. Богородица" во авто-кампот Градиште, Црквата „Св. Стефан" во истоимената населба која потекнува од средината на IX век и располага со конзервиран живопис. Пештерните цркви кои сеуште не се ставени под заштита се следните: Црквата „Св. Петар и Павле" на Преспанско Езеро, во близина на границата на Р.С. Македонија со Република Албанија, Црквата „Св. Петка", помеѓу с. Стење и с. Коњско лоцирана на карпите на брегот на Преспанското Езеро, Црквата „Св. Илија" близу с. Трпејца која е од XIV век.

Националниот парк Галичица располага со голем број на пешачки и велосипедски патеки кои се протегаат во должина поголема од 500 километри поделени во три групи: полесни и пократки патеки, потешки и подолги патеки и потешки патеки на гребени повисоки од 1.600 метри. На територијата на НП Галичица постојат уредени места за пикници и излети, означени видиковци и информативни табли за геологијата, флората и фауната. Може да се каже дека постои релативно добра туристичка инфраструктура од ваков вид. Најзначајните туристички атракции кои се посетуваат од страна на еко-туристите претставуваат врвот Магаро, островот Голем Град и

локалитетот и манастирот Св. Наум, додека за помали групи на еко-туристи атрактивни се локалитетите Симонческа Локва, Локва Асанџура, Црвена Локва и Локва Џафа. За љубителите на екстремните спортови и трагачи за адреналин се нудат услуги на летање со параглајдер во тандем и индивидуално на двете локации за полетување (полетни платформи) Поглед и Баба.[60]

На територијата на паркот се лоцирани неколку пештери за кои е потребно туристички да се валоризираат со што би се зголемила понудата за љубителите на оваа форма на активности (спелеолошки еко-туристи). Туристите кои го посетуваат националниот парк генерираат значителни финансиски средства со што се овозможува годишно финансирање на работењето на националниот парк (за 2019 година).

Почитувајќи ги принципите на кои е базиран еко-туризмот, националните паркови имаат потреба од фокусирање на следните фактори за постигнување на одржливо работење:

- Строга контрола на посетителите во одредените зони на заштита со цел да се предизвикаат минимални штети на локациите и намалување на одлагањето на отпадот кој произлегува од големата концентрација на посетителите во еколошко осетливите дестинации;
- Определување на активностите кои се дозволени во националните паркови и утврдување на правила за однесување на посетителите и на локалното население и
- Прилагодување кон системите за планирање и јасен план за управување со националните паркови за развивање еко-туризам.

Класификацијата на заштитените подрачја IUCN (International Union from Conservation of Nature) овозможува да биде оценета компатибилноста помеѓу различните нивоа на заштитени појаси и еко-туризмот. (Weaver, 2001)

[60] http://www.galicica.org.mk/

*Шема бр. 8 - Компатибилност на туризмот и еко-туризмот во различните нивоа на заштита според категоризацијата на IUCN*

Висока компатибилност




S - Soft ( мек)

H - Hard (тврд)

O- друг туризам

Нема компатибилност

*Извор: (https://www.iucn.org/)*

Шемата погоре претставува општа оценка при што се зема во предвид „мекиот“ (Soft) и „тврдиот“ (Hard) еко-туризам и останати видови на туристички активности во зоните на заштита во националните паркови. Конвенционалните туристички активности се компатибилни со заштитените подрачја со означување на повисоки броеви (помала заштита) во кои на туристите име се дозволени голем број на активности. Кај еко-туризмот и неговите два основни типа („мек“ и „тврд“) состојбата е многу посложена. „Мекиот“ еко-туризам не е компатибилен со подрачјата со високо ниво на заштита (категорија I и II) во националните паркови, туку е соодветен за подрачјата со понизок степен на заштита (категорија III и повеќе). Доколку се погледнат и другите зони на заштита во националните паркови „мекиот“ еко-туризам станува повеќе компатибилен со намалувањето на степенот на заштита. Од друга страна, „тврдиот“ еко-туризам пројавува висока компатибилност со зоните на строга заштита (категории I и II). Компатибилноста потоа опаѓа во зоните со помал степен на заштита во рамките на националните паркови. Тоа произлегува од можноста за изразена модификација на содржините кои се дозволени да се вршат од страна на туристите. Генерално, ниското ниво на компатибилност со првите три категории на заштита произлегува поради високото ниво на забрани и ограничувања за изведување туристички активности. Ниската компатибилност на останатите три категории на заштита е поврзано со ниската мотивираност од страна на еко-туристите за окружувањето и пејзажот. Во националните паркови не постои стриктна забрана за практикување на „мекиот“ и

„тврдиот“ еко-туризам, но условите на заштитата и атрактивноста ги одредуваат можностите за нивна примена.

Трите национални паркови во нашата земја изобилуваат со атракции за потенцијалните еко-туристи кои сè повеќе се заинтересирани за можностите од посета и можноста за откривање нови вредности и искуства. Регионалните и глобалните практики на управувањето со националните паркови на полето од еко-туризмот овозможуваат одржливост и сè поголемо фокусирање кон создавањето на нови атракции кои ќе генерираат поголеми финансиски придобивки. Секоја година сè поголем број на туристи во регионот ги посетуваат националните паркови кои се адаптираат и создаваат содржини според побарувачката на туристите (најчесто еко-туристите). Интересот за националните паркови во Р.С. Македонија сè повеќе се зголемува, но недостасува јасен план за нивно управување од еко-туристички аспект кој ќе овозможи унапредување на развојот и заштитата на флората и фауната.

Еко-туризмот може да претставува носител на туристичката понуда во националните паркови за што се потребни јасни стратегиски насоки имплементирани во плановите за управување со овие јавни установи. Креирањето на нови атракции за еко-туристите треба да биде надополнето со ангажирање и распоредување на соодветен и стручен кадар за да се презентира богатството на флората и фауната со кои изобилуваат националните паркови во Р.С. Македонија. Спроведените истражувања во рамките на овој докторски труд јасно ја потенцираат улогата на националните паркови во развојот, применувањето на еко-туризмот и неговите можности за развој на територијата на Р.С. Македонија. Со зголемениот интерес за еко-туризам, се јавува и потребата за креирање на еко-сместување, хотели со зелени маркички во категоризацијата, понудување на локална кујна, со цел да се зголеми посетеноста од страна на еко-туристите. Покрај законските подобрувања на полето од еко-туризмот во Р.С. Македонија се наметнува и потребата за туристичка валоризација во националните паркови (во смисла на еко-туризмот) што претставува круцијална развојна компонента на ваквите заштитени простори.

*3.1.1.3 Капацитети за туристичка активност во заштитените подрачја*

Современите трендови во туризмот бележат континуиран пораст на интересот за заштитените подрачја кои често се лоцирани во неразвиените рурални простори претставувајќи одлична можност за еко-туристички активности. Според дефиницијата за заштитени подрачја на Меѓународната унија за зачувување на природата (International Union for Conservation of Nature) тоа претставува јасно дефинирано подрачје кое е признато и управувано со цел трајно да се заштити целокупната природа, услугите на еко-составот и културните вредности кои припаѓаат во заштитеното подрачје[61].

Во Р.С. Македонија се наоѓаат четири природни резервати што се заштитени со закон во кои под одредени услови можат да се развиваат еко-туристички форми како вид на туристичка понуда.

Заштитеното подрачје - парк на природата „Езерани“ е лоциран долж северниот брег на Преспанското Езеро помеѓу селото Асамати и населбата Сир Хан во Преспа и е прогласено за Строг природен резерват од страна на Собранието на Република Македонија во 1996 година. Според Законот за прогласување на локалитетот „Езерани“ на Преспанското Езеро за Парк на природата, тоа се случило на 17.02.2012 година, што било во согласност со Законот за заштита на природата. „Езерани“ е заштитено подрачје од четврта категорија, со површина од 1.917 хектари, од кои 1.066 ха се на копно, додека 851 ха претставува водна површина. За управување со ПП Езерани е назначена општината Ресен која треба да го интегрира во туристичката понуда на општината, одржливо да го развива и да ги искористи потенцијалите за еко-туризам кои треба да бидат мотор на локалниот економски развој[62].

Од досега регистрираните 216 видови птици приближно половина од нив се поврзани со водените живеалишта чија заштита е во фокусот на прогласувањето на Паркот на природата „Езерани“ во 2012 година. Овој простор располага со повеќе од 1500 видови на растенија и животни што претставува одлична дестинација за развој на „тврдиот“ еко-туризам кој е применет во подрачјата со строга заштита во националните паркови.

Овој парк на природата располага и со добро развиена инфраструктурна мрежа на еко-патеки, велосипедски патеки по строги еко-стандарди, еко-брод, пловила за кајакарење

[61] https://www.iucn.org/
[62] http://www.resen.gov.mk „План за управување 2012-2021 на ПП Езеране“

во мирни води, платформи - набљудувачници набљудување за птици и фото-сафари, нудејќи одлични услови за развивање на еко-туризмот. Во спроведените неформални интервјуа со ренџерската служба и раководителите во „Езерани“ се потенцира интересот на странските туристи за посета и практикување на еко-туристички форми поврзани со фото-сафари активности, набљудување на птици, работилници за едукација на флората и фауната. Со својата убавина, пејзажот, содржината на флората и на фауната ПП Езерани и просторот на Преспа нуди голем дијапазон на можности за креирање атрактивна туристичка понуда, односно развивањето на алтернативни форми на туризам кои сè повеќе се нудат од туроператорите за еднодневните екскурзии. Една од најпосетените туристички атракции во Преспанското Езеро претставува островот Голем Град кој е најпосетуваната атракција од страна на еко-туристите.

*Слика бр.23 - Парк на Природата „Езерани“*



*Извор: (https://lakes.mk/)*

Паркот на природата „Езерани“ не располага со населени места на својата територија, но околу истиот гравитираат десет селски средини со вкупен број од 1.736 жители чија приоритетна стопанска активност претставува земјоделието. Слабо развиената мрежа на сместувачки капацитети во овие населени места и недостатокот на содржаен регистар за нивна категоризација (пред сè поради нерешени и комплицирани имотно-правни односи) претставува сериозен проблем за подолги престои на организирани групи туристи. Одличните услови кои ги нуди „Езерани“, но и Преспанскиот простор

во целост, за развој на еко-туризмот, треба да бидат надградени и унапредени со интегрирање на локалното население но неговиот развој.

Во предвидениот План за управување со ПП „Езерани“ треба јасно да се оцртаат неговите можности за развој на еко-туризмот, а таквите приоритети треба да се поставаат високо во вкупниот развој на туризмот. Идеалната местоположба на ПП „Езерани“, но и на окружувањето во целост, како и планираното отворање на граничниот премин Маркова Нога треба да овозможи зголемување на бројот на посетители и создавање на дополнителни развојни перспективи за проектни активности, а со тоа и заживување на локалниот социо-економски развој.

Резерватот „Тиквеш“ се простира на површина од вкупно 10.650 хектари во јужниот дел на Тиквешко Езеро и поблиското окружување. Резерватот располага со вкупно 9.700 хектари водена површина и 950 хектари копнена, во кои се присутни живеалишта на 39 различни видови птици грабливки. Резерватот е прогласен за заштитено подрачје во јули 1997 година и претставува идеално место за развивање на одредени форми на еко-туристичка активност од кои набљудувањето на птици и фото-сафарито се најмногу преферирани од страна на посетителите. За оваа намена во рамките на резерватот се изградени неколку набљудувачници за птици, изградени од природни материјални.

Во Студијата за ревалоризација на природните вредности на заштитеното подрачје - Строг природен резерват „Тиквеш“, изработена во 2010 година моменталната состојба со туризмот е оценета како слабо развиена. Околу заштитеното подрачје „Тиквеш” недостасуваат капацитети за туризам и рекреација, со исклучок на дивоизградените викендички кои се изградени по целото крајбрежје на езерото. Единствен новоизграден капацитет претставува рибникот изграден во с. Дабниште кој располага со ресторан, 5 двокреветни соби и еден апартман. Изградените викендички надвор од заштитената зона во викенд населбите Брушани, Ресава, Модра Стена, Брана и Голеш претставуваат добра основа за развој на одржливи форми туризам, со потребна надградба на постоечката инфраструктура.[63] Според податоците кои се добиени од страна на Секторот за локален економски развој на Општина Кавадарци, во делот на крајбрежјето постојат викендички од кои само осум објекти се категоризирани кои располагаат со 18 двокреветни соби и два апартмани. Меѓутоа, недостасува евидентирањето на бројот на туристи кои престојуваат во нив. Се смета дека ваквите

[63] http://www.moepp.gov.mk/

туристи најчесто доаѓаат поради риболовни активности, но истите не се организирани во групи, туку се во форма на индивидуални посетители и со релативно краток престој за време на викендите. Постојните посети кои се реализираат од страна на еко-туристите и љубителите на алтернативните форми на туризам незначително влијаат врз локалниот економски развој и локалната заедница.

Во рамките на истражувањата кои се спроведени за потребите на Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје се истакнува високиот процент од 64% од локалното население кое потврдно одговорило за нивната запознаеност со одржливиот/селскиот туризам. Висок процент од 88% на населението кое покажало интерес за развој на ваков тип туризам, ги детектирале приоритетите во дестинацијата поврзани со инфраструктурата и потребната поддршка од страна на локалната самоуправа. Оваа јасна определба и спремност на локалната заедница за прифаќање на еко-туризмот како развојна компонента влеваат оптимизам за имплементирање на алтернативниот туризам, односно еко-туризмот, за кои постојат извонредни предуслови. Искуствата кои се добиени од терен и извршените интервјуа со локалната заедница од заштитеното подрачје „Тиквеш“ се истакнува сè поголемата посетеност од страна на научни експерти и професионалци што е во согласност со принципите за развој на „тврдиот“ еко-туризам за научни цели. Поради атрактивноста и недоволната проученост на одредени животински видови, како што е белоглавиот орел, интересот за нивното набљудување и фотографирање на нивните природни живеалишта е сè поизразен кај еко-туристите

*Слика бр. 24 Белоглави орли во заштитеното подрачје „Тиквеш“*



Набљудувањето на птици претставува форма на еко-туризам која сè повеќе се развива во светски рамки како посебно туристичко движење и генерира сè поголем број на туристи - експерти од оваа област. Голем број на вљубеници во недопрената природа и пред сè во руралните средини, заштитените подрачја и националните паркови, со оваа активност го практикуваат „тврдиот“ еко-туризам и неговите принципи. Во глобални рамки постојат голем број здруженија и професионални водичи за набљудување на птици каде покрај основните елементи на услугите, се споделуваат и информации, видови и ревири, нивните живеалишта и фотографии. [64].

Голем број на интернет страници на Балканот го третираат набљудувањето на птици која релативно брзо со мали инвестиции може да се практикува во заштитените подрачја. Градењето на потребната инфраструктурна мрежа од набљудувачници, еко-патеки, кајаци и вклучувањето на локалното население, треба во иднина да биде приоритет на општинските власти и невладиниот сектор. Покрај постоењето на идеални природни услови во оваа сеуште недоволно откриена туристичка дестинација, потребно е да се унапредат ваквите состојби со веќе утврдени стандарди за управување, одржлив развој и заштита на флората и фауната во дестинацијата.

Резерватот „Локви“ е лоциран во близина на селото Големо Коњари, во Општина Прилеп, претставува последен остаток од некогашното пелагониско блато. Во резерватот се сретнува ендемскиот вид на вилинското ракче со единственото негово живеалиште во светски рамки. Резерватот се простира на 25 хектари со специфична карактеристика на соленост на почвата. Освен живеалиштето на вилинското ракче, во трите бари на локалитетот „Локви“ во реонот на селото Големо Коњари, прилепско, се евидентирани уште 50 други животински видови од кои 16 се регистрирани во Европската книга на природни реткости. Покрај неговата исклучителна важност од научен аспект целиот простор на резерватот е слабо означен со информативни туристички патокази, патна сигнализација и пристапни патеки. Изостануваат податоци за неговата посета, индивидуални и организирани посети, капацитети кои се во близина и слично. Тоа ја налага потребата од соодветна туристичка валоризација на резерватот „Локви“

[64] www.rspb.org.uk

*Слика бр. 25 Мочуриште во резерватот „Локви“ во село Горно Коњари - прилепско*



*Извор: (https://www.google.com/)*

Поради неговото научно значење и уникатност потребно е негово ставање во функција на еко-туризмот со создавање на услови за развивање на овој концепт. Изработувањето на туристичка валоризација и истражувачките активности за еко-туристички развој, покрај заштита и активно користење на природните услови ќе овозможи и поголем финансиски ефект за локалната заедница. Со зголемената посета ќе се создаде и потребата за соодветни сместувачки капацитети. Потребата за сериозно туристичко третирање на заштитено подрачје „Локви“ ќе придонесе за дополнителна негова заштита која е наметната со концептот на еко-туризмот, односно неговата „тврда“ компонента. Така, ќе се создадат услови за развој на заштитеното подрачје што од своја страна би значело и зголемен локален економски развој и поголема вклученост на локалната заедница.

Природниот резерват „Плоче Литотелми“е лоциран на два километри од селото Страцин, во Општина Кратово. Локалитетот е значаен поради живеалиштата на ретки ендемските видови ракчиња зафаќајќи 23,2 хектари познат веќе во научната и стручна јавност, но недоволно на туристичката и пошироката јавност. Во стручната литература недостасува обработка на резерватот од туристички аспект и негово валоризирање. Посетите се најчесто базирани на научни или факултативни посети без организирани туристички посети од страна на туристи кои практикуваат еко-туризам. Недостасува подобра означеност, инфраструктура за туристички посети, стручна служба, поради што ова подрачје не може да биде сериозно понудено на туристите. Покрај видните

можности за развој на еко-туризам потребни се поголеми вложувања во инфраструктурни проекти кои ќе ги подобрат условите за заштита на природниот резерват, како и регулирање на посетите фокусирајќи се на одржливост на дестинацијата.

И покрај неспорниот факт дека постојат значајни потенцијали и предуслови за развој на еко-туризмот во заштитените подрачја на територијата од Р.С. Македонија, туристичките активности сеуште се ограничени. Недостатокот на елементарни предиспозиции на туристичка инфраструктура не ги намалува идеалните природни услови за развој на еко-туризмот во заштитените подрачја. Потребно е да се изврши содржајна туристичка валоризација која на интегриран начин ќе овозможи јасни насоки за иден развој на заштитените простори, создавајќи услови за инвестициски преземања во доменот на еко-туризмот. Развојот на еко-туризмот ќе овозможи заштита на биодиверзитетот во заштитените подрачја, како и подигнување на свеста кај локалното население за потенцијалите на еко-туризмот и неговата улога во интензивирањето на локалниот економски развој. Активното учество на локалната власт и невладиниот сектор ќе креираат услови за аплицирање и реализација на голем број проекти за развој на одржливи форми на туризам, поддржано од страна на домашни и странски донатори.

### 3.1.2 Невладини организации и еко-туризмот

Невладините организации (НВО) се важни учесници во туристичкиот развој во функција на обезбедување дискусии, дебати и влијанија. Во однос на еко-туризмот нудат можности за комуникација со голем број на заинтересирани страни. Овие организации можат да послужат како движечка сила за вмрежување на сите чинители во полето на еко-туризмот.

Невладините организации можат да играат многу различни улоги во реализацијата на еко-туризмот: директна (како програмски менаџери или одржувачи на делови од подрачјето) и индиректна (како обучувачи, советници, бизнис партнери со компании од еко-туризмот или заедници). Во исклучителни околности тие може да претставуваат и даватели на еко-туристички услуги.

Можат да се сретнат неколку различни видови на невладини организации. Профитни туристички асоцијации кои се состојат од приватните туроператори, авиопревозници и

хотелиери. Еко-туристичките асоцијации кои ги здружуваат заедно чинителите од сите вклучени сектори и други трговски организации кои се справуваат со прашања поврзани со патувањето. Ваквиот тип на невладини организации често имаат членови кои редовно комуницираат со индустријата преку пишани материјали односно билтени, весници, специјализирани списанија. Од членовите кои се дел од еко-туристичките асоцијации се бара да се придржуваат до утврдени принципи, односно „етички кодекс“. Друг сет на невладини организации кои се вклучени во еко-туризмот се однесуваат на приватни, непрофитни групи кои се фокусираат на заштитата и развојот на животната средина или се тесно специјализирани за еко-туризам.

Нивниот опфат на делување може да биде локално, национално или меѓународно ниво. Често, овие организации служат во функција на намалување на јазот помеѓу заштитените подрачја, заедниците и сите други чинители во еко-туризмот, најчесто обезбедувајќи финансиска и техничка помош или пак директно учествува во управувачките процеси на еко-туристичките простори. Некои невладини организации претставуваат здруженија на граѓани кои чија главна цел е дружење и уживање во природата и се заинтересирани за еко-туристичка активности, едукација и промоција.

Меѓународното здружение за еко-туризам (The International Ecotourism Society – TIES) претставува меѓународна непрофитна организација која потполно се посветува на пронаоѓањето извори и професионално оспособување со цел туризмот да се развива во насока на активна заштита и одржлив развој. Ова здружение претставува најстарата и најголемата меѓународна организација која своите активности ги базира врз принципите на еко-туризмот. Основано е во 1990 година и брои над илјада и шестотини членови од над 110 земји. Меѓународното здружение за еко-туризам обезбедува услуги за организаторите на патувања, специјалистите за заштита, управувачите на националните паркови, службеници на владата, сопственици на сместувачки објекти, водичи, истражувачи, консултанти и други професионалци кои сакаат да ги применат принципите на еко-туризмот. Оваа асоцијација ги има прифатено следните долгорочни цели:

- Воспоставување на образовни програми и програми за обука;
- Обезбедување на информации;
- Воспоставување на упатства и нивно следење;
- Изградба на меѓународна мрежа на институции и професионалци и

- Истражување и развој на модели на еко-туризмот[65]

Светскиот фонд за природа (World Wide Fund for Nature - WWF) е меѓународна невладина организација која се занимава со заштита, обнова и истражувања кои се поврзани со животната околина. Со своите 5 милиони поддржувачи во целиот Свет претставува најголемата невладина организација со канцеларии во повеќе од 100 држави и со повеќе од 1.300 спроведени проекти за запазување на животната средина. Светскиот фонд за природа претставува фондација која се финансира од средства донирани од физички лица и организации (57%), од владини извори (како што се Светска банка, DFID, USAID - 17%) и од претпријатија (11%) [66].

Фондот е основан по иницијатива на хотелиерот Victor Stolan, а доставена до биологот Julian Huxley, откако ги прочитал неговите објавени текстови за животните во Африка во списанието „Обсервер“ (The Observer) и предложил основање на специјализирана организација која би била фокусирана на грижата за животните. Организацијата е основана на 29 април 1961 година како „Светски фонд за дива природа (World Wildlife Fund), а првата канцеларија е отворена на 11 септември истата година во Морш, Швајцарија. Важна улога во создавањето на фондот одиграл и претприемачот Godfrey A. Rockefeller, кој го составил првиот активен кадар. Со основањето, потпишан е документот „Моршки манифест“ каде се пропишани активностите, согледувањата и намерите на организацијата. Светскиот фонд за дива природа создал ограноци во голем број земји низ Светот. На почетокот, дејноста се состоела од прибирање на средства и нивно доделување на невладини организации согласно современите научни сознанија и со основна цел да се заштитат загрозените видови на живиот свет. Со обезбедувањето на повеќе средства и ресурси, организацијата ја проширила својата дејност на други полиња како запазувањето на биодиверзитетот, одржлива употреба на природните ресурси, намалувањето на загадувањето и климатските промени. Воедно фондот почнал со свои проекти за заштита, сопствени кампањи и стратешки приод кон целите. Организацијата добила општ советодавен статус од УНЕСКО, а заштитен знак на организацијата е џиновската панда, употребена како пример за загрозен животински вид, а инспирирана од реалната панда Чи Чи - единствената џиновска панда во западниот свет во тоа време.

[65] https://ecotourism.org/
[66] http://wwf.panda.org/our_ambition/

Европската еко-туристичка мрежа (European Ecotourism Network - EEN) има за цел да обезбеди еко-туристичките услуги да придонесат кон вистинска конзервација и одржливост. Оваа мрежа промовира понатамошен развој и имплементација на заеднички европски еко-туристички стандарди и сертифицирање (European Ecotourism Labelling Standard) избегнувајќи неодржливи дејности што води до подобрување на квалитетот на европските еко-туристички производи. Мрежата организира конференции, обуки, курсеви, тренинзи и работилници, поседува сопствена база на податоци и библиотека, врши сертификација[67].

Клучните политики на Европската Унија кои се однесуваат на заштитата на природата и животната средина е преточена во *Натура 2000*, која претставува мрежа од заштитени подрачја според директивата на хабитати која е распространета во цела Европа. Основната цел на оваа мрежа претставува обезбедување на долгорочниот опстанок на најмногу загрозените видови и типови на живеалишта во цела Европа. Воспоставувањето на оваа мрежа на заштитени подрачја исто така претставува исполнување на обврската на заедницата која произлегува од Конвенцијата за биолошка разновидност од страна на Обединетите Нации.

Натура 2000 претставува мрежа на морски и копнени подрачја од меѓународно значење осмислена за да ги заштити природните живеалишта и видовите на растенија и животни кои се ретки, загрозени или ранливи, а кои се заштитени со законите на Европската Унија[68].

Статусот на заштита означува збир од влијанија кои се присутни во хабитатите кои влијаат врз самите хабитати, но и врз видовите на жив свет. Ваквите влијанија пројавуваат и влијание врз долгорочната дистрибуција и благосостојба на присутните популации во рамките на опфатената територија. Статусот на заштита се смета за поволен кога:

- Податоците за динамиката на популацијата за одредениот вид индицираат дека видот се одржува на долгорочна основа како елемент во својот природен хабитат и со тоа се одржува во живот;
- Природната територија на движење на видот ниту се намалува, ниту е веројатно дека ќе се намали во предвидливата иднина и

[67] https://www.ecotourism-network.eu
[68] http://natura2000.gov.mk/mk/

- Има, а најверојатно ќе продолжи и во иднина да има, доволно голем хабитат за одржување во живот на популациите на долгорочна основа.

Мрежата Натура 2000 е составена од:

- Посебни подрачја на заштита Special Areas of Conservation (SAC) кои Земјите членки ги назначуваат според Директивата за хабитати, и
- Подрачја на посебна заштита Special Protection Areas (SPA) кои се назначуваат според Директивата за птици.

Процесот за назначување на овие два типа во рамките на Натура 2000 е различен, а зависи од тоа дали се назначуваат според Директивата за хабитати или според Директивата за птици.

Македонското еколошко друштво (МЕД) е формирано во 1972 година со цел обединување на македонските еколози, развојот на екологијата и поефикасно решавање на проблемите во животната средина. Основната мисија на МЕД е унапредување на еколошката наука, науката за животната средина и биолошката разновидност, како и нивна заштита и промовирање на еколошки оправдано користење на природните ресурси.

Визијата на ова друштво е да ја претвори нашата држава во простор каде еколошката наука и пракса се на високо ниво, економскиот развој почива на принципите на одржливост, а стандардите за заштита на животната средина и природата се на ниво на Европската Унија. МЕД во текот на повеќе од 42 години изведувало разни активности и учествувало во изработка на повеќе проекти, организирало конференции, извршувало истражувања. Целите на МЕД се следните:

- Промовирање на екологијата како наука;
- Заштита и унапредување на животната средина и природата;
- Ширење на еколошките знаења и унапредување на еколошкото образование и
- Промовирање на принципот на одржлив развој.

Здружението активно работи на повеќе проекти: за едукација, зачувување на дивите видови, заштита на растенијата и екосистемите, проучување и заштита на птиците и многу други полиња поврзани со заштитата и одржливиот развој на природата[69].

[69] http://mes.org.mk/

Од официјалните јавно достапни податоци од интернет страната на Управата за јавни приходи може да се утврди дека во нашата држава постојат неколку регистрирани еко-туристички здруженија[70]:

- Здружение на граѓани „Сојуз за унапредување еко-туризам - СУЕТ“ од Берово;
- Здружение на граѓани за промоција и развој на еко-туризам - „Зелена патека“ од Битола;
- Здружение за екологија, туризам, култура, занаетчиство и претприемништво - „Монастир“ од Битола;
- Здружение на граѓани за еко агро-туризам - „ЕАТ“ од Прилеп;
- Земјоделска задруга со ограничена одговорност за развој на органско производство и еко-туризам - „Галичани“ од Прилеп;
- Земјоделска задруга со ограничена одговорност за развој на органско производство и еко-туризам – „Селце“ од с.Селце, Прилепско и
- Здружение на граѓани - „Еко Партнерс“ од Гостивар.

На интернет страницата на златна книга, при пребарувањето во категоријата еколошки друштва, се добиени следните резултати[71]: Еколошко друштво „Кајмакчалан“; Македонско еколошко друштво – „МЕД“; „Виножито“; „Еко-свест“; Друштво за заштита на природата во Р.С. Македонија – „Биосфера“; „Еко-жена“; „Вила зора“; „Енхалон“; „Биоеко“; Национален парк Пелистер; „Кинг марко ленд“; „Бела Виста“ - Здружение за еко-селски туризам; „Грашница“; „Бела Виста“ - Институт за одржлив, рурален, регионален развој. Овие здруженија потекнуваат од различни делови на нашата земја.

Невладините организации претставуваат алка за поврзување помеѓу чинителите во еко-туризмот вмрежувајќи и обединувајќи ги за постигнување на одредени поставени проекти и цели. Невладиниот сектор во Р.С. Македонија овозможува голем број нови светски и европски практики да ги презентираат пред локалното население и преку едукацијата за туризмот и еко-туризмот овозможуваат подигнување на нивото на свест и сфаќањето на можностите кои произлегуваат од развивањето локален економски развој. Во реализираните интервјуа на истражувањето се потенцираше потребата од поголема ангажираност на експерти од македонската туристичка научна фела кои се запознаени со проблематиката и состојбите во туризмот при реализацијата на

[70] http://www.ujp.gov.mk/
[71] https://zk.mk/nevladini-organizacii?skip=21

проектите. Се заклучило дека потребна е поголема мерливост на проектниот циклус и реална евалуација што ќе овозможи да се измерат ефектите од реализираните проекти.

### 3.1.3 Образовниот систем и еко-туризмот

Истражувањата кои се спроведени за потребите на овој труд го опфати и делот на образованието во полето на туризмот, односно вклученоста на еко-туризмот во наставните програми во македонскиот образовен систем. Резултатите од истражувањето овозможуваат да се изврши компаративна анализа на вклученоста на еко-туризмот во наставните програми на неколку блиски земји и Р.С. Македонија. Еко-туризмот како селективен туристички вид што во последните неколку децении ги надминува очекувањата на неговиот опфат во туристичката индустрија зазема значајно место во наставните процеси во земјите од европскиот континент.

Во склоп на високообразовните институции во Р.С. Македонија функционираат повеќе факултети за туризам. Тоа се следните:

- Факултетот за туризам и угостителство – Охрид;
- Факултетот за туризам и бизнис логистика- Штип;
- Институт за географија при ПМФ и
- Факултет за туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје.

Доколку детално се разгледуваат студиските програми во рамките на наведените институции се доаѓа до заклучок дека во ниту една не се застапени студии на додипломски, втор и трет циклус студии за еко-туризмот, односно не постои издвоена предметна програма со кој се изучува ова поле на туризмологијата.[72]

Во Република Бугарија постојат додипломски студии на насока Конзервација, биологија и еко-туризам на Универзитетот „Пасиј Хилендарски“ во Пловдив, додека во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија, функционира магистерска програма за еко-туризам. На Универзитетот во Белград и Географскиот факултет се спроведуваат додипломски студии за еко-туризам и заштита на природата, овозможувајќи создавање на нови стручни кадри на ова поле кои понатаму ќе го

[72] http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/akreditacii

подигнат и развиваат овој туристички концепт на територијата на Република Србија и пошироко[73].

Во табелата која што следи презентирани се податоците за бројот на издадени книги, стручни монографии и учебници поврзани со еко-туризмот во Р.С. Македонија, Република Бугарија и Република Србија и Босна и Херцеговина. Клучен збор користен при пребарувањето во базата на податоци е поимот „еко-туризам“. Голем број на статии во весници и списанија, зборници на трудови, симпозиуми, конгреси, конференции, стратегии, студии, статистички годишници, скрипти, практикуми, прирачници, магистерски и докторски истражувања од областа поврзана со еко-туризмот се опфатени во истражувањето.

Како основен извор на податоци е користена базата на Кооперативниот онлајн библиографски систем и сервис. Виртуелната библиотека или COBISS, платформа која овозможува пристап до информациите на повеќе библиотеки во истражуваните земји.

*Табела бр. 4 - Број на издадени публикации и научни трудови за еко-туризмот*

| ЗЕМЈА | БРОЈ НА ПУБЛИКАЦИИ | ИЗВОР |
|---|---|---|
| **Р.С. Македонија** | 4 | http://www.vbm.mk/ |
| **Р. Бугарија** | 27 | http://www.bg.cobiss.net/ |
| **Р. Србија** | 136 | http://www.vbs.rs/cobiss/ |
| **Босна и Херцеговина** | 12 | www.cobiss.ba/cobiss_bh- |

*Извор: електронската база COBISS*

Табелата број 4 ја прикажува присутноста на објавени публикации од тематиката на еко-туризмот во научната јавност во балканскиот регион според што Р.С. Македонија заостанува зад другите држави. Тоа претставува донекаде и очекуван резултат поради недостатокот на еко-туризмот како област на истражување, односно предметна програма во наставните процеси во нашата држава..

Академската и стручната јавност е фокусирана во ширењето на свеста за еко-туризмот и неговото поврзување со други концепти и глобални трендови, првенствено од областа на туризмот. Во координација со невладиниот сектор, централната власт и локалните заедници, се потенцираат следните области на интерес:

[73] http://www.gef.bg.ac.rs/predmeti/ekoturizam-i-zastita-prirode/

- Креирање на наставни програми поврзани со еко-туризмот;
- Создавање неопходна литература за изучување на еко-туризмот;
- Креирање и спроведување на истражувања, како што е на пример за потребите на посетителите и нивната подготвеност да се плати одреден износ за дадена услуга и слично;
- Обезбедување податоци за туристичките параметри;
- Континуирано следење на состојбата со флората и фауната;
- Документирање на влијанијата на туризмот и споделување на добиените податоци со цел креирање солидна база на податоци и
- Обезбедување материјали кои треба да водат до дискусии и донесување на заклучоци за еко-туризмот (Bakan & Jaković, 2015).

Светската и регионалната пракса јасно укажува на големата посветеност за туризмот и неговите алтернативни форми кои се изучуваат во средните стручни училишта, високото образование и на вториот и третиот циклус на студии. Стручноста и специјалните вештини од областа на еко-туризмот се од круцијално значење бидејќи се јавува како неопходност при прилагодувањата кон потребите на еко-туристичката побарувачката (Joppe, 2005).

Во последната деценија сè помал број на ученици се запишуваат во стручните училишта што има директни реперкусии врз туризмот и гастрономијата. Со тоа се создава недостаток на човечки ресурси во областа на туризмот, која од своја страна бележи континуиран раст на глобално ниво. Стручните кадри се основен фактор за развој на секоја економија и поради современите трендови се уште позначајни за развој на туристичкиот сектор. Доколку се анализираат состојбите кои се однесуваат на стручниот кадар кој се бара во туризмот и угостителството може да се утврди дека во Р.С. Македонија во последната декада постои континуираниот недостаток на квалитетни човечки ресурси. Посебно посложена е ваквата состојба во рамките на алтернативните форми на туристички понуди во кои спаѓа и еко-туризмот, кои воопшто не се опфатени со наставните програми во Р.С. Македонија. Непостоењето на услови за стекнување на основни компетенции за еко-туризмот ја намалува можноста за негово брзо прифаќање и квалитетно практикување сведувајќи се многупати на импровизација. Создавањето на експерти во областа на еко-туризмот е потребно да биде континуирано и придружено со споделувања на искуства (know-how). Еден од начините за разрешување на оваа неповолност е организирањето на стручни

работилници од страна на факултетите за туризам во кои ќе се комбинираат теоретските знаења со практичните искуства на давателите на услуги во областа на еко-туризмот.

Вметнувањето на еко-туризмот во средното стручно и високото образование (што веќе претставува регионална пракса) ќе овозможи отворање и согледување на потенцијалите кои ги нуди овој специфичен вид на туристичка понуда во Р.С. Македонија. Важна улога во овие процеси има научната фела која треба дополнително да истражува на ова поле и да креираат соодветни интелектуални капацитети што ќе им овозможи на идните генерации да имаат солидно изградена основа за брзо и квалитетно развивање на еко-туризмот.

## 3.2 Економски влијанија

Еко-туризмот претставува важен дел од туристичкиот пазар кој континуирано бележи позитивни економски ефекти. Според податоците на Светската туристичка организација на Обединетите Нации (UNWTO) туризмот забележува раст од 5% во 2019 година во глобални рамки што претставува 10 % од светскиот Бруто-домашен производ.

За утврдување на економското влијание на туризмот за одредена област, регион или држава потребно е да се земат во предвид неколку групи на фактори:

- туристички атрактивности (климатски услови, културно-историско наследство, природни убавини);
- туристичка понуда (сместување, дестинациската инфраструктура, услови за снабдување, забавен живот);
- пристапност (оддалеченост на атракцијата во туристичката дестинација, развиеност на сообраќајна инфраструктура) и
- организирање на туризмот и политиката на неговиот развој;

Наведените четири групи на фактори го детерминираат значењето на туризмот во конкретната дестинација. (Medlik, 1966)

Економското значење на туризмот, односно еко-туризмот, во основа е базирано врз потрошувачката на туристите во одредената дестинација која ја посетуваат создавајќи одредени економски ефекти врз дестинацијата и економијата во целост. Може да се констатира дека туристите пројавуваат директни и индиректни економски ефекти врз дестинацијата и земјата во која престојуваат. Туризмот има директни влијанија врз сите чинители кои непосредно му понудуваат услуги на туристите како што се хотелите, транспортот, трговската мрежа и голем број останати учесници. Индиректното влијание произлегува од економските гранки кои не се непосредно вклучени во давањето на туристичките услуги туку го снабдуваат туристичкиот сектор со одредени производи/услуги. Во оваа група спаѓаат земјоделството, градежништвото, занаетчиството. Меѓутоа, директното и индиректното влијание на туризмот врз економијата е многу пошироко и има причинско-последични бидејќи во одредени случаи има директно влијание врз одредени економски случувања, а во други случаи се јавува како причина за одредени економски ефекти. Доколку подлабоко се анализираат директните и индиректните импакти на туризмот врз економијата на туристичките дестинации може да се издвојат одредени посебни влијанија кои се дадени во продолжение.

Како директни влијанија на туризмот врз економијата најважни се:

- Влијанието врз Бруто-домашниот производ и националниот доход;
- Влијание врз платниот биланс на земјата;
- Влијание врз стапката на вработеност и нивото на животниот стандард;
- Влијание врз бројот и видот на инвестициите;
- Влијание врз интензивираниот развој на недоволно развиените земји и подрачја и
- Влијание на развој од економските гранки кои ја сочинуваат туристичката дејност.

Покрај директното, посебно внимание треба да се стави и на индиректното влијание врз економијата од страна на туризмот и различните негови форми. Туристичката потрошувачка која непосредно се реализира пројавува влијанија скоро врз целокупната економија на дестинацијата/државата во која туристите патуваат и престојуваат. Тоа во најголема мера е изразено кај потрошувачката на странските туристи и

мултипликативниот ефект кој произлегува од развојот на туризмот. Определувањето и разграничувањето на овие два основни вида на економско влијание најчесто е многу комплицирано. Посебен важен индикатор за влијанието на туризмот врз економијата на одреден простор претставува мултипликативниот ефект.

Укажувајќи на значајното влијание на неекономските функции на туризмот (забавни, здравствени, културни, образовни) врз економскиот развој на земјата и туристичките дестинации, може да се дојде до заклучокот дека туризмот треба да се третира како подрачје на меѓузависно, комплементарно и комплексно делување на голем број на функции што го карактеризира како изразито полифункционална појава. (Markovic & Markovic, 1970)

Како позначајни посебни економски функции се наведуваат следните:

- Мултипликативна функција;
- Индуктивна функција;
- Конверзивна функција;
- Функцијата за вработување во терцијарните дејности;
- Функција на развивање на неразвиените подрачја и општини;
- Функција на туризмот во меѓународната економска размена, а пред сè во делот на платежниот биланс и
- Делување на туризмот врз урамнотежување на работно платежните односи во дестинациите.

Индиректните влијанија подетално ќе се анализирани во продолжение. Во таа смисла ќе бидат обработени мултипликативната, индуктивната и конверзивната функција на туризмот и неговите форми. Мултипликативното дејство на туризмот врз економијата според Марковиќ и Марковиќ се разгледува од аспект на мултипликативната потрошувачка, а станува збор за финансиските средства кои се трошат во туризмот и нивната циркулација во економијата. Притоа се вршат значајни влијанија врз економските текови и создавањето на индиректен пазар пред сè во делот на производството. На тој начин според истоимените автори се индуцира процес на формирање нов зголемен додаток за националната економија што претставува основа за дефинирање на индуктивната функција на туризмот (пред сè на неговите одржливи форми). Конверзивната функција во туризмот овозможува одредени добра кои

вообичаено немаат својство на суровини ниту одредена економска вредност, да бидат вклучени во ваквиот специфичен и привремен процес. Всушност, непазарните добра и вредности се претвораат во пазарни со посредство на туризмот.

Еко-туризмот како специфична туристичка форма ја потенцира потребата од заштита на животната средина и на тој начин ѝ помага на локалната економија, односно го стимулира нејзиниот развој. Светските искуства покажуваат дека бројот на патувања во помалку развиените земји од страна на еко-туристите се зголемува и во одредени случаи еко-туризмот влијае и поттикнува решавање на бројни политички, економски и социјални прашања. Во ниско развиените земји и земјите во развој еко-туризмот е интегриран околу 50-70 % на Бруто домашниот производ.

Еко-туризмот го подобрува квалитетот на живот на локалните заедници, обезбедува финансиски раст на локално ниво и постигнува рамномерен локален/регионален развој. Жителите на локалните заедници најмногу се загрижени за таканаречениот потрошувачки (искористувачки) еко-туризам (кој ги троши локалните ресурси на флора и фауна) пред сè при посетите на туристи кои не престојуваат во местото на живеење на локалната заедница. Тоа најчесто се однесува на еднодневните посети. Поради влијанието на еко-туризмот во дестинацијата се бележи пораст на давателите на услуги (планински водичи, рафтинг, изнајмување велосипеди) што зависи од промената на побарувачката за услугите, приходите, работните места. Заедничко за сите субјекти во еко-туризмот претставуваат економските ефекти како што е остварениот профит од еко-туристичките услуги, креирани нови работни места за локалното население што од своја страна придонесува и до намалување на негативните миграторни движења (емиграција).

Кога станува збор за индиректното влијание на туризмот врз економијата се јавува потреба од разграничување на паричните средства што од една страна се трошат од домашните туристи, како и оние средства што ги трошат странските туристи, од друга страна. Тоа е поради фактот што економските влијанија кои произлегуваат од потрошувачката на овие две групи на туристи се разликуваат. Потрошените парични средства од домашните и странски туристи имаат различни ефекти врз развојот на локалната економија што е видливо преку генерираниот мултипликативен ефект врз економијата на земјата. Доколку се разгледува потрошувачката од страна на домашните туристи, тоа во основа не претставува дополнителна потрошувачка. Од друга страна, потрошувачката на странските туристи претставува дополнителна

потрошувачка поради прелевањето на парични средства од една економија во друга (девизен прилив). Циркулирањето на дополнителните средства од страна на странските туристи создаваат поголема можност за економски развој во дестинациите. Поради тоа е важно да се согледа мултипликативниот ефект генериран од туризмот. Имено, ваквите дополнителни средства во државата влегуваат во 13-14 трансакции во различни економски и неекономски гранки пред тие повторно да се излеат врз основа на увоз на стоки и услуги. Притоа настануваат дополнителни ефекти во државата во која патуваат туристите (Unković, 1975). Ваквиот ефект е поголем во развиените држави поради тоа што можат да ги обезбедат поголемиот дел од стоките и ресурсите за задоволување на директните и индиректните туристички потреби, додека помалку развиените држави мора таквите ресурси и добра да ги увезат од странство, а со тоа да има повторно девизен прилив. Најголемиот дел од мултипликативниот ефект се генерира во првите 5 трансакции, додека во останатите (од 6-та до 13-та трансакција), тој ефект е значително понизок.

Забележително е зголемувањето на бројот на туристи кои го практикуваат еко-туризмот во националните паркови и руралните средини, како и бројот на локалното население кое дава услуги од различен тип на ваквите туристи. Зголемувањето на туристичките работници во еко-туризмот во одредени дестинации, зголемувањето на приватните сместувачките капацитети, бројот на еко-туристи, посетите во национални паркови, се само дел што го покажува позитивниот ефект на еко-туризмот. Може да се наведе директното и индиректното влијание на еко-туризмот врз локалната економија и мултипликативниот ефект врз економијата на Р.С. Македонија. Ова поле на интерес во научната и стручната јавност треба да се интензивира со цел да се пополни научно-истражувачкиот јаз кој моментално постои околу ваквата проблематика. Со тоа ќе се креираат можности за идни изучувања на еко-туризмот како една од потенцијалните и значајните развојни компоненти на македонскиот туристички сектор и економијата во целост.

### 3.2.1 Финансиски бенефити од еко-туризмот

Туризмот претставува еден од областите кои пројавуваат сериозен придонес во секоја државна економија, односно според Светската туристичка организација (UNWTO) тој учествува во просек од 10% во светскиот Бруто домашен производ-БДП од секоја

државна економија. Економските ефекти од туризмот може да се согледа и во бројот на вработувањата кои според Светската туристичка организација секое десетто вработување има допирни точки со туристичкиот сектор, притоа не сметајќи ги сезонските вработувања.

Растечкиот тренд за зачувување на природата и одржливоста во туризмот го издига еко-туризмот како најбрзо растечки дел од туристичката понуда во голем број на дестинации и овозможува туроператорите да понудат програми со еко-предзнак во заштитените подрачја и националните паркови. Еко-туризмот ја промовира потребата од заштита на животната средина и директно ѝ помага на локалната економија и нејзиниот развој. Позитивните практики и финансиски бенефити од примената на еко-туризмот придонесуваат до нови вложувања во заштитата на животната средина и подигнување на свеста кај локалното население за нејзината важност. Ова претставува една од причините за популарноста на еко-туризмот и неговото практикување во руралните средини бидејќи многу брзо се забележуваат неговите позитивни економски влијанија врз локалната заедница.

Голем дел од дестинациите за еко-туризам се лоцирани во ретко населени подрачја и земји кои економски заостануваат и токму еко-туризмот е главен мотор за нивниот развој. Голем број на средства кои се добиваат од еко-туризмот се употребуваат да ѝ помогнат на локалната заедница за заштита на флората и фауната или едноставно да се обрне внимание и заштити некој редок вид на птица, растение, животно, локален специјалитет или обичај од изумирање.

Напорите за еко-туризмот во овие земји помагаат да се обезбеди економски раст - дури и повеќе од стандардниот/масовниот туризам преку кој на локалните заедници им се враќаат околу 20% од приходите, за разлика од приходите остварени од програми за еко-туризам каде се враќаат поголеми удели и директно влијаат врз локалната економија[74].

Ефектите на еко-туризмот врз локалните заедници можат да се поделат на директни и индиректни. Директното влијание од еко-туризмот е резултат на директната потрошувачка на еко-туристите која ја реализираат во дестинацијата каде патуваат/престојуваат. Најдобар пример за тоа е потрошувачката во ресторанитe, кои треба да обезбедат набавки на стоки, добра и ресурси за да оперираат што всушност

[74] https://traveltips.usatoday.com/positive-negative-effects-ecotourism

претставува индиректен ефект. Во зависност од дестинацијата варира и големината и бројноста на индиректните ефекти. Поточно, кај малите локални заедници постојат релативно помал број на индиректни ефекти. Потрошувачката на еко-туристите пројавува можност за зголемување доколку локалното население понуди разновидна палета на автентични производи и услуги кои ја карактеризираат дестинацијата и кои не можат да се најдат на друго место. Одредени светски искуства на полето на финансиските бенефити генерирани од страна на еко-туристите посочуваат дека вонпансионската потрошувачка е околу 70% поголема во споредба со останатите туристи и нивниот мултипликативен ефект претставува дополнителен катализатор на локалниот економски развој. Искуствата од светската практика на полето на еко-туризмот пројавуваат можности за нивно имплементирање во голем број на дестинации и послабо развиени рурални простори во Р.С. Македонија.

Еко-туризмот позитивно влијае врз неколку региони во нашата земја, а неговиот ефект може да се воочи преку поголемиот број на посетители во населените места на истокот од државата, зголемениот број на даватели на услуги во туризмот или дестинации кои се на светската мапа за адреналински форми на туризам. Студиите кои го оценуваат влијанието на еко-туризмот врз локалниот економски развој и неговиот мултипликативен ефект во Р.С. Македонија изостануваат рефлектирајќи се врз развојните текови на оваа туристичка форма.

Според Државниот завод за статистика и Министерството за економија во Р.С. Македонија во 2019 година туризмот во економијата директно учествувал со 396 милиони долари што претставува приближно 3% од Бруто домашниот производ - БДП. Недостатокот на релевантни статистички податоци и недостатокот на расположлива ТСС (Туристичка сателитска сметка) која подлабоко и пореално би ги претставувала финансиските ефекти од туризмот и покрај неколкуте обиди сеуште не е воведена во Р.С. Македонија. Недостатокот на адекватна државната стратегија за туризам во која јасно би биле прикажани ефектите на одредени туристички форми врз локалната и државната економија дозволува да се направат само одредени слободни проценки и предвидувања. Финансиските придобивки од еко-туризмот во македонската економија се видливи што уште повеќе се забележува и рефлектира кај локалниот економски развој. Потребно е во наредниот период научната и стручната јавност повеќе да се фокусира на оваа тема што ќе биде во функција на утврдување на стратешките развојни насоки.

### 3.2.2 Вработување во еко-туризмот

Кога се зборува за економските ефекти од еко-туризмот врз Бруто-домашниот производ на една земја и инвестициите во ова поле не може да се занемари фактот дека сите овие процеси не можат да се одвиваат без креирање на нови работни места. Притоа треба да се согледаат и последиците на еко-туризмот врз локалната заедница и дестинација.

Ваквите согледувања се потребни поради фактот што состојбите кои се однесуваат на локалниот економски развој, зголемената миграција и слабата инфраструктура на руралните простори заостануваат многу зад урбаните средини. Руралните туристички дестинации располагаат со разновидна флора и фауна, значајни природни и културни ресурси кои во соодносот со современата динамика на живеење претставуваат значајни атракции за посетителите од урбаните простори.

Еко-туризмот во голема мера може да влијае врз промена на социо-економската слика на руралните средини, додека позитивните ефекти сè повеќекратни:

- Со развивањето на еко-туризмот се поттикнува земјоделството како примарна дејност во руралните средини;
- Еко-туризмот креира нови работни места задржувајќи ги старите кои се прилагодуваат на новонастанатата побарувачка;
- Се пласираат локални производи што ефектуира зајакнување на занаетчиството;
- Новите бизнис прилики кои се овозможуваат со развојот на еко-туризмот создаваат услови за намалување на негативните емиграциони движења на младата популација;
- Еко-туризмот создава услови за зачувување на животната средина, локалната култура, традиција и обичаи и
- Со зголемувањето на посетите од туристите се подобруваат можностите во инфраструктурна смисла што позитивно влијае врз квалитетот на живот на локалната популација.

Водејќи се од фактот дека туризмот во Р.С. Македонија во последните години бележи континуиран пораст во смисла на реализирани посети и остварени ноќевања кој продолжува и во 2019 година со пораст од 5,1 % достигнувајќи ја бројката од 1,2 милиони туристи (домашни и странски) и приближно 3,3 милиони ноќевања, логички се создава и потребата за креирање нови работни места од траен и сезонален карактер.

Според Државниот завод за статистика околу 25.000 работни места директно се однесуваат на угостителството (во објекти за сместување и објекти за давање на услуги за исхрана), додека останати 40.000 работни места индиректно се поврзуваат со туризмот и угостителството во Р.С. Македонија.

*Графикон бр. 20 - Број на вработувања во објекти за сместување и за сервисирање со храна 2010-2018 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РМ (http://makstat.stat.gov.mk пристапено на 07.07.2019 година)*

Податоците на Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија во периодот 2010 - 2018 година бројот на вработените во објектите за сместување и за сервисирање на храна се зголемил за 65,8%. Поточно, во 2010 година евидентирани се 13.988 вработени, додека во 2018 година нивниот број изнесувал 23.198 вработени што претставува скок од 66%. Во ваквите податоци се вклучени привремено вработените лица, платените практиканти и сезонските работници кои се присутни во поголем број во туристичко-угостителскиот сектор поради неговата сезонална природа.

Освен податоците на ваквите вработени лица кои се од кумулативен карактер, не може да се добијат подетални согледувања за вработеноста во рамките на различните видови туризам, како што се еко-туризмот или алтернативните видови на туризам. Оттука не може да се добие јасна слика за работната сила во руралните средини, како и да се одреди развојот и ефектот на еко-туризмот врз вработувањата.

Поради тоа се поставува потребата за имплементирање на посебна методолошка рамка од страна на Државниот завод за статистика со што јасно би се обезбедиле потребните податоци за човечкиот капитал во туристичкиот сектор и би се овозможиле согледувања во реалните движења на овој план. Добивањето на реална слика за ефектите и вработувањата во руралните средини поврзани со развивањето на еко-туризмот би резултирало со креирање на соодветни стратегии за развој за негово интензивирање. Евентуалниот раст алтернативните форми на туристичка понуда би создале услови за разбивање на сезоналноста, зголемување на просечниот престој на туристите, зголемување на работните места што претставува императив за македонскиот туристички сектор.

### 3.2.3 Мултипликативен ефект на еко-туризмот

Мултипликативниот ефект во економските науки започнало да се разгледува од аспект на влијанието на ефектите на инвестициските вложувања врз националниот доход и вработеноста. Од туризмолошка смисла мултипликативниот ефект треба да се разгледува од аспект на приходите на странските туристи и нивното влијание врз националниот доход, односно националното стопанство. Во оваа смисла, приходите генерирани од потрошувачката на странската туристичка клиентела за различни туристички производи и услуги, циркулираат во националната економија на државата каде туристите патуваат и влегуваат во 13-14 различни трансакции пред да исчезнат поради увозот на други производи од страна на таа држава (девизен прилив и девизен одлив). При влегувањето во ваквите трансакции се креираат додатни ефекти за економијата. Важен индикатор за мерење на мултипликативниот ефект претставува коефициентот на мултипликација кој покажува обртот на странските девизи внесени во државата преку туризмот, во текот на една година. Во зависност од степенот на развиеност на националната економија, односно обемот на увозот за задоволување на потребите на странските туристи, коефициентот на мултипликација може да варира. Тој се движи некаде од 3,2 до 4,3, а може да биде и повисок (Unković, 1980). Коефициентот на мултипликација по правило е повисок по поразвиените земји, отколку земјите во развој. Тоа е поради фактот што развиените земји имаат свое развиено производство во сопствената економија со што се задоволува поголемиот дел од потребите на странските туристи, наместо да се увезат таквите производи/услуги од странство (за исхрана на туристите, средства за транспорт и гориво за транспортот,

итн.). Во пракса, бројот на трансакциите во кои влегуваат девизните средства потрошени од странските туристи изнесува околу 5. Во државите каде бројот на ваквите трансакции е поголем (до 13-14 трансакции), после петтата трансакција ефектите се значително помали и немаат големо влијание врз националната економија.

За пресметување на коефициентот на мултипликација се користи следната формула (Samuelson, 1939):

$$K = \frac{1}{1 - \frac{C}{Y}}$$

*Коефициентот на мултипликација* (K) зависи од односот помеѓу *промената во потрошувачката* (C) и *промената во доходот* (Y). Во смислата на туризмот, Y (промената во доходот) претставува износот на средствата што странските туристи ги трошат во државата што ја посетуваат, додека C (промената во потрошувачката) претставува само еден дел од промената во доходот, што се нарекува „гранична склоност кон потрошувачка".

Во одредена смисла еко-туризмот може да се набљудува како континуирано движење на туристите, добрата, парите и информациите за дестинациите кои треба да се посетат од страна на еко-туристите или на веќе посетените еко-дестинации. Еко-туризмот може да претставува важна економска основа за многу земји кои се во развој. Неговото мултипликативно влијание може да креира бројни позитивни ефекти врз локалната економија и влијае за урамнотежување на економскиот развој. Со еко-туризмот често се поврзуваат термините истражувачи/откривачи (за фото-сафари, риболов, набљудување на птици), адреналински активности (качување по карпи, рафтинг, планински велосипедизам, планинарење), културни активности (посета на локални знаменитости, природни реткости, еко-музеи, манифестации). Горенаведените форми се најчесто барани активности од страна на еко-туристите. Со порастот на бројот на еко-туристите расте и потребата за овозможување дополнителни услуги од страна на локалното население. Ваквите дополнителни услуги зависат од видот на еко-туристичките форми кои се практикуваат во дестинацијата. Најчестите влијанија кои произлегуваат од мултипликативниот ефект на еко-туризмот се однесуваат на дополнителниот генериран профит од обезбедувањето на еко-туристички услуги, нови креирани нови работни места за локалната заедница, остварени приходи од посетата на локални знаменитости. Еко-туристите кои престојуваат во дестинацијата трошат

средства за сместување, храна, изнајмување велосипеди, ангажирање на локални туристички водичи, купување специфични локални сувенири. Со тоа, еко-туристите директно влијаат врз економијата на дестинацијата создавајќи мултипликативен ефект кој е видлив низ набавките на локалната заедница од добавувачите. Треба да се земе во предвид фактот дека мултипликативното влијание на еко-туризмот врз помалите локални заедници е од ограничен карактер за разлика од директните влијанија. Меѓутоа, ваквото влијание на подолг рок станува многу поочливо. Покрај економскиот мултипликативен ефект на еко-туризмот тој се одразува и врз вложувањата во дестинацијата и заштитата на животната средина која претставува најзначаен елемент за развојот на еко-туризмот во дестинацијата.

За помалите заедници и простори постои релативно мал број на мултипликативни ефекти од развивањето на еко-туризмот, додека неговото пресметување е прилично отежнато. Кога е во прашање економскиот развој на државно ниво, експертите во однос на мултипликативниот ефект развиваат посебни методологии за оценување на еко-туризмот, како што се општата рамнотежа и инпут-аутпут анализата. Инпут-аутпут анализата претставува меѓусекторска анализа за утврдување на индиректните ефекти од туризмот врз економијата на државата во која патуваат туристите. Мултипликативниот ефект не влијае само врз јакнење на националната економија, туку и врз зголемување на вработеноста во државата во која патуваат странските туристи.

Во истражувањата кои се наменети за потребите на докторската дисертација може да се добие генерална слика за мултипликативниот ефект од еко-туризмот врз микро-дестинации, бидејќи покрај бројот на посетители и остварени ноќевањата (кои директно го претставуваат интересот на туристите за посета) сеуште не е изработена соодветна истражувачка студија која го мери економското влијание и мултипликативниот ефект на еко-туризмот во цела Р.С. Македонија. Од расположливите податоци добиени од различни истражувања, за околу 65% се зголемила посетеноста на туристите кои практикуваат еко-туризам во локалните дестинации што располагаат со соодветните услови, со што се зголемил и просечниот престој за 51% кај еко-туристите за 1-3 дена во дестинацијата, додека 35% престојувале 7-10 денови. Во самите дестинации 37% од испитаниците нудат дополнителни услуги на еко-туристите како познавачи на локалната флора и фауна,изнајмување велосипеди, продажба на локални сувенири. Од ваквите податоци може да се дојде до констатација дека зголемениот број на еко-туристи во

дестинациите и зголемувањето на нивниот просечен престој позитивно ќе влијае врз локалната економија зголемувајќи го бројот на давателите на услуги, ќе се отворат нови „зелени“ работни места и ќе се предизвика мултипликативен ефект. Поради развојната компонента на еко-туризмот и неговото сè поголемо практикување во туризмот кај нас, може да се констатира дека мултипликативниот ефект влијае врз дестинациите и во поширокиот регион. Поради непостоење на податоци од страна на Министерството за финансии, Управата за приходи, Министерството за економија и немањето на сериозни научни истражувања од страна на научната/експертската јавност во Р.С. Македонија со што би се одредиле трансакциите и приходите од еко-туризмот, не може да се одреди и мултипликативниот ефект врз македонската економија.

### 3.2.4 Инвестиции во еко-туризмот

Инвестициите во рамките на еко-туризмот кои би се реализирале треба да имаат во предвид да се следи концептот на овој вид на туризам, како и соодветна контрола која произлегува од осетливоста на животната средина, влијанијата врз локалната заедница и природниот баланс кој не треба да биде нарушен. Неоспорен е фактот дека нивото на инвестирање во еко-туризмот зависи од квалитетот на еко-туристичката услуга во самата дестинација, атрактивноста на дестинацијата, бројот на можните атракции, цените на производите и услугите, услугите кои ги дава локалното население, како и голем број на други фактори кои влијаат врз понудата во дестинацијата. Бројот на отворени нови „зелени“ работни места може да се разликува од дестинација до дестинација во руралните простори, но сепак влијае значително врз локалниот економски развој во позитивен контекст (Tinelle, 2010).

Инвеститорите кои вложуваат капитал во дестинацијата често вршат влијание врз неа преку диктирањето на условите за реализација на инвестициите со што може да се случи понекогаш да се јават негативни импакти врз дестинацискиот простор и врз локалната заедница. Инвестициите без разлика на нивната големина и значење не треба негативно да влијаат врз локалното население, флората и фауната и да предизвикаат нарушување на природниот и социјалниот еквилибриум на туристичката дестинација. Токму еко-туризмот има потреба од вложувања во локална инфраструктура, велосипедски и планински патеки, патокази, инфо-табли и за лимитирани еко-сместувања со строги квалитативни критериуми во согласност со природата. За

доброто функционирање и трајна заштита на природата се воведуваат голем број на еколошки стандарди следени од строга законска легислатива кои ги уредуваат условите, начините на финансирањето и инвестирањето во дестинациите при развивањето на еко-туризмот.

Позитивните финансиски резултати кои ги овозможува еко-туризмот и неговиот мултипликативен ефект врз локалната економија овозможува креирање на нови инвестиции во нови атракции кои нема да имаат негативни ефекти врз зачувувањето на животната средина. Ова претставува една од карактеристиките на еко-туризмот за вложување во заштита на просторот и прифатен од голем број на туристи кои практикуваат одговорни патувања преку грижата за природата. Вложувањата во еко-туризмот сè повеќе создаваат услови за негов развој, популарност и брендирање на дестинациите како еко-дестинации од кои најголем бенефит има локалното население и целокупниот регион.

Инвестициите во еко-туризмот во Р.С. Македонија може да се анализираат низ податоците на Бирото за регионален развој, односно преку проектите кои се во фаза на реализација или се веќе реализирани во планските региони.

*Табела бр. 5 - Проекти на планските региони во Р.С. Македонија за 2019 година*

| **Проекти за еко-туризам 2019** | **Количина** | **Финансии** |
|---|---|---|
| **Скопски плански регион** | / | / |
| **Југоисточен плански регион** | **3** | **24,205,001** |
| **Источен плански регион** | **3** | **15,498,635** |
| **Пелагониски плански регион** | **1** | **3,535,000** |
| **Полошки плански регион** | / | / |
| **Југозападен плански регион** | / | / |
| **Вардарски плански регион** | **3** | **15,481,073** |
| **Североисточен плански регион** | **1** | **29,677,216** |
| **Вкупно за 2019** | **11** | **88,884,684** |

*Извор: (http://brr.gov.mk/ пристапено 13.03.2020година)*

Одобрените финансиски средства во 2019 година од страна на Бирото за регионален развој на Р.С. Македонија кои се предложени од планските региони за развивање на руралниот и еко-туризам изнесувале скоро 89 милиони денари. Тоа претставува 31% од вкупните финансиски средства за 2019 година кои Бирото ги одобрило за реализација проекти на територијата на целата држава. Пет плански региони со вкупно единаесет

проекти предвидени за развој на еко-туризмот даваат јасна определба на неговото значење и важност градејќи атракции кои во туристичка понуда ќе овозможат успешно практицирање и развивање на оваа туристичка форма. Проектите за туристички развој во планските региони со кои се унапредува еко-туризмот бележи најголем напредок со можност за зајакнување на потребните капацитети. Тоа зборува за развојните насоки на регионалните стратешки носители преку туризмот да ја развиваат локалната и регионалната конкурентност. Ова ја покажува јасната определба на планските региони за ставање на своите капацитети за развој на еко-туризмот притоа препознавајќи ги можностите од мултипликативниот ефект, како и да делуваат врз рамномерниот регионален развој. Доколку се погледне инвестирањето на регионално ниво во последниот петгодишен период се добива преглед во инвестицискиот циклус за реализирање на проекти кои во својата суштина го имаат развојот на еко-туризмот.

*Табела бр. 6 - Проекти на планските региони во периодот 2016-2020 година*

| **Проекти за еко-туризам 2016-2020** | **Количина** | **Финансии** |
|---|---|---|
| **Скопски плански регион** | **2** | **3,419552** |
| **Југоисточен плански регион** | **5** | **30,727,840** |
| **Источен плански регион** | **7** | **45,149,000** |
| **Пелагониски плански регион** | **4** | **17,536,299** |
| **Полошки плански регион** | **/** | **/** |
| **Југозападен плански регион** | **2** | **8,485,028** |
| **Вардарски плански регион** | **5** | **18,130,533** |
| **Североисточен плански регион** | **1-5 фаза** | **138,007,473** |
| **Вкупно за периодот 2016-2020** | **30** | **253,819,205** |

*Извор: (http://brr.gov.mk/ пристапено 13.03.2020)*

Во изминатиот петгодишен период триесет проекти од областа на еко-туризмот се реализирани или се во фаза на реализација од страна на планските региони во Р.С. Македонија. Најголем број на проекти се регистрирани во Источниот плански регион додека најмногу финансиски средства во мега проект со пет фази реализира Североисточниот плански регион. Полошкиот плански регион и покрај добрите услови за развој на оваа форма нема предвидено реализација на еко-туристички проекти. Двата најпосетувани туристички региони во државата: Скопскиот и Југозападниот регион, не ставаат многу голем акцент на еко-туризмот, туку на други туристички видови за кои веќе имаат поволни услови, сместувачки капацитети и туристичка инфраструктура. Во анализираниот петгодишен период во планските регионите во Р.С.

Македонија се предвидени нешто повеќе од една милијарда денари од кои 250 милиони денари за реализација на проекти во еко-туризмот пред сè најмногу во петте региони кои веќе работат на ова поле. Генерално, ваквите проекти опфаќаат маркирање и сигнализација на велосипедски и планински патеки, уредување на локални туристички атракции, реновирање и обнова на сместувачки капацитети, оживување на локални манифестации и гастрономски специјалитети кои претставуваат значаен составен дел на еко-туристичката понуда.

*Графикон бр. 21 - Процентуален соодност на учеството на еко-туристичките проекти во вкупните проекти базирано на финансии*




*Извор: (http://brr.gov.mk/ пристапени и обработени на 13.03.2020 година)*

Од графиконот број 21 може да се забележи значително висок процент на проекти кои се во доменот на еко-туризмот односно 23% од вкупните финансиски средства во последниот петгодишен период. Спремноста на петте плански региони за имплементирање на еко-туризмот и зголемување на вложувањата во заштитата на животната средина и унапредувањето на локалниот економски развој е видлива преку креирањето на нови вакви туристички понуди и капацитети во туристичките дестинации во нивни рамки.

Како дел од позначајните економски вложувања за развој на еко-туризмот и одржливиот туризам претставува и проектот на Европската Унија во соработка со Светска банка: „Проект за локална и регионална конкурентност - ПЛРК“ кој во една од своите компоненти предвидува и реализира специфични проектни активности кои се базирани на еко-туризмот и адреналинските форми на туристичка понуда. Проектот за

локална и регионална конкурентност (ПЛРК) е четиригодишна инвестициска програма финансирана од фондовите на Европската Унија и е составен од четири компоненти. Од ваквите компоненти, втората е наменета за алтернативните форми на туристичка понуда. ПЛРК се заснова на сеопфатен пристап кон развојот на туризмот и управувањето со дестинациите обезбедувајќи инвестициско финансирање и градење на капацитети како поддршка на растот на секторот, инвестициите во дестинациите и просперитетот на конкретните дестинации. Развојната цел на проектот ПЛРК е подобрување на придонесот на туризмот во локалниот економски развој, подобрување на капацитетот на властите и јавните субјекти за поттикнување на растот на туризмот и олеснување на управувањето со дестинациите.[75] Можностите за аплицирање на проекти кои се наменети за унапредување на еко-туризмот и локалниот економски развој, голем број на невладини организации и здруженија добија поддршка за реализација на дваесетина проекти со вкупна вредност во сите компоненти од 16,5 милиони евра.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Р.С. Македонија во последните две години преку Секторот за поддршка активно работи на реализирање проекти кои ќе овозможат да се креираат нови атракции во еко-туризмот и нивно ставање во туристичка функција. Веќе реализирани се проекти за обележување на планинарски и пешачки патеки; означување на локалитети за спортско качување во Кадина Река и Маврово; означување на старите чаршии во градовите Прилеп, Битола, Охрид и Струга; уредување на полетишта за развој на параглајдерството; уредување и означување на карпи за спортско качување; поставување на насоки за качување во еко-туристичката атракција Бислимска Клисура преку кои јасно се гледа определбата за конципирање на нови еко-туристички содржини. За овие проекти од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот се одвоени 20 милиони денари од буџетот на Р.С. Македонија.[76]

Во спроведеното истражување на Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија наменето за планските региони не е опфатена компонентата за инвестициите во туризмот на државно ниво. Со достапните статистички податоци е неможно да се прикажат интегрираните инвестиции во еко-туризмот во нашата земја. Сепак, од веќе прикажаното е јасен фокусот на државата за инвестирање и развивање на оваа

[75] https://lrcp.mk/
[76] http://tourismmacedonia.gov.mk

специфична туристичка форма од повеќе аспекти, во регионална смисла, што претставува значајна можност за долготрајно развивање на еко-туризмот и постигнување одржливост на дестинациите.

Вложувањата во еко-туризмот во Р.С. Македонија и нејзините региони ќе овозможат зголемување на еко-туристичката атрактивност на голем број локални дестинации, зголемување на посетеноста и остварените ноќевања, како и поголем број на даватели на услуги. Преку мултипликативниот ефект на еко-туризмот се очекува многу брзо се повратат и оправдаат инвестициите. Во таа смисла би се зголемил бројот на малите/семејни бизниси во туристичкиот сектор, креирање на „зелени" работни места и зајакнување на локалната економија.

## 3.3 Социјални влијанија

Социјалното влијание на туризмот подразбира влијание врз начинот на живот на жителите во туристичката дестинација која настанува поради одредена врста на туризам влијаејќи во голем број на аспекти. Доколку овие влијанија се разгледуваат многу пошироко еко-туризмот влијае на колективните и индивидуалните социо културни вредности, однесување, структурата на локалната заедница и начинот на квалитет кој се живее во дестинацијата. Еко-туризмот претставува еден од начините да се промовира грижата за животната средина и многу други социо-културни форми на живеење помеѓу народите и локалната заедница каде се одвива. Од друга страна еко-туризмот создава голем број на позитивни социјални влијанија во квалитетот на животот на локалните жители, зголемувајќи го чувството на припадност, зголемување на приходите, животниот стандард, подигнување на свесноста за животната средина и нејзината заштита и вложување во еко-туристички содржини во дестинациите.

Социјалното влијание е двострано и голем дел од еко-туристите кои ја посетуваат локалната заедница имаат желба да учествуваат во голем број на интерактивни работилници за гастрономија, фолклор, локални обичаи учејќи за културата и нејзина промоција надвор од локалната заедница.

Светските искуства на ова поле, односно социјалното влијание на туризмот треба да се набљудува од страна на гостинот, домаќинот во дестинацијата и нивната взаемна интеракција. Таквиот интегриран пристап ги мотивира ставовите и очекувањата на

гостите, начинот на давање на услугите и организацијата на рецептивното подрачје, но и однесувањето на двата актера со сите свои различности (Affeldu, 1975).

Од истражувањето во рамките на овој докторски труд, поголем број на анкетирани даватели на услуги одговориле дека многу значаен елемент во оваа форма на туризам која ја практикуваат е зближувањето и другарувањето со еко-туристите, односно градење на нови пријателства, споделување на знаења и животни искуства, културни размени, што има позитивно двонасочно влијание. Бидејќи еко-туристите преферираат приватни сместувачки капацитети тие споделуваат многу работи и се социјализираат на позитивен начин што опфаќа взаемна почит и разбирање. Негативните социо-културни влијанија кои се јавуваат кај други облици на туристичка понуда, кај еко-туризмот, според неговите начела, е минимализиран бидејќи во неговата суштина тој претставува едно големо спознавање, откривање и споделување на култури, помеѓу претставниците на локалните заедници и посетителите/туристите. Еко-туризмот и воопшто, тематските форми на туризам, сѐ повеќе се насочени да ги зачуваат автентичните вредности во рецептивната сфера што го охрабрува локалното население да креира оригинални туристички искуства кои во многу елементи содржат компоненти на социјална интеграција.

Голем број од анкетираните даватели на услуги во рамките на трудот, го потенцираат социјалниот аспект на еко-туризмот што се овозможува со запознавање на нови луѓе, спознавање со различни култури и можности за споделување на елементи на сопствената култура и обичаи со еко-туристите. Социјалниот аспект ги мотивира да продолжат со примена на еко-туризмот и руралниот туризам збогатувајќи се себе со нови знаења и искуства.

Според Петрич (Petrić, 2003) може да се наведат неколку позитивни социо-културни влијанија. Тоа се следните позитивни влијанија:

- Туризмот ја поттикнува локалната гордост (обичаи, културно наследство, локални производи, гастрономија, културна ревитализација, зајакнување на економијата);
- Ги унапредува соработката, разбирањето и хармонијата;
- Помага во изработка на локалната инфраструктура;
- Овозможува генерирање на финансиски средства и
- Оживување на подзаборавените локални обичаи и руралната архитектура.

Големиот број на влијанија кои се истакнуваат од страна на анкетираните во изведените неформални интервјуа се опишани од Петрич и се својствени за еко-туризмот како значајни социјални влијанија врз локалната заедница. Со тоа се поставува концептот кој е потребен да се практикува во Р.С. Македонија за развивање на локалната економија и унапредување на еко-туризмот како форма на туристичка понуда која создава позитивни двонасочни социјални влијанија кај сите даватели на услуги и туристи. Дополнителната љубезност на локалното население во Р.С. Македонија кое се потенцира од страна на еко-туристите, создава позитивна перцепција за целата дестинација. Принципите на еко-туризмот да открива, истражува и споделува од социјален аспект, наоѓа распространета примена кај локалното население кое кај нас практикува еко-туристички содржини и гради одржлив однос со туристите. Тоа отвори големи перспективи за преку етаблирање на нашата култура, гастрономија, традиција и мелос да се создадат трајни врски кои ќе овозможат уште поголемо популаризирање на еко-туризмот во македонските дестинации. Покрај природните богатства со кои македонските туристички дестинации располагаат ќе овозможи зголемување на бројот на посети поради причини кои се поврзани со еко-туризмот и локалната заедница.

### 3.3.1 Развој на еко-свест

Кон крајот на минатиот и почетокот на овој век глобализацијата со својата специфична потреба и потрошувачка, техника и технологија, како и неконтролираното трошење на природните ресурси многу брзо ги нарушило односите на човекот кон природата. Овие нарушувања најмногу се изразени во големите урбани средини каде загадениот воздух, загрозувањата кон здравјето и динамиката на живеење и работа го достигнале својот максимум. Од туристичка гледна точка несоодветниот развој на туризмот може негативно да влијае и создаде големи промени во физиономијата на дестинацијата, што најмногу може да се утврди при неконтролираната сеча на шумите за градење нови сместувачки и останати комерцијални објекти, пресушувањето на мочурливите подрачја за добивање на ново земјоделско или градежно земјиште, што доведува до трајно губење на биолошката разновидност во ваквите простори.

Некои облици на туризам пред сè алудираат на масовниот туризам при што се случува да доведат до деградација на просторот, намалување на биодиверзитетот, загадување

на воздухот, водата и почвата, до одреден степен климатски промени, што особено претставува глобален проблем. Поради развојот на масовниот туризам (според размислувањата на одреден број на автори кои ги поставиле темелите на еко-туризмот со кој се стремат кон зачувување на балансот на животната средина), човекот сѐ повеќе се стреми кон спречување на деградацијата и девастацијата на развиените туристички простори.

Според одредени студии секој турист кој патува во европските туристички дестинации дневно создава во просек 1 килограм цврст отпад и 180 литри отпадна вода. Тоа претставува големо оптоварување на природата и низа проблеми при управување на дестинацијата, која доколку развива форми на масовен туризам многу тешко ќе се заштити од негативните туристички влијанија. Голем број на невладини организации, меѓународни зелени движења поради сѐ поголемата еколошка потреба, започнуваат да ја градат еко-свеста преку поединците создавајќи услови за развој на друштвена еко-свест.

Еколошката свест претставува свест за окружувањето и сознанијата за еколошките состојби, со што се креира мотив за делување и очекувања на човекот кон околината и однесувања кои треба да се применат за да се постигне посакуваната состојба (Afrić, 2002).

Кога се работи за еко-туризмот, еколошката свест на оваа специфична група туристи е високо развиена. Нивното ниво на заштита на животната средина и промовирањето на концепт „без траги во природата“ дури и при посети на мали групи еко-туристи во националните паркови, заштитените подрачја и пределите со голем број на недопрени локации силно се истакнува. Овој тип на еко-туризам започнува да се практикува откако во одредени еко-туристички дестинации поради преголемата посета појавиле негативни влијанија врз птиците, животните кои ги напуштиле своите природни живеалишта и се повлекле подлабоко во дивината. Пред сѐ во рамките на „тврдиот“ еко-туризам се присутни таканаречените „зависници“ од природата кои во многу случаи претставуваат и организатори на добротворни конференции и средби со кое се помага за одредени загрозени подрачја да бидат заштитени и обновени.

И покрај одличните природни ресурси со кои Р.С. Македонија располага на нејзината територија, трите постоечки национални паркови, прогласувањето на Шар Планина како четврти национален парк и дополнително Осоговските Планини за заштитено

подрачје, како и големиот број заштитени подрачја и локалитети, може да се констатира дека еко-свеста кај луѓето во државава е на релативно ниско ниво и треба повеќе да се развива. Тоа може да се согледа од големиот број туристички локалитети каде се забележува континуираниот проблем со неконтролираното и неадекватното одлагање на отпад. Потребен е посериозен пристап кон еко-описменувањето на граѓаните кои се директно ангажирани во рамките на туристичкиот сектор, како и на сите граѓани кои живеат во Р.С. Македонија во насока да се укаже дека уништувањето на животната средина предизвикува трајни штетни последици бидејќи „животната средина е позајмена од идните генерации".

Според анкетата која е спроведена во 2016 година на петгодишно ниво спроведена од страна на Државниот завод за статистика за оценување на услугите од странските туристи, најслабо оценети елементи се следните: хигиената на јавни места (3,68), потоа хигиената на плажите и езерата (3,71) што претставува и генерална слика на дестинациите во Р.С. Македонија.[77] Загрозувањето на Охридското Езеро и градот Охрид поради низа негативни урбанистички решенија и несоодветното еколошко третирање може да доведе до губење на статусот од УНЕСКО што претставува еко-туристички бренд на Р.С. Македонија со голем удар врз туристичкиот сектор. Овие состојби создадоа критична маса на македонски интелектуален слој кој со своето делување започнува низа активности за развој на еко-свеста. Организирани во голем број на невладини организации создадоа голем број на акции за чистење на дестинациите кои се поддржани на локално и централно ниво. Со овие акции и подигнување на свеста кај граѓаните за екологијата, сликата во последните две до три години во туристичките дестинации започна да се менува во позитивна насока. Развојот на еко-туризмот и неговото практикување од туристите ќе овозможи подигнување на свеста кај локалното население за поголема заштита на животната средина како најзначаен фактор на овој тип туризам. Градењето на еко-свест од најрана возраст и воведувањето на екологијата како задолжителен предмет во образовниот процес ќе создаде можност идните генерации кои доаѓаат да не ги повторат грешките и уште од мали нозе ја научат суштината на заштитата и одржливоста во природата.

[77] http://www.stat.gov.mk/

### 3.3.2 Локална заедница и зачувување на традициите

Луѓето кои живеат во подрачја карактеризирани со природни ресурси не претставуваат хомогена група. Покрај хетерогеноста може да се направат неколку генерализации за локалните жители и нивниот однос кон еко-туризмот и тоа:

- Руралните заедници навикнати на тивко и мирно живеење, преминуваат во средини на меѓународен тренд за посета од страна на туристи;
- Туристите љубители на природата вршат инвазија на тие територии;
- Жителите на тие средини заземаат различни ставови, така да некои го игнорираат еко-туризмот, сакаат приватност и не ги прифаќаат промените што ги носи туризмот додека други се заинтригирани од туризмот и преземаат чекори за да го развијат;
- Еко-туризмот може да биде особено примамлив за локалното население доколку нуди можности за вработувања;
- За припадниците на локалните заедници, туризмот ги допира нивните лични животи преку влијание на нивниот начин на живот, традициите и културата, како и нивната животна средина и нивниот долгогодишен начин на социјално и политичко организирање;
- Локалното население игра важна улога во еко-туризмот од причина што се работи за нивното место на живеење и нивните работни места, што всушност се и атрактивните фактори за туристите. Самиот принцип на еднаквост и практичност бара тие да бидат активни носители на одлуки во еко-туристичкото планирање и управување;
- Локалните жители се клучните учесници за заштитата на природните ресурси бидејќи нивниот однос кон начинот на употребата на природните ресурси го детерминира успехот на стратегиите за одржливоста на еко-подрачјата и
- Локалните или традиционалните знаења најчесто претставуваат клучна компонента за искуството, доживувањата, како и едукацијата на посетителите.

*Слика бр. 26 - Галичка Свадба*



*Извор: (https://macedonia-timeless.com/)*

Различноста и колоритноста на етносот, традицијата и локалните манифестации организирани од страна на локалните жители се разликуваат од дестинација до дестинација нудејќи им на туристите уникатни искуства во кои (под одредени услови) и самите можат да учествуваат. Локалното население како клучни учесници и чувари на традицијата на индиректен начин создава дополнителни атракции кои се посетени од туристите во организирани и индивидуални посети.

Големиот број на манифестации мотивираат посетители од земјата и странство кои на директен начин овозможуваат финансиски бенефити и унапредување на локалниот економски развој. Одредени етнолошки елементи и традиционални обичаи се атрактивни за туристите со својата мистичност и долговековно опстојување, некои уште од паганскиот период пред појавата на христијанството. За постигнување на трајни позитивни резултати за зачувување на традициите потребно е максимално вклучување на локалната заедница и минимализирање на пасивното набљудување на настаните. Покрај зачувувањето на традициите и негувањето на фолклорот во Р.С. Македонија сѐ поголем број на туристички групи можат да се сретнат на овие манифестации организирани преку понуди од туроператорите. Манифестациите во Р.С. Македонија имаат сѐ почесто присуство во нивните програми, а интересот се зголемува од година во година. Сепак, потребно е да се одржува балансот помеѓу можностите и реалните состојби во смисла на расположливост на капацитети за да не се наруши

концептот и да не прераснат настаните во комерцијализирана содржина губејќи ги со тоа нивната мистичност и уникатност.

*Слика бр. 27 - Вевчански Карневал*



*Извор: (https://macedonia-timeless.com/)*

Голем број на настани на локалното население кои ја презентираат македонската традиција се организираат во текот на целата година. Едни од најкарактеристичните се карневалите кои бележат сè поголема посетеност од страна на туристи кои се заинтересирани да се запознаат со традициите, локалните обичаи. Ваквите туристи може и активно да земат учество во ваквите настани заедно со локалното население. Вевчанскиот Карневал, Прилепскиот, Струмичкиот, Галичката свадба, Шопската свадба, Водици, Прилепските касапи, кавадаречките Бамбурци и многу други се посетени од страна на домашните и странските туристи и прераснуваат во вистинска туристичка атракција. Покрај тоа што се зачувуваат богатите традиции и обичаи преку нивното ставање во функција на туризмот и нивното претворање во туристички атракции, ваквите манифестации претставуваат можност преку еко-туризмот дополнително да се промовираат, што ќе резултира со поголем број на посети и локалните туристички капацитети да бидат исполнети. Манифестациите од ваков вид пројавуваат мултипликативен ефект преку исполнување на сместувачките капацитети во поширок радиус од местото на нивно одржување што е видливо во повеќе сегменти.

# 4. ЕКО-ТУРИЗМОТ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Еко-туризмот претставува атрактивна современа форма на туристичка понуда која се базира на релативно добро зачувани природни и културни ресурси. Поради тоа е потребно да се развијат такви содржини во рамките на овој вид туризам кои нема да ги нарушат комплексните односи помеѓу просторните туристички ресурси и социо-културните специфичности на заедниците кои постојат во таквите средини каде се развива еко-туризмот. Зголемувањето на бројот на туристички посети може да пројави бројни негативни ефекти врз еко-туристичките дестинации. За да се анализира еко-туризмот во Р.С. Македонија е потребно сето тоа да се земе во предвид. Поради тоа, најпрво треба да се разгледа правната основа за развој на овој селективен вид кај нас и да се анализира дали соодветствува со европските и светските практики. Потоа, треба да се определи соодветниот пазарен сегмент за кој ќе биде наменета ваквата туристичка понуда. Тоа имплицира анализа на еко-туристичките пазарни состојби кои постојат во потенцијална смисла. Пазарните истражувања овозможуваат да се определат најдобрите компетитивни предности на потенцијалните еко-туристички дестинации во нашата држава. За да се привлече соодветната клиентела, треба да се креираат и атрактивни еко-туристички производи. За таа цел е потребно да се изврши сеопфатна инвентаризација и валоризација на расположливите туристички потенцијали од различен вид. Кога ќе се креира соодветната понуда во рамките на овој селективен вид туризам, треба да се земат во предвид и бројните импликации кои може да се јават, односно да се определат функционалните карактеристики. Во рамките на оваа глава на докторскиот труд е опфатено и теренското истражување и анализа на одговорите добиени од спроведениот анкетен прашалник. Тоа овозможува да се донесат релевантни заклучоци и предвидувања за идните развојни насоки на оваа туристичка форма во Р.С. Македонија.

## 4.1 Законска регулатива во Р.С. Македонија како фактор за развој на еко-туризмот

Голем број на владини институции и експерти учествуваат при креирање, развивањето и управувањето на владините политики кога е во прашање туризмот и еко-туризмот како една специфична, но многу значајна форма на туристичка понуда. Во оваа смисла

потребна е синергетска ангажираност на различните владини сектори кои ја креираат и развиваат областа на туризмот, природните ресурси, дивиот свет и заштитените области, образованието, локалниот и регионалниот развој, финансиите и транспортот.

Политичката екологија која се фокусира на изучувањето на политичките, економските и социјалните фактори и нивното влијание врз животната средина има значајна улога за развојот на еко-туризмот. Еко-туризмот првенствено инволвира претставници од национално ниво, регионално и локално ниво, кои директно или индиректно придонесуваат кон процесот на креирање развојни политики за еко-туризмот.

Официјалните владини субјекти извршуваат неколку значајни функции поврзани со еко-туризмот, обезбедувајќи водство, законска регулатива и услови за имплементација. Во Р.С. Македонија, постојат неколку закони кои се однесуваат на еко-туризмот. Еден од основните претставува Законот за заштита на природата. (Службен весник на РМ, Бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11).

Особено важен закон за имплементација на еко-туризмот претставува Законот за животна средина (Службен весник на РМ Бр. 53/05; 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12). За развој на еко-туризмот на конкретна територија која располага со извонредни природни и културни ресурси како основа за развој на еко-туризмот (просторот на Охридскиот регион како Светско природно и културно наследство на УНЕСКО) претставува Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на РМ, 75/2010). Закони кои имаат допирни точки со туризмот и заштитата на флората и фауната и воопшто еко-системите и кои придонесуваат за развивање на еко-туризмот преку регулирање на активности се: Законот за квалитет на амбиенталниот воздух, Законот за управување со води, Законот за управување со пакување и отпад од пакување; Законот за заштита на растенијата и Законот за заштита на културното наследство.

Изработена е Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност, додека поволни услови за развивање на еко-туризмот се посочени како можности во СВОТ анализата на сточарското производство во Националниот план за органско производство за периодот 2013 – 2020 година.[78]

[78] „Национален план за органско производство, 2013 – 2020 година“, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 2013

Општините Берово, Босилово и Ресен, Национален Парк Маврово развиле и имплементирале бројни проекти, студии и стратегии за развој на еко-туризмот, како што се:

- Проект „Развој на еко/рурален туризам во Општина Босилово" што е дел од Програмата на Европската унија за соседство помеѓу Р.С. Македонија и Република Бугарија 2004 „Грант шема за заштита на природната средина, поддржување на културното наследство и соработката меѓу јавните институции на регионално/локално ниво"[79].
- „Регионална стратегија за развој на одржлив туризам во Преспанскиот регион со посебен осврт на еколошкиот туризам и можностите за негово развивање", 2004 година, Регионален центар за заштита на животната средина за Источна и Централна Европа, канцеларии во Албанија и Македонија[80].
- „Стратегија за развој на еко-туризам во Берово", 2005 година, Здружение на инженери за животна средина и Регионален центар за заштита на животната средина за Источна и Централна Европа[81].
- „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Националниот Парк Маврово", 2011, Oxfam Италија и GVC, финансиран од Министерството за надворешни работи на Република Италија[82].

Владините претставници можат да ги координираат националните цели за еко-туризам и да предложат национален план за развој на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

Факторите кои ги креираат политиките во туризмот, односно еко-туризмот, потребно е да одговорат на неколку дилеми при креирањето на развојните определби:

- Кој треба да биде вклучен во развојот на еко-туристичката политика?
- Кои се принципите на кои треба да се темели еко-туристичката политика?
- Зашто индивидуите или организациите треба да учествуваат во еко-туризмот?
- Каде треба да се развива еко-туризмот?
- Какви активности треба да содржи еко-туризмот?
- Како треба да биде понуден еко-туризмот?
- Какви резултати се очекуваат од еко-туризмот и од кого треба да произлезат истите? (Fennell & Dowling, 2003)

---

[79] http://www.mes.org.mk/PDFs/Other/Ekoturizam_vo_Opstina_Bosilovo.pdf
[80] http://www.tpconsulting.com.mk
[81] http://www.berovo.gov.mk/images/sormk.pdf
[82] http://npmavrovo.org.mk/?author=1&paged=18

Владините официјални субјекти кои ја креираат политиката на национално ниво имаат потреба од креирање на посебни политики за заштитените подрачја и националните паркови. Владините чинители одлучуваат каков систем за наплаќање на такса (влезници за посета) ќе се спроведе во заштитените области со определување на наменското користење на средствата добиени од еко-таксите. Тие можат да детерминираат одредени практики и во приватната сфера т.е. да ги задолжат туроператорите да користат исклучиво локални туристички водичи при посета на заштитените предели или вклучување во регулирање на имотно-правни прашања при интерес на некој инвеститор. Потоа, тие може да обезбедат и други услуги важни за еко-туризмот, како што се здравствените клиники во руралните подрачја. Може да се заклучи дека владините чинители го промовираат еко-туризмот.

Промоцијата е дел од националната туристичка кампања, односно Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија сè повеќе во своите промотивни материјали ги опфаќа можностите за еко-туризам, односно ги мотивира туристите за поголема популаризација на оваа форма на туристичка понуда. Во други случаи пак, се креираат посебни пропагандни пораки за специфичните природни области или одредени претставници на заштитените природни видови се идентификувани и промовирани[83]. Сè повеќе се создава потребата за креирање на посебна стратегија која ќе овозможи развивање и инвестициски циклуси за еко-туризмот во Р.С. Македонија создавајќи услови оваа форма на туризам во блиска иднина да претставува носечка туристичка понуда на голем број домашни дестинации.

## 4.2 Потенцијален еко-туристички пазар

Еко-туризмот е корисник на природниот потенцијал кој не претставува неповратен потрошувач на природните ресурси. Напротив, со плански контролиран развој на туризмот во наменски изградени објекти по строгите критериуми се овозможува дополнително збогатување и заштита на просторот кој е во склад со природното окружување.

Природните услови на нашата земјата (геолошкиот состав, релјеф, клима, хидрографија, почва, флора и фауна) ја прават една од земјите во Европа со богатство на добро зачувани природни вредности и претставува една од последните недоволно

[83] www.macedonia-timeless.com

откриени туристички дестинации за странските туристи. Во последните неколку декади се заштитени повеќе од седумдесет природни реткости и споменици на природата кои се вклучени во мрежата на заштитени области, со вкупна површина од 187,895 ha, што претставува 7.30% од националната територија. Прогласени се следните видови на природни локалитети/вредности со различен режим на заштита:

- 3 национални паркови, со површина од 108,338 ха, или 4.2% од целокупната територија;
- 4 строго природни резервати, со површина од 12,855 ха, или 0.50%;
- 3 површини со посебни природни карактеристики, со површина од 2,338 ха, или 0.09%;
- 14 карактеристични растителни и животински видови вон природните резервати, со површина од 2,709 ха, или 0.10%;
- 33 заштитени паркови на природата (категорија на природни споменици), со површина од 61,655 ха, или 2.4%.

Според Мариноски од аспект на релјефната структура, Р.С. Македонија претставува ретка композиција во која мошне складно се преплетени голем број на високи планини богати со дивеч, пештери, интересни леднички езера, бројни висорамнини, богати и мошне плодни низини, клисури, долини на многубројни атрактивни водотеци, богати со риба, како и низата останати помали, но не и помалку атрактивни геоморфолошки облици и форми (Мариноски, 2009).

Планинските простори во Р.С. Македонија претставуваат мошне квалитетни комплексни природни туристички мотиви на кои се сретнуваат многубројни природни атрактивности, како што се разновидни релјефни форми, изразити рекреативни климатски елементи и интересни биогеографски карактеристики. Благодарение на ваквите природни својства, планините во Р.С. Македонија нудат поволни услови за развој на повеќе видови туризам. Од планините со најизразени туристички особености се одликуваат Бистра, Шар Планина, Пелистер, Галичица и Малешевските Планини, од кои на првите две се лоцирани едни од најатрактивните балкански зимско-спортски туристички центри „Маврово” и „Попова Шапка”. Атрактивноста на планинскиот пејзаж ја збогатуваат и формите на глацијалниот, вулканскиот релјеф, бројните клисури и кањони, како и варовничките геолошки форми (карстните облици, шкрапи, ували, вртачи, пештери, пропасти), кои како туристички мотиви нудат поволни услови за развој на туризам (Талеска, 2009).

Рељефната структура на нашата земја, игра значајна улога врз карактерот на климата и условува, на релативно мал простор, да има разноликост на климатските услови, особено голема испреплетеност на благата медитеранска и острата континентална клима. Ваквите климатските фактори нудат бројни потенцијални можности за развој на туризмот. Климатските туристички вредности се состојат во тоа што климата во поголемиот дел од нашата земјата е изменето медитеранска и континентална, но во одредени подрачја води до појава на специфични типови на клима: модифицирано медитеранска, планинска на повисоките, а алпска во највисоките делови. Ваквите климатски услови најмногу погодуваат за развој на речиси сите видови туризам.

Просечната годишна температура изнесува $11{,}3^{0}$C, додека просечната летна - $20{,}8^{0}$C. Врнежите не се обилни во летниот, а во зимскиот период и на повисоките предели претежно се во вид на снег (671 мм/$м^{2}$). Просечната влажност изнесува 71,6 %, а бројот на ведрите денови во текот на годината изнесува близу 90. Сето тоа дава извонредни можности за потенцијален еко-туристички пазар кој може да се развива во сите месеци на годината предизвикувајќи интерес кај туристите за посета со што се разбива нагласената сезоналност. (Методијески, 2017)

Ова претставува дел од можностите од ваков тип поврзани со еко-туризмот и неговата широчина на содржини кои може да ги понуди на потенцијалните туристи. Во стручната литература сѐ почесто се среќава терминот „урбан еко-туризам“ што докажува дека истиот може да се изведува дури и во големите градски средини (паркови или стари зачувани локации) побудувајќи интерес кај љубителите на вакви специфични форми на еко-туристичка понуда.

Еко-туризмот и неговата широка примена овозможува интегрирање во голем број на туристички текови и препознавање на негови форми за различни целни групи на туристи фокусирајќи се на природата и автентичноста. Тој може да биде дополнување на други видови туристички производи/тури или да претставува доминантен мотивациски елемент за посета од страна на заинтересираните туристи. Интересот за еко-туризмот од странските туристи кои ја посетуваат нашата држава се зголемува, но често недостасува соодветна понуда од македонските туроператори за оваа форма на туризам. Само 4,3% од македонските туроператори активно ја нудат Р.С. Македонија со аранжмани на нивните интернет страници кога е домашниот пазар во прашање, а бројката е уште помала кога е во прашање пакетот на аранжмани кои се нудат во текот на целата година.

Моментално бројот на туроператори од Р.С. Македонија кои ја нудат нашата држава како дестинација за еко-туризам е занемарлив, а самата понуда на еко-туризмот е на многу ниско ниво (дури и за балкански критериуми). Големиот број на можности за еко-туризам кои ги нуди нашата земја потребно е добро да се испланираат и вградат во понудата на туроператорите кои ќе понудат услуга и европски стандарди за оваа форма. Најчесто постои небулоза во врска со еко-туризмот кој се поистоветува со адреналинските форми на туристичка понуда. Поради тоа е потребна поинтензивна државна поддршка за изградба на сместувачки капацитети и едукација на населението за еко-туризмот кои во склоп на понудата по туроператорите претставуваат единствена целина. Соодветно креираната еко-туристичка понуда треба во наредниот период дополнително да овозможи развој на туризмот во голем број на рурални средини во Р.С. Македонија. Со развојот на еко-туризмот во ваквите простори ќе се овозможат соодветни услови за креирање на дополнителни еко-туристички услуги и динамизирање на локалната економија во просторите каде ќе се имплементира овој вид туризам.

## 4.3 Еко-туристички производи

Еко-туристичкиот пазар може да опфати широк асортиман на содржини и производи кои се дел од понудите на туроператорите и туристичките агенции. Таквите производи се креираат по потребите на еко-туристите во дестинациите кои ги посетуваат. Просторите кои се посетуваат во рамките на еко-туризмот се цел на посета поради мотивацијата за откривање на нови и уникатни искуства и се генерално рурални според нивната генеза. Во таквите простори туристите со локалното население создаваат трајни туристички врски кои се базираат на природата, традицијата, културното наследство, историјата, гастрономијата, локалните обичаи и други форми правејќи го еко-туризмот посебен. Еко-туризмот и неговото влијание не може да се ограничи на неколку активности, ниту конкретно да се дефинира во целост. Максималниот стремеж на овој вид туризам претставува заштитата на природата и одржливоста на дестинацијата.

Научно – истражувачките активности во рамките на еко-туризмот опфаќаат набљудување и проучување на природата и нејзините вредности од страна на релативно помали групи на туристи кои се трудат да немаат никакво штетно влијание

врз природата. Таквите туристи се најчесто фасцинирани и мотивирани од природните реткости во просторот и се организирани преку научни друштва, младински еко-училишта за заштита на природата со посета и престој во еко-кампови каде голем број на млади лица работат на заштитата на природните вредности. Националните паркови и заштитените подрачја се идеални места за организирање на едукативните посети создавајќи поволни услови за истите. Потребно е да се унапреди атрактивноста на ваквите просторни целини преку изградба на научно – истражувачки станици (пред сè за набљудување во склад со природните вредности и принципи за заштита), како и природни музеи со експонати од флората и фауната кои овозможуваат директен контакт со природата.

Овој тип на еко-туризам мора да биде строго ограничен во помали групи на туристи со професионални водичи кои максимално се посветени на екологијата и располагаат со голема експертиза за пристапување на научно-истражувачкиот еко-туризам. Голем број на локации во Р.С. Македонија претставуваат неоткриени еко-туристички дестинации за голем број на научници и љубители на биодиверзитетот. Овој селективен вид ги има сите карактеристики на „тврд“ еко-туризам поради нејзината немасовност, долгиот престој во дестинациите, максималното ангажирање на локалната заедница и водење грижа за непредизвикување на штетни последици и негативни влијанија врз природните еко-системи.

*Слика бр.28 - Научно-истражувачки еко-туризам во Општина Дебрца*



*Извор: ( https://debrca.gov.mk/)*

Културно – едукативниот еко-туризам е една од најмладите форми на туристичка понуда кои се појавија во последните неколку години и директно се оформува поради интересите на туристите за посета на одредени дестинации кои се богати со недопрена природа. Туристичката побарувачка за националните паркови и различните видови на заштитени подрачја бележи пораст со зголемувањето на свеста за заштита на природата пред сè во високо развиените земји од каде и најмногу гравитираат еко-туристите. Македонските национални паркови покрај основните услови за развивање на еко-туризмот треба да започнат со прилагодувања и уредувања кои би подразбирале создавање услови за фотографирање и снимање на природата, како и набљудување на птици (“bird watching”). Ваквите специфични групи на еко-туристи се организирани во голем број на европски клубови. Во културно – едукативниот еко-туризам можат да се вклопат поголем број на рекреативни активности како што се јавање, возење велосипеди, пешачење, фото-сафари, берење на шумски плодови со присуство и придружба на професионални и обучени еко-туристички водичи.

Во македонските национални паркови и заштитени подрачја оваа форма на еко-туризам располага со поволни можности за зголемување на атрактивноста преку различни можности за предизвикување интерес и мотивација за посета од страна на поголем број на туристи - практикувачи на еко-туризмот. Оваа форма на еко-туризам може да се практикува во поголеми групи кои дополнително ќе одберат содржина применувајќи „мек“ еко-туризам кој сè повеќе има примена во еко-туристичките екскурзии со нагласен едукативен карактер.

Екскурзивниот еко-туризам е најраширената форма со најголема експанзија во светски рамки, базирана на уникатноста и специфичноста на дестинациите, во кои спаѓаат националните паркови и заштитените подрачја. Оваа форма на еко-туристички производ е лесно достапна за учениците, студентите, научните друштва или туристите кои сакаат да научат нешто ново во Р.С. Македонија.

Изградбата на сместувачки капацитети кои ќе имаат привремен карактер како што се еко-камповите, еко-сместувањето ќе овозможи подолг престој на групите, ќе креира поголема атрактивност на просторот и поголем финансиски бенефити во дестинацијата. Многу светски практики покажуваат дека националните паркови и заштитените подрачја ја збогатуваат својата туристичка понуда и со воспоставување на еко-музеи на отворено кои се прилагодуваат на временските и било кои други услови менувајќи ги континуирано своите експонати (птици, инсекти, пеперутки, ретки

растенија или животни). Ваквите организирани посети секогаш логистички се поддржани од страна на локалното население кои споделуваат уникатни искуства со посетителите, притоа едуцирајќи ги за заштитата на животната средина и природата во дестинацијата.

Набљудувањето на птици (Bird-watching) е повеќе во фокусот на интерес кај еко-туристите кои својата страст за откривање и лов ја насочуваат преку фотографската камера и објектив. Набљудувањето на дивите животни, нивното однесување, инсектите, растенијата и се што може да биде фотографирано во природата (фото-сафари) и трпеливото ловење на птиците со двогледи (набљудување на птици) во глобални рамки зазема сè поголема популарност создавајќи мрежа на здруженија и асоцијации. Овој тип на туристички производ во Р.С. Македонија е во зачеток и со организирани мал број на настани и воопшто не е забележана како посебна понуда, односно вид на туристичка програма кај македонските туроператори. Овој релативно нов еко-туристички производ (Bird-watching) кој се нуди на странските туристи има одлични потенцијали во Р.С. Македонија, бидејќи постојат над 322 видови на птици од кои 210 видови се гнездат кај нас, а 217 видови останувaат преку целата година и претставуваат над 35% од загрозените видови во Европа[84].

*Слика бр. 29 Набљудувачи на птици и фото-сафари*



*Извор: (https://mes.org.mk/)*

[84] http://datazone.birdlife.org/userfiles/file/sowb/countries/Macedonia2012.pdf

Bird-watching претставува активно хоби на престој во природата со потреба за заштита на териториите во кои птиците живеат и се гнездат. Набљудувањето на птици како светски тренд бележи пораст од година во година за во нашето соседство веќе да се развива со големи чекори овозможувајќи еко-туризмот полека да го заземе своето заслужено место на туристичкиот пазар, притоа генерирајќи сериозни девизни приливи во локалните економии. Туристите кои патуваат и посетуваат дестинации по потрага да „уловат“ птици со својот фотоапарат ја занемаруваат сезоналноста, практикувајќи ја оваа активност во текот на целата година. Тие имаат потреба од локален водич кој одлично ја познава природата, ги знае местата за набљудување и бараат еко-сместување кое е интегрирано со природните услови. Посетата на странските туристи - љубители на овој туристички производ најчесто настанува во дестинациите во кои туризмот е на ниско ниво на развој, а локалното население е активно вклучено во подигнување на свеста за зачувување на природата и ресурсите со кои располага. Промовирањето на еко-туристичките вредности во овие дестинации може да доведе до креирање на препознатлив имиџ и/или бренд, а на подолг рок и унапреден локален економски развој.

Набљудувањето на птици за голем број на туристи претставува рекреација и притоа ги набљудуваат со голо око, со двоглед или дурбин, звучно ги снимаат, сликаат/фотографираат или го мапираат подрачјето во кое се среќаваат. Настанот „Европските денови за набљудување птици“ претставува одлична можност да се промовираат македонските потенцијали во диверзитетот и бројноста на птиците преку Македонското еколошко друштво – МЕД. Ова здружение учествува во овој популарен настан кој обединува над 20.000 учесници низ Европа – 5.8 милиони птици кои мигрираат за време на одржување на „Европските денови за набљудување птици“[85].

Одличните предуслови за развој на овој еко-туристички производ во Р.С. Македонија претставено преку изобилството на птици треба да креира поголема и поквалитетна понуда на странските туристи, како и вмрежување во европските и светските асоцијации за набљудување на птици. Минималните вложувања, ангажирањето на локалното население, сместувањето во еко-кампови, руралното сместување, локалните специјалитети ќе овозможат локален економски развој и креирање на нови работни места во руралните простори.

[85] http://www.eurobirdwatch.eu/

Фото-сафарито на нашите простори како еко-туристички производ е наменет за сите љубители на природата пред сè оние на кои флората и фауната им е главна мотивација за посета. Ваквите туристи се во потрага на дестинации кои изобилуваат со недопрена природа, а тоа најчесто претставуваат националните паркови или заштитените подрачја. Ретките растенија, пеперутките, дивите животни или прекрасните пејзажи се цел на посета на туристите кои преферираат да се незабележливи и добро вклопени во природната околина, фотографирајќи ги вредностите од близина. Планинскиот дел на Р.С. Македонија изобилува со релативно добро зачувани природни предели богати со дивеч, инсекти, растенија, птици кои љубителите на фото-сафарито брзо ги објавуваат и споделуваат на нивните интернет страници, блогови и социјални мрежи.

Еко-турите подразбираат престој во рурални простори пред сè во специјализирано еко-сместување, консумирање на традиционална храна и локални специјалитети, како и стекнување со уникатни искуства со локалната заедница. Овој тип на еко-туризам потребно е активно да се промовира бидејќи создава одлични финансиски резултати за локалната економија, а вложувањата се минимални од страна на локалното население. Р.С. Македонија многу бргу треба да почне да ги применува регионалните практики на ова поле следејќи ги соседните земји кои го издигаат фото-сафарито на повисоко професионално ниво нудејќи го во многу туристички програми на странските туристи.

Спортскиот туризам според податоците на Светската туристичка организација од година во година сè повеќе ги мотивира туристите кои своите патувања ги креираат со голем број на активности од спортско-рекреативен карактер. Развивајќи ја свеста за активно спортување како фактор за зачувување на здравјето, расте и интересот на туристите за туристичките програми кои содржат вакви рекреативни содржини. Во овие понуди може да се сретнат:

- Активен одмор – вид на класичен одмор кој е збогатен со активни содржини;
- Активности на отворено (Outdoor активности) и заштита на природата;
- Планинарење и пешачење;
- Велосипедизам, триатлон;
- Рафтинг во диви води и
- Екстремни спортови како понуда при престојот - параглајдинг, качување по карпи, зип-лајн (zip-line), скокање со јаже.

Туристичките програми кои нудат активни форми на одмор поврзани со природата и екологијата се веќе многу раширени и најчесто се креираат и по потребите на туристите, со што се карактеризираат со висока динамичност. Овој тип на туристичка понуда пополека зема замав и во Р.С. Македонија немајќи сезонален карактер, односно се прилагодува и надополнува според условите со дополнителни активности како скијањето, индивидуалното/рекреативното скијање, пешачењето на снег, пропратено со консумирање на локални/традиционални специјалитети и споделување на уникатни искуства со локалната заедница. Посебно атрактивни се ваквите активности за новите генерации на индивидуални туристи - слободни патувачи. Најдобри примери кај нас за активен туризам претставуваат просторите во и околу Крушево, Берово, Маврово кои покрај условите за скијање стануваат сè попрепознатливи по параглајдингот и екстремните спортови кои привлекуваат голем број на туристи од целиот Свет.

Пешачењето и планинарењето (Treking) е таков еко-туристички производ кој на многу едноставен и уникатен начин претставува одлична можност за запознавање на нашата земја, селските средини, националните паркови, планините и бескрајните шуми, големиот број на средно-високи врвови со прекрасен релјеф и добра мрежа на обележани планински и велосипедски патеки. Покрај рекреацијата, туристите за време на своите пешачења или планинарења можат да ги посетат големиот број на природни реткости, уникатната флора и фауна, како и големиот број културно-историски споменици. Националните паркови во Р.С. Македонија изобилуваат со означени планинарски и пешачки патеки кои се пондерирани според тежината и должината протегајќи се во националните паркови во вкупна должина поголема од 1500 километри.

*Слика бр.30 - Информативна табла за планинска патека Равна Река - Ченгино Кале - Клепало, поставени и маркирани од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот*




*Извор: (www.tourismmacedonia.gov.mk)*

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот активно работи на изработка на Регистар за планински и пешачки патеки, ГПС - координатите и мапирањето по тежина и должина, нивното означување и ставање во туристичка функција. Досега се изработени и означени повеќе од 44 планински и пешачки патеки од регионален карактер кои спојуваат различни простори во Р.С. Македонија во должина од повеќе од 1.200 километри и активно работи на нови. Во текот на 2019 година дополнително беа обележани и маркирани уште шест патеки со должина од 320 километри на кои се поставени и информативни табли со мапи и назначено ниво на тежина на патеките. Истите се евидентирани во Регистарот за планинарски патеки кој се води во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија[86]

Велосипедизмот во Р.С. Македонија во последните неколку години започнува да влијае врз туристичката понуда со нови атрактивни аранжмани кои вклучуваат индивидуални и групни посети на дестинации. Професионалниот велосипедизам во

[86] www.tourismmacedonia.gov.mk

глобални и регионални рамки привлекува голем број на љубители на овој спорт, а далеку се познати велосипедските трки во Италија, Шпанија и Франција кои имаат високо ниво на туристичка атрактивност. Овие натпревари се доволна причина за голем број на аматери да ги возат патеките на професионалците во текот на годината, притоа користејќи разновидни туристички услуги за време на нивното патување. Возењето велосипед во незагадени средини подразбира оваа активност да претставува посебна форма на еко-туристички производ со големо влијание врз локалните заедници и финансиски бенефити. Преку овој производ може да се остварат голем број на ноќевања во руралните простори. Туристите на своите патувања со велосипед сакаат да откриваат нови дестинации, култури, простори, луѓе, градови и во одредени услови да кампуваат или сместат во приватните сместувачки капацитети и локалните куќи. Со програмата на Министерството за економија, Секторот за туризам во текот на 2019 година беа предвидени да се маркираат голем број на велосипедски патеки според плановите и елаборатите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот – АППТ. Оваа програма продолжи да се реализира и во 2020 година[87].

Во Р.С. Македонија не постојат расположливи податоци за бројот на туристи кои транзитираат низ државата со помош на велосипед или за туристите кои ги користат ретките велосипедски рути што не се поврзани во балканските или регионалните велосипедски мрежи. Потребно е создавање на услови за развивање на овој еко-туристички производ, потоа истиот соодветно да се промовира за да се постигнат ефективни резултати на еко-туристички план.

Јавањето како туристички производ ги прави првите скромни чекори кај нас пред сè во западниот дел на републиката (Галичник, Лазарополе, Крушево, Пехчево, Берово) каде се нудат дневни или неколкучасовни тури низ прекрасната природа на националните паркови или заштитените простори. Ваквата еко-туристичка содржина директно влијае врз подобрување на локалниот туристички развој, генерира поголема туристичка посетеност и овозможува зголемување на ноќевањата во селските населби. Прекрасните животни, пејзажите, флората и фауната, локалната храна и мирот претставуваат голем мотив да се посетат овие простори, посебно од страна на туристи кои потекнуваат од градски средини со висок степен на урбанизација. Јавањето на коњи овозможува покрај прошетките во природа, туристите повеќе да се запознаат со

[87] http://www.economy.gov.mk/doc/2591

карактеристиките на овие животни преку можностите за нивно хранење, одржување, галење и целокупна грижа во текот на престојот на туристите во дестинацијата.

*Слика бр. 31 - Организирана прошетка со коњи во околината на с. Галичник*



*Извор: (https://lrcp.mk/)*

Според Светската туристичка организација 52% од патувањата во глобални рамки се индивидуални туристи, мотивирани и изведени по сопствена режија, при што туристите самостојно креираат содржини во самата дестинација. Ова претставува важен предуслов за развивање на руралниот туризам, како и еко-туризмот во нашата земја[88].

Адреналинските спортски активности претставуваат посебен вид на туризам со специфичен интерес поврзан со природата и споделување на уникатни искуства и доживувања. Поголемиот број на спортисти/рекреативци кои се вклучуваат во екстремните спортови го прават тоа од задоволство и потрага по адреналин (зависници од адреналин, adrenaline junkie, анг.). Покрај искусните професионалци, континуирано сè поголем број на ентузијасти аматери започнуваат да практикуваат вакви екстремни спортски активности во дестинации кои се препознатливи за различните адреналински форми на туристичка понуда. Покрај фактот што овие екстремни содржини носат возбуда, адреналинскиот туризам подразбира посета и на планински предели, реки,

[88] http://www2.unwto.org/

пештери, заштитени просторни целини, бујна вегетација, чист воздух, локална и органска храна, најчесто оддалечено од урбаните загадени средини од каде ваквите туристи и најчесто потекнуваат.

Конфигурацијата на релјефот во Р.С. Македонија овозможува на туристите кои трагаат по екстремни уникатни искуства да им се понудат содржини во текот на целата година. Притоа е важно да се нагласи дека е потребно да се организираат сите услови за безбедност во дестинацијата, ангажирање на стручни лица и професионални локални водичи со теренско искуство кои ќе им овозможат максимално ниво на безбедност на туристите.

Еко-туристичките производи не можат да се ограничат на утврден број на видови, бидејќи полето во кое делуваат има премногу широк карактер и можат да се сретнат во најразлични облици кои се креираат според потребите и интересите на туристите. Токму една од причините на континуираниот раст на еко-туризмот лежи во неможноста за монотоност и презаситеност на туристичките содржини и производи кои ги нудат ваквите дестинации.

## 4.4 Функционални карактеристики на еко-туризмот во Р.С. Македонија

Во Р.С. Македонија и во глобални рамки сè повеќе се подигнува свеста на луѓето за ограниченоста на природните ресурси и реткоста на дестинациите кои сеуште изобилуваат со недопрена природа и потребата од нивна заштита. Грижата за природата и животната средина во целост сè повеќе го издига развојот на еко-туризмот и негово практикување во туристичките дестинации.

Еко-туризмот во нашата земја претставува релативно нов облик на туристичка понуда која континуирано пројавува зголемување на туристичката побарувачка. Покрај присуството на поволните ресурси за еко-туристичка понуда оваа туристичка форма во Р.С. Македонија овозможува понуда која е комплементарна со развојот кој моментално е на релативно ниско ниво во дестинациите.

Од аспект на еко-туризмот Р.С. Македонија припаѓа во категоријата на земјите кои ги привлекуваат туристите со прекрасната природа, заштитените подрачја, гастрономијата, зачуваните рурални средини и традицијата отколку квалитетот на

понудата или појавата на нови атракции. Недостатокот на еко-рути, малиот број на велосипедски и планинарски патеки по светски стандарди, еко-сместување, еко-хотели и голем број на други еко-туристички елементи, претставува голема потешкотија во брендирањето на една дестинација како еко-дестинација или нејзината понуда да биде примарно базирана на еко-туризмот.

Согледувајќи ја моменталната состојба од повеќе аспекти, можноста и условите за развивањето на еко-туристичкиот вид на туризам кој во најопшта смисла се дели на „мек“ и „тврд“, во Р.С. Македонија би можеле да се применуваат интегрирани понуди кои ќе се модулираат и градат според условите кои ги нуди дестинацијата. Гледано од холистичката страна на примената на еко-туризмот и неговите предизвици во нашите дестинации, се наметнува потребата од негова поширока примена, значајна за локалната заедница која во целост треба да го применува еко-туризмот во зависност од реалните можности кои постојат во дестинацијата.

Со користењето на интегрираниот модел на еко-туризам (се мисли на комбинација од „мек“ и „тврд“ еко-туризам), овој селективен вид може да прерасне во еден од доминантните фактори на промени во социо – културна и економска смисла во согласност со принципите на одржливост на дестинацијата. На овој начин во Р.С. Македонија би се развил и практикувал еко-туризмот во модел кој би ги нудел неговите форми и содржини според потребите на туристите и нивните интереси, но исто така и според можностите кои се нудат во дестинацијата незагрозувајќи ги осетливите еко-системи на флората и фауната со примена на контролирани посети на туристите.

## 4.5 Резултати од истражувањето на влијанието на еко-туризмот врз развојот на туризмот во Р.С. Македонија

За постигнување на поставените цели во докторската дисертација освен потребата од прибавувањето на податоци од релевантните институции во Р.С. Македонија, консултирани и користени беа останати светски научни и стручни извори, изведени неформални интервјуа на повеќе тела и органи кои ги креираат политиките во туризмот и беше изготвен структуриран анкетен прашалник. Од податоците добиени од Секторот за туризам при Министерството за економија за категоризирани рурални сместувачки капацитети евидентирани се само педесетина домаќинства на

територијата од цела Р.С. Македонија. За потребите на докторската дисертација се употребени регистрите за рурален туризам на Здружението на граѓани „Рурална Коалиција“ создадени во 2019 година како дел од поголем меѓународен проект и теренски истражувања. Во теренските истражувања се опфатени голем број на сместувачки капацитети кои на одреден начин практикуваат еко-туризам, а не се категоризирани и не постојат во регистрите за сместувачки капацитети на локално ниво. Анкетниот прашалник е составен од дваесет и едно прашање со анкетирани 800 даватели на услуги (правни и физички лица) во период од девет месеци на територијата од целата држава кои во своите понуди имаат интегрирано различни видови на еко-туристички понуди. Анкетираните даватели на услуги се лоцирани во осумте плански региони во кој поединечно се анкетирани по 100 даватели на услуги во еко-туризмот. Со цел спроведување на компаративна анализа во осумте плански региони анкетирани се ист број на сместувачки капацитети со што може да се оцени практикувањето и интересот за еко-туризмот во планските региони во нашата земја.

Прашалникот нуди податоци со кои се дефинираат моменталната состојба во еко-туризмот во Р.С. Македонија на повеќе полиња и ги овозможува заклучните согледувања на овој труд. При докажување на помошните хипотези и основната хипотеза се користат податоци од анкетниот прашалник за туристичката дестинација (анкетирани биле вкупно 1010 странски туристи) и поголема база на обработени статистички податоци. Добиените резултати треба да придонесат за идното креирање на туристичките движења, определување на приоритетите за развој и подобрување на состојбите, донесување на законски подобрувања на полето од еко-туризмот усогласени со европските и светските практики.

Првото прашање од базичниот анкетен прашалник подготвен за докторската дисертација се однесува на локацијата во која давателот на еко-туристички услуги во Р.С. Македонија оперира.

*Графикон бр. 22 - Локација на давателите на услуги*




Резултатите на првото прашање кои се прикажани во графиконот со број 22 за застапеноста на давателите на услуги за еко-туризам во одредена локација од кои 54% анкетирани се изјасниле дека нивната лоцираност е во рурална средина, 28% во урбана средина додека 18% се лоцирани во заштитени подрачја. Од вкупно 800 анкетирани даватели на услуги во туризмот од овој тип 72% се лоцирани во заштитени подрачја, национални паркови или рурални средини со што се потврдува тенденцијата на еко-туризмот за негово развивање и практикување егзистирање во недопрени предели создавајќи уникатни понуди во различни дестинации на Р.С. Македонија. Со практикувањето и развојот на еко-туризмот расте свеста на локалното население за заштита на природата и негово вклучување со зголемување на услуги поврзани со еко-туризмот.

Второто прашање создава појасна слика на анкетираните даватели на услуги дали се правни или физички лица без да се земе во предвид категоризираноста на објектите.

*Графикон бр. 23 - Облик на правен објект*




Од анкетираните осумстотини субјекти во осумте плански региони кои даваат услуги во туристичкиот сектор и применуваат одредена форма на еко-туризмот 64% од нив припаѓаат на физички лица додека остатокот од анкетираните поточно 36% претставуваат правни лица. Поголемиот број на физичките лица се лоцирани во руралните простори, заштитените подрачја и националните паркови нудејќи сместување и вклучувајќи се во локалното водење на туристите кои практикуваат еко-туризам. Потребите на физичките лица кои се даватели на услуги е нивното евидентирање во регистар за сместувачки капацитети на локално ниво, внесување во регистарот за сместувачки капацитети и категоризацијата за еко-туризмот која не се спроведува во Р.С. Македонија. Голем дел од анкетираните претставуваат „сива зона" во македонскиот туризам поради немањето на категоризација и големата инертност на локалната самоуправа која не води регистри за категоризирани сместувачки капацитети. Според истражувањата кои се спроведени во Република Хрватска проширени на регионот околу 40% од приватните сместувачки капацитети кои даваат еко-туристички услуги не се регистрирани и претставуваат сива зона во туристичката индустрија.[89]

Потврдувајќи ја светската практика за локациите во кои најчесто се применува еко-туризмот и давателите на услуги кои треба да ги следат интересите и потребите на туристите. Делењето на искуства и применување на регионалните и светски практики на полето од еко-туризмот е потребно да бидат приближени и споделени со локалното

[89] https://www.dugirat.com/

население од кое се очекува да ги применува начелата на еко-туристичката понуда. Силната интеграција на локалното население и зголемување на нивните услуги при применувањето на еко-туристичките форми овозможува отворање на нови можности за локалниот економски развој. Дестинациите кои практикуваат еко-туризам силно помагаат во промовирање и приближување на локалните обичаи, гастрономијата, легендите, културното наследство, етносот и слично и влијаат врз зголемувањето на просечниот престој на туристите. Придобивките од еко-туризмот се мерат и преку вонпансионската потрошувачка на гостите која според светските практики може да изнесува до 70% од аранжманот со што директно се вбризгуваат во локалната економија. Сепак за практикување на еко-туризмот потребно е големо познавање со неговата суштина која помага при неговото имплементирање и нудење на дополнителни услуги во дестинациите.

*Графикон бр. 24 – Степен на запознаеност со еко-туризмот*




Третото прашање од анкетниот прашалник ја третира токму запознаеноста за начелата на еко-туризмот и целиот концепт при што 18% од анкетираните се изјасниле дека целосно се запознаени со суштината на еко-туризмот, 58% дека делумно се запознаени и 24% дека не се запознаени со суштината на еко-туризмот. Високиот процент да испитаници кои делумно и целосно се запознаени со суштината на еко-туризмот и практикуваат некоја негова форма создаваат позитивна клима за неговиот развој и развоен потенцијал во Р.С. Македонија. Потребата од континуирано надградување на знаењето и следењето на светските, регионалните текови, вмрежувањето и

развивањето на човечките ресурси се од исклучителна важност за поголемо разбирање на суштината од еко-туризмот и можноста за задоволување на сите барања на туристите во дестинацијата.

Применувањето на еко-туризмот создава потреба од исполнување одредени услови од страната на туроператорите и од друга страна на давателите од услугите преточени во правилници и законска легислатива. Задоволувањето на стандардите за еко-туризмот, прилагодената законска легислатива, категоризирањето на еко-сместување и хотели со „зелени ѕвезди“ создаваат можности за комуникација со многу голема потенцијална група на туристи кои би ја посетиле нашата држава како дестинација за вакви активности. Повеќе милиони туристи во Европа престојуваат во „зелени хотели“ или еко-сместување кои го практикуваат еко-туризмот и придонесуваат кон зачувување на природата и одржливоста на дестинациите. „Зелените“ хотели во Европа во последната декада претставуваат најголемите инвестиции во руралните предели подигнувајќи ја свеста за одржливост на дестинацијата и заштитата на животната средина.[90]

Од графиконот број 25 можат да се утврдат резултатите на прашањето кое е поврзано со воспоставувањето на еко-туристичките стандарди од страна на давателите на услуги и нивната запознаеност со можноста за нивно воведување во македонските дестинации.

*Графикон бр. 25 - Воспоставени стандарди за еко-туризмот*




[90] https://www.greenpearls.com

Запознавајќи се со суштината и потребите на еко-туристите се наметнуваат веќе поставени и законски одредени стандарди во делот на еко-сместувањето, стандарди за зачувување на животната средина и негативните влијанија врз еко-системите во туристичките дестинации. Мал дел од анкетираните даватели на услуги (14%) имаат воспоставено одредени стандарди за еко-туризам, поголемиот дел имаат делумно воспоставено стандарди (60%), додека 26% немаат воспоставено стандарди потребни за имплементација и одвивање на еко-туризмот. Покрај високиот процент на анкетирани кои немаат воспоставено стандарди за еко-туризам се добива одреден оптимизам поради процентот од 74% на воспоставени и делумно воспоставени стандарди за еко-туризам.

Потребата од воспоставување на стандардите и знаењето на полето на еко-туризмот од давателите на услуги во туризмот е од круцијално значење за зголемување на посетите и поголем број на еко-туристи, зголемен број на остварени ноќевања и можност за размена нови искуства. Развојот на еко-туризмот покрај природните потенцијали се базира и врз неговата примена и стандарди во повеќе домени кај давателите на туристички услуги бидејќи на овој начин се разликуваат од останатите и постануваат поконкурентни на туристичкиот пазар. Со имплементирање на стандардите и нивното применување се овозможува уште поголема заштита на животната средина и подигнување на свеста кај локалното население за принципите и придобивките од еко-туризмот.

Правилникот за критериумите според кој е потребно да бидат исполнети предусловите за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување, дополнети со новите светски практики на полето на еко-туризмот, во блиска иднина би претставувале значајна развојна компонента во Р.С. Македонија (Службен весник на РМ, 2/2009).

Доколку се применуваат сите потребни критериуми за еко-туризмот кој претставува дел од алтернативните форми на туристичка понуда се поставува и прашањето за неговиот сезонален карактер. Имено, сезоналноста воопшто не е изразена кај оваа форма на туризам поради можностите за примена во текот на целата година. Преку овозможувањето на нови атракции и зголемувањето на портфолиото на туристички понуди кои директно се насочени кон туристите кои го практикуваат еко-туризмот, дестинацијата го губи сезоналниот карактер. Во тој случај сезонските даватели на услуги во еко-туризмот оперираат во текот на целата година создавајќи услови

сезонските работни места да бидат трансформирани во континуирани вработувања кои создаваат можности за намалување на миграцијата зголемени економски бенефити.

Можноста за намалување на сезоналноста во дестинациите треба да создаде предуслови за зголемување на просечниот престој на туристите, односно зголемениот број на ноќевања во дестинациите, како и создавање на нови туристички атракции кои ќе развиваат одредена нова форма на еко-туризам.

*Графикон бр. 26 – Очекувања за продолжување на сезоната преку воведувањето на еко-туризмот*




Добиените резултати од петтото прашање кое го третира продолжувањето на туристичката сезона со воведувањето на еко-туризмот се прикажани на графиконот со број 26 претставувајќи голем број на испитаници кои позитивно се изјасниле за влијанието на еко-туризмот за проширување на туристичката сезона. Нивниот процент изнесува 58% од испитаниците кои очекуваат со воведувањето и практикувањето на еко-туризмот да биде продолжена сезоната, додека 31% очекуваат делумно остварување. Процентот на анкетираните даватели на услуги од 11% кои немаат позитивно мислење за продолжување на сезоната доколку се воведува и практикува еко-туризмот е многу низок, во споредба со 89% од анкетираните кои имаат позитивно мислење и веруваат дека еко-туризмот ќе овозможи продолжување на сезоната и поголем број на туристи во текот на целата година разбивајќи ја сезоналноста на дестинацијата. Добар пример околу оваа проблематика се големиот број на светски

скијачки центри и национални паркови во кои посетеноста е континуирана, без разлика на годишното време, бидејќи дестинациите изобилуваат со атракции за четири сезони, односно можат да се користат во текот на целата година.

Тенденцијата во последните години во Европа, регионот и нашето окружување за поголемо практикување на еко-туризмот како дел од алтернативните форми на туристичка понуда создава можности за реализација на поголем број на посети во руралните средини, националните паркови и заштитените подрачја. Туристичкиот сектор во Р.С. Македонија започнува со практикување на искуствата поврзани со еко-туризмот кој сѐ почесто може да се пронајде во аранжманите на туроператорите за рецептивен туризам. Овие тенденции се потврдени од големиот број неформални интервјуа кои се реализирани за потребите на докторската дисертација и непосредните набљудувања спроведени на саемските туристички претставувања на Р.С. Македонија и понудите од страна на македонските туроператори. Следното прашање од анкетниот прашалник го прикажува интересот на туристите за практикување на еко-туризмот во дестинациите.

*Графикон бр. 27 - Туристи со практикување на еко-туристички стандарди*




Резултатите од ова прашање многу јасно го прикажува практикувањето на еко-туристичките стандарди од страна на давателите на услуги, потврдено од 56% анкетирани, додека 32% се изјасниле дека делумно ги практикуваат.

Мал број од анкетираните се изјасниле за непрактикување на еко-туристичките стандарди, а тој процент изнесува 12% кој споредбено во однос на 88% кои одговориле

делумно и потврдно во анкетата. Големиот процент создава јасна слика на туристичките работници за побрзо имплементирање на еко-туристичките стандарди во целост во сместувачки капацитети, услуга која се нуди на туристите и нови атракции во дестинациите. Воведувањето на нови атракции во дестинациите, според интересите на еко-туристите и нивните барања, бара поврзување и соработка со локалното население кои овозможуваат дополнителни еко-туристички услуги наменети за посетителите. Воведувањето на еко-туристичките стандарди влијае врз подигнувањето на свеста и едукацијата на локалното население за практикување на истите бидејќи тие директно се вклучени како даватели на услуги во дестинациите.

Податоците даваат јасна насока за трендовите кои се пренесуваат од светските текови во Р.С. Македонија за поголема потреба од применување и практикување на еко-туризмот и неговото влијание врз посетеноста на дестинацијата од туристите. Практикувањето на стандардите во еко-туризмот во дестинациите претставува зачеток на процесот за креирање туристички бренд на еко-дестинација. Сите еко-туристички содржини кои се воведени во понудата на дестинацијата овозможуваат нејзина поголема конкурентност со останатите дестинации.

*Графикон бр. 28 - Понуда на еко-туристички содржини од туристичкиот сектор*




Од понудените еко-туристички содржини кои најчесто се нудат во дестинациите од туристичкиот сектор се издвојува најчестата форма со која се мотивираат туристите да посетат одредена дестинација, а која е поврзана со природните убавини (без да се прецизираат содржините) за што се изјасниле 34% од анкетираните. Велосипедските и

планинските патеки и гастрономијата има остварен процент од 18% продолжувајќи со културно-историските споменици со 12 % и локалните манифестации со 13% од анкетираните даватели на услуги. Наведените еко-туристички содржини се дел од „мекиот“ еко-туризам кој се карактеризира со поголема масовност и активност во дестинациите со фокус на заштитата на животната средина, традицијата, гастрономијата. „Мекиот“ тип на еко-туризам во Р.С. Македонија се практикува од страна на давателите на услуги во дестинациите и е прифатен од домашните и странските туристи применлив во текот на целата година. „Мекиот“ тип на еко-туристичка понуда според резултатите од прашалникот претставува 95% од еко-туристичката понуда во македонските туристички дестинации кои имаат услови за негово практикување.

Набљудувањето на птици и фото-сафари како активности учествуваат со 5%. Тоа е логички, со оглед на фактот што за успешна имплементација на ваквите содржини во понудите потребно е исполнување на посебни услови и професионална поддршка во строго заштитени подрачја кои располагаат со ретка и специфична флора и фауна. Овие две еко-туристички форми се типични за „тврдиот“ еко-туризам кој се карактеризира со повеќедневни посети во дестинациите и помали групи на еко-туристи. „Тврдиот“ еко-туризам има потреба од вклучување на локалните експерти/специјалисти кои треба да располагаат со одлични знаења за дестинацијата и нејзините специфики. Подобрувањето на валоризацијата кај еко-туристичките потенцијали и содржини понудени на туристите пројавува континуирана потреба и истите треба да бидат надградувани со што ќе се креираат содржини кои ги мотивираат туристите подолго да престојуваат во дестинациите. Подолгиот просечен престој на туристите создава мултипликативен ефект на еко-туризмот кој пројавува позитивни влијанија врз локалното население и локалниот економски развој.

*Графикон бр. 29 - Просечен престој со воведување на еко-туризмот*




Една од основните придобивки на воведувањето и практикувањето на еко-туризмот е зголемувањето на просечниот престој во дестинацијата, односно користење во целост на локалните туристички ресурси. Според спроведениот прашалник, 51% од испитаниците со практикувањето на еко-туризмот просечниот престој им се зголемил од еден до три денови, 35% од седум до десет денови и 14% за повеќе од десет денови. Резултатите јасно укажуваат за тенденцијата на оваа туристичка форма за подолги престои во дестинациите и учество во голем број на вонпансионски активности кои се понудени од страна на локалното население. Зголемувањето на просечниот престој создава можности за адаптирање и изградба на поголем број на сместувачки капацитети, како и услужни дејности поврзани со туристичките форми во кои се појавува еко-туризмот. Голем број на земји кои сѐ повеќе се базираат на алтернативните форми на туризам (во кои спаѓа и еко-туризмот) регистрираат зголемување на бројот на сместувачки капацитети во руралните средини за сметка на класичното хотелско сместување кои се концентрирани во поголемите градови и урбани простори.

Туристите често градат силни врски со локалното население посетувајќи ја повторно дестинацијата со своите пријатели и други познаници споделувајќи ги искуствата со локалната заедница.

*Графикон бр. 30 - Дали туристите кои практикуваат еко-туризам повторно доаѓаат*




Голем процент од анкетираните, односно 71% се изјасниле со одговорот „Најчесто да“ со што се потврдува светската практика и во Р.С. Македонија за градење на јаки социјални врски помеѓу туристите кои ја посетуваат дестинацијата и локалното население. Според профилот на еко-туристите кои ги посетуваат дестинациите во Р.С. Македонија тежнеат кон градење на социјални врски и односи со локалното население, почитувајќи ја нивната култура и учествуваат во локалниот живот во одреден степен. Ова овозможува подолг престој на туристите и зголемување на нивниот интерес за повторни средби и посета на дестинацијата како и нивно учество во одреден број на локални манифестации кои најчесто се од гастрономски карактер. Сместувачките капацитети во руралните средини во кои најчесто престојуваат еко-туристите имаат потреба од имплементација и примена од одредени стандарди и опрема што е во духот на зачувување на животната средина и користење на дополнителни услуги кои би го зајакнале локалниот развој. Многу внимание еко-туристите обрнуваат на локалните производи и нивното производство од страна на локалното население со што јасно ја изразуваат тенденцијата за одржливост на дестинацијата и туризмот. Применувајќи го методот на набљудување при теренските истражувања за потребите на докторската дисертација во голем број на дестинации и сместувачки капацитети се нудат локални специјалитети, земјоделски производи кои потекнуваат од дестинацијата или производи специфични и уникатни за дестинацијата. На овој начин директно се поттикнува локалното производство и локалната економски развој преку практикување на еко-туризмот и неговите постулати. Голем дел од давателите на еко-туристички

услуги потребно е да применуваат дополнителни критериуми и опрема при нудење на своите услуги и сместувачки капацитети.

*Графикон бр. 31 - Еколошка опрема која се користи во сместувачките капацитети*




Стандардите кои треба да се воведуваат за потребите на еко-туристите и понудување на локалната храна во услугите е извршено од страна на 47% анкетираните даватели на услуги. 31% од анкетираните одговориле со останати услуги, додека 18% нудат органско производи и мал процент (4%) пешкири и крпи со зелена ознака кои се дел од сетот на потребните елементи кои се пропишани во правилниците за категоризирањето на објектите за зелена ознака. Скромното воведување на еколошка опрема која е барана во сместувачките капацитети ја оцртува почетната фаза и зачетоците на практикување и применување на еко-туристичките стандарди на давателите на услуги во дестинациите. Дополнителни забуни создава категоризацијата и нејзината неприлагоденост за руралниот и еко-туризам во Р.С. Македонија и многу ниската запознаеност на туристичките работници со правилниците и потребните критериуми за „зелена“ категоризација кај објектите за сместување.

Државната стратегија за Рурален туризам 2012-2017 година го воведува стандардот за категоризација на рурални сместувачки капацитети „Сончоглед“ по строго пропишани правилници за категоризирање.[91] Категоризацијата за руралните сместувачки капацитети дополнително ја усложнува и создава конфузија кај давателите на услуги во руралните средини. Регистарот кој ги евидентира категоризираните рурални домаќинства кои го практикуваат руралниот туризам во Р.С. Македонија изнесува

[91] www.tourismmacedonia.gov.mk

вкупно тринаесет во изминатиот петгодишен период според Стратегијата за рурален туризам со важност до 2017 година. Р.С. Македонија сеуште нема активна национална стратегија за рурален туризам што дополнително ја усложнува работата на институциите кои треба да постапуваат и туристичкиот сектор кој треба да постави развојни стратегии за руралниот и еко-туризмот во наредниот период.

*Графикон бр. 32 - Дали во организациската структура вклучувате водич за еко-системи*




Важноста на вклучување во еко-туристичката понуда од стручни лица кои автентично го пренесуваат своето знаење за флора и фауна во дестинацијата и легендите поврзани со локалната заедница е исклучителна. Често се ангажираат како неформални водичи бидејќи во Р.С. Македонија според законската легислатива не се предвидени водичи за еко-туризам. Неформалните еко-туристички водичи често потекнуваат од локалното население со знаења за природните вредности и теренот на дестинацијата овозможувајќи им на туристичките групи безбедно движење и уживање во атракциите.

Според добиените резултати, 12% од давателите на услуги постојано ангажираат локални специјализирани водичи што претставува показател на почетниот развој во дестинациите на еко-туристичките форми и практикување на еко-туризмот. Често недостатокот на овие лица е надополнет со љубезност на локалното население кое ги упатува туристите кон локалните жители кои сакаат да ги посетат создавајќи дополнителна конфузија и неорганизираност при посетите на туристите во локациите. Повременото ангажирање на водичи практикуваат 35% од испитаниците, додека голем дел (53%) не вклучуваат вакво стручно лице во понудата што претставува голем

недостаток за давателот на услуги кој треба да создаде услови за туристите да го продолжат својот престој во дестинацијата. Многу често ангажираните лица се претставници од локалната заедница која на ваков начин директно е инволвирана во еко-туристичката понуда на дестинацијата.

Потребата од едукација и сертифицирање за еко-туристички водичи се овозможува со добивање на грандови од голем број на странски фондови кои го развиваат еко-туризмот и ја зајакнуваат локалната заедница. Користењето на светски искуства на полето од еко-туризмот пред сѐ во меките мерки се од исклучителна важност за локалната заедница како директни имплементатори на стекнатите искуства како даватели на еко-туристички услуги во дестинацијата и нивен развој.

*Графикон бр. 33 - Користење на фондови за еко-туризам*




Важноста на користење од фондовите кои овозможуваат поголема имплементација на еко-туризмот и споделување на светски и регионални искуства е од голема важност за туристичките работници и туристичкиот сектор во Р.С. Македонија. Јакнењето на локалните капацитети, новите атракции, еко-туристичките стандарди и промоцијата ја унапредува дестинацијата и ѝ овозможува да се користат фондови за развој на туристичкиот сектор, финансирани од Светска банка, Европската Унија и ИПА меѓуграничната соработка со соседните земји.

Сепак резултатите кои се добиени ја отсликуваат моменталната состојба на ова поле кај давателите на туристички услуги, односно 88% од испитаниците не користеле фондови со кои би можеле да ги подобрат условите за развој на еко-туризмот. Останатиот дел од испитаниците користеле државни фондови, односно 8% од

испитаниците и само 4% искористиле одредени средства од Европските фондови кои се наменети за развивање на еко-туризмот или други донатори. Потребно е имплементирање на практиките кои се применуваат од регионот кои преку проектни тимови од локалната самоуправа во соработка со невладиниот сектор имплементираат голем број на проекти во туризмот. Потребата од тимови на локално ниво кои заедно со туристичкиот сектор и невладиниот сектор ќе работат на аплицирање и имплементирање на проекти ќе овозможи вмрежување, зајакнување на дестинацијата и нејзино подобро позиционирање на туристичкиот пазар. Еко-туризмот во Р.С. Македонија се практикува кратко време, додека генерирањето на знаења за можностите за искористување на одредени фондови ќе помогнат при креирање на атрактивни производи според потребите на еко-туристите.

Голем број даватели на услуги се прилагодуваат на потребите и барањата од туристите кои ја посетуваат дестинацијата и нудат услуги од еко-туристички карактер.

*Графикон бр. 34 - Дали претходно сте се занимавале со еко-туризам*




Резултатите кои се добиени и прикажани на графиконот со број 34 ја прикажуваат состојбата на полето од еко-туризмот и неговото практикување во Р.С. Македонија. Мал број на анкетирани континуирано го практикуваат еко-туризмот, односно само 7%. Повремено со еко-туризмот се занимаваат 36% од испитаниците, најмногу должејќи се на повремените барања од туристите кои се љубители на еко-туризмот и уживаат во неоткриеноста на туристичката дестинација.

Голем број од анкетираните даватели на услуги во дестинациите, односно 57% воопшто во минатото не се занимавале со еко-туризмот докажувајќи дека еко-туризмот

во Р.С. Македонија започнува да се развива само во последните неколку години. При воведувањето и практикувањето на еко-туризмот на подолг рок ќе можат да се почувствуваат неговите позитивни ефекти врз дестинациите градејќи локални брендови и препознатливост на еко-дестинации. Развојот на еко-туризмот не е возможен без едукација и градење на професионалци во проектните циклуси, а потребна е и туристичка едукација со што би се создале услови во дестинациите за применување на еко-туризмот.

*Графикон бр. 35 - Дали имате соодветни квалификации за еко-туризмот*




Континуираното надградување, усовршувањето на знаењата и споделувањето на искуства и практики на полето на еко-туризмот е многу значајно за развојот и подобрувањето на ваквата понуда на дестинациите. Најголем процент од испитаниците, односно 58% знаењето за оваа форма на туристичка понуда ги стекнале преку едукации, работилници и обуки кои се поддржани и реализирани од страна на странски донатори. Висок процент од 36% немаат никакви квалификации за еко-туризмот и го применуваат според нивното сопствено искуство и барања на туристите кои ги посетуваат, додека 6% се изјасниле дека имаат соодветни квалификации за еко-туризмот кои ги стекнале надвор од државата според неформалното интервју кое во продолжение е извршено за потребите на докторската дисертација. Токму едукацијата и потребата од воведување на еко-туризмот како посебен предмет и програма за едукација во образованието би овозможило приближување на оваа туристичка форма до идните туристички работници и експерти во оваа област.

Преземањето и имплементирањето на регионалните практики на ова поле и воведувањето на еко-туризмот како посебна студиска програма на факултетите за туризам и наставниот процес на додипломски и постдипломски студии ќе придонесат за градење на силен човечки потенцијал на ова поле.

За развивање на туризмот како и еко-туризмот потребна е развиена инфраструктура во границите кои се потребни за непречено да функционира без поголеми негативни влијанија кои би ја загрозувале животната средина и трајно би се нарушиле врските на еко-системите во дестинациите.

*Графикон бр. 36 - Оценка на инфраструктурата во дестинацијата*




Недоволно развиената инфраструктура во местото на живеење во руралните простори претставува една од причините за недостапност на еко-дестинациите. Отсуството на изградена инфраструктура повлекува со себе и останати негативни влијанија од кои доминира миграцијата кон градските средини во Р.С. Македонија. За развивањето на еко-туризмот потребно е солидно развиена патна инфраструктура, соодветна сигнализација и означување во дестинациите за да им се олесни движењето на туристите низ просторот, како и овозможување на достапноста и пристапот до атракциите. Означувањето на локалитетите, патните мапи, ГПС-координатите, мобилните апликации, локалните водичи овозможуваат сигурно и лесно движење во дестинацијата пред сè на еко-туристите кои практикуваат адреналински форми на туризам.

Графиконот број 36 ги прикажува одговорите во проценти на испитаниците и нивната оценка за инфраструктурата во своето место, односно дестинација. Многу мал процент

од испитаниците ја оценуваат инфраструктурата во нивното место на живеење како одлична, односно само 4%. Потоа следат одговорите со добра оценка, односно 42% од анкетираните, додека најголемиот дел - 54% ја окарактеризирале инфраструктурата во дестинацијата/местото на живеење како лоша.

Локалната и централната власт потребно е да преземат низа активности и да ја преземат носечката улога во поглед на подобрување на инфраструктурата во руралните простори со што би се помогнало да се намалат наведените негативни тенденции. Општествениот ефект од развојот на еко-туризмот се изразува во подобрувањето на инфраструктурата во руралните средини, националните паркови, заштитените подрачја и срединитe кои располагаат со поволни услови и се препознаени од туристите како места каде е можно да се развива одредена еко-туристичка форма.

Знаејќи ги искуствата на полето на еко-туризмот во Р.С. Македонија потребно е да се даде оценка на неговиот развој со цел да се добие реална слика за моменталната состојба на македонскиот туристички сектор.

*Графикон бр. 37 - Оценка за развојот на еко-туризмот*




Доколку се оцени нивото на развој на еко-туризмот во осумте планските региони (во секој плански регион анкетирани беа по 100 испитаници - даватели на услуги), односно на целокупната територија на Р.С. Македонија, ќе се добијат резултати кои ја отсликуваат реалната состојба. Така, најмал процент од испитаниците, односно 4% го оценија одлично нивото на развој на еко-туризмот, добро го оценија 14% од испитаниците што претставува релативно низок процент што и укажува на големиот опфат на потребни преземања кои претстојат во оваа смисла. Со оценката доволно се

изјасниле 52% од испитаниците во врска нивото на развојот на еко-туризмот, додека 30% го оценија како недоволно што остава голем простор за подобрување на развојот на еко-туризмот кој е поврзан со голем број на други услови кои треба да бидат подобрени. Во оваа насока опфатени беа инфраструктурата, едукацијата и градењето на интелектуалните капацитети за оваа туристичка форма, потоа подобрувањето на инвестициите во еко-туризмот, како и заштитата на животната средина која треба да даде силна мотивација на локалното население да продолжи со градење на концептот за еко-туризмот.

Соработката на туроператорите и другите експерти за еко-туризам со локалното население кое е најчесто проактивно, во минатото се покажале како многу успешна практика во други дестинации и би можеле да се применат и во Р.С. Македонија со што би се создала одлична клима за подлабоко имплементирање на еко-туризмот кај нас. Еко-туризмот претставува сложен систем кој се состои од различни даватели на услуги и останати чинители во дестинациите кои заеднички креираат единствена понуда според која туристите оформуваат перцепција, мислење и препораки за идните посетители.

*Графикон бр. 38 - Соработка со туристички работници и објекти за еко-туризам*




Соработката на туристичкиот сектор и вмрежувањето на полето на еко-туризмот пројавува круцијално значење во смисла туристичките работници да ги пренесат стекнатите искуства и знаења со што би се примениле позитивните практики. Од графиконот број 38 можат да се утврдат резултатите од анкетирањето на испитаниците, односно одговорите за нивната соработка на полето на еко-туризмот, а највисок

процент е постигнат за одговорот на повремена соработка (49%). Исто така високо процентуално учество имаат и одговорите кои се однесуваат немањето соработка, односно 42%. Многу низок процент од анкетираните, со само 9%, одговориле дека соработката е на постојано ниво кое во иднина е потребно да се надградува. Овој процент на одговори доколку се спореди со процентот од 91% на одговорите со повремено и несоработување, ја покажува неповолната состојба во доменот на соработката на чинителите во креирањето на атрактивни еко-туристички понуди.

На овој начин не се споделуваат искуствата, не се создава можност за интегрирани понуди кои во многу нешта ќе овозможат привлекување на поголем број и поконкурентни туроператори кои се етаблирани на полето од еко-туризмот и креираат понуди што би можеле да овозможат дополнително развивање на дестинацијата. Многу тешко е да се промовира дестинација која нема изградено интегрирана еко-туристичка понуда, се недоволно конкурентни и се слабо видливи на туристичкиот пазар.

Законската легислатива, пред сѐ Законот за туристичка дејност и категоризацијата треба да бидат прилагодени според светските и регионални практики кои јасно го дефинираат еко-туризмот и неговите потреби како и полето во кое делува. Тие треба да понудат дополнителна развојна компонента на еко-туризмот и да ја зајакнат неговата примена преку сет стимулативни мерки насочени кон помагање на локалната заедница која го практикува.

*Графикон бр. 39 - Законската регулатива на полето од еко-туризмот*



Законската легислатива е многу значајна како во сегментот на имплементација на добрите примери и светските текови, така и во дело на нејзиното имплементирање и спроведување овозможувајќи лојална конкурентност и повеќе аспекти на унифицирани еко-туристички услуги во дестинациите. Законската легислатива на полето од еко-туризмот во Р.С. Македонија од анкетираните за потребите на истражувањето само 6% ја оценила како одлична, додека добра ја оцениле 14% што претставува релативно низок процент за да може реално да се утврди дали состојбата е добра и нема потреба од надградување на Законот за туристичка дејност и категоризација за сместувачки капацитети. Со многу повисок процент од 37% се анкетираните даватели на услуги кои ја оценуваат законската легислатива како доволна, додека најголемиот процент од 43% е за анкетираните кои сметаа дека законската регулатива која го третира еко-туризмот е недоволна и потребно е да се надгради и подобри. Немањето на јасно дефинирани стандарди за еко-туризмот во делот на категоризацијата и Законот за туристичка дејност кој треба да претрпи одредени подобрувања со имплементирање на практиките од други земји, создава конфузност и нејасност за развој на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

Покрај подобрувањата во законската регулатива потребно е активно подобрување на поддршката за започнување на еко-туризмот во руралните средини и нивен развој преку сет на државни мерки кои јасно треба да бидат дефинирани во долгорочната стратегија за туризам на Р.С. Македонија. Р.С. Македонија е единствената земја во регионот која нема државна стратегија за развој на руралниот туризам со имплементиран дел за еко-туризам како најбрзо растечката форма на туристичка понуда во светски рамки[92]. Една од слабите точки во туризмот во Р.С. Македонија претставува Правилникот за категоризација која во делот на еко-туризмот е неусогласена со неколку правилници на различни министерства кои не се дел од Правилникот за категоризација за сместувачките објекти во Р.С. Македонија.

[92] http://www.economy.gov.mk

*Графикон бр. 40 - Правилник за добивање на еколошка ознака*




Доколку сместувачките објекти се стремат во континуитет да понудат еко-туристички услуги на посетителите во нивните сместувачки капацитети потребно е да исполнат одреден број на предуслови со кои ќе бидат препознаени и категоризирани со ознака за еко-сместување. Министерството за економија работи според правилник за категоризација кој ги нема интегрирано условите за еко-сместување од правилникот за зелени маркички од Министерството за животна средина и просторно планирање. Доколку се погледнат и двата правилници за исполнување услови потребни за категоризација и добивање епитет Еко ниту еден сместувачки капацитет во Р.С. Македонија не ги исполнува условите и нема категоризација со зелена ѕвезда или ознака. Ова создава доволна конфузија комбинирана со фактот за сложеноста и преклопувањето на правилниците, со што се креирани низа проблеми кои ги одвраќаат давателите на услуги да аплицираат за добивање на еколошка категоризација.

Девет проценти од вкупниот број на анкетирани се изјасниле дека се запознаени со Правилникот за добивање на еколошка ознака, додека 47% се изјасниле дека делумно се запознаени со него. Воопшто не се запознаени 44% од испитаниците што јасно ја отсликува моменталната состојба на ова поле во Р.С. Македонија. Резултатите кои се добиени од анкетата се поклопуваат со моменталната состојба која се случува со категоризацијата во еко-туризмот и создава потреба од брзо изнаоѓање на решенија преку усогласувања и менување на правилниците за категоризација како и Законот за туристичка дејност. Новиот закон за туристичка дејност треба во себе да ги вгради реалните потреби за развивање на еко-туризмот и да дефинира единствени критериуми

за категоризација на овие објекти што ќе претставува дополнителна развојна компонента на целиот туристички сектор.

Промоцијата претставува еден од најзначајните елементи кога е во прашање еко-туризмот бидејќи опфаќа комуникација преку социјалните медиуми, интернет порталите и креирање на мислења од голем број на инфлуенсери на полето на еко-туризмот. Покрај Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот кои во континуитет работат на промоцијата во тринаесет дестинации, според истражувањата давателите на услуги во еко-туризмот потребно е да преземат дополнителна сопствена промоција преку социјалните мрежи и канали на комуникација што ќе резултира во поголема посета на дестинацијата. Дигитализацијата на туристичкиот сектор според Светската туристичка организација претставува еден од најзначајните елементи при промовирањето на дестинацијата и работењето во туристичкиот сектор. Поради овие причини Светската Туристичка Организација (UNWTO), 2019 година ја прогласи за година на дигитализацијата насочена пред сѐ во руралниот туризам и еко-дестинациите.

*Графикон бр. 41 - најзастапени промотивни канали за понудата на еко-туризмот*



Доколку се анализираат резултатите од промотивните канали преку кои анкетираните туристички субјекти ги промовираат своите еко-туристички содржини, може да се забележи дека користењето на интернетот претставува една од најкористените алатки. Најголем процент од анкетираните, односно 23% одговориле дела нивната промоција се базира на интернетот, додека 17% продолжуваат со дополнително промовирање на социјалните медиуми. За употреба на една од најкористените интернет платформи *Booking,* се изјасниле 20% од анкетираните користејќи ја покрај за продажба и за промовирање на своите капацитети. Следат анкетираните за кои препораките од нивни гости се најдобрата реклама со 14% кои можат да бидат дистрибуирани на саемските манифестации или да се подигнат и разгледаат од самите туристи кои им ја препорачуваат дестинацијата на други заинтересирани патувачи. Туристичките агенции и туроператорите учествуваат со 10% од одговорите на анкетираните што се покажало како многу значајно при популаризирање на одредени дестинации, додека флаерите и брошурите учествуваат со 6% како поконзервативни или класични начини за промовирање.

Саемските манифестации на кои се промовираат дестинациите и голем број на туроператори од Р.С. Македонија се во организација на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и се застапени на скоро сите позначајни туристички саеми во Берлин, Мадрид, Истанбул, Варшава, Лондон, Римини итн. Останатите канали на промоција кои се посочени во анкетниот прашалник се од минимално учество кое нема големо или воопшто влијание врз успешноста на промоцијата.

Постои реална и итна потреба за комуницирање, приближување и промовирање на еко-туристичките потенцијали за македонскиот туристички сектор да фати приклучок кон регионот преку креирањето на квалитетни интернет страници и социјални промотивни канали кои се највлијателни помеѓу туристите. Затоа се наметнува потребата од зголемување на вештините за рекламирање на интернет и преку социјалните медиуми кои се карактеризираат со релативно низок буџет, но висока ефикасност. Дигитализацијата треба да овозможи добро структурирани интернет страници на давателите на услуги преку кои освен потребните информации за дестинацијата и давателот на услуги, еко-туристот ќе може да резервира, купи билети или конкретни услуги во дестинацијата.

Со воведување и применување на светските практики на ова поле многу лесно давателите на услуги ќе можат да се вмрежат со организации или асоцијации поврзани со еко-туризмот и со тоа да се едуцираат и разменуваат искуства. Голем број од истите одлучуваат своите конференции и средби да ги организираат во различни неистражени еко-туристички дестинации или во делот на дигитализацијата и ИТ технологијата да ги заменат канцелариите со природа во која подобро ќе творат.

*Графикон бр. 42 - Членување во организации и асоцијации од областа на еко-туризмот*




Учеството во организации, комори, асоцијации од областа на еко-туризмот е многу значајно од повеќе аспекти. Здружувањето се покажало како добра практика за економски успех во регионот во секое поле каде се работи. Целта е формално да се создаде платформа помеѓу различните чинители во туризмот за соработка, разменување идеи и искуства, како и подобро да го претставуваат својот бизнис модел. За жал интересот во Р.С. Македонија на туристичките работници поактивно да учествуваат во организациите, здруженијата, кластерите, асоцијациите е многу мала и изнесува само 9% од испитаниците. Огромниот процент од 91% кои посочиле негативен одговор на ова прашање не влева голема надеж дека се гледа можност за ваков тип соработка. Токму државните институции имаат исклучителна улога во градењето на доверба со приватниот сектор која низ годините континуирано се намалува. Р.С. Македонија треба да создаде услови за преземање на сет мерки насочени кон унапредување на туристичкиот сектор и одржливите форми кои на подолг рок ќе овозможат посакуван раст и одржливост на дестинациите.

Добиените резултати од прашалникот наменет за носителите на туристичка понуда ќе овозможат да се потврди, односно непотврди основната хипотеза во овој научен труд која гласи: „Р.С. Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“. Таа е прецизирана преку пет поставени помошни хипотези:

1. Еко-туризмот во Р.С. Македонија зависи од природното и културното наследство;
2. Во Р.С. Македонија постои издржана законска легислатива;
3. Еко-туристичките производи можат интензивно да се развиваат;
4. Еко-туризмот е релативно нова форма на туристичка понуда и
5. Развојните перспективи на еко-туризмот се издржани.

Разгледувајќи ја првата помошна хипотеза која е поставена „Еко-туризмот во Р.С. Македонија зависи од природното и културното наследство“ и компарирајки ги прашањата 5 од прашалникот за туристичка дестинација и добиените резултати од анкетниот прашалник за носители на услуги прашањата седум и осумнаесет.

*Графикон бр.43 Главни причини за посета на туристичка дестинација*




,

Прашањето пет од анкетниот прашалникот за перцепција на туристичка дестинација

одредувајки ја главната причина за посетата на дестинацијата прикажано на граконот број 43 со 24% од туристите се изјасниле за културата и културното наслество како причина за посета на дестинацијата. Културата и културното наслество преставува втора причина за посета на дестинациите во РС Македонија на анкетираните странски туристите потврдувајки го потенцијалот и можностите за развој на еко музеи и останати форми на екотуристичка понуда. Прашањето седум од анкетниот прашалник за давателите на услуги ( графикон број 28) го третира воведувањето на екотуристичките содржини и побарувањето на туристите во дестинациите. Природните убавини на дестинацијата се поставени на прво место од страна на анкетираните туристи и преставуваат 34% од вкупниот број на испитаници додека на второто со 18% се планинските и велосипетските патеки кои се вклопуваат во природниот пејсаж на дестинациите. Прашањето со број осумнаесет од прашалникот за давателите на услуги (графикон број 39) ја третира законската легислатива на полето од еко-туризмот која е оценета како недоволна со висок проценрт од 43% и доволно со 37% што иницира потреба од подобрување на законската легислатива во делот на еко-туризмот и негово приближување и интегрирање цо давателите на услуги во туристичкиот сектор. Нотирајки го значењето на еко-туризмот, неговата зависност од природното и културното наслество многу високо од давателите на услуги и перцепцијата на туристите првата помошна хипотеза „Во Р.С. Македонија постои издржана законска легислатива“ е докажана.

Втората помошна хипотеза ја опфаќа законската легислатива од областа на еко-туризмот и конкретно гласи: „Во Р.С. Македонија постои издржана законска легислатива“. Оваа помошна хипотеза се базира на извршена компаративна анализа на законската и правната рамка во Република Северна Македонија, со искуствата за уредување и структурирање на организации за управување со дестинации (ОУД) и со пристапите за регулирање на туристичката такса во Република Словенија, Република Хрватска и Република Молдавија. Овие земји се земени како модели кои се слични на македонскиот во туризмот, поради сличностите кои ги пројавуваат во воспоставените правни системи, видот и големината на туристичките дестинации како и територијалната големина и бројноста на населението.

Главниот фокус во извршената компаративна анализа е ставен на две основни прашања. Првото се однесува на правното уредување потребно за воспоставување на организација на управување со дестинации - значајно за еко-туризмот, а извршени се

компаративни анализи со искуствата за формирање и видот на организацијата на управување со дестинации. Второто прашање се однесува на моделот за утврдување на туристичката такса преку која би се финансирале организациите на управување со дестинации, притоа овозможувајќи развојна компонента за еко-туризмот кој е во директна спрега со локалниот економски развој.

Правната рамка во која се анализирани стратешките документи се базира на определбите за развој на дестинациски туризам и организација на туристички дестинации, како и закони кои ги уредуваат прашањата за институционална надлежност во однос на ОУД, надлежностите и облиците на организација на туристичка дестинација. За таа цел е извршена анализа на 2 стратешки документи на национално ниво, како и на 8 закони. Во оваа рамка е извршен компаративен приказ на моделите за креирање, организација на уредување на организации за управување со дестинации во Република Словенија, Република Хрватска и Република Молдавија. Тоа дозволува да се изврши осврт на фактичката состојба на постоечките капацитети и облиците на организации кои покажуваат афинитети да бидат дел од системот на организирање на управувањето со туристички дестинации.

Компаративната анализа треба да обезбеди јасен приказ на стратешките определби, законските можности и капацитетите од една страна, како и искуствата во други држави, од друга страна, со цел да се изгради модел на организација за управување со дестинации туризмот и угостителството во Р.С. Македонија што значително ќе помогне во развојот на еко-туризмот. Покрај примарното законодавство, компаративната анализа содржи во себе посебен фокус на стратешките документи и подзаконските акти во туризмот со цел да се има целосна претстава за начинот на кој се уредува и регулираат прашањата за организација на управување со дестинации и распределба на средствата врз основа на туристичката такса.

Во оваа смисла анализирани се следните стратешки документи и закони:

- Националната стратегија за туризам на Р.С. Македонија 2016-2021 година;[93]
- Стратешки план за 2020 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија;[94]

[93] https://economy.gov.mk/
[94] www.tourismmacedonoa.gov.mk

- Закон за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, 96/2019 и 110/2019);
- Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Р.С. Македонија Службен весник на РМ 103/2008, 156/2010, 59/2012, 187/2013, 41/2014 и 83/2018);
- Закон за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 52/1995);
- Закон за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ 63/2007, 187/2013, 43/2014, 215/2015, 64/2018);
- Закон за туристичка дејност (Службен весник на РМ 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/2015, 192/2015, 53/2016 и 31/2020);
- Закон за угостителска дејност (Службен весник на РМ 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016, 71/2016, 31/2020);
- Закон за туристички развојни зони (Службен весник на РМ 141/2012) и
- Закон за таксата за привремен престој (Службен весник на РМ 19/1996, 26/2002, 51/2003, 88/2008, 17/2011, 192/2015 и 31/2020).

Националната стратегија за туризам (за периодот 2016-2021 година) е усвоена во 2019 година и со истата се врши преглед на исполнувањето на претходната национална стратегија, анализа на моменталната состојба, стратешко планирање на развојот и промоцијата на туризмот, а презентиран е и Акциски план кој треба да се спроведе во планираниот петгодишен период. Стратегијата содржи дефиниција за туристичка дестинација, која од стратешки аспект е важна поради утврдените цели кои се однесуваат на развојот на туристичките дестинации: „Туристичка дестинација е географска област во која постојат сите елементи кои се релевантни за еден одмор (пејзаж, флора, фауна, климатски услови, атракции, објекти за сместување, објекти за забава).“ Со оваа Стратегија се утврдува дека со туристичката дестинација ќе управува посебна организација која ќе врши активности на менаџирање и маркетинг на дестинациско ниво.

Во наведениот стратешки документ предвидени се осум клучни стратегии за поддржување на професионалниот туристички развој на Македонија, од кои во третата стратегија “Подобрување на организациските структури” во делот на тековната состојба е утврдено дека: “Она што комплетно недостасува е функционална структура

за туризмот помеѓу националното ниво и општините – ова има негативен ефект на процесот на туристички развој и на способноста да се изведат туристички маркетинг активности.” За овој утврден недостаток, во Стратегијата е дадена препорака за надминување на истиот меѓу другото преку дефинирање регионални туристички дестинации и основање на регионални организации за менаџирање со дестинации (ОМД) со цел да се надминат последиците од постоечкиот јаз помеѓу националното и општинското ниво на управување со туризмот. Дополнително на тоа, Стратегијата дава препорака за обединување на поширока област (на пр. од неколку општини) од туристичка гледна точка, но исто така и од гледна точка на развој на туризмот и туристички маркетинг. Стратегијата дава и предлог за поделба на територијата на Р.С. Македонија на туристички дестинации преку потенцијално групирање на општините. Така, Стратегијата предвидува дека територијата може да се подели на 9 туристички дестинации: Охридско Езеро, Маврово, Шар Планина, Скопје, Битола - Преспанско Езеро, Дојранско Езеро – Струмица, Тиквешки вински регион, Централна Македонија и Источна Македонија. Во оваа насока е планирано да се креираат регионални туристички дестинации и да се основаат регионални канцеларии за управување со дестинациите со цел поголема професионализација и поголем регионален развој на различните форми на туризам. Ваквиот пристап би овозможил и унапредување на маркетингот на туристичките дестинации што ќе влијае и врз развојот на туристичките региони. За оваа цел, Стратегијата препорачува да се основа регионална канцеларија за управување со дестинации на чело со менаџер за дестинации за туристички дестинации каде бројот на ноќевања на годишно ниво преминува одредено ниво, додека за туристичките дестинации кои имаат пониско ниво од утврдените норми се препорачува Секторот за туризам во рамките на Министерството за економија или Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да именува внатрешен член што ќе ја врши функцијата менаџер со дестинацијата. Во делот на опстојување на регионалните канцеларии за управување со дестинации, во Стратегијата се препорачува нивниот буџетот да се обезбедува преку туристичката такса и потенцијалните придонеси од инволвираните општини. Јасно се препорачува основање на организации за управување со дестинации како врска помеѓу националното и локалното ниво на управување со туризмот, односно Владата и општините. Ваквата врска во моментот е повеќе од неопходна за правилен регионален развој и промоција на туристичките дестинации. Акцискиот план за периодот 2016-2021 година кој е составен дел од

Стратегијата, во активноста бр. 6 предвидува Секторот за туризам при Министерството за економија до 2020 година да ги преземе следниве мерки:

- Дефинирање на регионалните туристички дестинации во Р.С. Македонија (вршејќи можно групирање на општините по дестинации). Важно е целата територија на Р.С. Македонија да биде покриена од страна на регионалните туристички дестинации;
- Дефинирање на сопственичката структура и правната форма на потенцијалните ОУД;
- Дефинирање на минималниот критериум за основање на регионална ОУД;
- Ревидирање на тековната распределеност на туристичката такса врз основа на препораките од овој извештај;
- Основање на регионални ОУД во региони кои ги исполнуваат минималните критериуми за основање на таква регионална ОУД и
- За секоја туристичка дестинација во првата фаза треба да се направи план за развој на туризмот како и индивидуално лого / слоган (било од страна на регионалната ОУД или од државната институција одговорна за развој на туризмот на национално ниво).

Во Акцискиот план се предвидува дека преземањето на наведените мерки треба да резултира со дефинирани регионални туристички дестинации, ревидиран систем за туристичка такса, основани регионални ОУД и изготвени планови за развој на туризам за дефинираните регионални туристички дестинации.

Во Стратегијата е презентирана актуелната состојба во однос на регулирањето и собирањето на туристичката такса преку обработени податоци од 2014 година. Тоа е логично, имајќи во предвид дека самата Стратегија е подготвувана во 2015 година. Сепак, определени параметри кои се законски утврдени се сè уште во сила и Стратегијата ги има утврдено како појдовна основа за уредување на ваквото финансирање преку туристичката такса. Имено, самата Стратегија прави анализа на постоечкиот Закон за такса за привремен престој и ги презентира параметрите утврдени со законот во делот на износот и начинот на распределба на собраната туристичка такса, како и целта на користење на износот кој е распределен. Дополнително, Стратегијата дава краток осврт на начинот на уредување, собирање и

распределба на туристичката такса во Република Хрватска, Република Словенија и Република Австрија и притоа дава јасна препорака дека Р.С. Македонија треба да воведе туристичка такса по примерот на Хрватска и Словенија.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е носечка институција во Р.С. Македонија чија цел е промоција на туристичките ресурси во државата на странските туристички пазари, како и управување и поддршка на проекти чија цел е развој на туризмот во целина. Во делот на Организација за управување со дестинации, Стратешкиот план на Агенцијата се осврнува само во делот на Визијата каде дава јасна заложба за ОУД која всушност согласно овој документ не го опфаќа само управувањето туку и промоцијата, односно маркетингот на туристичките дестинации, дефинирајќи ги како "Destination Marketing Organization" или DMO. Според Стратешкиот план, DMO има клучна улога во долгорочниот развој на туристичките дестинации, па оттука постои потреба од локално креирање на развојни политики во рамките на регионите, од причина што DMO-та нудат навремени информации за атракциите на туристичката дестинација и обезбедуваат можност за туристите да се вклучат во интерактивен процес на комуникација со овие организации, како и да добијат соодветен промотивен материјал од нив и од нивните локални туристички субјекти. Во делот на туристичката такса, Стратешкиот план за 2020 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија не ја утврдува актуелната состојба и не дава посебни препораки.

Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ) може да се анализира од аспект на надлежностите кои произлегуваат за Министерството за економија кои се однесуваат на туризмот. Во Член 20 од ЗОРОДУ се уредуваат надлежностите на Министерството за економија, меѓу кои спаѓа и надлежноста за следење на економските, структурните и техничко-технолошките состојби, како и предлагање на мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, туризмот, угостителството и занаетчиството. Оваа одредба се доуредува со Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за економија (Член 6 дел В Точка 12), е опфатен Секторот за туризам и угостителство. Надлежностите на Секторот пред сѐ се однесуваат на: предлагање на системски мерки и спроведување на креираната туристичка политика; учествување во изготвувањето и имплементирањето на основните стратегиски документи; вршење

активности преку меѓународни и туристички организации; предлагање мерки за зголемување на вкупните економски резултати и комплементарните гранки; предлагање програми за развој на туристичката понуда и промоција на туристичкиот производ. Секторот за туризам и угостителство, своите надлежности ги извршува преку посебни одделенија: Одделение за развој и меѓународни односи во туризмот и угостителството и Одделение за тековно следење на дејноста, анализа и влијание на активностите во туризмот и угостителството. Согласно Правилникот за систематизација на работните места, во Министерството за економија се предвидени Државен советник за туризам, угостителство, инвестиции и промоција. Додека пак, во Секторот за туризам и угостителство, односно Одделението за развој и меѓународни односи во туризмот и угостителството и Одделението за тековно следење на дејноста, анализа и влијание на активностите во туризмот и угостителството, се предвидени 12 службеници од кои еден е Раководител на Сектор, еден е Помошник Раководител на Сектор, двајца се Раководители на одделение, еден е Советник, еден е Соработник и три се Помлади соработници, како и еден е Виш референт и двајца се самостојни референти.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Р.С. Македонија е специјализирана агенција која е основана со посебен закон (Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија). Надлежностите на Агенцијата се дефинирани во Член 3 од Законот, согласно кој Агенцијата врши:

- Унапредување и промоција на туризмот;
- Професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда;
- Изготвување анализи за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар;
- Подготвување и реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот, која ќе ги опфати сите сегменти но и региони од туристичката понуда;
- Изготвување анализи за постигнатите резултати од спроведување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот;

- Спроведување постапка за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет во Република Македонија;
- Формирање и развивање единствен туристичко информационен систем и негово поврзување со други информативни системи во земјата и странство;
- Соработување со туроператори за привлекување на што поголем број на туристи;
- Соработување со приватни (домашни и странски) претприемачи и компании;
- Предлагање квалитетни мерки и активности за промоција и поддршка во туристички неразвиените делови на државата;
- Активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Македонија во земјата и во странство;
- Обезбедување на информативен пропаганден материјал за промоција на туристичките вредности (печатени публикации, аудио и видео материјали, интернет презентации, сувенири и друго);
- Развивање и промовирање нови интегрални туристички производи;
- Соработка со надлежните институции во поглед на развојот на инфраструктурата, туристичко-културните настани, логистиката во туризмот, научно-образовната дејност и други кои придонесуваат за развој и квалитативно издигнување на туристичката понуда;
- Соработка и насочување на работењето на единиците на локалната самоуправа во поглед на квалитетен одржлив развој и промоција на туристичката понуда која ќе ги вклучува и локално организираните туристички настани;
- Поттикнува и ги координира сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и други институции од областа на туризмот и угостителството, со цел за унапредување и промоција на туризмот;
- Иницира и насочува меѓуопштинска и регионална соработка за заедничка промоција на туризмот во дадените региони;
- Иницирање и реализирање меѓународна соработка со сродни организации и институции;

- Учествува во привлекување инвестиции во туризмот во Република Македонија и
- Врши други активности согласно со закон и Статутот.

Тргнувајќи од специфичноста на надлежностите очигледно е дека Агенцијата за разлика од Министерството за економија во делот на туризмот е специјализирана институција која во рамките на својот делокруг ги покрива сите сегменти на туристичката дејност. Сепак и двете институции имаат пред сè централна улога во креирањето на политиките за промоција и унапредување на туризмот и угостителството.

Законот за локална самоуправа е предмет на компаративната анализа од аспект на надлежностите на општините во областа на туризмот. Имено, во Законот за локалната самоуправа, Законот за туристичка дејност и во Законот за такса за привремен престој всушност се дефинира улогата на општините во областа на туризмот на локално ниво. Самиот Закон за локалната самоуправа не предвидува стриктна надлежност на општините во областа на туризмот, туку тоа е опфатено преку надлежноста на општините во сегментот на локалниот економски развој во Член 22 (Став 1, Точка 3), согласно кој општината е надлежна за "планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство". Упатувачката одредба (Точка 13) предвидува и "други работи предвидени со закон". Токму оваа упатувачка одредба ги дава надлежностите на општините која е дефинирана во Законот за туристичка дејност во делот на водење на регистри, оцена на исполнетоста на условите за туристичка дејност, следење на работата на вршителите на туристичка дејност како и основање на туристички бироа. Во делот на туристичката такса, општините (согласно Членовите 8 и 9 на Законот за такса за привремен престој) ја имаат надлежноста да ја собираат истата и да располагаат со 80% од собраните средства исклучиво за промоција и развој на туризмот, без притоа да се наведе дали се работи за локалниот туризам (туризмот во рамките на општината) или и за регионалниот туризам.

Законот за рамномерен регионален развој ги регулира и уредува прашањата поврзани со планирање на регионалниот развој во Р.С. Македонија. Законот во рамките на своите цели (утврдени во Член 3) меѓу другото предвидува и: “зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој, ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби и поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.” Носители на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се Владата на Република Северна Македонија, Советот за рамномерен регионален развој на Р.С. Македонија, Министерството за локална самоуправа и Советот за развој на планскиот регион. Од аспект на ОУД, важни за анализа се надлежностите на Советот за развој на планскиот регион и Центарот за развој на планскиот регион. Овие две тела имаат за цел следење и оцена на спроведувањето на планските документи за регионален развој кои ги усвојува Собранието на РСМ и Владата на РСМ, како и донесување и спроведување на посебна Програма за регионален развој. Советот за развој на планскиот регион согласно Членот 20 ги има следниве надлежности:

- Ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- Донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна добиена согласност од страна на Советот за рамномерен регионален развој;
- Донесува годишен Акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Утврдува годишна листа на проекти за развој на планскиот регион;
- Доставува предлози до Бирото за регионален развој за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите од Членот 7 на овој Закон;
- Обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженијата, државните агенции и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;
- Иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу единиците на локалната самоуправа и партнери од приватниот и граѓанскиот сектор;

- Ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси и
- Врши и други работи од обласа на регионалниот развој утврдени со закон.

За разлика од Советот за развој на планскиот регион, Центарот за развој на планскиот регион претставува извршно тело на програмата за развој на планскиот регион, во кој се вработени стручни лица за извршување на неговите задачи и активности. Во своите надлежности Центарот спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на планскиот регион:

- Изготвува предлог-програма за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува проекти за развој на планскиот регион;
- Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Изготвува годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги на здруженија и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од обласа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;

- Врши стручни и административно-технички работи за потребите на советот за развој на планскиот регион;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши и други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

Имајќи ја предвид дефиницијата за туристичка дестинација дадена во Стратегијата, очигледно е дека и Министерството за економија и Агенцијата за промоција и поддршка располагаат со дел од надлежностите преку кои на директен или индиректен начин го уредуваат или го следат развојот и промоцијата на туристичките дестинации, но не и нивната организација и функционирање. Овој недостаток се должи на централната поставеност на овие две институции наспроти регионалната или локалната организација на туристичките дестинации. Токму поради оваа разлика и самата Националната стратегија за туризам на Република Македонија (2016-2021) јасно и силно препорачува да се надмине јазот помеѓу централното ниво (Министерството за економија и АППТ) и локалното ниво (општините) преку создавање, односно основање на определена форма на организации за управување со дестинации. Од анализата на надлежностите на Министерството и АППТ од една страна, како и општините и центрите за регионален развој, од друга страна, може да се констатира потребата за основањето на Организации за управување со дестинации и преземањето на определени надлежности кои се неопходни тие да ги имаат со цел да можат самостојно и ефикасно да делуваат.

Законот за туристичката дејност е посебен акт со кој се уредуваат клучните прашања поврзани со туризмот. Во овој закон индиректно е дадена дефиниција за туристичка дестинација. Во Членот 2 (Став 1, Точка 4) Законот го дефинира изразот *Туристичко место* како "подрачје или дестинација кое како организациона и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите". Додека во следната Точка 5 го дефинира изразот *Туристички регион* "географска и функционална просторна површина која опфаќа неколку туристички места со заедничко име чии природни и создадени туристички вредности се основа за формирање самостојна туристичка понуда, а што претставува можност за формирање на туристички

аранжмани од страна на туристичките агенции.” Овие две дефиниции се клучни за понатамошно законско уредување на ОУД од причина што со овие две дефиниции се даваат одредници што би можело да биде основа за организација на туристичките дестинации. Покрај овие две дефиниции, Законот дава и дефиниција за *Вршители на туристичка дејност* согласно која како за вршители се сметаат “трговски друштва, трговци поединци и физички лица.”

Законот за туристичката дејност не содржи одредби во насока на уредување на организација на туристичките дестинации од причина што не го препознава овој начин на туристичка организација, но во исто време набројува активности кои треба да се во надлежност токму на ОУД. Ова е очигледно од фактот што во рамките на дефинирањето на услугите кои треба да ги обезбедуваат туристичките агенции кои се правни лица основани да остваруваат добивка, во членот 13 од Законот во надлежност на туристичките агенции им се даваат и активности кои во најголем дел всушност би требало да бидат во надлежност на ОУД, а се однесуваат на туристичките информативно-советодавни и промотивни активности. Согласно членот 13, туристичките агенции може да ги вршат и следниве активности:

- Промовирање на давателите на услуги;
- Промовирање на деловните партнери;
- Промовирање на туристичките аранжмани;
- Издавање туристички публикации;
- Користење на информативни и промотивни средства;
- Давање информации и совети во врска со патувањето за можните превозни средства, возниот ред, цените, прописите, формалностите и пропратните услуги;
- Давање информации во врска со престојот;
- Давање информации за карактеристиките на туристичките дестинации, за условите на сместување и исхрана, за општествено-политичкиот систем, за политичката состојба, за цените на услугите, за природните и антропогените атрактивности, за спортскиот, културниот и забавниот живот, за јазиците на кои се зборува и за временската состојба и
- Давање на други информации: околу осигурувањето и полисите, патните исправи, банкарските и валутните односи, условите на плаќање и здравствените услуги.

Од горенаведените туристичките информативно-советодавни и промотивни активности, лесно може да се издиференцираат активностите кои би биле дел од надлежноста на ОУД, а кои би се однесувале на туристичката дестинација во која е основана ОУД. Доколку внимателно се анализира Членот 13, треба да се земе предвид дека туристичките информативно-советодавни и промотивни активности не се должност на туристичките агенции и покрај тоа што истите може да бидат комерцијални. За разлика од туристичките организации кои доколку не може да остварат комерцијален ефект, ОУД ќе имаат надлежност во ваквите активности, како и должност истите да ги спроведат во туристичката дестинација или туристичкиот регион во истите кои оперираат.

Законот за угостителска дејност е анализиран од аспект на ОУД, но истиот не содржи одредби ниту за туристички дестинации ниту за нивната организација. Сепак овој Закон треба да се земе предвид во консултациите и координацијата при подготовка на одредбите со кои би се претставиле туристичките дестинации и организацијата на туристичките дестинации.

Законот за туристичките развојни зони не уредува прашања кои се директно поврзани со туристички дестинации. Овој Закон е од важност за развојот на туристичките дестинации преку туристичките региони бидејќи истиот има пред сѐ регионален пристап. Имено, согласно Членот 2 од Законот се предвидува дека: "Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на туризмот и националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето." Потоа со Законот се предвидува и следново: "На корисниците во зоните се доделува државна помош во облик на регионална помош според условите утврдени со овој закон. Регионална помош може да се додели за почетно инвестирање во материјални и нематеријални средства (средства потребни за преземање на права за франшиза за ланец на хотели) и за отворање на работни места, поврзани со инвестиции." Регионалната помош законот ја дефинира како: "помош која е во согласност со целите на регионалната политика на Р.С. Македонија и со која се поддржуваат продуктивните почетни инвестиции или отворање на работни места, поврзани со инвестиции;" Доколку се земе предвид фокусот на овој Закон, може да се утврди дека истиот би можел да биде и применет во насока на развој на ОУД од причина што Законот се заснова на регионален пристап.

Токму соодветната поделба на туристички региони може да биде повеќестрано искористена како од страна на општините во делот на туристичките дестинации, така и во насока на туристичките развојни зони.

Законот за такса за привремен престој го уредува прашањето за туристичката такса која е еден од основите за финансирање во туризмот. Со Законот се воведува такса за привремен престој и се уредува начинот на плаќање на истата и понатамошната намена на собраните средства по основ на оваа такса. Законот ја утврдува таксата за привремен престој на фиксно на 40 денари дневно по лице кое не ги исполнува условите за неплаќање или редуцирано плаќање на туристичката такса. Законот предвидува и редуцирана туристичка такса во висина од 10 денари дневно за определени групи на лица меѓу кои спаѓаат: младинци и студенти кои се државјани на Р.С. Македонија кои користат услуги за ноќевање во младински одморалишта или домови како и за спортисти од Р.С. Македонија кои се подготвуваат за натпревари. Овој Закон јасно ги утврдува надлежностите во однос на наплата на туристичката такса како и нејзината распределба и понатамошна намена. Имено, вршителите на туристичка и угостителска дејност имаат должност да ја наплаќаат туристичката такса и истата изнесува 80% за општините, додека 20% за Буџетот на Р.С. Македонија. Законот предвидува дека средствата обезбедени од туристичка такса исклучиво се наменети за општа туристичка пропаганда и информативна дејност и за подобрување на условите за престој на туристите и се користат според посебни програми, кои ги донесуваат Владата на РСМ на ниво на држава и советите на општините на локално ниво. Надзорот на наплата на туристичката такса во делот на општините го вршат самите општини додека во делот на Буџетот на РСМ го врши Државниот пазарен инспекторат.

Од анализата на законите, воочливо е дека не постои препознавање на поимот *туристичка дестинација*, туку истиот се поистоветува со *туристичко место*. Сепак, самиот израз, односно поим и не претставува пречка, туку напротив, е добра основа за воведување на посебен дел во Законот за туристичка дејност за организација за туристичка дестинација. Дополнително во насока на воведување на ОУД во македонскиот туризам, позитивна е и постоечката доктрина на развивање на туристички региони кои одат во правец на воспоставување на регионална политика за развој на туризмот, а во кој активна улога би имале ОУД. Токму со ваквата доктрина

би се пополнила празнината за која се даваат препораки во Националната стратегија за туризам (2016-2021 година), каде јасно се препорачува и основање и поддршка на ОУД. Оттука, при дефинирањето на туристичките дестинации треба да се земат предвид и искуствата од други држави кои имаат слични развојни параметри како Р.С. Македонија.

Во Република Словенија туристичката дејност е препознаена како еден од главните фактори на националниот и регионалниот развој на земјата. Унапредувањето и развојот на туризмот во Република Словенија е регулирана со Законот за поттикнување на развојот на туризмот со кој се уредува планирањето и спроведувањето на политиките од областа на туризмот, организацијата за спроведување на туристичката политика и рамките за нејзиното планирање, како и спроведување на национално и на дестинациско ниво. (Службен весник на РС, бр. 2/04, 57/12, 17/15 и 52/16 - ЗППреб)

Законот ги предвидува и потребните ресурси за развој на туризмот, ги регулира условите за организирање и продажба на туристички аранжмани, како и управувањето и надзорот врз вршењето на туристичките дејности. Законот за поттикнување на развојот на туризмот во суштина се заснова на заедничкиот интерес на приватните лица кои вршат туристичка дејност, јавниот сектор и граѓанското општество како најзасегнати чинители. Притоа, акцентот е ставен врз зајакнување на партнерската соработка на давателите на туристички услуги, туристичките здруженија, општините и државата во делот на стратешкото планирање, дизајнирањето и маркетингот на туристичката понуда на национално, регионално и локално ниво. Со цел да се поттикне развојот на туризмот, во Република Словенија маркетингот на туристичките дестинации е подигнат на повисоко ниво, па така дел од приходите за промотивни активности ги користи Националната туристичка агенција за планирање и промоција на туризмот во Словенија од средствата за туристичката такса. Висината на туристичката такса ја одредува општината и истата по Законот е предвидена да биде со највисок износ од 2 евра.

Во согласност со Законот, Министерството за туризам на Република Словенија е надлежно за:

- Подготовка на Стратегија за развој на туризмот за период од 7 години;
- Доделува и одзема јавни овластувања на претпријатијата кои работат во областа на развој и промоција на туризмот;

- Одлучува за доделување и одземање на статус од јавен интерес на правни лица за промовирање и развој на туризмот;
- Издвојува средства за кофинансирање на активности и проекти преку програма за унапредување и развој на туризмот;
- Издава и одзема дозволи за организирање и продажба на туристички пакети и води регистар во електронска форма и
- Одобрува субвенции за унапредување на развојот на туризмот.

Законот ја предвидува Националната агенција за промоција и развој на туристичките дестинации како надлежна за планирање и спроведување на стратешките мерки и активности за промоција на туризмот. Покрај тоа, Националната агенција за промоција и развој на туризмот е надлежна за:

- Планирање, имплементација и промоција на развојот на туризмот на националното ниво;
- Планирање, подготовка и промовирање на национална туристичка понуда;
- Воспоставување и управување со мрежа на туристички претставници во странство;
- Воспоставување, одржување и ажурирање на интегрираниот туристички информативен систем на Словенија;
- Промовирање на партнерство на ниво на туристичка област и на ниво на туристички производ во заедничкото учество на пазарот;
- Промовирање на партнерства со цел развивање и воведување на нови интегрирани туристички производи и
- Собирање, анализирање и доставување информации за прашања од областа на туризмот.

Општините се надлежни за планирање, организација и спроведување на развојот на туризмот на ниво на туристичка област за што носи посебна програма за управување со туристичкото подрачје и ги пропишува условите за вршење на дејноста *туристички водич* во туристичката област. Општините за сите активности се должни да водат јавни регистри преку своите веб-страни. Законот за поттикнување на развојот на туризмот во Република Словенија во Членот 6 предвидува можност за учество и на други правни лица од јавниот и приватниот сектор во спроведувањето на мерки и активности од областа на туризмот. Ова пред сè се однесува на постапката која ја спроведува

Министерството за туризам на Република Словенија за формирање на јавни претпријатија кои ќе имаат за цел развој и промоција на туризмот, а предвидени се и услови за доделување на статус за дејствување од јавен интерес доколку таквото јавно претпријатие врши туристички дејности предвидени со закон.

Во согласност со критериумите предвидени во Законот, Министерството за туризам на Република Словенија може да одобри јавно овластување на правно лице кое врши дејност на промоција и развој на туризмот. Јавното претпријатие кое има овластување за вршење на дејноста на промоција и развој на туризмот може да доделува лиценци за организација и продажба на туристички пакети, но и да управува со регистарот на ваквите лиценци. Покрај тоа, Министерството за туризам може да му додели овластување на јавното претпријатие да спроведува испити за доделување лиценци за туристички водич. Условите и критериумите за одобрување на јавни овластувања, нивно продолжување и одземање се детално регулирани во законот. Законот ги предвидува следните надлежности на правно лице со статус од јавен интерес за промовирање и развој на туризмот (член 9):

- Развој и унапредување на туризмот (истакнато во статутот за формирање);
- Подигнување на јавната свест за придобивките од развивање на туризмот;
- Грижа за зачувување на природното и културното наследство и уредување на туристичкото окружување во согласност со целите и режимите за заштита на туристичката област;
- Искуство во активности од јавен интерес во областа на промовирање и развој на туризмот;
- Подготвена програма за спроведување на активности од јавен интерес во областа на унапредување на туризмот и
- Организирање, координирање и спроведување настани и информативни активности што ја подобруваат промоцијата на туризмот.

Одлуките за организирање и унапредување на развојот на туризмот на ниво на туристичка област се во надлежност на општините, а правното лице мора да добие согласност од општинските органи за добивање на статус од јавен интерес. Критериумите за доделување на статус на правно лице од јавен интерес од областа на поттикнување на развојот на туризмот ги пропишува Министерството за туризам и

истите се утврдени во Законот со цел избегнување на арбитрарност во постапката за давање статус од јавен интерес. Законот за поттикнување на развојот на туризмот во Словенија ги предвидува условите за вршење и организација на туристичките услуги, за организирање и продажба на туристички аранжмани и пакети, како и за доделување на лиценци за вршење на туристичка дејност на организаторите на патувања (правни лица и трговци поединци), туристичките агенти и туристички водичи.

Законот за поттикнување на развојот и промоцијата на туризмот на Република Словенија ја дефинира рамката за планирање и унапредување на туристичката област со што ги утврдува изворите на финансирање, а врз основа на тоа се дефинирани целите за кои може да се користи секој од изворите (инвестирање во туристичка инфраструктура, обезбедување активности и услуги од јавен интерес). Висината на туристичката такса зависи од видот и категоријата на сместувачките капацитети, од престојот во сезонски или вонсезонски период и од обемот на придобивките и услугите кои бесплатно им се даваат на туристите. Законот поконкретно ја утврдува одговорноста на општината да обезбеди ресурси за спроведување на активностите за унапредување на туризмот на ниво на туристичката област. Телата кои се надлежни за развојот и промоција на туризмот се финансираат од следниве извори:

- Општински буџети (наменски извори за финансирање на унапредување и развој на туризмот на ниво на туристички области);
- Дополнителни извори за финансирање на промовирање на развојот на туризмот на ниво на туристичката област: дел од надоместокот за доделена концесија (според Законот за регулирање игри на среќа овој надоместок е наменет за општините во околината на туристичкото подрачје и се користи за подобрување на туристичка инфраструктура);
- Туристички данок наменет за вршење на активности и услуги од јавен интерес („туристичка такса“ во износ до 2,5 евра, а промотивната такса се пресметува паралелно и изнесува 25% од износот на туристичкиот данок) и
- Субвенции за развој на туризмот кои Министерството ги доделува од буџетот на Република Словенија и од туристичката такса за развој и промоција на туризмот на национално ниво.

Туристичкиот данок се пресметува во единечна вкупна сума која се дели на приход на општината (кој понатаму се пренесува и користи од Националната агенција за

планирање и маркетинг на националната туристичка понуда на Словенија). Општините го определуваат износот на туристичкиот данок, изразен преку поени (опсег од 2 до 8 поени) во зависност од бројот на регистрирани ноќевања во сместувачките капацитети. Секој определен бод има вредност од 0,25 евра, а туристичката такса се пресметува со множење на бодовната вредност со вредноста на утврдената туристичка такса од страна на општините (максимален износ може да биде 2 евра или 2,5 евра). Правните лица кои имаат статус од јавен интерес во областа на промоцијата и развојот на туризмот на национално ниво и се регистрирани согласно Законот за управување со здруженија, имаат можност за директно финансирање од националниот буџет за активности поврзани со развојот и промоцијата на туризмот во државата.

Организирањето на туристичката дејност во Република Хрватска е регулирана со Законот за туристичките дејности и промоција на туризмот. Законот ги уредува туристичките заедници по моделот на ОУД, го утврдува составот на туристичката заедница, делокругот на нивните задачи и основните начела за финансирање и управување.[95]

Законот ги дефинира туристичките заедници како организации кои се основаат со цел промоција и развој на туризмот во Република Хрватска, а предвидува и посебни услови за правните и физичките лица кои нудат угостителски и туристички услуги или вршат друга дејност која е непосредно поврзана со начинот на управување со дестинацијата на ниво на област за која се основани. Согласно Законот, во Република Хрватска туристичките заедници се организирани на следниот начин:

- Локална туристичка заедница се формира на иницијатива на општинскиот началник или градоначалник по принципот на управување со дестинација за едно или повеќе подрачје на единиците на локалната самоуправа, острови, ривиери и слични просторни целини;
    - Локалната туристичка заедница ја основаат нејзините членови, а иницијативата за основање на локалната туристичка заедница и повикување на основачко собрание ја извршува општинскиот началник или градоначалник во соработка со регионалната туристичка заедница. Локална туристичка заедница може да се формира и на подрачје каде веќе се основани една или повеќе локални заедници кои се должни да

[95] https://www.zakon.hr/

донесат одлука за престанок со работа, а новата локална заедница продолжува како нивен правен следбеник во спроведувањето на различни активности.

- Регионална туристичка заедница се основа по принципот на управување со дестинација за една или повеќе единици на локалните самоуправи. Регионалните туристички заедници подготвуваат стратешки документи за развој и промоција на туристичката дестинација. Регионалните туристички заедници се надлежни да вршат надзор и координација на работата на локалните туристички заедници;
- Туристичка заедница за Град Загреб и
- Хрватска туристичка заедница за подрачјето на Република Хрватска.

Законот ја предвидува рамката за здружување на локалните и регионалните туристички заедници и единиците на локалната самоуправа во случаите кога на подрачјето на локалната самоуправа не е основана туристичка заедница, а поради природата на туристичките активности кои ги вршат (како што се развојот и промоцијата на туризмот), ваквите субјекти можат да склучат договори и да се здружат со цел да делуваат заеднички како единствена туристичка дестинација. Туристичката заедница се заснова на начелото на општа корист за граѓаните и истата врши непрофитни активности. Законот предвидува определени исклучоци кога туристичката заедница може да врши економски активности, односно:

- Управува со јавна туристичка инфраструктура доделена од страна на единицата на локалната (регионалната) самоуправа, Република Хрватска, државните органи, јавни установи односно правни лица во кои основач е единица на државната власт;
- Организира манифестации и настани кои го промовираат туристичкиот идентитет на дестинацијата;
- Врши економски активности на своите дигитални канали на комуникација со спонзорски договори кои финансираат промотивни активности;
- Организира семинари и едукативни настани и
- Изготвува анализи и студии за развој и промоција на туристичката дестинација.

Во Република Хрватска, туристичката заедница се формира со цел да поттикне развој и промоција на туристичка дестинација во согласност со стратешките определби за развој на туризмот (планирање, развој на туристички производи во дестинацијата, финансирање и донесување на одлуки). Притоа, со формирањето на туристичката заедница предвидено е дека треба да се запазат специфичностите на секоја локална и регионална заедница, за што се утврдени иницијативи за координација на сите субјекти со цел подобрување на конкурентноста на туристичкото место. Покрај тоа, Законот предвидува дека една од целите за кои е формирана туристичката заедница претставува и унапредувањето на условите за престој во туристичката дестинација, како и да ја заштитува природната и културната средина во согласност со начелата за одржлив развој.

Законот ја предвидува организацијата и составот на туристичките заедници. Во таа смисла според законот се предвидени следниве тела за функционирање:

- Собрание на туристичка заедница е највисокото тело кое управува со туристичката заедница: донесува Статут на туристичката заедница, донесува Правилник за работа на Собранието, одлучува за избор и разрешување на членови на Собранието, ја донесува годишната програма за работа на туристичката заедница, донесува извештај за спроведување на програмата на туристичката заедница, врши надзор врз материјалното и финансиското работење;
- Совет за туризам е извршното тело на туристичката заедница кое учествува во подготовка на програмите и извештаите за работата на туристичката дестинација, управува со имотот на туристичката дестинација во согласност со Статутот, го именува директорот на туристичката заедница и ги донесува општите акти за работа на стручните служби во туристичката заедница;
- Функцијата Претседател на туристичката заедница ја врши општински службеник или градоначалник на локалната, односно регионалната туристичка заедница и
- Директор на туристичката заедница го именува Собранието на туристичката заедница за период од 4 години. Директорот се избира преку јавен оглас за работа во туристичката заедница со цел да ја застапува туристичката заедница, да организира и управува со нејзината работа и да ги спроведува одлуките на Советот за туризам.

Законот ја предвидува можноста за формирање на стручни и административни тела во рамки на туристичката заедница, а Министерството за туризам ги пропишува посебните услови кои мора да ги исполнат лицата вработени во туристичката заедница (стручна подготовка, работно искуство, познавање на странски јазици).

Општините и локалните туристички заедници соработуваат во делот на заедничкото користење на средствата од туристичките даноци, а заедно ги подготвуваат и плановите за развој на туризмот. Обезбедувањето на услови за развој на туризмот е една од клучните надлежности на општините, особено во делот на уредување на туристичката инфраструктура, заштитата на околината, природното и културното наследство. За таа цел во Законот се утврдени активностите во кои локалните туристички заедници се должни да соработуваат со телата на локалната самоуправа и тоа во делот на соработка и изработка на планови за развој на туризмот во единиците на локалната власт, следење на туристичкиот промет, работата на угостителските објекти во туристичката област и слично. Во насока на продлабочување на соработката и координацијата на субјектите во областа на туризмот, Законот предвидува дека седиштето на локалната туристичка заедница е во местото на седиштето на единицата на локалната самоуправа.

Туристичките заедници во Република Хрватска имаат широк опсег на надлежности кои се однесуваат на промоција и развој на туризмот, но предвидени се и начини на соработка со други приватни и државни субјекти во областа на туризмот. Во следната табела се презентирани надлежностите и делокругот на работа на туристичките заедници (регионални и локални), утврдени во Законот за туристичките дејности и промоција на туризмот во Република Хрватска.

*Табела 7. Туристичките заедници во Република Хрватска*

| **Развој на туристичката дестинација** | **Промовирање на туристичката дестинација** | **Соработка со други субјекти** |
|---|---|---|
| – Планирање и спроведување на инвестициски проекти во јавниот сектор и проекти за подигнување на конкурентноста на дестинацијата. | – Изработка и дистрибуција на информативни материјали.<br>– Соработка со субјекти од јавниот и приватниот сектор во туристичката дестинација.<br>– Планирање, развој, | – Координација со регионалната туристичка заедница во спроведувањето на маркетинг активности.<br>– Подготовка, сортирање и испраќање на податоци за |

| | | |
|---|---|---|
| – Координација и комуникација со сите чинители во приватниот и јавниот сектор во дестинацијата;<br>– Креирање на пакет-аранжмани и производи, како инкубатори на иновативни дестинациски продукти.<br>– Изработка на стратешки планови за развој на дестинацијата.<br>– Спроведување на активности за развој на туристичка понуда и инфраструктура преку фондови на ЕУ.<br>– Управување со јавната туристичка инфраструктура.<br>– Следење и имплементација, независно или во соработка со единицата на локалната самоуправа на тендерите за развој на туристичката понуда преку кофинансирање од национални извори.<br>– Имплементација на маркетинг проекти дефинирани од Хрватскиот национален туристички одбор.<br>– Формирање, координација и управување со туристички информативни центри. | инсталација и одржување на системот за туристичка сигнализација, независно и / или во соработка со единицата на локалната самоуправа.<br>– Односи со јавност и комуникација со медиуми. | туристичката понуда во областа на дестинацијата.<br>– Промотивни материјали и маркетинг на дестинацијата.<br>– Организација на студиски патувања (fam-tours) на новинари и претставници на организатори на патувања во соработка со регионалниот туристички одбор.<br>– Учество во оперативниот дел на туристичките информативни системи. |

*Извор:* [*https://www.zakon.hr/*](https://www.zakon.hr/)

Туристичките заедници во Република Хрватска се финансираат во согласност со Законот за туристичка такса за спроведување на активности утврдени во програмата за работа.[96]

Туристичката заедница се финансира преку приходите од:

- Туристичка такса;
- Членарина (задолжителна и доброволна);
- Приходи од вршење на економски активности и

[96] https://www.zakon.hr/

• Доброволни прилози и донации.

Законот за членарина на туристичките заедници во Република Хрватска на детален начин ги уредува основите за исплата на членарината, основицата и стапките по кои се пресметува и плаќа членарината на туристичката заедница, начинот на плаќање, евиденцијата, наплатата и други прашања поврзани со распоредувањето на приходите од членарината за туристичката заедница.

Физичките и правните лица кои имаат свое седиште или вршат дејност во туристичката заедница од важност за развој и промоција на туризмот, или пак вршат угостителски услуги (во сезонски и вонсезонски период) што пројавува придобивки од туризмот, има обврска да уплати членарина на туристичката заедница. Законот детално ги пропишува сите дејности согласно Националната класификација на дејности чие вршење подразбира уплата на членарина на туристичката заедница. Законот предвидува уплата на данок на престој кој изнесува од 2 до 7 ХРК (EUR 0,26 – 0,92) за возрасен турист по ноќевање во зависност од дестинацијата и сезоната. Дел од овие приходи (65%) се пренесуваат како средства на Туристичкиот совет на општината, од кои 30% се законски наменети за развој на туристички проекти, 10% за Туристичкиот совет на туристичката област и 25% за Националната туристичка организација. Во Република Хрватска е предвидена различна дистрибуција на приходите од туристичките такси за општините/градовите со низок годишен приход од данокот за престој.

Законот за организација и спроведување на туристичката дејност во Република Молдавија ја поставува правната рамка за регулирање на туристичките активности и ја уредува државната политика за развивање на туризмот, координацијата на туристичката дејност и претприемачките активности од областа на туризмот, како и ги предвидува формите на организација и условите за вршење на туристичка дејност.[97]

Законот ја утврдува и рамката за организација и вршење на економските активности во областа на туризмот, при што дефинира дека економската активност од областа на туризмот се заснова на: рационално користење на туристичките ресурси; ефикасно искористување на техничко-материјалните услови на туристичкиот сектор; развој на

[97] https://cis-legislation.com/

туристичката инфраструктура и создавање на нови работни места за локалното население.

Владата на Република Молдавија ја подготвува државната политика за развој на туризмот преку изготвување на стратегии и програми за негово унапредување и промоција:

- Дефинира државна политика од областа на туризмот и изготвува стратешки и национални програми за развој и промоција на туризмот;
- Ги утврдува модалитетите на управувањето со државниот имот за туристички цели;
- Обезбедува услови за континуирана обука и унапредување на вработените во туристичкиот сектор;
- Обезбедува рационална употреба на туристичките ресурси и применува мерки за зачувување и заштита на животната средина;
- Придонесува во развојот на туристичкиот сектор преку директни инвестиции за креирање и изградба на објекти и капацитети на општата и туристичка инфраструктура;
- Обезбедува услови за безбедност на туристите, заштита на нивните права и легитимните интереси и
- Ја унапредува меѓународната соработка во областа на туризмот со склучување и спроведување на меѓународните договори.

Министерството за култура и туризам ја утврдува државната политика од областа на туризмот. Министерството ја регулира туристичката активност на национално ниво во соработка со локалните власти (општините) и ја интегрира политиката за развој на туризмот во општата развојна политика на земјата.[98]

Законот предвидува и други овластувања кои се во надлежност на Министерството:

- Ја разработува и националната стратегија и програма од областа на туризмот и е надлежна за нивната имплементација;
- Врши меѓународна промоција на Република Молдавија како туристичка дестинација;

[98] http://www.turism.gov.md/

- Се грижи за заштитата на правата на потрошувачите на туристичките активности;
- Врши координација на централната и локалната власт, правните лица и здруженијата од областа на туризмот во однос на мерките за реализација на националната стратегија и развивање на политики од областа на туризмот;
- Подготвува економски мерки за стимулирање на развојот на туризмот;
- Врши анализи и проекции во врска со развојот на туризмот во земјата;
- Ја организира и следи туристичката активност во националните туристички области;
- Го координира спроведувањето на програмите за техничка помош обезбедени од Европската унија, Светската организација за туризам и други меѓународни тела;
- Води евиденција на туристичкото наследство, обезбедува нејзино одржливо користење и заштита согласно законодавството;
- Предвидува критериуми за доделување статус на национална туристичка цел;
- Ја одобрува урбанистичката планска документација во однос на туристичките области и одморалиштата;
- Подготвува програми за професионална обука на туроператорите и
- Врши класификација на туристичките структури за престој и исхрана на туристите во категории согласно однапред утврдени методолошки критериуми.

Покрај Министерството за култура и туризам, во Република Молдавија постои и Консултативен совет за туризам кое работи на прашања поврзани со унапредувањето и развојот на туризмот и истото е составено од претставници на економските агенти во туристичкиот сектор и граѓанското општество.

На локално ниво, туризмот се развива во интеракција со националниот и меѓународниот туризам. Иако туристичката активност на територијата ја регулира Министерството за култура и туризам, сепак локалните власти (општините) се надлежни за изработка на планови за промоција на туризмот во областа каде се лоцирани. Покрај тоа, тие се надлежни да обезбедат поволни услови за одвивање на активностите на туристичките здруженија. Законот предвидува и посебна надлежност

за општините, кои треба да преземат чекори и да обезбедат услови за вклученост на локалното население во туристичките активности и аранжмани. Локалните власти можат да спроведуваат и посебни активности наменети за зачувување на природните ресурси и животната средина во координација со централната власт, доколку истите се неопходни и значајни за вршењето на туристичката дејност. Улогата на локалните власти е потенцирана во нормативните акти на Република Молдавија како значаен двигател на развојот на различните форми туристички активности.

Во Република Молдавија е претставен концептот на *туристичко наследство* како еден вид на посебни туристички организациски единици. Законот го дефинира туристичкото наследство како главен фактор и основа на туристичката понуда и истото може да го формираат добра од јавен имот и добра од приватна сопственост кои се заштитени со посебни услови предвидени во закон. Критериумите за доделување статус на национално туристичко наследство ги пропишува Министерството за култура и туризам. Дополнително, Законот препознава и национални туристички области кои се сметаат за добра од јавен интерес и се создаваат за период од 50 години чија цел е развивање на туризмот преку привлекување на домашни и странски туристи. Туристичките области се создаваат на предлог на Владата со системски закон кој ги дефинира нивните граници, приоритетни насоки на активност, услови и карактеристики на функционирање. Подрачјето кое е прогласено за национална туристичка област се смета за општо добро и има корист и интерес од јавен карактер, а иницијативата за нејзиното прогласување може да ја преземе секој државен орган, локалните власти, туристичките заедници и разни заинтересирани институции. За создавањето на туристичката област се предвидени четири основни критериуми кои подлежат на детална анализа: географска поставеност; атрактивност на пределот; структурата, обемот и вредноста на туристичките ресурси и функционалност на туристичките заедници. За прогласувањето на туристичка област одлучува Министерството за култура и туризам откако ќе бидат исполнети следните услови:

- Доставена физибилити студија за прогласување на областа (разграничување на границите на областа; карактеристики на туристичкиот потенцијал на областа; докажување на фазите и термините на создавање на областа; обемот на потребните инвестиции; можност (рационалност) и ефективност на создавање на областа) и

- Доставена планска документација (проект) за развој на областа.

Организацијата и промоција на туристичката дејност во Република Молдавија ја вршат туроператори и туристички агенции врз основа на претходно склучени договори за давање туристички услуги и користење на туристички ваучери. Туроператорите и туристичките агенции во својот опсег на одговорности можат да склучат договори за туристички услуги со економски агенти (сместување, превоз и слично), да вршат маркетинг на туристички пакети, да вршат продажба на билети за настани и превозни средства и да организираат настани и конгреси. Законот ги предвидува правата и обврските на субјектите кои работат во областа на туризмот и предвидува нивно постапување во согласност со националните политики за развој и промоција на туризмот. Во насока на промоција на туризмот, Министерството за култура и туризам може да формира Канцеларија за информации за туризам кои ќе вршат промоција на туристичкото наследство и ќе обезбедуваат информации за туристички услуги, целите и локалитетите на подрачјето на секоја од локалните власти.

Законот за туристичка дејност на Република Молдавија, предвидува и финансирање на туристичките активности преку доделување на финансиски средства и државна поддршка. Согласно законските одредби, финансирањето се обезбедува од:

- Средствата на државниот буџет дадени за промоција и развој на туризмот, создавање и модернизација на општата и туристичката инфраструктура;
- Сопствени средства на економските агенти од туристичкиот сектор;
- Средствата на Специјалниот фонд за промоција и развој на туризмот;
- Домашни и странски инвестиции вложени преку туристички проекти во согласност со закон;
- Заеми за специјални намени и
- Други извори кои не се забранети со закон.

Компаративната анализа на законите за туристичка дејност и поставеноста во туристичкиот сектор во Република Словенија, Република Хрватска, Република Молдавија и законската легислатива во туризмот и неговата поставеност во Р.С. Македонија детектира повеќе сегменти во кои е потребно да се постигне усогласување.

Р.С. Македонија не препознава, односно нема точно утврдена дефиниција за „Туристичка дестинација“ на начин на кој тоа го имаат направено Република Словенија и Република Хрватска. Овој термин е во функција само на стратешките и планските документи што дава доволно простор за негово законско дефинирање. Поради тоа е потребно да се дополни Законот за туристичка дејност во делот на дефинирањето на туристичката дестинација.

Во оваа смисла освен отсуството на постоење на точно дефинирање на терминот „Туристичка дестинација“, постојат недоречености и во сферата на Организацијата за управувањето со дестинацијата - ОУД, односно не постои законска дефиниција за тоа. Двата термина, „Туристичка дестинација“ и „организација за управување со дестинација - ОУД“ треба да се дефинираат јасно и прецизно во Законот за туристичка дејност. Притоа, при дефинирањето на терминот на „Организација за управување со дестинација“ и „Туристичка дестинација“ треба да се внимава на нивото на кое би биле дефинирани истите, односно дали се дефинираат на локално или на регионално ниво. При дефинирањето на најизводливите форми на Организација за управување со дестинација, треба да се земат во предвид постоечките форми кои веќе се во функција, заради воспоставениот начин на функционирање и прилагодливоста на формата која е веќе идентификувана и избрана како најсоодветна за ваквата организација.

Потребно е да се има предвид дефинирање на статусот за јавен интерес на промоцијата на туризмот и угостителството имајќи го предвид компаративното искуство во Република Словенија и Република Хрватска. Потребно е да се преземат специфични (посебни) и дополнителни подобрувања во делот на законодавството за туристичка такса како еден од начините на финансирање на Организациите за управување со дестинација.

Подобрувањата во законската легислатива во Р.С. Македонија би придонеле кон подобрување на климата за развој на еко-туризмот, односно нивната имплементација директно ќе овозможи локален економски развој врз основа на туризмот, како и креирање на одржливи туристички форми.

Според тоа, од претходно извршената компаративна и структурна анализа, може да се заклучи дека помошната хипотеза 2: „Во Р.С. Македонија постои издржана законска легислатива“ не е докажана.

Еко-туризмот како туристички феномен секојдневно еволуира создавајќи сѐ повеќе негови форми и нивна примена во дестинациите на Р.С. Македонија. Третата помошна хипотеза „Еко-туристичките производи можат интензивно да се развиваат“ е третирана во рамките на седмото прашање во анкетниот прашалник за давателите на услуги изготвен за потребите на оваа докторска дисертација. Резултатите кои се добиени јасно ја покажуваат нивната латералност и контимуирани можности за создавање на нови еко-туристички производи во дестинациите во зависност од потребите на туристите кои ја посетуваат дестинацијата. Седмото прашање ( графикон број 28) ги третира понудените еко-туристички производи кои многу често се воведуваат и бараат од туристите, односно тоа се: природните убавини, локалните гастрономски специјалитети, велосипедските и планинските патеки, локалните манифестации, културно-историските споменици, набљудувањето на птици. Голем број на дестинации создаваат нови екотуристички производи според интересот на туристите и атрактивностите кои се нудат дез да се наруши животната средина туку ужива во истата. Со прикажаните резултати во делот на анкетниот прашалник, помошната хипотеза „Еко-туристичките производи можат интензивно да се развиваат“ во целост е потврдена.

Во докторската дисертација се обработени сите аспекти на еко-туризмот започнувајки од неговата појава како специфична форма на туристичка понуда која се темели врз природата и нејзината заштита и феноменот на неговото широко поле на примена. За проверка на четвртата помошна хипотеза која гласи: „Еко-туризмот е релативно нова форма на туристичка понуда“ се пристапи кон вкрстено анализирање на добиените резултати од третото и четвртото прашање од прашалникот за давателите на услуги. Од самите резултати кои се добиени на овие две прашања, односно третото за запознаеноста на давателите на услуги во суштината на еко-туризмот во целост одговориле мал број (14%) додека со делумно одговориле повеќе од половината анкетирани (52%). Воопшто не се запознаени со суштината од еко-туризмот и покрај неговото применување во одредена форма, вкупно 24% од анкетираните. Резултатите од четвртото прашање за воспоставување на еко-туристичките стандарди кај давателите на услуги во голема мера не се разликува со претходното прашање односно целосно вовеле стандарди 18%, делумно 60% од давателите на услуги, додека 26% немаат воведено еко-туристички стандарди. Анализата на податоците ја прикажува состојбата на полето на еко-туризмот кој според воведувањето на стандарди може да се

оцени како нова форма на туристичка понуда во дестинациите на Р.С. Македонија. Воедно, според добиените резултати од анализата може да се заклучи дека помошната хипотеза: Еко-туризмот е релативно нова форма на туристичка понуда“ е потврдена.

Еко-туризмот и неговите принципи се тесно поврзани со одржливоста на дестинацијата што позитивно влијае врз многу сегменти на локалниот економски развој и во наредната деценија македонскиот туризам сè повеќе треба да се базира на одржливи форми на туристичка понуда.

Последната помошна хипотеза „Развојните перспективи на еко-туризмот се издржани“ според изнесените резултати од анкетниот прашалник се добиваат од шеснаесеттото прашање. Резултатите ја прикажуваат состојбата на полето од еко-туризмот според анкетираните даватели на услуги, односно 4% го оценуваат развојот на еко-туризмот како одличен додека 14% се одлучуваат да го оценат развојот на еко-туризмот во Р.С. Македонија како „добар“. Со оценката „доволно“ во однос на развојот на еко-туризмот се одлучиле 52% од анкетираните, а 30% дале оценка „недоволно“. Доколку се групираат трите одговори „одличен“, „добар“ и „доволен“ како можност за идните развојни перспективи на еко-туризмот, кој изнесува 70% од анкетираните што претставува висок процент и може да се констатира дека помошната хипотеза „Развојните перспективи на еко-туризмот се издржани“ е потврдена.

За потребите на основната хипотеза „Р.С. Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“ во научниот труд се спроведе истражување и беа дефинирани пет помошни хипотези кои се во функција на докажувањето/отфрлањето на основната.Подготвени два прашалници кои ги опфаќаат давателите на услуги и странските туристи кои ја посетиле нашата дестинација добивајќи уникатни податоци за потребите на докторската дисертација. Според бројот на докажаните помошни хипотези и резултатите од истражувањето, како и спроведените неформални интервјуа со носители на функции и истакнати туристички работници, странски експерти од Светска банка, проектот на ЛРЦП, француските експерти за еко-туризам ТЕТРАГОН и националните паркови во РС Македонија, може да се заклучи дека Р.С. Македонија има оптимални услови и перспективи за развивање на еко-туризмот кој треба да биде развојна основа на туристичкиот сектор во голем број на дестинации во нашата земја. Основната хипотеза „Р.С. Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“ со тоа е докажана и со воведувањето и практикувањето на еко-туризмот ќе

се овозможи одржливост на македонскиот туризам, намалување на сезоналноста и развој на подолг рок.

## 4.6 Развојни перспективи на еко-туризмот во Р.С. Македонија

Карактеристично во последните две децении во туристичкиот сектор е тоа што сè поголемо значење добива туризмот на посебни интереси, односно креирање на производи по мерка и интересите на туристите кои ја посетуваат дестинацијата. Причина за овој тренд потребно е да се бара во тенденцијата на новите генерации во туризмот кои се стремат за неунифицирани понуди во дестинациите, доволно слобода сами да го креираат своето патување кое во преден план ја претпочитаат активноста и откривањето на нови дестинации. Тоа се карактеристиките на новите генерации туристи, таканаречените „слободни патувачи" кои генерално се карактеризираат со општествена одговорност, имаат посебен пристап кон животната средина, уживаат во шареноликоста на културите, локалната храна, користат локално сместување, откриваат и доживуваат незаборавни искуства во дестинациите. Поради нивната нескротливост и истражувачки дух голем број практикуваат еко-туризам и останати активни форми на туризам, додека давателите на услуги од локалната заедница ги прилагодуваат понудите според интересите на еко-туристите во дестинацијата.

Еколошката ориентација на една дестинација, не мора автоматски да претставува предност над конкурентните туристички простори кои треба да ги истакнат своите различности и специфичности пред содржините и атракциите. Туристичките дестинации кои не го земаат ова во предвид ризикуваат на долг рок да изгубат голем број на туристи. Во еколошката ориентација на дестинациите спаѓаат: заштитата и одржувањето на животната средина (депониите, ѓубрето, дивоградби, градежниот материјал); користењето на обновливите извори на енергија кои не ги загрозуваат ресурсите и развиената социјална свест за еко-заштита на дестинациите.

Најатрактивните туристички дестинации се оние кои располагаат со физички зачувана природна средина и антропогени туристички мотиви кои ги привлекуваат туристите, а дестинациите кои не се во можност да ја понудат својата уникатност се соочени со намалена посетеност и престој, како и намален девизен прилив врз основа на туризам. Одржливиот развој на дестинациите го сочинуваат три основни принципи (видови одржливост): еколошки, социо-културен и економски принцип. (Štetić, 2009)

Еколошкиот принцип на дестинацијата подразбира развој на туризмот во сооднос со еколошките услови и биолошкиот развој на просторот и обврзува процесот на создавање на материјална основа да биде во склад со екологијата и биолошките процеси.

Социо-културниот принцип укажува на зголемено учество на туризмот врз локалната заедница, локалното население имаат значаен удел врз одлучувањето и планирањето на развојот. Ова позитивно влијае врз локалната економија, ги зајакнува напорите за зачувување и развивање на дестинацијата, како и целиот поширок регион. Социо-културниот сегмент не треба да се запостави за сметка на материјалната страна бидејќи неговата важност е од исклучително значење за развојот на руралните средини, претежно селските атари кои покрај дневниот краткотраен престој нудат и сместувачки капацитети за повеќедневен престој.

Економскиот принцип претпоставува економски вложувања кои ги следат начелата на одржливост во дестинацијата, еколошките аспекти и управувањето на дестинацијата што ќе бидат наследени од идните генерации. Како пример може да се земат сместувачките објекти во Австрија и Швајцарија кои имаат приближно ист број на кревети во приватното сместување во руралните предели и хотелите. Шведска и Норвешка имаат поголем број на кревети во приватното сместување од хотелското и изнесува приближно 77% од вкупниот број на кревети кои им се даваат на располагање на туристите во дестинациите.

Туристите за време на своите патувања се стремат кон хармонија и социјално окружување во кое ќе се чувствуваат релаксирано и сигурно. Да се доживеат искуства во простори на недопрена природа постанува мотивација за посета на сè поголем број туристи кои живеат во урбаните средини. Р.С. Македонија со расположливите туристички потенцијали може да ја понуди својата неоткриена атрактивност на природата на туристите. Недопрената природа и неоткриените еко-дестинации е една од трите потреби за патувања во Р.С. Македонија кај германските и голем број на туристи од европските земји од кои дури 79% се изјасниле дека искуствата и природата се значајни при одбирањето на дестинацијата. Еден од предусловите за развој на туризмот претставува постоењето на здрава животна средина што е комплементарно со концептот за одржлив развој на дестинациите. Овие податоци се добиени во истражувањето спроведено од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за перцепцијата на Р.С. Македонија кај странските туристи кои нè посетиле во 2019

година на истражувачки примерок од 1110 испитаници според кое се поставени поголем број на промотивни кампањи.[99]

Богатството на природните шареноликости и руралните средини кои ги има Р.С. Македонија претставува одлична основа и мотив за планирање на нејзиниот иден туристички развој. Големиот број на разновидни природно-географски целини и нивните скоро недопрени еко-системи, старите занаети, мултикултурализмот претставуваат одлична можност за развој на еко-туризмот преку своите содржини да овозможи поголема вонпансионска потрошувачка и подолг престој. Туризмот и неговиот мултипликативен акцент позитивно ќе се одрази врз локалниот економски развој во Р.С. Македонија и одржливоста на туристичките еко-дестинации кои во иднина треба да станат многу повеќе препознатливи.

Имајќи ги во предвид еколошката разноликост и квалитетот во туристички аспект, како и сочуваниот еко-амбиент на Р.С. Македонија, идниот развој на еко-туризмот ќе овозможи:

- добра пазарна позиција;
- јака конкурентност на дестинацијата;
- долгорочна развојна одржливост и
- поголема профитабилност на руралните средини. (Vuković et al., 2010)

Стратегиски гледано, во смисла на развојот на туризмот во Р.С. Македонија потребно е да се потенцираат и истакнат јаките страни, односно еколошките, здравствено-рекреативните вредности и специфичноста на рецептивноста на просторот.

Карактеристиките на еко-туризмот се присутни во многу простори во нашата земја кои располагаат со потребната туристичка инфраструктура и имаат атрактивни предели со живописна природа, планински и велосипедски патеки. Ваквите просторни целини се главна цел за туристите кои сакаат да истражуваат. Голем број на селски средини во Р.С. Македонија се добра причина за понатамошно планирање на развојот на еко-туризмот следејќи го трендот за „враќање кон корените“ и консумирање на здрава органска храна, зачувување на старите обичаи, занаети и заштитени природни ресурси. Концептот на одржлив туризам кој е во целосен склад со еко-туризмот, односно се базира на природните ресурси, богатството на мултиетничноста проткаена со

[99] www.tourismmacedonia.gov.mk

шареноликиот фолклор на подрачјето од Р.С. Македонија ја дефинира целната група на туристи кои се основата за успешноста на овој вид на туризам.

За развој на еко-туризмот потребно е постоење на урамнотежен баланс на високоразвиениот и просторно концентрираниот туризам кој ќе генерира доволно финансиски средства за заштита и зачувување на животната средина, со што полека ќе се напушти концептот на масовен туризам и нагласената сезоналност. Праксата на максимален квантитет на туристи треба да биде заменета со постигнување на максимален квалитет во туризмот со што самите туристи подолго ќе престојуваат во дестинацијата. Тоа ќе резултира со пораст на просечниот престој на туристите и зголемен девизен прилив од туристичкиот сектор. Новите трендови во туристичкиот сектор доведуваат до намалување на сезоналноста и продолжување на туристичката сезона која трае повеќе од шест месеци во туристичките места во Р.С. Македонија.

Пандемијата на Sars-Cov-2 вирусот во последните неколку месеци драстично го смени фокусот во туризмот и донесе нови правила кои длабоко ќе ги изменат патувањата во иднина како и самиот фокус и интерес на туристите. Новата туристичка реалност и туристите ќе практикуваат патување во помирни дестинации, богати со природа во кругот на семејството, патување во помали групи кои ќе практикуваат еко и рурални дестинации за нивниот одмор. Поради пандемијата сè повеќе ќе се бараат рурални средини со мали сместувачки капацитети, локална храна и активности во природа, односно туризмот ќе се развива на поодржлив начин. Ова претставува одлична можност за македонскиот туристички сектор за подготовка на развојна стратегија за еко-туризам и да се отпочне циклус на вложување и развивање на одредени локалитети/простори кои располагаат со најповолни услови за во најкраток временски период да се етаблираат како еко-дестинации. Стратегијата за еко-туризмот е потребно да биде развојна и базирана на реални проекции кои брзо и добро ќе го постават развојниот циклус поткрепена со мастер планови за развој и брендирање на еко-дестинации.

Условите кои на самиот почеток треба да се зајакнуваат во дестинацијата се следните:

- Сместувачки капацитети кои ги исполнуваат интернационалните стандарди за еко-туризам;
- Афирмирани природни и антрополошки ресурси што доведува до препознатливост на дестинацијата на еко-туристичкиот пазар;

- Инфраструктура и пристапност на локалитетите;
- Планови за заштита на флората и фауната во дестинацијата;
- Инвестиции во оваа форма на туристичка понуда;
- Адекватно заштитен простор и
- Професионално образование на локалната заедница и нивното учество во креирањето на еко-туристичките движења.

Развојните перспективи на туристичкиот сектор во Р.С. Македонија потребно е да бидат базирани на предвидливите идни движења и интереси во туристичкиот сектор поврзани со еко-туризмот и одржливоста на дестинациите. Одличните природни услови за негов развој во нашата држава овозможуваат понуда на голем број на автентични понуди за еко-туристички форми. Силната врска со локалниот економски развој создава трајни вредности во туристичките дестинации кои ќе претставуваат значајна развојна компонента во туристичкиот сектор. Моменталната состојба во туризмот треба да се искористи за креирање на развојна стратегија во еко-туризмот преку која се очекува отстранување на слабите страни и создавање проекти насочени кон туристички локален економски развој на регионите. Сместувачките капацитети во руралните простори имаат потреба од имплементација на еколошки стандарди со што за брзо време ќе бидат доминантни чинители во приватното сместување. Големиот број на микро еко-туристички дестинации во руралните простори ќе наметне добра туристичка конкурентност и креирање на Дестинациски Менаџмент Организации – ДМО кои ќе се грижат за управувањето на дестинациите. Ваквата развојна перспектива на македонскиот туристички сектор за краток временски период ќе овозможи поголем удел на туристичкиот сектор во Бруто домашниот производ – БДП, намалување на сезоналноста, рамномерен регионален развој и намалување на негативните миграторни движења.

# 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Еко-туризмот како специфична туристичка форма и дел од поширокиот концепт на одржливиот туризам кој е дефиниран како одговорно патување во природата, заштитата на животната средина, културните вредности, поддржувајќи ја локалната економија претставува голема развојна можност за туризмот во Р.С. Македонија. Еко-туристичкиот производ се базира на разноликоста од природните ресурси, сочуваната природна средина, богатството на културно – историските споменици, гастрономијата и гостопримливоста и љубезноста на локалното население. Еко-туризмот во Р.С. Македонија има можност да претставува заокружена целина на примарните елементи кои ја карактеризираат дестинацијата (природни, културно-историски, етнографски) и секундарните елементи на туристичката понуда кои се наменети за одредени целни пазари или се креираат по барање и интерес на туристите во дестинацијата.

Поделбата на еко-туризмот на „тврд“ и „мек“ тип првично може да изгледа многу слично на веќе обработената типологија во овој научен труд според која се одвојуваат целовитиот и минималистичкиот еко-туризам. Спомнатата типологија се базира на холистичко согледување за ефектите и филозофијата на еко-туризмот (кој се стреми кон одржливоста) додека типовите на „тврд“ и „мек“ еко-туризам се изведени врз база на основните пазарни потреби, интереси и квалитетот на доживувањата кај учесниците (помали или поголеми групи, услужни активности, поле на интерес, атракции во дестинациите) (Weaver, 2006).

Обработувајќи го овој модел на еко-туризам и неговата поделба и ставајќи го во функција на развивање на оваа форма во Р.С. Македонија, се создава можноста за градење на прилагоден модел според условите кои постојат во дестинацијата. Оваа потреба се јавува од добиените резултати на истражувањето кои јасно покажуваат во кои точки е потребно да се подобрува и развива еко-туризмот кај нас.

Анализирајќи ја поделбата на „мек“ и „тврд“ еко-туризам, како и полето во кое делуваат во рамките на еко-туристичката понуда може да создаде автентичен модел кој претставува микс и ќе овозможи развивање на еко-туризмот во Р.С. Македонија.

Докажувајќи ја основната хипотеза „Р.С. Македонија има оптимални услови за развој на еко-туризмот“ овозможува да размислуваме за поставување на моделот на еко-туризам кој ќе даде најдобар ефект во неговото развивање и понуди атракции за

туристите во сите негови форми. Двата модела на „мек“ и „тврд“ еко-туризам во Р.С. Македонија имаат можност да мотивираат различни целни групи на еко-туристи кои треба да го подигнат нивото на развој на оваа туристичка форма. Воедно се создаваат предиспозиции за еко-туризмот во Р.С. Македонија кои се оптимални за градење на комбиниран модел во практикувањето на „мекиот“ и „тврдиот“ еко-туризам и негов развој во зависност од расположливите услови.

Образложувајќи ја оваа идеја за одреден микс на „мекиот“ и „тврдиот“ еко-туризам се поаѓа од фактот дека и двете форми се значајни, односно „мекиот“ еко-туризам поради својата поголема масовност и големите економски приходи во локалната заедница се овозможува финансирањето на заштитата и унапредувањето на еко-туристичката дестинација. „Тврдиот“ еко-туризам кој се концентрира на одредени форми кои се одвиваат во индивидуални патувања или мали групи развива специфични форми на еко-туризам (фото-сафари, набљудување на птици, научна – едукативни содржини) ја етаблира еко-дестинацијата на високо ниво, подолг престој, овозможува максимална интеграција со локалното население и одржливост на дестинацијата. Миксот на овие два пристапи („мек“ и „тврд“ еко-туризам) во суштина го зголемуваат портфолиото на атракции и форми на еко-туризам кои ги нуди дестинацијата од ненаметливи и малубројни до голем диверзитет на рекреативни и адреналински содржини.

*Табела бр. 8 - Предлог модел за развој на еко-туризмот во Р.С. Македонија*

| **Холистички пристап на еко-туризмот со микс на „мекиот“ и „тврдиот“ модел** | |
|---|---|
| „ТВРД“ ЕКО-ТУРИЗАМ | „МЕК“ ЕКО-ТУРИЗАМ |
| Мали групи | Аранжмански патувања |
| Наменски патувања | Пасивни содржини |
| Активни содржини | Високо ниво на услуга |
| Ниско ниво на услуга | Фокусирани на група |
| Личен однос со природата | Туроператори и аранжмани |
| Индивидуални патувања | Краток престој |
| Подолг престој | Дневен престој |
| Голема одржливост | Делумна одржливост |

Еден од најголемите предизвици за имплементација на овој модел претставува атрактивноста и привлечноста на дестинацијата за туристите кои практикуваат еко-туризам. Овој модел би бил одличен да се применува во заштитените подрачја и националните паркови каде сите типови на еко-туризам би се поттикнале во соработка со туроператорите, туристичкиот сектор, локалното население, локалната власт, централната власт, невладиниот сектор. Преку оваа соработка трајно би се согледале придобивките и сите чинители активно би учествувале во синергетски врски на заштита на природата и одржливоста на дестинацијата.

Ваквиот модел пројавува можност да се моделира и прилагодува во зависност од потребите на дестинацијата во кој еко-туристите стануваат важен фактор на позитивни промени во природно – еколошката и социо- културната сфера. Суштински предуслов за имплементирање на овој модел претставува создавањето на Дестинациски Менаџмент Организации – ДМО (Destination Management Organisation – DMO) во кои би се практикувале сите форми на еко-туризам со воспоставена рамноправност и партнерски однос помеѓу сите стејкхолдери значајни за управувањето на дестинацијата.

Јасна и усогласена легислатива во туристичкиот сектор со воведување на светски практики е потребно што поскоро да се имплементира и подобри Законот за туристичка дејност, како и одредени законски подобрувања на локално и централно ниво во повеќе сфери, а значајни за развој на еко-туризмот. Отсутноста на законската легислатива која ќе овозможи воведување на еко-туристичките стандарди во сместувачките капацитети, ниската едуцираност на давателите на услуги за концептот на еко-туризмот, како и слабиот интерес за надградба јасно укажува на немање конкретна стратегија за еко-туризмот во Р.С. Македонија на централно и локално ниво.

Стратегијата за еко-туризмот на долг рок (со вградени мастер и акциски планови) дава јасна визија за понатамошниот негов развој и перспектива во Р.С. Македонија овозможувајќи еко-туризмот да биде трајно вграден во туристичката понуда. Еко-туризмот ќе влијае кон зајакнување ги руралните средини, заштитените подрачја и националните паркови кои ќе бидат управувани по строги нормативи и со доволен приход од туризмот со што ќе овозможат нивна одржливост и зачувување на ресурсите. Развојот на еко-туризмот во Р.С. Македонија се очекува да овозможи:

- Создавање на дополнителни финансиски средства во локалната економија;

- Поттикнување на локалното производство со нови туристички производи и услуги;
- Намалување на процесот на миграција и депопулација во тие средини;
- Градење на инфраструктура и поврзаноста;
- Развој на еко-сообраќајот;
- Развој на услужниот сектор;
- Трајна заштита на животната средина;
- Нови „зелени“ работни места во локалната заедници;
- Оживување на културните, традиционалните манифестации, старите занаети, изработка на сувенири;
- Обнова и градење на сместувачки капацитети со еко-туристички стандарди;
- Развој на гастрономијата и органското производство и
- Намалување на сезоналноста во туристичкиот сектор.

Многу други директни и индиректни придобивки ќе произлезат од развојот на еко-туризмот, а кои ќе се однесуваат на подобрување на животот и создавањето на услови за отстранување на моменталните негативни трендови. Тоа ќе резултира со ревитализација на голем број на селски заедници и рурални средини кои поседуваат одлични услови за развој на еко-туризмот. Еко-туризмот ќе овозможи долгорочен развој на одржливиот туризам во дестинацијата, долгорочната заштита и интегрирано управување со заштитените подрачја и културните (антропогените) ресурси, како и имплементација на меѓународни стандарди за безбедност и заштита.

Воведувањето на еко-туризмот како современ концепт за развој на македонскиот туристички сектор ќе овозможи нови перспективи кои на подолг рок ќе понудат одржливост на дестинацијата и силен столб во економскиот развој на Р.С. Македонија. Одржливоста како клучен елемент во дестинацијата може да се добие единствено со развивање, јакнење и применување на еко-туризмот и активните форми на туризам во Р.С. Македонија. Еко-туризмот треба да заземе клучна улога во туристичката понуда и идната развојна политика на туристичкиот сектор.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. „Анкета за странски туристи-анкета во објекти за сместување“ (Државен Завод за статистика 2016)
2. Affeld, D. (1975)„ Social aspects of the development of tourism“ United Nations, Planning and development of the tourist industry in the ECE region United Nations, New York, USA, 109-115.
3. Afrić,K.,(2002) „Ekološka svijest - pretpostavka rješavanja ekoloških problema”,Ekonomski pregled“, vol. 53, br. 5, Pula, 2002., str. 578-594
4. Ahlert, G. (2008)„Estimating the economic impact of an increase in inbound tourism on the German economy using TSA results”Journal of Travel Research.
5. Anandare, M,. (2015)”Eco-turism: Origin and development”International Jurnal of menagement ang Humnities ISSN 2349-7289
6. Babić, D., „Iskustva i (skrivene) vrijednosti ekomuzeja“, Etnološka istraživanja, Etnografski muzej, 2009
7. Bae, ES., Lee, SY., „Smart Ecomuseum App for Efficient Management of Local Resources“, International journal of multimedia and ubiquitous engineering, Vol.9, No.3, 2014
8. Bakan, R., Jaković, B., (2015)„Ekoturizam: Autorizirana predavanja i primjeri vježbi“, Visoka škola za menadžment u turizmu I informatici u Virovitici, 2015
9. Ballantyne, R., Packer, J. (2013) International Handbook on Ecotourism. Cheltenham: Edward Elgar Publishing Limited
10. Ballantyne, R., Packer, J., eds., „International Handbook on Ecotourism“, Edward Elgar Publishing Limited, 2013
11. Bohdanowicz, P., „European hoteliers’ environmental attitudes: Greening the business“, Cornell Hotel and Restaurant Administration Quarterly, 46, 2005
12. Buĉar K., Škorić S., Prebeţac D. (2010): Pravila ponašanja u turizmu i njihov utjecaj na odrţivi turizam, Acta Turistica, Vol 22, No 2, str. 224.
13. Buckley, R., ed., „Case studies in ecotourism“, CAB International, 2003
14. Corsane, G., ed., „Heritage, Museums and Galleries: An Introductory Reader“, Routledge, 2005
15. Davis P.(2011.): Ecomuseums; A Sense of Place, 2nd Edition, Continuum International Publishing Group, London

16. Davis, P., „Ecomuseums: A Sense of Place“, Continuum International Publishing Group, 2011
17. Diamantis, D., edit., „Ecotourism: Management and assessment“, Thomson Learning, 2004
18. Duffy, R., „A trip too far: ecotourism, politics, and exploitation“, Earthscan Publications Ltd, 2002
19. Epler -Wood, M., Ecotourism: Principles, Practices & Policies for Sustainability, 2002, UNEP, TIES.
20. Fennell, D., „Ecotourism programme planning“, CAB International, 2002
21. Fennell, D., „Ecotourism programme planning“, CAB International, 2002
22. Fennell, D., „Ecotourism: an introduction“, Routledge, 2003
23. Fennell, D., Dowling, R., eds., „Ecotourism policy and planning“, CAB International, 2003
24. Gee C.Y., Fayos-Sola E.,International Tourisam: a Global Perspective, World Tourism Organization, Madrid, 1997
25. Genov, G. (2010) Turizam posebnih interesovanja – Selektivni oblici turizma, Beograd, Srbija
26. Graybeal, L., „The Blending of Place and Voice in Ecomuseums: Educating Communities and Visitors in the New Museum“, International journal of education for democracy, Vol 3, No. 2, 2010
27. Higham, J., ed., „Critical Issues in ecotourism: Understanding a complex tourism phenomenon“, Elsevier, 2007
28. Honey, M. and A. Littlejohn. (1994) Paying the Price of Ecotourism. Americas
29. Hubert, Francois. 1989.”Historique des ecomusees”. U La Museologie selon Georges Henri Riviere, J-F. Barbier Bouvet et al., ur. Paris: Dunod, str. 142-154.
30. Jadrešić, V(2010) „Janusovo lice turizma“ od masovnog do selektivno – održivog turizma, Plejada, Zagreb,
31. Jafari, J. (2000) Encyclopedia of tourism. London: Routledge.
32. Jafari, J., ed., „Encyclopedia of tourism”, Routledge, 2000
33. Janevski, Lj Naumov,K., (2017) „Pesspective for the development of ecotourism in Nacional Park Pelister“ DOI10.20544/HORIZONS.A.23.2.18.P13UDC: 338.48-6:502/504(497.774-751.2)

34. Janevski,Lj., Naumov, K., (2020) „The Effect of Subsidization on the Macedonian Tourism Sector and the Sustainability of the Destination"" Contemporary Challenges on Protection and Managing of the Natural and Cultural Heritage"- Ohrid
35. Joppe, M. (2005) General trends and skill needs in tourism in Canada, Trends and skill needs in tourism. Luxembourg, Office for Official Publications of the European Communities
36. Jovanović V.,2013.„ Tematski turizam" Univerzitet singidunum, Beograd.
37. Jun, K. (2016). The Structural Relationships of Destination Image, Awareness, Uniqueness and Destination Loyality in Periurban Ecotourism Destination. European Journal of Tourism, Hospitality and Recreation, 7(3), 212-225.
38. Kiper, T. (2011). The Determination of Nature Walk Routes Regarding Nature Tourism in North-Western Turkey, Şarköy District. Journal of Food, Agriculture & Environment, 9(4), 622-632.
39. Laarman, J. G. and P. B. Durst. (1987). Nature Travel in the Tropics. Journal of Forestry, 85
40. Lee, JH., Yoon, WK., „Conservation of Korean Rural Heritage through the use of Ecomuseums", Journal of Resources and Ecology, 7(3), 2016
41. Lefebvre H., (1974)The production of space, Blackwell, USA
42. Magliacani, M., „Managing Cultural Heritage: Ecomuseums, Community Governance, Social Accountability", Palgrave Macmillan, 2015
43. Mahmoodi, MR, Nezhad, SF., „Feasibility Study on the Establishment of Ecomuseums in Areas under the Influence of Qanats in Iran", Journal of Applied Environmental and Biological Sciences, 5(11), 2015
44. Markovic, S i Z.,(1970)" Osnove Turizma" Zagreb 1970
45. Medlik,S.,(1966) „Economic Inportance of Tourism, The Touirst Review"
46. Mehta, H., et al., „International Ecolodge Guidelines", TIES, 2002
47. Novaković- Kostić, R." Ekoturizam", Visoka poslovno –tehnička škola strukovnih studija, Užice 2016
48. Novakovic, R.,Trumbulovic,Lj.,(2017)"Ekoturizam"Visoka poslovna – tehnička škola stručnih studija – Užice ISBN 978-86-83573-63-9
49. OECD (2018) OECD Tourism Trends and Policies 2018. Paris: OECD Publishing.
50. P. Py.,(1996) Le tourisme - Un phenomene economique, Notes et etudes documentaries no 5029

51. Petrić, L. (2003) „Osnove turizma“ Split, Ekonomski fakultet.
52. PINTERIĆ, A. (2016) Uloga eko hotela u razvoju turizma Splitsko Dalmatinske županije, Sveučilište u Zagrebu, Ekonomski fakultet, str. 16
53. Rivière, G. H.(1985.): 'The ecomuseum: an evolutive definition', Mu-seum, 37(4): 182-3.
54. S.Štetić (2009)., Achieving a balance between sustainable development and economic growth throught tourism, EnE09 – Zbornik radova, Beograd.
55. Samuelson, P. (1939) "Interactions between the multiplier analysis and the principle of acceleration", Review of Economic Statistics 21, pp. 75–78
56. Sidali, K., Spiller, A., Schulze, B. (2011) Food, Agri-culture and tourism - Linking local gastronomy and rural tourism: interdisciplinary perspectives. Berlin: Springer.
57. Spiegler, P., Gonda, T (2012)"Potentials of ecotourism development in the south transdanubian region" Ekonomika i ekohistorija str. 137-146 Zagreb 2012
58. Stojanović, V.,(2007)„ Odrţivi razvoj turizma i ţivotne sredine“ PMF Novi Sad
59. Stronza, A., Durham, W., eds., „Ecotourism at work in the Americas“, CAB International, 2008
60. Symko C. Harris B.," Making Paradise Last: Maho Bay Resorts" Sustainable Tourism, A Global Perspective Oxsfort, UK: Butterworth-Heinemann 2002
61. Terzić, A., Bjeljac, Ž, Jovičić, A., Penjišević, I., „Cultural Route and Ecomuseum Concepts as a Synergy of Nature, Heritage and Community Oriented Sustainable Development, Ecomuseum „Ibar Valley“ in Serbia“, European Journal of Sustainable Development, 3, 2, 2014
62. Tinelle D., Bustam and Taylor Stein,(2010) Integrating Sustainability into Your Ecotourism Operation, Institute of Food and Agricultural Sciences, University of Florida, December
63. Unković, S. (1975) Ekonomika turizma, Izdavacko-informativni centar studenata, University of Belgrade, Beograd
64. Unković, S. (1980) Ekonomika turizma, Izdavacko-informativni centar studenata, University of Belgrade, Beograd
65. UNWTO (2018) UNWTO Tourism Highlights, 2018 Edition. Madrid: UNWTO
66. Vukonić, B. (2001) Rječnik turizma, Masmedia, Zagreb

67. Vuković P., Arsić Slavica., Cvijanović D., (2010): Konkurentnost ruralnih turističkih destinacija, Ekonomika poljoprivrede, Institut za ekonomiku poljoprivrede, br 1. Beograd, 2010. str. 47-60
68. Vuković P., Cvijanović D., Gligić P.,(2011) Ekologija kao faktor jačanja turističke konkurentnosti ruralnih područja Srbije, časopis TRANZICIJA, Tuzla, hrcak.srce.hr
69. Wearing, S., Neil, J., „Ecotourism: Impacts, potentials and possibilities?“, Elsevier, 2009
70. Weaver, D. (2005). Comprehensive and Minimalist Dimensions of Ecotourism. Journal of Tourism Research, 32(2), 439-444.
71. Weaver, D. (2006): Sustainable Tourism: Theory and Practice, Elsevier Butterworth-Heinemann, Oxford
72. Weaver, D. B., (2001)"The Encyclopedia of Ecotourism", CABI
73. Weaver, D., edit.,(2001) „The encyclopedia of ecotourism“, CAB International,
74. Weaver, D.,(2006) Sustainable Tourism: Theory and Practice, Butterworth - Heinemann, London.
75. Yin, P., He, Y., Wang, H.,(2015) „Cultural Presentation, Ethnic Tourism and Eco-museum: a Case Study in Hulunber“, Journal of System and Management Sciences, Vol.5, No.1,
76. Zapletal, M.,(2012) „Ecomuseum as a tool for preservation of traditional ecological knowledge and practices for sustainable development of landscape“, Proceedings of the 1st International conference on ecomuseums, community museums and living communities,
77. Žuvela,I.,(1998) „Optimalizacija strukture ponude turističke destinacije"Tour. hosp. manag. God. 4, Br. 1, Str. 205-219
78. Баткоска,Л., (2005) „ Методологија на научното истражување“,ФТУ – Охрид
79. Закон за водите (Службен весник на РМ Бр. 87/08, 6/09; 161/09, 83/10, 51/11, 44/12)
80. Закон за Животна средина (Службен весник на РМ Бр. 53/05; 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12) •
81. Закон за заштита на животните (Службен весник на РМ Бр.113/07)
82. Закон за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ Бр.20/04,)
83. Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ Бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11) •

84. Закон за заштита на растенијата (Службен весник на РМ Бр. 25/98, 6/00)
85. Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ Бр. 79/07, 124/10, 47/11)
86. Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ Бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 10012)
87. Закон за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 52/1995)
88. Закон за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, 96/2019 и 110/2019)
89. Закон за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, 96/2019 и 110/2019)
90. Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во РС Македонија Службен весник на РМ 103/2008, 156/2010, 59/2012, 187/2013, 41/2014 и 83/2018)
91. Закон за планински патеки во РСМ (Службен весник на РМ, бр. 38 од 02/2014)
92. Закон за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ 63/2007, 187/2013, 43/2014, 215/2015, 64/2018)
93. Закон за таксата за привремен престој (Службен весник на РМ 19/1996, 26/2002, 51/2003, 88/2008, 17/2011, 192/2015 и 31/2020)
94. Закон за туристичка дејност (Сл. Весник на РМ, бр.62 од 16.09.2004 година)
95. Закон за туристичка дејност (Службен весник на РМ 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/2015, 192/2015, 53/2016 и 31/2020)
96. Закон за туристичка дејност“, Службен весник на РМ, 62/2004
97. Закон за туристички развојни зони (Службен весник на РМ 141/2012)
98. Закон за угостителска дејност (Службен весник на РМ 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016, 71/2016, 31/2020)
99. Закон за управување со отпад (Службен весник на РМ Бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08; 124/10, 9/11, 51/11, 123/12)
100. Закон за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на РМ Бр. 161/09, 17/11, 47/11, 6/12) • Закон за шумите (Службен весник на РМ Бр. 64/09 No 24/11, 53/11) •
101. Законот за поттикнување на развојот на туризмот(Службен весник на РС, бр. 2/04, 57/12, 17/15 и 52/16 - ЗППреб)

102. Јаневски,Љ., Мариноски,Н.,(2016) „ Туристичка валоризација на манастирските комплекси во пелагонискиот регион“ – ФТУ Штип
103. Мариноски,Н.,(2009) Туристичка Географија ФТУ,Охрид
104. Методијески, Д., Ацкоска, М., Филипоски, О., (2017)” Еко-туризам“ – Штип
105. Методијески, Д., Голаков, К.,(2013) „Толковник на поими, термини и имиња од областа на туризмот (англиско-руско-македонски)“, Современост
106. Наумоски, М.,(2001) „ Prostorna osnova za razvoj na turizmot vo gorno drimkolskiot region kongres na geografite, Belgrad
107. Национален план за органско производство, 2013 – 2020 година“, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 2013
108. Петревска,Б.,(2017) „ Економика на Угостителството и Туризмот“ Факултет за туризам и бизнис логистика- Униоверзитет Гоце Делчев Штип
109. Правилник за критериумите кои што треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување (Службен весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07)
110. Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување“, (Службен весник на РМ, 2/2009)
111. Програма на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година (службен весник на РМ бр.16/19)
112. Работић, Б. (2012) Селективни облици туризма. преузето 15. новембра 2016, са
113. Станковић, Ј. (2009) Политика одрживог развоја туризма у оквирима Европске уније, Дипломски рад, Београд: Универзитет Сингидунум
114. Талеска, М.,(2009) „Рурален туризам“, Библиотека Студиорум, Скопје,
115. Штрбац,М., Хамовић,В. (2011) „Економски Ефекти Еко-Туризма“- Економика пољопривреде Број 2/2011. УДК: 338.483.11:338.2

**Интернет извори**


- http://ceballos-lascurain.org/eng/experience.php( пристапено 27.11.2019година)
- http://www.ecotourism.org/ ( пристапено 27.11.2019 година)
- http://www2.unwto.org/( пристапено 28.11.2019 година)
- http://hummingfish.org/cbet/what-is-an-eco-destination/( пристапено 03.12.2019 година)
- https://ecotourism.org/( пристапено 05.12.2019 година)
- http://en.ecolodge-senegal.com/( пристапено 17.12.2019 година)
- https://www.insightguides.com/inspire-me/blog/eco-lodges-in-costa-rica ( пристапено 05.01.2020 година )
- http://www.tinosecolodge.gr/ (05.01.2020 година)
- http://www.apartmanija.hr/zajednica/ideje/eko-turizam-hrvatska(пристапено 24.12.2019 година)
- http://www.slvesnik.com.mk/Issues/31591F9840D7034B9355343EA10DBB57.pdf( пристапено 13.11.2019 година)
- https://webstore.ansi.org/Standards/ISO/ISO140012015( пристапено 24.01.2020 година)
- https://www.greenhotels.com/index.php (пристапено 01.02.2020 година)
- https://www.greenstarhotel.org/how-to-become-certified/green-star-rating( пристапено17.02.2020година)
- http://hrturizam.hr/oko-50-hotela-u-projektu-zelenih-hotela-sustainable-hotel-spa-by-upuhh/( пристапено13.02.2020 година)
- http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx?id=15(пристапено 23.02.2020 година)
- https://www.environmentalscience.org/career/ecotourism-guide (пристапено 21.02.2020 година)
- https://www.ecotourism.org.au/( пристапено 01.03.2020 година
- https://www.toyoutrip.com/en/mediterranean-route/( пристапено 17.03.2020 година)

- http://www.gutenberg.us/articles/ecotourism_routes_in_europe ( пристапено 12.03.2020 година)
- http://www.ohrid.gov.mk/AdministracijaOpstina (пристапено 24.02.2020 година)
- http://www.ftu.uklo.edu.mk ( пристапено 21.01.2020 година)
- https://utms.edu.mk/studii/obuki-i-kursevi/220-sertifikat- (пристапено 21.01.2020 година)
- http://ftbl.ugd.edu.mk ( пристапено 21.01.2020 година)
- http://maiml.mk/pravilnik-vodic-na-planina.html ( пристапено 03.04.2020 година)
- http://1.gevgelija.gov.mk/index. ( пристапено 02.03.2020 година)
- http://arhiva.kultura.gov.mk( пристапено19.05.2020 година)
- https://www.worldwildlife.org/ ( пристапено 29.03.2020година )
- https://www.e-unwto.org/doi/pdf/10.18111/978928440547 ( пристапено 11.05.2020 година)
- https://www.rspb.org.uk/birds-and-wildlife/wildlife-guides/birdwatching/ (пристапено 03.05.2020 година)
- http://mes.org.mk/blog/evropski-denovi-za-nabluduvane-ptitsi-2016/ (пристапено 19.02.2020 година)
- http://www.economy.gov.mk (пристапено 21.04.2020 година )
- http://tourismmacedonia.gov.mk/za-nas/ ( пристапено14.04.2020година)
- http://www2.unwto.org/press-release ( пристапено 21.01.2020 година )
- http://npmavrovo.org.mk/ (пристапено 27.05.2020 година)
- http://npmavrovo.org.mk/?page_id=279 ( пристапено 27.05.2020 година)
- https://traveltips.usatoday.com/positive-negative-effects-ecotourism ( пристапено 29.05.2020 година)
- https://zk.mk/nevladini-organizacii?skip=21( пристапено 02.06.2020 година)
- https://ecotourism.org/ ( пристапено 09.03.2020 година)
- http://wwf.panda.org ( пристапено 26.05.2020 година)

- https://www.ecotourism-network.eu (пристапено 29.04.2020година)
- http://mes.org.mk/ ( пристапено 12.08.2020година)
- http://natura2000.gov.mk/mk/ ( пристапено 11.08.2020 година)
- http://www.vbm.mk/ ( пристапено 21.06.2020 година)
- http://www.bg.cobiss.net/ ( пристапено 21.06.2020година)
- www.cobiss.ba/cobiss_bh- ( пристапено22.06.2020година)
- http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/akreditacii
- http://www.mes.org.mk/PDFs/Other/Ekoturizam_vo_Opstina_Bosilovo.pdf ( пристапено 03.09.2020 година)
- http://www.tpconsulting.com.mk ( пристапено 27.08.2020 година)
- http://www.berovo.gov.mk/images/sormk.pdf ( пристапено 9.09.2020година)
- http://npmavrovo.org.mk/?author=1&paged=18 ( пристапено 17.09.2020година)
- https://www.iucn.org/ ( пристапено 18.09.2020 година)
- http://www.resen.gov.mk ( пристапено 19.09.2020 година )
- www.rspb.org.uk ( пристапено 17.09.2020година)
- www.macedonia-timeless.com ( пристапено 27.09.2020 година)
- http://www.economy.gov.mk/docs/strategii ( пристапено 27.09.2020 година)
- http://tourismmacedonia.gov.mk ( пристапено 28.09.2020 година)
- https://ec.europa.eu ( пристапено 29.08.2020 година)
- https://www.cimerfraj.hr/ideje/eko-turizam-hrvatska ( пристапено 30.08.2020 година)
- http://www.moepp.gov.mk/?page_id=4920 ( пристапено 06.09.2020 година)
- http://www.eurobirdwatch.eu/ ( пристапено 07.09.2020 година)
- http://www.economy.gov.mk/doc/2591 ( пристапено 09.09.2020 година)
- https://crnagora.sobe-smestaj.com/eko-kuce-drvljanik.html ( пристапено 09.09.2020 година)
- https://www.crm.com.mk/DS/ (пристапено 12.09.2020 година)
- https://naitm.org.mk/ ( пристапено 12.09.2020 година)

- http://www.gomacedonia.com/ ( пристапено 12.09.2020 година)
- http://ambassadors-env.com/project/zeleni-kljuc ( пристапено 13.09.2020 година)
- http://www.bitola.gov.mk/ ( пристапено 14.09.2020 година)
- http://www.moepp.gov.mk/ ( пристапено 14.09.2020 година)
- http://brr.gov.mk/ ( пристапено 15.09.2020 година)
- https://lrcp.mk/ ( пристапено 17.09.2020 година)
- https://www.lonelyplanet.com/ ( пристапено 19.09.2020 година)
- https://www.slideshare.net/gsmmitar/dr-mitar-lutovac-ekoturizam ( пристапено 19.09.2020 година)
- http://www.climbing.mk/ ( пристапено 20.09.2020 година)
- http://greenhotels.com/index.php ( пристапено 19.08.2020 година)
- https://www.cntraveller.com/gallery/best-eco-friendly-hotels ( пристапено 15.09.2020 година)
- https://www.dugirat.com/ ( пристапено 29.09.2020 година)
- https://www.greenpearls.com/ ( пристапено 21.09.2020 година)
- https://ener.gov.mk ( пристапено 23.09.2020 година)
- https://mint.gov ( пристапено 24.09.2020 година)
- https://www.tourism.government.bg/en/kategorii/zakoni/tourism-act ( пристапено 27.09.2020 година)
- http://www.parlament.gov.rs/ ( пристапено 29.09.2020 година )
- https://portal.cor.europa.eu/divisionpowers/Pages/Albania-Tourism.aspx ( пристапено 30.09.2020 година)
- https://mrt.gov.me/en/ministry ( пристапено 01.10.2020 година )
- https://www.zakon.hr/ ( пристапено 02.10.2020 година)
- https://cis-legislation.com/ ( пристапено 03.12.2020 година )
- http://www.turism.gov.md/ ( пристапено 06.11.2020 година)
- https://www.researchgate.net/ (пристапено 19.01.2021 година)

- https://www.industryleadersmagazine.com/ ( пристапено 20.01.2021 година )
- https://www.asean.org/ (пристапено 17.01.2021 година )
- http://openarchaeology.info/ (пристапено 18.01.2021 година)
- http://muzejohrid.mk/ ( пристапено 18.01.2021 година)
- https://lakes.mk/ ( пристапено 20.01.2021 година)
- https://debrca.gov.mk/ (пристапено 24.01.2021 година)

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела бр. 1 - Карактеристични типови на еко-туризмот........................................... 40

Табела бр. 2 - Карактеристики кај масовниот и алтернативниот туризам.................44

Табела бр. 3 - Разлика помеѓу традиционалните музеи и еко-музеите........................92

Табела бр. 4 - Број на издадени публикации и научни трудови за еко-туризмот.....166

Табела бр. 5 - Проекти на планските региони во Р.С. Македонија за 2019 година..181

Табела бр. 6 - Проекти на планските региони во периодот 2016-2020 година.........182

Табела 7. Туристичките заедници во Република Хрватска........................................262

Табела бр. 8 - Предлог модел за развој на еко-туризмот во Р.С. Македонија...........278

## ЛИСТА НА СЛИКИ


Слика бр.1 - Еко-туризмот во Светот.......................................................................32

Слика бр. 2 - Еко-туризам преку едукативни работилници во природа.........................34

Слика бр.3 – Набљудување на птици во Градскиот парк – Скопје организирано од Македонското еколошко друштво и едукацијана видовите............................................43

Слика бр. 4 Мапа на планските региони во Р.С. Македонија.........................................47

Слика бр.5- Илустрација на формите од еко-туризам во дестинацијата..........................63

Слика бр. 6 - Искачување по планински патеки на група туристи.................................66

Слика бр.7 – Еко-туристички Пан – Европски рути (ecotourism pan-European routes)...69

Слика бр. 8 – Планински и еко-патеки во НП Пелистер................................................71

Слика бр. 9 Еко-патека во Малешевијата.........................................................................72

Слика бр. 10 - Еко-сместување (Eco lodge) во Буљарица Р. Црна Гора..........................75

Слика бр. 11 – Подготовка на првото еко-сместување во НП Маврово..........................76

Слика бр.12 - Еко-сместување на островот Тинос- Грција изграден од природни материјали во склад со околината..........................................................................................77

Слика бр. 13 - Еко-хотел (Green Hotel)..............................................................................82

Слика бр. 14 – Еко-туристички водичи во национален парк...........................................86

Слика бр. 15 – Еко-музеј Тумба Маџари – Скопје............................................................94

Слика бр. 16 - Заливот на Коските во Охридско Езеро....................................................96

Слика бр. 17 - Национални заштитени подрачја.............................................................135

Слика бр.18 - Флора и фауна во Националниот парк Маврово.....................................138

Слика бр.19 - Пештера Шаркова Дупка - НП Маврово...................................................143

Слика бр.20 - Пешачки патеки низ НП Пелистер...........................................................146

Слика бр. 21 - Мапа на Националниот парк Галичица...................................................148

Слика бр. 22 - Извори Св. Наум Национален парк Галичица........................................149

Слика бр.23 - Парк на Природата „Езерани“...................................................................154

Слика бр.24 Белоглави орли во заштитеното подрачје „Тиквеш“.................................156

Слика бр.25 Мочуриште во резерватот „Локви“ во село Горно Коњари – прилепско.158

Слика бр. 26 - Галичка Свадба...........................................................................................191

Слика бр. 27 - Вевчански Карневал....................................................................................192

Слика бр.28 - Научно-истражувачки еко-туризам во Општина Дебрца........................200

Слика бр. 29 Набљудувачи на птици и фото-сафари......................................................202
Слика бр.30 - Информативна табла за планинска патека Равна Река - Ченгино Кале - Клепало, поставени и маркирани од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот..........................................................................................................................206
Слика бр. 31 - Организирана прошетка со коњи во околината на с. Галичник...........208

## ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ


Графикон бр. 1 - Број на туристи во Р.С. Македонија по плански региони 2010-2019 година …………………………………………………………………..……….46

Графикон бр. 2 - Посета на туристите во шесте плански региони на Р.С. Македонија.48

Графикон бр. 3 - Туристи и ноќевања по видови туристички места во Македонија…..51

Графикон бр. 4 - Туристи и остварени ноќевања во планински домови и куќи……….52

Графикон бр. 5 - Број на туристи во Р.С. Македонија 2010-2019 година……………...102

Графикон бр. 6 - Посета на Странски туристи во Македонија во периодот 2010-2019 година…………………………………………………………………….....104

Графикон бр. 7 - Домашни туристи во Р.С. Македонија 2010-2019 година…………..105

Графикон бр. 8 - Остварени ноќевања во Р.С. Македонија 2010-2019 година……….106

Графикон бр. 9 - Ноќевања на странски туристи 2010-2019 година во РСМакедонија107

Графикон бр. 10 - Ноќевања на домашни туристи во Р.С. Македонија 2010-2019 година ………………………………………………………………………………108

Графикон бр. 11 - Просечен престој на туристите во Р.С. Македонија 2010-2019 година ………………………………………………………………………………110

Графикон бр. 12 - Просечен престој на странските туристи во Р.С. Македонија…….111

Графикон бр. 13 - Просечен престој на домашни туристи 2010-2019 во Р.С. Македонија ………………………………………………………………………………112

Графикон бр. 14 - Девизен прилив во милиони долари од туризмот во Р.С. Македонија за 2015-2019 година……………………………………………………..…………114

Графикон бр.15 - Споредбен девизен прилив по години од туризмот во Македонија.115

Графикон бр. 16 - Содржини кои најмногу се побаруваат од страна на еко-туристите во Р.С. Македонија……………………………………………………………...…….121

Графикон бр. 17 - Туристи кои оствариле ноќевање во рамките на НП Маврово……139

Графикон бр. 18 - Остварени ноќевања на странски и домашни туристи НП Маврово………………………………………………………………………………….141

Графикон бр. 19 - Остварени ноќевања 2014-2019 година во Хотелот Молика………145

Графикон бр. 20 - Број на вработувања во објекти за сместување и за сервисирање со храна 2010-2018 година…………………………………………………….……..176

Графикон бр. 21 - Процентуален соодност на учеството на еко-туристичките проекти во вкупните проекти базирано на финансии……………………………………..……183
Графикон бр. 22 - Локација на давателите на услуги………………………...………212
Графикон бр. 23 - Облик на правен објект……………………………………………213
Графикон бр. 24 – Степен на запознаеност со еко-туризмот…………………………...214
Графикон бр. 25 - Воспоставени стандарди за еко-туризмот…………………………..215
Графикон бр. 26 – Очекувања за продолжување на сезоната преку воведувањето на еко-туризмот………………………………………………………...…………..217
Графикон бр. 27 - Туристи со практикување на еко-туристички стандарди…………..218
Графикон бр. 28 - Понуда на еко-туристички содржини од туристичкиот сектор……219
Графикон бр. 29 - Просечен престој со воведување на еко-туризмот…………………221
Графикон бр. 30 - Дали туристите кои практикуваат еко-туризам повторно доаѓаат..222
Графикон бр. 31 - Еколошка опрема која се користи во сместувачките капацитети…223
Графикон бр.32 - Дали во организациската структура вклучувате водич за еко-системи………………………………………………………………………………..224
Графикон бр. 33 - Користење на фондови за еко-туризам……………………….….225
Графикон бр. 34 - Дали претходно сте се занимавале со еко-туризам…………...….226
Графикон бр. 35 - Дали имате соодветни квалификации за еко-туризмот……………227
Графикон бр. 36 - Оценка на инфраструктурата во дестинацијата……………………228
Графикон бр. 37 - Оценка за развојот на еко-туризмот…………………………...….229
Графикон бр. 38 - Соработка со туристички работници и објекти за еко-туризам…...230
Графикон бр. 39 - Законската регулатива на полето од еко-туризмот……………....231
Графикон бр. 40 - Правилник за добивање на еколошка ознака………………………233
Графикон бр. 41 - Најзастапени промотивни канали за понудата на еко-туризмот…..234
Графикон бр.42 - Членување во организации и асоцијации од областа на еко-туризмот……………………………………………………………………………....236
Графикон бр.43 Главни причини за посета на туристичка дестинација.......................237

## ЛИСТА НА ШЕМИ

Шема бр. 1 - Концептуален модел на еко-туризам………………………….……………37

Шема бр. 2 - Компоненти, функција и ефекти на еко-туризмот………………………...38

Шема бр. 3 - Еко-туризмот како алтернативен вид на туризам……………………….....45

Шема бр. 4 - Потребни критериуми за зелени ѕвездички на Еко-хотелите……………..83

Шема бр. 5 - Локација на еко-музеј и нејзиното влијание…………………………….……93

Шема бр. 6 - Предвидувања на СТО за бројот на патувања по континенти до 2030 г..101

Шема бр. 7 - Планинска патека во НП Маврово……………………………………...…142

Шема бр. 8 - Компатибилност на туризмот и еко-туризмот во различните нивоа на заштита според категоризацијата на IUCN……………………………………….…..…151

## ПРИЛОГ

## ПРАШАЛНИК
## ЗА НОСИТЕЛИ НА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

**(Овој прашалник е дел од истражувањето за изработка на докторската дисертација на М-р Љупчо Јаневски, вработен во Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Р.С. Македонија)**

1. **Наведете ја вашата локација како даватели на услуга?**

1.1 заштитено подрачје

1.2 урбана средина

1.3 рурална средина која не е заштитена

2. **Кој облик на правен субјект сте?**

2.1 правно лице

2.2 физичко лице

3. **Во која мера сте запознаени со суштината на еко – туризмот?**

3.1 целосно

3.2 делумно

3.3 не сум запознаен

4. **Дали имате воспоставено стандарди за еко-туризам?**

4.1 Да целосно

4.2 Да делумно

4.3 Не

5. **Дали со воведувањето на еко - туризмот очекувате продолжување на сезоната?**

5.1 Да целосно

5.2 Да делумно

5.3 Не воопшто

6. **Дали се зголемува бројот на туристи со практикување на еко-туристичките стандарди?**

6.1 Да

6.2 Делумно

6.3 Не воопшто

**7. Какви содржини сте вовеле од еко-туристичката понуда?**

7.1 локални манифестации

7.2 природни убавини

7.3 културно - историски споменици

7.4 локални гастрономски специјалитети

7.5 набљудување на птици и фото-сафари

7.6 велосипедски и планинарски рути

**8. За колку дена се зголеми просечниот престој на туристите со воведувањето на еко - туризмот?**

8.1 за 1-3

8.2 за 7-10

8.3 над 10 дена

**9. Дали туристите кои практикуваат еко - туризам во вашите капацитети повторно доаѓаат?**

9.1 најчесто да

9.2 ретко

9.3 не доаѓаат

**10. Наведете каква еколошка опрема користите во вашите сместувачки капацитети?**

10.1 пешкири и крпи со зелена ознака

10.2 органски производи

10.3 локална храна

10.4 останато

**11. Дали во организациската структура вклучувате и водичи познавачи на екосистеми?**

11.1 Да, постојано

11.2 Да, повремено

11.3 Не

**12. Дали сте корисници на фондови за еко – туризам?**

12.1 Да, Европски фондови

12.2 Да, државни фондови

12.3 Не

**13. Дали претходно сте се занимавале со еко – туризам?**

13.1 континуирано

13.2 повремено

13.3 не

**14. Дали имате соодветни квалификации за еко – туризам?**

14.1 да

14.2 не

14.3 стекнати квалификации преку учество на обуки за еко – туризам

**15. Како ја оценувате патната инфраструктура во вашата околина?**

15.1 одлична

15.2 добра

15.3 лоша

**16. Како го оценувате нивото на развој на еко – туризмот?**

16.1 одлично

16.2 добро

16.3 доволно

16.4 недоволно

**17. Дали соработувате со туристички работници и објекти за еко-туризам?**

17.1 постојано

17.2 повремено

17.3 не

**18. Како ја оценувате законската регулатива која го третира еко-туризмот во Р.С. Македонија**?

18.1 одлична

18.2 добра

18.3 доволна

18.4 недоволна

**19. Дали сте запознаени со правилникот за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување во Р.С. Македонија?**

19.1 Да

19.2 Делумно

19.3 Не воопшто

**20. Наведете кој вид на промоција е најзастапен во вашата понуда за еко-туризам?**

20.1 интернет

20.2 огласи во весници

20.3 флаери и брошури

20.4 радио и телевизија

20.5 преку туристички агенции

20.6 социјални медиуми

20.7 најмногу од туристи кои веќе биле во посета

20.8 саеми за туризам

20.9 букинг и други информациони системи

**21. Дали членувате во организации и асоцијации од областа на еко – туризмот?**

Наведете кои

# ПРАШАЛНИК

# ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

Почитуван господине или госпоѓо!

Добро утро / добар ден и добредојдовте во нашата туристичка дестинација. Задоволни сме што решивте да останете тука. Ако сте поминале најмалку една ноќ во нашата дестинација, Ве молиме да учествувате во анкета која ќе ни помогне да го направиме Вашиот иден престој уште попријатен. Интервјуто трае околу 10-15 минути и се спроведува анонимно.

1. Како пристигнавте во Македонија? (означете го соодветниот одговор)

1. Со автомобил.
2. Со автобус.
3. Со авиокомпанија која нуди ниска цена.
4. Со високо буџетна авиокомпанија.
5. Со воз.
6. Друго: ______________________________________

2. Каде сте слушнале за оваа туристичка дестинација? (означете го соодветниот одговор, можни се повеќе одговори)

1. Веќе знаев за неа.
2. Интернет.
3. Пријатели и роднини.
4. Медиуми.
5. Книги и водичи.
6. Туристичка агенција.
7. Саеми и / или изложби.
8. Таа беше дел од туристичкиот пакет.
9. Друго: _____________________________________

3. Дали е ова Вашата прва посета на оваа туристичка дестинација? (означете го соодветниот одговор)

1. Не. ⟶ Колку пати сте ја посетиле оваа туристичка дестинација во минатото? ____________________

2. Да.

4. Колку ноќи планирате да останете во оваа туристичка дестинација: _________

5. Кои се главните причини за Вашата посета на оваа туристичка дестинација? (означете го соодветниот одговор)

1. Одмор и релаксација.
2. Посета на роднини и пријатели.
3. Деловни причини.
4. Присуство на конференција, конгрес, семинар и други форми на едукација.
5. Култура.
6. Забава.
7. Спорт и рекреација.
8. Здравје.
9. Религиозни причини.
10. Друго: ___________________________________

6. Подолу се наведени некои изјави кои се однесуваат на општата слика на оваа туристичка дестинација. За секоја изјава Ве молиме наведете до кој степен се согласувате со неа. »1« значи дека не се согласувате со неа и »5« значи дека се согласувате со неа целосно.

| | Не се согласувам | | | | Се согласувам целосно | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1. Мислам дека повеќето луѓе имаат позитивно мислење за оваа туристичка дестинација. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Персоналот во оваа туристичка дестинација е пријателски кон гостите. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 3. Оваа туристичка дестинација има уникатна слика. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 4. Мислам дека оваа туристичка дестинација е популарна.за Екотуризам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 5. Персоналот во оваа туристичка дестинација секогаш го става гостинот на прво место. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 6. Оваа туристичка дестинација ја почитува природната средина. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

7-8. Подолу се наведени некои елементи кои можеби ќе ги разгледате кога ќе одберете туристичка дестинација. Ве молиме да ги оцените двапати. Прво, Ве молиме означете КОЛКУ ВАЖЕН е секој од овие елементи при изборот на некоја туристичка дестинација (општо) (ги оценувате на скала од "1" – сосема неважен до "5" – многу важен). Потоа бараме да укажете на скала од 1 до 5 до кој степен се согласувате со изјавата дека овие елементи се ИСКЛУЧИТЕЛНИ или се на исклучително високо ниво за оваа туристичка дестинација (каде што, "1" значи – воопшто не се согласувам "5 «- целосно се согласувам).

| ЕЛЕМЕНТИ НА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА | »КОЛКУ Е ВАЖЕН ОВОЈ ЕЛЕМЕНТ?« | | »ВО ОВАА ДЕСТИНАЦИЈА, ОВОЈ ЕЛЕМЕНТ Е ИСКЛУЧИТЕЛНО ВАЖЕН / Е НА ИСКЛУЧИТЕЛНО ВИСОКО НИВО« | |
|---|---|---|---|---|
| | Целосно Многу неважен важен | Не знам | Не се Се согласувам согласувам | Не знам |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | целосно | | | | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1. Лична безбедност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 2. Дестинацијата може лесно да се достигне. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 3. Целокупна чистота на дестинацијата. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 4. Незагадена природа. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 5. Климатски услови. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 6. Разновидност на културно / историски атракции (архитектура, традиција и обичаи ...) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 8. Пријателство на локалното население. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 9. Организација на локалните транспортни услуги. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 10. Понуда на локална кујна. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 11. Можности за шопинг. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 12. Ноќен живот и забава. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 13. Можност за | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одмор. | | | | | | | | | | | |
| 14. Достапност до спортски објекти и рекреативни активности. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 15. Понуда на културни и други настани. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 16. Понуда за термална бања. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 17. Велнес понуда. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 18. Казино и понуда за коцкање. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 19. Конференциска понуда. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 20. Понуда за Екотуризам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

9. Потоа, би сакале да Ве замолиме да го оцените општиот квалитет на оваа понуда за туристичка дестинација на скала од 1 -5, каде што "1" значи дека квалитетот на понудата е многу слаб и "5" - квалитетот е одличен.

| | Многу низок Многу висок | | | | | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| Општиот квалитет на оваа туристичка дестинација е ... | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

10. Дали патувањето во оваа туристичка дестинација беше организирано од туристичка агенција / друг организатор? (означете го соодветниот одговор)

1. Да. ) Ве молиме продолжете со прашање 12.
2. Не.

11. Следниот збир на прашања се однесува на трошоците поврзани со вашиот престој во оваа туристичка дестинација. За секоја од следниве изјави, Ве молиме наведете до кој степен се согласувате со нив, "1" значи дека не се согласувате и "5" дека целосно се согласувате со изјавата.

| | Не се согласувам Се согласувам целосно | | | | | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1. Правењето резервации за оваа туристичка дестинација беше лесно. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 2. Цената на B & B / полупансион / полн пансион во оваа туристичка дестинација е разумна. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 3. Цените на дополнителната понуда на оваа туристичка дестинација (т.е. цените на храната и на пијалоците, цените на сувенирите, цените на рачно изработените производи, цените на екскурзиите, цените на салоните за убавина и програмите за релаксирање) се поволни. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

12. Овој дел од прашалникот се однесува на Вашите чувства и разбирање на вредноста на Вашиот престој во оваа туристичка дестинација. За секоја од следниве изјави, Ве

молиме да ни кажете до кој степен се согласувате со тоа. »1« значи дека не се согласувате и »5« дека целосно се согласувате со изјавата.

| | Не се согласувам Се согласувам целосно | | | | | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1. Генерално, престојот во оваа туристичка дестинација ми беше многу важен. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 2. Имам стекнато многу нови знаења и искуства во оваа туристичка дестинација. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 3. Престојот во оваа туристичка дестинација е вреден за секое платено евро. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

13. Во овој дел од прашалникот Ве молиме да го оцените Вашето целокупно задоволство од Вашата посета на оваа туристичка дестинација на скала од 1 - 5. »1« значи дека сте целосно незадоволни и »5« дека сте целосно задоволни.

| | Целосно незадоволен Целосно задоволен | | | | | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| Какво е Вашето целокупно задоволство од Вашата посета на оваа туристичка дестинација? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

14. Сега би сакале да побараме од Вас да ни кажете до кој степен се согласувате со следните изјави ("1" значи дека воопшто не се согласувате и "5" целосно се согласувам):

| | Не се согласувам Се согласувам целосно | | | | | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1. Задоволен сум што решив да ја посетам оваа туристичка дестинација. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 2. Посетата на оваа туристичка дестинација ги надмина моите очекувања. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 3. Ќе кажувам за оваа туристичка дестинација на моите пријатели и колеги. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

15. Дали сте имале некоја причина да се пожалите бидејќи престојувате во оваа туристичка дестинација? (означете го соодветниот одговор)

1. Да.→ Дали сте поднеле жалба? (означете го соодветниот одговор)
    1. Да.
    2. Не.
2. Не.

16. Од друга страна, дали сте имале некоја причина да ја пофалите оваа туристичка дестинација уште од почетокот на Вашиот престој? (означете го соодветниот одговор)

1. Да. → Дали сте изразиле комплименти? (означете го соодветниот одговор)
    1. Да.

2. Не.

2. Не.

17. Би сакале повторно да Ве прашаме дали да се согласувате или не се согласувате со следните изјави и до кој степен на скалата "1" (не се согласувам) "5" (се согласувам).

| | Не се согласувам Се согласувам целосно | | | | | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1. Ако морам пак да одлучам, повторно би ја одбрал оваа туристичка дестинација. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 2. Ќе ја препорачам оваа туристичка дестинација на моите пријатели и роднини. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 3. Ќе се вратам во оваа туристичка дестинација. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 4. Се чувствувам како дома во оваа туристичка дестинација. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |

Сега неколку прашања во врска со Вашиот одмор или патување:

18. Кој Ве придружува во Вашата тековна посета на оваа туристичка дестинација? (означете го соодветниот одговор)

1. Никој.
2. Партнер.
3. Семејство и / или роднини.⟶Колку деца помлади од 15 години Ве придружуваат? ___

4. Пријатели.

5. Соработници.

6. Деловни партнери.

7. Друго: ____________________________________________________

19. Кога одлучивте да останете во оваа туристичка дестинација? (означете го соодветниот одговор)

1. Пред помалку од еден месец.

2. Пред 1 до 3 месеци.

3. Пред повеќе од 3 месеци. → →Ве молиме продолжете со прашањето 20.

19а. Дали е тоа понуда во последен момент? (означете го соодветниот одговор)

1. Да.

2. Не.

20. Колку често одите на одмори што траат најмалку 5 дена? (означете го соодветниот одговор)

1. На неколку години.

2. Еднаш годишно.

3. Неколку пати (2-4 пати) годишно.

4. Повеќе од 4 пати годишно.

21. Колку планирате да трошите по лице за време на Вашата посета на оваа туристичка дестинација на следните ставки?

1. Транспорт (авионски билет, автобуски билет, такси, итн.). Приближно _________ EUR

2. Сместување. Приближно _________ EUR

3. Ресторани, кафулиња. Приближно _________ EUR

4. Сувенири. Приближно _________ EUR

5. Храна (не во ресторaните). Приближно _________ EUR

6. Друг шопинг. Приближно _________ EUR

7. Забава, влезници (театар, кино, изложби, музеј ...). Приближно _________ EUR

8. Други трошоци. Приближно _________ EUR

9. ВКУПНО трошоци (само ако се неделиви). Приближно _________ EUR

22. Дали очекувате Вашите трошоци за време на престојот во оваа туристичка дестинација да бидат: (означете го соодветниот одговор)

1. Во рамките на планираното.
2. Повисоки од планираното.
3. Пониски од планираното.

<u>За самиот крај, неколку прашања за Вас.</u>

23. Ве молиме наведете ја Вашата земја на живеење: ____________________________

24. Кој е вашиот работен статус? (означете го соодветниот одговор)

1. Вработен.
2. Самовработен.
3. Невработен.
4. Пензиониран / закупувач.
5. Студент / ученик.
6. Друго: _______________________________

25. Година на раѓање: __________________________

26. Пол (означете го соодветниот одговор):

1. Машки.
2. Женски.

Ви благодарам многу за Вашето време и одговори!